УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА

ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

# *СТРУМИЦА И СТРУМИЧКО ВО СРЕДНИОТ ВЕК (VI – XIV)*

Ментор:
Проф. Д-р Коста Аџиевски

Кандидат:
м-р Ирена Стефоска

Скопје

Содржина

*Вовед во проблемот на истражувањето*.................................1-3

Воведна глава:

Перформанси на климатско-географскиот регион..............................4-10

Прва глава: *Струмица и Струмичко од VI до средината на IX век*

1.1.Тивериупол реалност или мит..................................................11-20

1.2. Името на градот Струмица: историја и меморија.......................20-24

1.3. Населувањето на Словените и Склавинијата на Стримонците......24-53

Втора глава: *Струмица и Струмичко во IX и X век*

2.1.Струмица и Струмичко во состав на првата бугарска држава........54-74

2.2.Струмичката област во Самуиловата држава и битката на Беласица.......................................................................................74-87

Трета глава: *Струмица под византиска власт (XI – XII век)*

3.1. Административно уредување во рамки на тематскиот систем.....88-105

3.2.Византискиот феудализам и неговите рефлексии во Струмичката област.......................................................................................105-120

Четврта глава: *Струмица и Струмичко во XIII век*

4.1. Локалните господари: Добромир Хрс и Стрез........................121-133

4.2.Чести промени на политичката власт (Епирци, Бугари, Византија)……………………………………………………………133-143

Петта глава: *Струмица и Струмичко во XIV век*

5.1. Струмичката област во времето на српските освојувања на Македонија (1283 –1355 год.)…………………………………………………...143-164

5.2. Период на развиениот феудализам: браќата Јован и Константин Драгаш (втора половина на XIV век)……………………………………164-182

5.3.Социјално-економските прилики во Струмичката област (манастирски и други имоти)……….........................................................................182-206

Шеста глава: ***Црковни прилики***

6.1. Процесот на христијанизација на Словените во Македонија со акцент на областа Стримон……………………………………………………...207-221

6.2. Струмица како епископска катедра……………………………...221-232

6.3. Црквите и манастирите во Струмичката област………………….232-240

6.4. Краток преглед и идентификација на селата и селиштата во Струмичкиот регион…………………………………………………….240-246

*Заклучок*………………………………………………………………247-258

*Библиографија*……………………………………………………….259-286

## *Вовед во проблемот на истражувањето*

Проучувањето на долгата историја на еден град во средновековието претставува провокација и одговорност за истражувачот кој се обидува да ѕирне и да влезе во нејзината многуслојна внатрешност. Во ова истражување се обидовме да ги анализираме, сублимираме и коментираме сите расположиви изворни податоци коишто се однесуваат на средновековната историја на Струмица и нејзиниот поширок регион. Во една дијахрониска, но и синхрониска перспектива направивме напор да ги структурираме во различни тематски целини политичките, социјалните, економските и културните проблеми низ кои и преку кои ги пополнуваме или дополнуваме камчињата од мозаикот наречен Струмица.

Зошто избравме да се занимаваме со историјата на еден град кој многу често, ако не и постојано се наоѓал, било на периферијата, како на пр. во рамките на Византија, било во граничните области на средновековните држави: Самуиловата, Бугарската, Солунското кралство, Српската и сл. Со други зборови еден град кој никогаш не се наоѓал директно во центарот на случувањата од богатата средновековна историја на Македонија и Балканот воопшто.

Од друга страна, вреди да се запрашаме дали историјата на овие градови и региони е помалку "важна" од на пр. историјата на Охрид, (центар на Архиепископија), на Солун (втор по важност град во Царството), на Јанина (центар на Епирската држава), на Скопје (административен центар на катепанат во XI век) и зарем таа не заслужува да биде истражена со еднаков интерес и напор како што е онаа на споменатите градови. Без намера да западнеме во спекулации од најразличен вид сметаме дека историјата на Струмица и Струмичко, впрочем како и секоја друга историја, на "помалку важните" претставува предизвик за секој истражувач кој на историјата во принцип и пристапува ослободен од предрасудите и стереотипите на традиционалното сфаќање според кое историјата ја сочинуваат големите личности, големите и славни настани, "големите градови", политичките настани и сл.

Сето ова го наведуваме како една од можните причини поради кои средновековната историјата на Струмица и Струмичко останале

релативно скромно истражени, да не речеме на маргините на истражувачкиот интерес ако судиме според бројот и содржината на објавените публикации.

Освен монографиите на М. Пандевски и Ѓ. Стоев-Трнката, како и на грчкиот научник К. Бони, во кои само на почетокот е даден кус преглед на средновековната историја на Струмица, не постои ниту една друга монографија посветена на историјата на овој град. Тоа не значи дека одделни истражувачи уште пред Втората светска војна не се занимавале со определни аспекти од средновековната историја на градот. Согласно времето и идеолошкиот контекстот во кој настанале овие истражувања во нив главно се третираат географско-историските и етнолошките прилики во Струмичкиот регион без било какви подетални анализи за средновековието. Станува збор за неколку скромни по обем статии и расправи, излезени од перото на М. Ристиќ, В. Радовановиќ, М. Филиповиќ и Ј. Цвијиќ. Со народниот живот и обичаи во Струмичкиот крај после Втората светска војна, се занимавал Ј. Трифуновски.

Раната средновековна историја на Струмица во контекст на доаѓањето на Словените ја истражувал Б. Панов уште во шеесеттите години од минатиот век. Интересот на истражувачите (историчарите на уметноста и археолозите) најмногу бил насочен кон проучување на средновековни споменици во Струмичко: манастирот св. Богородица Милостива, Водочкиот комплекс, комплексот на Св. Петнаесет Тивериуполски Маченици, археологијата и топонимијата на тој крај. Тука ќе ги издвоиме извонредните студии на Л. Пети и П. Миљковиќ Пепек за манастирот Св. Богородица, потоа истражувањата на Д. Коцо, П. М.-Пепек, Б. Алексова, Ј. Ананиев и др. кои како што рековме се занимавале со материјалната култура на овој регион. Овде нема да ги наведуваме публикациите во кои странично или попатно се загатнати некои проблеми од средновековната историја на Струмичко, главно поврзани со времето на Самуиловата држава или пак со државата на Драгашите во XIV век.

Неистраженоста или делумната истраженост на средновековната историја на Струмица и Струмичко се основната причина и повод кој не инспирираше да се зафатиме со проучување на нивната историја во еден

долг временски период од речиси осум векови. Временската рамка на истражувањето беше детерминирана од квантитетот и квалитетот на изворниот корпус (било да станува збор за писмените извори или пак оние од материјалната култура) за кој, гледано во целина, не можеме да кажеме дека изобилува со податоци. Како што се движевме низ времето така се зголемуваше и обемот, но и типот и видот на изворните податоци, па така можеме да кажеме дека периодот помеѓу XI и XIV век е многу побогат со податоци отколку претходниот.

Бидејќи историјата на Струмичко во најголема мерка е дел од византиско-словенската историја на Балканот, основни извори во нашето истражување беа изворите од византиска провиниенција, (хроники, истории, повелби, житија, литературни творби и др.) потоа редица словенски извори, најчесто хагиографски творби или списи од црковен карактер, неколку арапски и османлиски извори и, секако, сите расположиви нумизматички, епиграфски, сигилиографски и др. артефакти од различна провиниенција.

Истражувањето го структурираме во 5 поглавја, всушност во 5 тематски целини во кои низ една дијахрониска и контекстуална перспектива си поставивме за задача да ги анализираме и претставиме следниве проблеми, за илустрација: словенското населување, социјално-економските прилики во Струмичко во различните периоди; политичките прилики и промените на власта; култот кон Св. Петнеасет Тивериуполски маченици, државата на Драгашите и др.

На крај би сакале да истакнеме дека понудените одговори, загатнатите прашања и проблеми, но и дилеми кои го следеа нашето истражување, не се ниту конечни ниту апсолутни, туку претставуваат обид систематично и контунуирано да се истражи еден долг и исклучително битен период од македонската историја врзан за просторот кој длабоко го обележале феномените на “граничноста”, комуникацијата, размената, во сите свои различни форми низ времето.

Климатските и географските услови на одреден регион како природна рамка на егзистенција на дадениот простор во голема мера го детерминираат начинот на живот, работа, производство и комуникациите на дадениот простор. Физичката природа на одредена област го предодредува нејзиниот живот и обичаите и активностите на нејзините жители. Речните текови се многу важни правци за комуникација, а, во случај кога тие имаат поголеми димензии станувaат природни граници на областа. Истото може да се каже и за планинските масиви. Тие директно влијаат врз организацијата, урбанизацијата и врз комуникацијата во регионите. На пример, специфики на меридионалниот појас, се, речиси, непроменливите услови на живот низ историјата, така што и покрај политичките административните, црковните и други делби коишто се случувале едновремено, низините и планините си имале сопствен развој.

На средниот тек од долината на реката Струмица, десна притока на големата и од дамнина позната река Стримон (Струма), стои расположена струмичката котлина. Нејзиниот јужен дел е ограден со планината Беласица, додека на нејзиниот западен дел се надоврзува планината Плауш. На север, северозапад, како некаков природен ѕид се издига планината Огражден чие име е познато уште од средновековието. На исток, котлината се спушта кон реката Стримон, над која се извишува планината Пирин. Ова е природната порта на струмичкиот базен, којшто преку долината на Стримон и Серeската низина се врзува со Егејското Море. Интересно е да се одбележи дека источниов дел завршува со природен теснец, една клисура кај Петричко, формиран со приближувањето на планините Беласица и Огражден, во средновековието познат под името Клидион.[1] Токму оваа клисура која во средновековието многу пати им го затворала патот на различните војски, го врзува Струмичкиот базен со Стримонската област - многу важна комуникациска точка во овој дел на Балканот во средниот век.

[1] М. Ристић, *Струмица, географско-историска расправа*, Београд 1925, 1-3; *Македонија како природна и економска целина*, Скопје 1978, 141-145.

Струмичката област претставува природна, климатско-географска целина, еден микро регион во срцето на Македонија, со сите особини на медитеранска оаза во склопот на големите и високи планински области. Климата е влажна со долги и жешки лета со богата и бујна вегетација. Сепак, треба да се има на ум дека овие констатации се базираат на современите климатски услови во Струмичко и заради тоа неможе автоматски да се пресликаат врз средновековието. Постои можност климата во Македонија и конкретно во Струмичко да била драстично поинаква од модерните времиња, и овие разлики можеби биле толкави што обусловиле радикално различни услови за агрикултурата и воопшто за човечката егзистенција. И покрај тоа што теориски постои ваква можност, сепак, ситните информации што ги имаме од изворите барем за XI-XIV век, и секако оние за XV-XVI век, не укажуваат на радикална трансформација на климата во Македонија.

Структурните промени на "ликот" на почвата, на релјефот и на климата на еден регион, кои како што истакнавме погоре, имаат големо влијание врз егзистенцијата на луѓето што го населуваат, се исклучително бавни бидејќи за да се случат драстични промени потребни се милениуми. Според оваа Броделова концепеција за поделба на историското време, географскиот простор, всушност, претставува "привидно неподвижна историја", така што се чини дека и не постои.[2] Заради тоа, и покрај скудноста на средновековните извори, за овој вид на информации, а последично и за историјата на секојдневјето на луѓето во Струмичкиот регион сметаме дека е возможно да се претпостави и прифати констатацијата дека климатско-географскиот регион на Струмичкиот базен, со мали варијации, не претрпел значителни структурни промени барем се до појавата на индустриското општество.

Уште една потврда во прилог на оваа аргументација, иако излегува надвор од временските рамки во кое е сместено нашето истражување, се податоците што ги носат османлиските извори (XV-XVI век) за начинот на живот на луѓето во Ќустендилскиот санџак, каде припаѓала и

[2] F. Braudel, *Mediteranean and the Mediteranean World in the Age of Philip II*, London 1972, 23-167; Ф. Бродел, *Списи о историји*, Београд 1992, 45-49; T. Stoianovitch, *Balkan Worlds, the First and Last Europe*, New York 1994, 7- 45.

Струмичката нахија. Тие се првокласни сведоштва преку кои можеме да ги дополниме и потврдиме фрагментите од средновековните извори поврзани со егзистенцијата на жителите од овој регион.[3]

Предмодерните општества, каков што бил Балканот сé до првата половина на XX век, претставуваат рурално-традиционални заедници за кои е карактеристична бавноста на промените во социо-економските односи, обичаите, верувањата, пресметувањето на времето, начинот на производството, подготовката на храната, облеката, и др. Ритамот на овие промени не зависи или, многу малку е обусловен од ритамот на политичките настани и случувања чија брзина е неспоредливо поголема, подинамична и секако тешко предвидлива. Оттука, релативно непроменливите, со мали варијации, климатско-географски услови на Струмичкиот базен во согласност со традиционалниот начин на живот овозможиле жителите на овој питом и плоден регион, богат и со вода, уште од дамнина да се занимаваат со земјоделство, полјоделство, овоштарство, дрварство, сточарство, со одредени видови на занаети и др.

Иако Струмичката котлина претставува заокружена целина, во неа, сепак се издвојуваат неколку одделни региони со свои карактеристики. Ова го нагласуваме бидејќи овие локални специфики природно влијалеле врз социо-економската, демографската и веројатно етничката структура на населението.

Првиот и најважен регион во Струмичкиот базен е Струмичката рамнина, испресечена со неколку речни корита. Таа овозможила тука да се формираат бројни богати селски населби. Повеќето од овие богати села биле сопственост на турските бегови или на струмичките чорбаџии. Селаните одгледувале пченица, афион, сусам, памук, ориз, овес, јачмен,

---

[3] Х. Матанов, *Възникване и облик на Кюстендилски Санджак през XV-XVI век*, София 2000, 94-148; Се разбира постојат неколку социјално-економски студии кои директно или индиректно ја третираат и средновековна Македонија или пак определени делови од Македонија. Повеќе за тоа во: A. E. Laiou -Thomadakis, *Peasant Society in the Late Byzantine Empire*, Princeton 1977, 24-66; Α. Α. Αγγελοπούλου, *Βορείος Μακεδονία, Ο Ελληνισμός της Στρώμνιτσης*, Θεσσαλονίκη 1980; J. Lefort, *Villages de Macédoine, Notices historiques et topographiques sur la Macédoine orientale au Moyen Age. 1. La Chalcidique ocidentale*, Paris 1982; P. Bellier, R. C. Bondoux, J.C. Cheynet, B. Geyer, J. P. Grélois, V. Kravari, *Paysages de Macédoine. Leurs caractères, leur évolution à travers les documents et les récits des voyageurs*. Présentation par J. Lefort, Paris 1985; J. Lefort, "The Rural Economy, Seventh-Twelve Centuries",: *The Economic History of Byzantium, From the Seventh through the Fifteenth Century*, ed.-in-chief, A.E. Laiou, Dumbarton Oaks 2002, 231-310.

подоцна и жито и тутун, разни видови на овоштија и др. Дел од овие култури и денеска се извор на приходи на населението во Струмичкиот регион. Вториот реон по важност е Подгорието - подножјето на Беласица, богато со изворски води, со костенови и ореови шуми, и погодно за полјоделие и лозарство. [4] Делот околу Банско, пак, полн со топли минерални извори бил познат како бањски центар и лекувалиште уште од Антиката,[5] е погоден за одгледување на разни видови зеленчуци. Третиот реон во Струмичкиот базен е подножјето на Огражден, всушност, и најсиромашниот бидејќи е далеку посув и безводен во споредба со богатството на вегетација во Подгориeто. Постои и еден мал одделен реон, лоциран на југозапад од градот Струмица, со шуми и пасишта погоден за сточарство.[6] Во средниот век сиве овие села, главно се наоѓале во рамки на византиските теми Стримон,[7]Серез, Струмица, а голем дел од нив во подоцнежниот период целосно или пак делумно им припаѓале на Светогорските манастири, Ивирон, Пантелејмон Хилендар и др., така што нивните жители на одреден начин биле поврзани со овие манастири.[8]

Еден од најважните патишта на целиот Балкански полуостров, чија важност особена пораснала од IV век, е патот кој течел во правец: Paetovio-Sirmium-Singidunum-Viminacium-Naissus-Serdica-Philippopolis-Adrianopolis-Константинопол (Цариград).[9] Оваа главна дијагонална патна артерија, била основната оска која го поврзувала Цариград со Западот. Византијците ја именувале како (βασιλική ὁδός ), Словените "царски пат", Турците "Stambul yol". Патот го користеле, ации, патници, трговци и војски, а по него на Балканот навлегувале Словените и Бугарите. Оваа рута ја користеле и крстоносците во време на Првиот, Вториот и Третиот

---

[4] J. Lefort, "The Rural Economy..., *EHB*, 254, бел.145.
[5] *Археолошка карта на Република Македонија*, т.II, Скопје 1996, 402.
[6] М. Пандевски - Ѓ. Стоев -Трнката, *Струмица и струмичко низ историјата*, Струмица 1969, 13-14; Ј. Цвијић, *Основе за географију и геологију Македоније и старе Србије*, I, Београд 1906, 250-256.
[7] М. Рајковић, "Област Стримона и тема Стримон," *ЗРВИ 59/1958*, 1-7.
[8] A. E. Laiou -Thomadakis, *Peasant Soeciety...*, 24; П. Миљковиќ – Пепек, *Велјуса*, Скопје 1981, 59.
[9] P. Lemerle, *Philippes et la Macedoine Orientale*, Paris 1945, 69.

рстоносен поход, а во 1204 година Латините го употребиле за да навлезат длабоко во долината на реката Марица.[10]

Главните патни комуникации распослани по должината на Балканскиот полуостров би можеле да се опишат како патишта на освојувачите. Овие рути се движеле од север, од Дунав, поминувале низ најголемите урбани центри и важни патни јазли како Ниш и Софија и продолжувале паралелно по текот на главните реки Вардар и Стримон.

Првата и најважна оска, север – југ, се движела од Дунав преку долината на Морава до Ниш и преку долината на Вардар до Скопје. Оттука продолжувала до Стоби и преку Демир Капија, излегувала директно на Егејското Море. Од Скопје, втората гранка на патишта им овозможувала на патниците да го заобиколат Вардар, и движејќи се кон југоисток преку Хераклеја и Битола, или, пак, на исток преку Штип и Струмица да стасаат во Солун.

Прочуената Via Egnatia, најпознатиот балкански пат во класичната епоха на Царството, и покрај тоа што во средновековието изгубил од својата важност, сепак, останал една од значајните патни комуникации обазбедувајќи ја комуникацијата меѓу Јадранското, Егејското и Црното Море и помеѓу Рим и Цариград. Главните траси на патот биле следниве: Dyrrachium-Thessalonica-Amhipolis-Philippi-Neapolis-Akontisma-Traianopolis-Цариград.[11] Од овие главни патни точки се издвојувале споредни траси од истиот пат кои поврзувале различни делови од Балканот. Инаку, според Harun Ibn Yaḥya, еден извор од доцниот IX век, патувањето од Цариград до Солун траело 12 дена.[12]

Големиот царски, воен и трговски пат – Via Egnatia, од време на време, како резултат на различни инвазии, поточно некои негови делови, станувале неупотребливи. На пр. неговите западни траси во доцниот IV век биле окупирани од Визиготите, потоа затворени уште еднаш во време

---

[10] P. Lemerle, "Invasions et migrations dans les Balkans", *RH, 211/1954*, 274; P. Sustal, *Tabula Imperii Byzantini,* vol. 6, *Thrakien*, Vienna 1991, 132-135.

[11] Библиографија за Римскиот и рано византискиот период може да се најде кај: A.Avraméa, "Tracé et fonction de la Via Egnatia: du IIe av. au VIe ap. J.- Chr.", во: *The Via Egnatia under Ottoman Rule, 1380-1669*, ed. E. Zachariadou, Rhethymnon 1996, 3-7; N. Oikonomides, "The Medieval Via Egnatia", *The Via Egnatia under Ottoman Rule*..., 9-16.

[12] A. Vasiliev, "Harun Ibn Yahua and His Description of Constantinople," *Seminarium Kondakovum 5/1932,* 162.

на Аварските и Словенските налети и населувања во нивна близина. Со исклучок на војните помеѓу Византија и Бугарите во IX и во X век, источната траса на патот која го врзувала Цариград со Солун скоро секогаш била отворена. За ваквата ситуација секако приоднело и формирањето на темите Солун и Стримон.[13] Сепак и во деветтиот и во десеттиот век, Словените кои ги населиле теснеците и клисурите по должината на Стримон, често пати ги напаѓале патниците на патот.[14]

Најпосле, трите патни правци чиешто значење во средниот век постојано се зголемувало, се протегале, речиси, паралелно во правец север – југ: првиот што веќе го споменавме одел по долината на Морава и Вардар, како најважна врска меѓу Дунав и Егејското Море, вториот од Софија по долината на Стримон, а третиот ја следел долината на реката Места.[15]

Расположена во близината на овие патни комуникации во средновековието, Струмичката област претставувала мал јазел од трговски и воено стратегиски патишта, кој на југ (станува збор за стар римски пат) водел кон Валандово, Дојран и Кукуш и оттука за Солун, на север и северо-запад за Штип, Овче Поле и Скопје, се до Моравско-Вардарската долина, и на исток, по долините на реките Струмица и Стримон, преку Мелник, Петрич и Серез излегувал на Via Egnatia и оттаму водел се до Цариград.[16] На овој крстопат била изградена и тврдината, подоцна наречена "Цареви кули"[17], околу која постепено се формирал и самиот град Струмица.

Покрај овие три основни патни комуникации, во Струмица и Струмичко од дамнина се користеле и две други патни комуникации. Еден е т.н. Шопски пат, во правец на Берово и Владимирово, кој, кај селото Дабиља, се одделувал од патот за Петрич и водел преку планината Огражден. Овој тежок и непогоден бил од големо стопанско значење бидејќи ја поврзувал Малешевијата со Струмица, односно преку неа и со Солун. Вториот локален пат бил патот што врвел покрај Беласица,

---

[13] N. Oikonomides, op.cit..., 9-16.
[14] P. Lemerle, *Les plus anciens recueils des miracles de saint Démétrius, et la pénétration des Slaves dans les Balkans*, 2 vols., Paris 1979-1981, II, 192, f.n. 304.
[15] P. Lemerle, *Philippes et la Macedoine*..., 71-73.
[16] М. Пандевски - Ѓ. Стоев -Трнката, *Сш̄румица*..., 19.
[17] *Археолошка карш̄а* т. II..., 415.

поврзувајќи ги селата од подгорието со Струмица. И едниот и другиот пат имале многу поголемо значење во минатото отколку денес.[18]

Поврзаноста, на Струмичката котлина, од една страна, со долината на Стримон, и од друга страна со Моравско-Вардарската магистрала, се чини дека била од особена важност во средновековието. Еден интересен настан што го споменува византискиот полихистор Никифор Григора, е мошне полезно сведоштво за ова за коешто говориме. Во 1327 година, Григора како член на делегацијата од 140 луѓе, појдена на преговори со српскиот крал Стефан Дечански во Скопје, меѓуостанатото, раскажува за дел од рутата по која се движеле. Откако ја минале реката Стримон, (не е јасно каде точно, или кај Серез, или на устието на р. Струмица кај Петрич) после еден ден пат, стасале во Струмица, го прославиле Божик, и потоа преку Штип и Овче Поле се упатиле за Скопје. Од Струмица до Скопје патувале три дена, а кога ја виделе реката Вардар, таа "била најголемата река после Стримон, а на некои места била и пловна". Тој, исто така, вели дека областа по која врвеле била "многу шумовита, студена, непријатна и дива, а нејзините жители се служеле со јазик што не бил нивен", (не бил грчки, заб. на авт.).[19] Многу е веројатно дека по овој пат во Македонија влегла српската војска во времето на кралот Милутин, некаде после Божик, во 1283 година, и пустошела се до Серез и Кавала.[20] Оваа патна комуникација ја опишал арапскиот географ Идризи во својата *Геоѓрафија* (1154) како дел од патот преку кој од Драч, Скопје, Струмица и Серез се стасувало до Орфанскиот залив во Грција.[21]

Струмичката област со своите климатско-географски перформанси и комуникациската поставеност овозможувала услови за опстанок и остварување на егзистенцијата луѓето коишто ја населиле. Во определени периоди од нејзината средновековна историја таа дури била една од најгусто населените области во Македонија.

---

[18] М. Пандевски - Ѓ. Стоев –Трнката, op. cit. 22-23; Ј. Ф.Трифуновски, *Сѿрумички крај*, Скопје 1979, 5-6.

[19] Nicephori Gregorae, *Byzantina Historia*, ed. L. Schopen, I, Bonn 1829, 374-383, особено 378; *ВИИНЈ*, VI, Београд 1986, 621-623, f.n. 9; Г. Шкриванић, *Путеви у средњовековној Србији*, Београд 1974, 100.

[20] Г. Шкриванић, *Путеви*..., 100.

[21] Б. Недков, *България и съседните и земи през XII век според "Географията" на Идриси*, София 1960, 37-39.

## Прва глава: ***Струмица и Струмичко од VI до средината на IX век***

### 1.1. Тивериупол реалност или мит

Несомнено една од најголемите загатки за истражувачите во чија сфера на интерес на овој или она оној начин влегувала античката или пак средновековната историја на Струмица претставува нејзиното византиско име Тивериупол. Во оваа смисла не е јасно дали името на градот – Тивериупол, е плод на средновековната традиција, или пак градот го носел ова име и во антиката – доцната антика. Проблемот со името на градот и енигмата која произлегува од него бил предизвик за редица истражувачи, кои во зависност од времето во кое работеле, како и од степенот на откриените и објавени, било писмени или пак археолошки извори (изворите за оваа проблематика ионака се многу скудни), дозволувал различни интерпретации и толкувања.

Во овој дел на нашето истражување ќе ги проследиме, според наше мислење највалидните аргументации за проблемот, и ќе понудиме можен одговор на прашањето дали името на градот воопшто може да се поврзе со: ранохристијанскиот култ на Св. Петнаесет Тивериуполски Маченици; или се работи за средновековна традиција поради која и името на градот се појавува во две варијанти византиска Тивериупол и словенска Струмица; или пак за нешто сосема друго. Деталното проследување на култот на Св. Петнаесет Маченици ќе биде предмет на истражување во последната глава од дисертацијата. Оттука, во овој дел покрај останатите извори, несомнено ќе се задржиме на житието за овие *Маченици*, на кое, според наше мислење, можеби најмногу се должи и енигмата со името Тивериупол.

Археолозите неодамна во темелите на Орта џамија во Струмица открија еден мермерен запис од крајот на II век или почетокот на III век, на кој буквално стои следново: *На добар час градот му постави статуа на својот патрон, великиот Тибериј Клавдиј Менон, за неговата*

*благонаклоност и квалитети.*[22] Авторите на каталогот упатуваат на тоа дека допрва треба да се испита дали Струмица го добила името Тивериупол според својот патрон. И покрај тоа што оставаат резерва, тие сепак без никакви аргументи алудираат и на оваа можност. Но, дали е ова веројатно?

Најнапред да се запрашаме кој е благородникот што се појавува на натписот, а за кого не знаеме ништо од расположивите писмени извори. Можеме да претпоставиме дека станува збор за припадник на угледното семејство Менон. Можеби во прашање е дури и Клавдиј Менон, македонијарх, од крајот на II и почетокот на III век, познат од натписот, од околината на Верија, запишан во чест на неговиот син Клавдиј Плотин,[23] и кој од за нас непознати причини можеби станал заштитник на градот, но неговот име не е наведено во натписот од Верија. Следејќи ги античките традиции малку е веројатно дека градот, (се мисли на Струмица, заб. на авт.) како и да се именувал претходно, би го добил името според неговиот патрон, кој во нашиот случај е еден благородник, а можеби и македонијарх. Веројатноста е уште помала доколку се има предвид дека станува збор за неговиот праеномен, како и фактот дека основачи на градовите по правило биле императорите, царевите, а многу често во Антиката некој град можел да добие име во чест на некој бог, божица и сл. Иако, овој новооткриен артефакт е драгоцен извор за античката историја на градот Струмица, се додека тој не биде предмет на детални проучувања од страна на специјалистите по епиграфика во контекст на проблемот, се дотогаш, секоја негова употреба или толкување од наша страна би биле произволни и без валидни аргументи.

Расположивите извори од античкиот-рановизантискиот период, на местото на денешна Струмица и Струмичко не познаваат и не бележат

---

[22] Каталог од изложбата "Духовните традиции на Тивериопол", 8. Натписот не е одделно публикуван, Во каталогот е приложена негова фотографија со даденото толкување. Според зборовите на кустосот од Музејот и завод за зазштита на споменициците во Струмица, архелогот М. Атанасова, со која лично разговаравме, натписот го прочитал и протолкувал еден угледен епиграфичар од Софија. Овој податок за жал не е споменат во каталогот.

[23] Во оваа прилика упатувам голема благодарност до м-р Славица Бабамова за полезните информации и насоки што ми ги даде во врска со овој проблем. Повеќе за натписот од Верија: Cormack, *Ancient Macedonia I*, 1970, 198-99; L. Gounaropoulos-M. B. Hatzopoulos, *Epigraphes Kato Makedonias, Epigraphes Beroias*, Atina, 1999, I, 499.

град со име Тивериупол.[24] Во познатите историско географски списи, како што се *Географијата* на Страбон, од крајот на старата ера и почетокот на новата, потоа делата на Прокопиј (основен извор за V и VI век), како и во во многу важниот географско-административен спис, од првата половина VI век, *Синегдемот* на Хиерокле, составен врз основа на официјален материјал во кој се дава преглед на административното уредување на византиското царство, при што авторот набројува 64 провинции и 923 града, нема споменување на македонски Тивериупол.[25] На ова место треба да се спомене и географскиот лексикон на Стефан Византиски од VI век, *Етника*, (покрај останатиот материјал авторот го користел и *Синегдемот*) драгоцена збирка на податоци запишани врз основа на постари географско-историски списи за античката географија, разни поговорки, пророштва, чуда но и граматички проблеми, во кој, исто така, нема ниту трага за град со име Тивериупол во северо-источна Македонија.[26]

---

[24] Ф. Папазоглу, ***Македонски градови у римско доба***, Скопје 1957, 254-255; К. Јиречек, "Хришћански елеменат у топографској номенклатури балканских земаља," *Зборник Константина Јиречека I*, Београд 1959, 461-505; T. L. Tafel, *De Thessalonica eiusque agro dissertatio geographica*, London 1972, 294-314; В. Златарски, ***История на Първата българска държава***, т. I, София 1918, 588-589. Овие автори, повикувајќи се на изворите од античкиот и рановизантискиот период сметаат дека нема никаква потврда во изворите за постоење на град по име Тивериупол во соодветниот период. Според нив Петнаесетте Маченици настрадале во фригискиот град Тивериупол, од каде што, нивната слава како и местото на мачеништвото, со посредство на писмената религиозна традиција на грчките христијански општини, се рашириле дури до Македонија (Јиречек); или светите мошти биле пренесени од Мала Азија во Македонија преку преселбите на жители од Мала Азија (809-810 г.), во времето на царот Никифор (802-811г.), и на тој начин преку моштите се врзало и името на градот со мачеништовото "Тивериупол" (Златарски). Друга група истражувачи меѓу кои А. Ангелопулос, В. Радовановиќ, К. Бонис, Б. Панов, пак смета дека името на градот не е плод на средновековната традиција туку дека град по име Тивериупол постоел во античкиот период или во раносредновековниот. Овие научници се на мнение дека е возможно некој од тројцата императори по име Тиберij, (првиот владеел од 14-37г.; вториот од 578-582г.; и третиот од 689-705г.) да го преименувале стариот Астреон во Тивериупол. Види: В. Радовановић, "Струмица", *НЕС 4/1929*, 482-483; Κ. Μπόνη, *Ἡ Στρώμνιτσα*, Θεσσαλονίκη 1961, 6;Α.Αγγελο᾽πουλος, "Οι Ιερομάρτυρες Τιβεριουπόλεως -Στρωμνίτσης", *20/1980,Μακεδονικά*, 463-484, особено стр. 466-467; idem "Петнадесетте Тивериополски мъченици в гръцко-българското духовно предание", ***Известия на Црковноисторически и архивен институт***, т.II, София 1984, 102-111; Б. Панов, "Струмичката епархија во доцноантичкиот и раносредновековниот период": *Старохристијанската археологија во Македонија*, Скопје 2003, 114-115.

[25] *The Geography of Strabo* with an English translation by Horace Leonard Jones, I-II, Harvard University Press MCMLX, Index 217-510; *Hieroclis Synecdemus*, ex recognitione G. Parthey, Amsterdam 1967, 3-51.

[26] Stephan von Byzanz, *Ethnika*, Graz 1958, Index 725-817.

Античките и рановизантиските извори, на местото на денешна Струмица, и нејзината околина, ги споменуваат двата града Астреон и Добер.[27] Иако нивната точна локација во науката не е сосема до крај разјаснета, сепак, со голема веројатност може да се претпостави дека во близината на овие два града или пак на истото место во средновековието Словените го основале градот Струмица.

Топонимот Тивериупол како пандан на словенскиот - Струмица, за прв пат во пишан извор се појавува во хагиографското дело на Теофилакт Охридски, сочинето кон крајот на XI или во почетокот на XII век. Научниците кои го проучувале ова дело од книжевен и од лингвистички аспект, потврдуваат дека во неговото сочинување, Теофилакт користел и извори од словенска провиниенција, кои, за жал, не се сочувани.[28] Заглавието на текстот на единствениот сочуван примерок од средниот век гласи: *Маченишџвоџо на џеџнаесеџџе свеџи и славни маченици насџрадани во Тивериуџол, на буѓарски наречен Сџрумица, за време на владеењеџо на безбожниоџ Јулијан Оџџадник...*[29] Во науката постојат неколку мислења во врска со името на градот, главно во постарата литература.[30] Централната точка околу која се вртат различните хипотези, и врз која и најмногу се засноваат, е токму хагиографското дело на Теофилакт Охридски. Од извонредно значење за средновековната историја на Балканот, ова, иако малку познато дело, сé уште, според

---

[27] Детален преглед на изворите пружа Ф. Папазоглу, *Римски градови...*, 248-253.

[28] Н. Драгова, "Старобългарските извори на житието за петнадесетте тивериуполски мъченици от Теофилакт Охридски", *Studia Balcanica 2/1970*, 105-131; idem "Вярата в лечителното чудодействие на мщите в старобългарската литература". И благодарам на проф. д-р Маргарет Димитрова од Софискиот Универзитет со чија помош и заложби, успеав да ја ползувам оваа сé уште необјавена статија на проф. Драгова.

[29] PG t. 126, col. 151-222. Текстот на маченииштвото е сочуван само во еден ракопис од XIV век, (Baroccianus gr.197, ff, опишан во: Coxe, H. O. Catalogi codicum manuscriptorum bibliothecae Bodleianae. Prima pars, Oxonii, 1853, 349, No 68. Ракописот прв го објавил Ж. П. Мињ во XIX век. Во 1968 година, П. Готје приредува критичко издание, но тоа, сé уште, не е објавено. Ние за нашата работа ќе го ползуваме изданието на Мињ (PG, t.126) со сите негови недоследности на кои укажале мнозина учени. Во новата серија на *ГИБИ IX/XXX*, София 1994, во која се објавени повеќе творби на учениот архиепископ, во целост е објавено и Маченииштвото на св. Петнаесет Маченици (стр.42-79) според текстот на Мињ, но со укажување од страна на приредувачите дека се поправени сите забележани неточности. Како што истакнуваат приредувачите на текстот, тие имале прилика да се служат и со необјавеното издание на Готје, така што на неколку места во објавениот текст ги исползувале и неговите поправки. Од тие причини во нашиот труд ние ке го ползуваме и нивното издание на текстот на Мињ.

[30] Види f.n. 24.

зборовите на Д. Оболенски, може да пружи нова граѓа за проучување на христијанизацијата на Словените, и секако за оние истражувачи кои го проучуваат Теофилакт Охридски.[31] Бидејќи, култот на Св. Петнаесет Маченици, неговото раѓање, ширење и неговите традиции, како што рековме ќе бидат предмет на детални истражување во последната глава од дисертацијата, во овој дел од нашето истражување ќе се задржиме на оние делови од *Маченишшвошо*, поврзани со енигмата на името на градот.

Првото прашање кое логично се наметнува е зошто и од каде Теофилакт Охридски за словенскиот назив Струмица го употребил византискиот Тивериупол? Дали е тоа последица на култот, за кој ќе зборуваме подоцна, дали пак навистина во определен период градот се викал и Тивериупол, а при тоа ниту еден единствен пишан извор до XII век, стасан до нас, нé не известува за тоа, што е навистина многу загатливо; и дали можеби не станува збор за востановување на определена христијанско-византиска традиција од XI век која потоа оди обратно во времето – бара поткрепа за својата величина со нејзин континуум или конечно дали можеби Тивериупол не е плод на имагинацијата на учениот Теофилакт, што е исто така, малку веројатно. Зошто сметаме дека е важно да се занимаваме со оваа загатка? Целта, ни е во овој дел, како што веќе посочивме, колку што е можно, да ги спротивставиме двете традиции на градот-словенската и византиската преку разгледувањето и употребата на соодветните топоними.

Имињата, на градовите, реките, селата, народите, личните имиња и сл. ги рефлектираат и изразуваат одделните културни, историски, социолошки и лингвистички околности во определен простор и време. Топонимите се историски споменици на духовната култура, кои сведочат за многуслојноста на балканскиот јазичен, етнички, географски и воопшто цивилизациски ареал.

Кога Словените на Балканот стапиле во допир со христијанстовото, тоа зад себе имало скоро осум векови долга историја, во која неговото учење се утврдувало и заокружувало, интерпретирало и оправдувало. Во

[31] Д. Оболенски, *Шест византијских портрета*, Београд 2004, 87. Повеќе за Теофилакт, и особено за неговата голема коренспонденција во: M. Mullett, *Teophylact of Ochrid (Reading the Letters of a Byzantine Archbishop)*, Variorum 1997, особено 53-69.

текот на тие столетија, се востановил комплексен систем на обичаи и ритуали според кои, се прилагодувале животите на илјадници верници во секоја генерација. Постепено, се наметнувал систем од норми и етички начела, чие што влијание и делотворност станувале сé поголеми вообличувајќи го животот и однесувањето на луѓето. Благодарејќи на стабилната и унифицирана организациска мрежа која поседувала способност да се развива и надополнува, кога ќе се зголемел бројот на населбите и верниците, христијанската црковна организација, континуирана, стабилна и трајна, со утврден механизам на наследување во раководните функции, за разединетите и слабо поврзани средновековните општества претставувала многу важен фактор на интеграција и кохезија. Веројатно и повеќе од тоа, многу долго била узор и образец за организацијата на световната власт, која според степенот на покривање на териториите и на трајноста, со векови не можела да се спореди со црковната мрежа.[32] Архиепископт Теофилакт, во, и за, своето време бил еден од најрепрезентативните црковни лица воспитувани и образовани токму во овие и вакви традиции. Начинот на кој црквата го третирала времето, патиштата по кои се движела ширејќи го христијанството, односот што го воспоставувала кон настаните, минатото и традициите воопшто, иако не драстично, во општество целосно проникнато од христијанскиот поглед на свет, сепак се разликувале од световните претстави и сфаќања, особено кога се делувало во практиката.

Квантитативната анализа на употребата на поимот Тибериупол, во маченииштвото на св. Петнаесет Маченици, покажува дека архиепископот Теофилакт, топонимот Тибериупол и придавките изведени од него ги употребил вкупно на 10 места, притоа само на едно место употребил тибериуполска црква, а на друго, исто така само еднаш го употребил етнонимот Тибериуполци.[33] Значи како топоним – име на место, терминот се употребува 8 пати, и само од контекстот можеме да заклучиме дека станува збор за град или некое населено место, бидејќи никаде не ја употребува именката полис, што е и до некаде оправдано зошто полис е

---

[32] С. М. Ћирковић, *Работници, војници, духовници*, Београд 1997, 385-386.
[33] *ГИБИ IX/XXX* ..., [17] 55; [19] 56; [20] 57; [23] 60; [26]-[27] 62; [37] 69; [39] 70; [40] 71; [47] 75.

составен дел од самиот термин: Тибериоу-полис. Она што паѓа во очи, е фактот дека тој само во заглавието на делото го употребил словенскиот термин Струмица. Значи, архиепископот инсистира на употребата на византискиот термин во дадениот контекст. Од друга страна, истиот автор, во едно од неговите писма, упатено до епископот на Триадица, меѓуостанатото вели дека за соодветната работа им пишал на Струмичкиот и на Малешевскиот (епископ):
"...ἔγραψα μὲν ταῦτα καὶ πρὸς τὸν Στρομβίτζης, καὶ πρὸς τὸν Μαλεσόβης... "[34] Во овој случај, епископската катедра во рамки на Охридската архиепископија ја означува со словенскиот термин - Струмичка епископија, а не со византискиот.

Во контекст на ова за кое што говориме, треба да го спомнеме и натписот од црквата Св. Богородица Милостива во денешното село Велјуса. Во приближно истиот период кога настанува и хагиографското дело на Теофилакт за *Св. Петнаест Маченици*, монахот, а подоцна и епископ тивериуполски Мануил, во 1080 година го основал манастирот посветен на пресветата Богородица Милостива (Елеуса). Натписот, типикот на манастирот и други документи врзани со манастирот прв во целост ги објавил францускиот учен Л. Пети[35] во почетокот на XX век, а подоцна истиот натпис го објавил и Ј.Иванов,[36] според кого и најчесто се цитира во науката. Натписот се чува во оригинал во археолошкиот музеј во Софија, а во 1972 година според направените фотографии и калки, е поставена и денешната копија во мермер на првобитното место во велјушкиот манастир.[37] Од натписот за основање на манастирот гледаме дека Мануил се титулирал како епископ на Тивериупол. Л.Пети, смета дека натписот временски му претходи на хагиографското дело на Теофилакт,[38] констатација, која е невозможно прецизно да се утврди, а

---

[34] Ibidem..., [87], 187.
[35]L. Petit, "Le Monastère de Notre – Dame de Pitié en Macédoine", *Известия Русскаго Археологическаго Института въ Константинополѣ*, София 1900, 6, 1-153; "Eleousa: Rule of Manuel, Bishop of Stroumitza, for the Monastery of the Mother of God Eleousa", trans. A.Bandy,: *Byzantine Monastic Foundation Documents: A Complete Translation of the Surviving Founders' Typika and Testaments*, ed. J. Thomas - A. C. Hero, Dumbarton Oaks, 2000, 167-191 или doaks.org/etexts.html
[36] Й. Иванов, *Български старини изъ Македония*, София 1931, 176.
[37] П. Миљковиќ-Пепек, *Велјуса*, Скопје 1981, 32.
[38] L. Petit, "Le Monastère de Notre – Dame..., 100-101.

доколку се прифати уште повеќе го замаглува проблемот. Од друга страна, во типикот на манастирот, (околу 1100 година), Мануил се потпишал како: "...монах и епископ на Тивериупол, односно Струмица....". Под неговиот потпис стои и потписот на монахот Климент кој се титулира како: "... ништожен епископ на Струмица, Климент, монах".[39] Несомнено, овде треба да ги споменеме и двете повелби како и царската наредба од византискиот цар Алексиј I Комнин издадени во 1085 односно 1106 година. Во овие документи од световен карактер, и тоа од највисок ранг, на неколку места читаме за "епископот на Струмица", за "темата Струмица", и за "градот Струмица".[40] Никаде не го среќаваме терминот Тивериупол. Од примерите коишто ги наведовме од Маченииштвото, типикот и натписот на манастирот Св. Богородица, царските документи, сите настанати во приближно ист временски период, со напомена дека дел од нив се црковно-религиозни наспроти државно-официјалните, можеме да претпоставиме дека употребата на терминот Тивериупол, со одредени исклучоци, е карактеристична за документите од црковно-религиозна провиниенција, факт којшто го констатирале уште К. Јиречек и Л. Пети.[41]

Ако Теофилакт, условно, инсистирал на употребата на Тивериупол, било за епископијата, било за градот, како што видовме, тогаш и тој самиот чини исклучок единствено во едно од неговите писма, со наведување на синтагмата "струмички епископ." Епископите, Мануил и Климент, ги користат и двата термина во нивните потписи, при што само Мануил се титулирал како епископ на Тивериупол - Струмица, додека Климент се потпишува како епископ на Струмица. Во царските документи, од канцеларијата на Алексиј I Комнин, се употребува само словенскиот термин Струмица. Не е спорно дека и обата термина и византискиот и словенскиот биле во официјална употреба, со нагласок дека терминот Тивериупол, било за црквата-епископијата, било за градот, прв пат во изворите го среќаваме дури од XI век,за разлика од словенскиот

---

[39] L. Petit, "Le Monastère de Notre – Dame...,93. П. Миљковиќ-Пепек, *Велјуса*...,272.
[40] L. Petit, "Le Monastère de Notre – Dame...,26- 27, 30, 31. П. Миљковиќ-Пепек, *Велјуса*...,254-255, 256, 258.
[41] Л. Пети дава и обемен преглед на паралелната употреба на топонимите Струмица-Тивериупол, во документите од црковно-религиозна провиниенција, се до почетокот на 20 век, 51-60.

Струмица - секако за градот, а консекветно и како епитет за мачениците – којшто се употребувал и пред настанувањето на хафиографската творба на Теофилакт.

Одлично сведоштво за оваа констатација е прочуениот глаголски споменик од Охридската книжевна школа, *Асемановото евангелие*, создаден кон крајот на X или почетокот на XI век. Во овој споменик со религиозен карактер, поточно во неговиот месецословен додаток се бележи поменот на струмичките светители Тимотеј, Теодор, Евсевиј и нивната дружина.[42] И повторно може да се запрашаме, зошто на пр. во документ од словенска провиниенција не се наведува византискиот пандан Тивериупол, ако имаме предвид дека и ова, како што споменавме е споменик од црковно-религиозен карактер?

Оваа мала компаративна анализа, на употребата на термините во соодветниот период остава простор да размислуваме во правец на испитување на црковните традиции и улогата на црквата, од една страна, наспроти местото на световните традиции на градот Струмица. И двете традиции, и византиската и словенската, се допираат и воедно се оддалечуваат токму низ нивните лингвистички варијанти, во буквална но, и во симболичка смисла. Како последица на оваа состојба се јавува и проблемот со името на градот. Со една додавка дека двојното име е проблем за истражувачите од една современа перспектива, многу далеку од времето во кое тие луѓе го употребувале и користеле соодветниот термин во значење и важност што тој го имал за нив.

Независно од тоа дали топонимот Тивериупол, постоел во античкиот и раносредновековниот период или пак, станува збор за пренесување на религиозните традиции од малоазискиот Тивериупол во средновековието, било преку писмен пат, но уште поверојатно преку страдањата на св. Петнаесет Маченици (кои можеби дошле од малоазискиот Тивериупол на местото на денешна Струмица), а чии што

---

[42] К. Јиречек, Хришћански елеменат... 505; J. Kurz, *Evangeliarum Assemani*, II, Praha 1955, 310; Ц. Грозданов, *Портрети на светителите од Македонија IX-XVIII век*, Скопје 1983, 127. Љ. Васиљев, "Нови податак о времену настанка Асеманијевог јеванђеља", *Археографски прилози 10-11/1988-89*, 13-17, idem"Портрети светитеља у иницијалној орнаментици Асеманијевог јеванђеља и њихове паралеле, *Археографски прилози 12/1990*, 41-72. За месецословите во религиозната книжевност: *Старо-българска литература, Енциклопедичен речник*, съставител Д. Петканова, София 1992, 265-266.

култ подоцна се раширил во Струмица и Струмичко, за што потврда наоѓаме и во археологијата, сметаме дека би било полезно во едно од поглавјата што следат да посочиме неколку важни елементи од целата "сторија" врзана со традициите за името на градот Струмица.

## 1.2. Името на градот Струмица: историја и меморија

Паметењето и заборавањето се двете примарни функции на човекот како разумно суштество. Ако сакаме да ја согледаме човековата моќ за сеќавање во рамки на размислувањето за историјата како наука и за сеќавањето кое постои и надвор од научниот дискурс, ќе се навратиме накратко на Античките Грци. Персонифицирано како Мнемосине, паметењето не ги задржува само мртвите во сеќавањето на живите туку ги спасува од заборав најразличните сегменти од човековата егзистенција. Грците ја нарекувале Мнемосине – мајката на деветте музи, надлежна за сите облици на книжевност и уметност, меѓу кои била и една задолжена за астрономијата (Уранија) и особено онаа "одговорната" за пишувањето на историјата – Клио. Во процесот на обликување на заедницата, паметењето не произлегува само од пиететот кон мртвите од минатото, туку тоа, можеби многу повеќе им служи на живите во сегашноста (независно за која сегашност станува збор) во обликувањето и заштитата на нивната заедница, која само преку постојаното потсетување за својата сопствена историја станува свесна за самата себе. Пишувањето на историјата се темели врз сеќавањето на човековиот род, зголемувајќи го постојано неговото богатство од искуства. Искуството на историјата претставува подредување на збиднатото во насобраното богатство од сеќавања на сите претходни времиња до коишто допира паметењето на човештвото. За да не се изгуби светот на културата, вели К. Улих, над којашто бдее Клио со своите осум сестри, ние секогаш одново мора да ја освојуваме со "историското сеќавање".[43]

Тука некаде доаѓаме и до проблемот на историското паметење и колективното паметење. Според П. Нора, колективното паметење е тоа

[43] К. Улих, "Историчност и модерност": *Теорија на интертекстуалноста*, прир. Катица Ќулавкова, Скопје 2003, 167-173.

коешто останува од минатото во доживувањата на групите, или тоа, коешто тие групи го прават од минатото. Ова паметење се развива заедно со групите (станува збор за најразлични групи од типот на културните ареали или нации, локални традиции, потесни семејства како поколенија или пак најразлични движења: работнички, малцински, политички и др.), и тоа станува нивно богатство коешто истовремено е и оттуѓено и подложно на манипулација.[44] Историското паметење, од друга страна, не е поделено, издвоено, тоа е така да се изразиме полно и целовито. Воедно, тоа е резултат на определена образовна и "научна" традиција и всушност претставува колективно паметење на групата историчари. Кога пак, станува збор за колективното паметење на реалности толку далечни од нашите денес, тие можат да се доловат единствено на рамништето на нивното историографско обработување.

Усменото – народното творештво како што се легендите, преданијата, приказните, песните и сл., со еден збор сето она коешто ја претставува меморијата на локалните културно-историски традиции, вклучително и топонимијата на еден регион, влегуваат во корпусот на историски факти од нестандарден карактер за традиционалниот историчар. Но, тие со своето богатство на стварни и фантастични реалии се одлични – индиректни сведоштва за различните културни слоеви коишто преку она што се нарекува традиција, било да е таа измислена или стварна, се зачувале во определената форма/форми стасувајќи сé до нашите дни.

Во врска со името на градот Струмица, досега, нам ни е позната само една легенда, според која, овој град своето име го добил според убавата, стројна русокоса мома Струма. Оваа девојка, раскажува легендата, го предала својот татко поради љубов спрема некојси војсковедец кој сакал да го потчини нејзиниот народ. Поради предавството вљубената Струма била проколната кога ќе умре деветпати земјата да ја исфрла и деветпати да биде закопувана. Денес во близина на градот Струмица се наоѓа еден гроб за кој народот верува дека во него е закопана токму Струма. Легендите за настанувањето на некој ојконим, обично, не

[44] P. Nora, "L'avenèment mondial de la mémoire",: *Lieux de Mèmoire et Construction du Prèsent*, София 2004, 19-35, 34-35.

се совпаѓаат со научните толкувања и обично остануваат во рамките на народните преданија.

Некои образовани луѓе, пак, сметаат дека името на градот Струмица настанало според името на склавинијата на Стримонците/ Струмјаните, кои живееле по должината на реката Стримон/Струма. Ваквото мислење не е прифатливо за ономастичарите од две причини. Прво, ако градот го добил името според етничкото име *Стримонци/Струмјани*, тогаш градот не би се викал *Струмица*, туку Струмјани, при што етничкото име **струмјани* во својата целосна форма би се топонимизирало и би станало име за градот кој би гласел **Струмјани*. Второ, во етничкото име **струмјани* е вложен топонимот *Струма*, така што овој етник означува "луѓе коишто живеат покрај, на *Струма* што значи дека склавинијата го добило името според реката, а не обратно, или уште поконкретно прво е настанат топонимот *Струма*, а дури потоа етничкото име *струмјани*. Овие два аргумента сметаме дека се доволни за отфрлање на оваа хипотеза.

Во нашата топономастика на етимологијата на ојконимот Струмица се имаат осврнато Димка Митева[45] и Љубица Станковска[46]. Според Митева името на градот *Струмица* настанало од личното име *Струма* со посесивниот суфикс *-ица*. На ваквото мислење се спротивставува Љ. Станковска која смета дека ова тврдење е неосновано и неточно ако се има предвид дека женското лично име *Струма*, кое е регистрирано во XV век, е преземено од името на реката *Струма*. Нашата еминентна ономастичарка Љубица Станковска, својот став во врска со настанувањето на името на градот Струмица го изнесува во својот монографски труд *Македонска ојконимија*, при што мошне опсежно се задржува врз овој ојконим. Во статијата што и посветена на Струмица, Станковска прави исцрпен преглед на историските потврди за името и формите на градот Струмица кои се засведочени во византиските, словенските и османлиски извори.[47]

---

[45] Д. Митева, *Топонимијата на Струмичко*, Скопје 1989, 51.
[46] Љ. Станковска, *Македонска ојконимија*, кн. 2, Скопје 1997, 298-301.
[47] Сметаме дека не е неопходно и ние повторно на сличен начин да се осврнуваме на истиот.

Станковска смета дека името на градот *Струмица* е метонимско, што значи дека тоа е преземено од името на реката *Струмица*, којашто е десна притока на реката *Струма.* Потамонимот *Струмица,* е настанат од името на реката *Струма* со суфиксот *-ица* кој во овој случај има деминутивна функција[48], така што од семантичка гледна точка би можело да се каже дека хидронимот *Струмица* има значење на помала река во однос на поголемата *Струма.* Како потврда на својата хипотеза Станковска во продолжение наведува имиња на неколку реки од целиот словенски ареал кои го следат овој зборообразувачки модел во образувањето на хидронимите. Сп: срп. *Морава: Моравица* (Србија) ,словен. *Сава : Савица*, пол. *Драња : Драњица, Грабиа : Грабица, Сłања : Сłањица.*

Од се што беше погоре кажано следува дека за да се открие семантиката на ојконимот *Струмица*, чиј морфолошко-структурен модел, беше претходно елабориран, би требало да се тргне од потамонимот *Струма.* Името на реката *Струма* < **Стрsмōн* настанало со топонимизација на хидрографскиот апелатив **стрūма*, **стрūмōн*, чие значење гласи река поток 'течење, река, поток'. Во овој апелатив е вложен коренот **строу-* < од ие. корен **сроц-* : **стрец* : **срй-* (со вметнато *т* меѓу *с* и *р*) кој значи 'тек, течење'. Сп. лит. *срūти* 'се наполни со вода, тече'.

Прасловенскиот апелатив **струмs*, исто така, потекнува од ие. корен **срец-* : **сроц-* 'тече, струење на вода'.[49]. Во словенските јазици се среќава апелативот *струмен* кој, главно, означува 'поток', сп. рус. *смрумен* 'поток', укр. *смрум˜нь*, словен. *струмен* 'поток, ракав на река', чеш. *струмен*, стчеш. *струмеń*, пол. *струмиеń* 'поток', глуж. *тrумеń*, длуж. *тšумеń*, полаб. *стрäумен кои потекнуваат од прасл.* **струмs*, ген. **струмене* и се споредуваат со лит. дијал. *страумуо* 'поток'.[50] Во топонимијата на словенските јазици се јавуваат слични топонимиски единици, сп. укр. *Смрына*, *Смрий*, *Смрвяж*,[51] итн.

---

[48] Љ. Станковска 1983[b...], 376.
[49] О.Н. Трубачев, *Названия рек Правобережнои Украины*, Москва 1968, 157.
[50] М. Фасмер, *Этимологический словарь руского языка*, III Москва 1971, *783.*
[51] О.Н. Трубачев, op. cit. 155.

Од сево ова произлегува дека од семантичка гледна точка значењето на потамонимот *Сшрума* би било 'река, поток', додека со *Сшрумица* се именува помала река, чие име по пат на метонимија станало име за градот, коешто низ вековите суштествува како ојконим *Сшрумица*.

Поради издржаноста и силната аргументиција склони сме да ја прифатиме и да ја поддржиме етимологијата на Љ. Станковска во врска настанувањето на ојконимот *Сшрумица*.

1.3. Населувањето на Словените и Склавинијата на Стримонците

Географското окружување кое што го наметнува природата претставува природна рамка во чија внатрешност се случува историјата на луѓето кои што населуваат одреден простор. Случувањата и историјата на областа на Стримон, во чии пошироки рамки е сместена Струмица и струмичко воопшто, несомнено се одразувале и врз историјата на овој мал регион којшто е предмет на нашето истражување.

Долината на реката Стримон за Византија претставувала важно стратегиско средиште, таа била пат по кој патникот спуштајќи се од север излегувал на Егејското Море. Исто така, испресечена со клисури и теснеци, особено (Мелник –Рупел) таа на освојувачите лесно можела да им го пресече и затвори патот. Во крајбрежниот дел, по кој врвел и големиот пат Via Egnatia, таа претставувала врска на Цариград со западните области, а најмногу со вториот град по големина во царството – Солун.[52]

Словенското населување на Балканот, вклучително и во делот на Македонија е проблем за кој е многу пишувано во историографијата,[53] но

---

[52] М. Рајковић, "Област Стримона...2.

[53] B.Grafenauer, "Nekaj vprašanj iz dobe naseljavanja južnih Slovanov", *Zgodovinski časopis, 4/1950*, 23-126; P. Lemerle, " Invasions et migrations dans les Balkans depuis la fin de l'époque romaine jusqu'au VIII siècle", *RH, 211/1954*, 265-308; М. Ю. Брайчевский, "К истории расселения Славян на Византийских землях", *ВВ XIX/1961*, 120-137; Љ. Максимовић,"О хронологији словенских упада на византијску територију крајем седамдесетих и почетком осамдесетих година VI века", *ЗРВИ 82/1964,* 263-271; F. Barišič, "Proces slovenske kolonizacije istočnog Balkana," Simpozijum predslavenski etnički elementi na Balkanu u etnogenezi Južnih Slovena, (Mostar 24-26.X. 1968), Sarajevo, 1969; L. Waldmüller, *Die ersten Begegnungen der Slawen mit dem Christentum und christlichen Völkern vom 6. Bis 8. Jh., Die Slawen zwischen Byzanz und Abendland*, Amsterdam 1976; F. Dvornik, *Les Slaves, Histoire et Civilisation*, Paris 1970; V. Popovič, "Aux Origines De La slavisation des Balkans: la constitution des premiéres sclavinies macédoniennes vers la fin du VI siècle", *CRAI/1980*, 230-257; B. Ferjančić,

тоа, сé уште, до крај не е расветлено, ниту пак е можно прецизно и детаљно да се ситуира во времето и во просторот. Од сите расположиви изворни податоци, и од сето она што досега е истражено, со сигурност можеме да кажеме дека најголемата словенска концентрација во периодот помеѓу седмиот и деветтиот век, во јужниот дел на Балканот била на просторите на Македонија, Хелада, Тесалија, во Епир и на Пелопонез.

Во интерес за нашето истражување ќе се концентрираме на источниот дел на Македонија, поточно на долината на реката Стримон. Без да навлегуваме детаљно во проблемот за кој, како што наведовме е доста пишувано, во ова поглавје фокусот ќе го поставиме врз склавинијата на Стримонците во контекст на македонските склавинии, и врз административно-политичката положба на областа – клисурата и темата Стримон. Целта ни е преку оваа анализа да допреме, колку што е можно до раната словенска историја на во регионот на реката Стримон.

Изворните податоци, како наративните така и оние од материјалната култура се особено скудни за оваа проблематика. Проблемот не е само во тоа што ние, во принцип, се занимаваме со еден микро регион, како што е Струмичкиот, та оттука како да е "разбирливо" што недостасуваат податоци. Станува збор за познат проблем во византологијата бидејќи периодот помеѓу седмиот и деветтиот век, во науката е прифатен како “темен период” на Византија, во смисла на расположивиот изворен материјал. Понатаму, мораме да го истакнеме и тоа дека расположивиот наративен материјал за нашата тема, главно, му припаѓа на корпусот на византиските извори, што од своја страна подразбира дека сите случувања, настани, прилики, дескрипции и сл., се исклучиво од гледна точка на византиската идеологија и традиција. Ова го потенцираме бидејќи немаме можност да ги спротивставиме гледиштата на “варварите”, од една страна, наспроти оние на “цивилизираните”, од

---

"Invasions et installation des Slaves dans les Balkans",: *Villes et peuplement dans l'Illyricum protobyzantin*, Rome 1984, 85-109; M. Nystazopoulou – Pelekidou, "Les Slaves dans l'empire Byzantine", The 17th International Byzantine Congress, Major Papers, (Washington D. C., 03.-08., 1986), New York 1986, 345-367; J. Karayannopoulos, "Les Slaves en Macedoine", Comitè National Grec des Etudes du Sud-Est Européen. Centre d'Etudes du Sud-Est Européen, 25/1989, Athenes 1989, 5-38; *Историја на македонскиот народ*, I, Скопје 2000, 261-298; И. Стефоска, *Словените на почвата на Македонија*, Скопје 2002.

друга, како би навлегле подлабоко во раната словенско-византиска историја на Балканот.

На ваквата ситуација се надоврзува и фактот дека археолошките ископувања и истражувања кои се вршат во Република Македонија, и покрај изобилството на антички и средновековни локалитети во источниот дел, главно се насочени врз, т.н. "поатрактивни" локации, како на пр. врз Стоби, Хераклеја, Охрид, Градско и сл. Раната словенска археологија, за еден голем период од доселувањето на Словените во пределите на денешна Источна Македонија, па се до XI век, кога Византија повторно ја обновува власта и во овие делови од царството е, сé уште, недоволно третирана од страна на специјалистите за оваа проблематика.

Шестиот век обележан најмногу со владеењето и делата на Јустинијан I (527-565) и неговите војсководци, исполнет со различни политички, социјални, економски и културни промени, можеби симболично го означил крајот на еден свет, светот на доцната Антика или пак на рана Византија. Доминантната позиција на Источниот дел на царството, vis- a- vis неговиот Западен дел, во текот на шестиот век и покрај постојаните конфликти долж неговите граници, била резултат на еден долготраен развиток, претставен во повеќевековната еволуција на неговата политичка и социјална структура. На местото на обединетата Римска Империја, која, речиси, пет века се протегала од Шкотска до Сахара и од Гибралтар до Еуфрат, на историската сцена се јавува еден полицентричен систем од “варварски” кралства на Запад, наспроти политичкото и културното единство, макар било тоа и површно, на хеленистичкиот Исток, во кој стариот поредок, иако на згаснување, преживеал. Причините за опстанокот на Источниот дел на царството како и оние за исчезнувањето на Западниот се комплексни и се, сé уште, предмет на дебати меѓу историчарите. Но, и покрај ваквата ситуација, сепак, може да се сублимираат неколку моменти околу кои историчарите се сложуваат и кои досега повеќе пати биле истакнувани. Повисокиот степен на урбанизација на Истокот, неговите, очигледно, поголеми материјални и човечки ресурси, неговите поголеми агрикултурни и

комерцијални добра, неговиот подлабоко-вкоренет, иако многу разновиден културен идентитет, потоа начинот на владеење на сенаторската аристократија и секако, економијата во целост, лежат во срцето на можниот одговор.[54]

Појавувањето на Словенските племиња во јужниот дел на Балканскиот полуостров и нивното трајно населување се случува во периодот помеѓу втората половина на VI век и во првите децении на VII век. Балканот доживува темелни етнички, демографски и културни промени. Вековните борби на Источното Царство со "варварските" народи[55], и покрај силните мерки за заштита на Дунавскиот лимес, но и внатрешноста на Балканот, резултирале со губење на контролата на долен Дунав. Тоа им го отворило патот на големите словенски маси за нивно трајно населување на балканскиот југ. Оваа радикална промена во структурата на балканските земји претставува и нов период во историјата на полуостровот.

Основните институции на рано византиската цивилизација во северните и централните делови на Балканот: градовите, администрацијата, христијанството, школите и образованието биле речиси до темел разнишани. Во текот на следните векови јужните Словени доаѓаат во контакт со Византиската и со западната цивилизација. Допирот помеѓу "новата", инаквата – култура на Словените, и културата на

---

[54] Г. Острогорски, *Историја Византије*, Београд 1969; 87-89. P. Brown, *The World of Late Antiquity*, London 1971, 42-44; A. Kazhdan - G. Constable, *People and Power in Byzantium*, Washington 1982, 128-130; J. Haldon, *Byzantium in the Seventh Century*, Cambridge 1997, 15-17; Исцрпна анализа на ситуацијата во Византија, во целост за VI век, од економски, социјален, демографски, политички и културен аспект за причините за опстанокот на Истокот, но и за големите општествени трансформации во втората половина на VI век – поточно со крајот на владеењето на Ираклиј, карактеристични за преминот кон неговата средновековна историја, со голем број на разновидни извори и најнова литература во: C. Morrisson – J. P. Sodini, "The Sixth Century Background", *EHB*..., 171-220.

[55] Во контекст на кажаното, наведуваме еден "мал" пример за упад на Кутригури на територија на Илирик во 538/539 година, засведочен преку колективен нумизамтички наод од Ново Село – Струмичко. J. Kondijanov, "The Early Byzantine Hoard from the Village of Novo Selo", *Macedonian Numismatic Journal, 2/1996*, 95-104; idem, "Прилог за упадот на Кутригурите на територијата на Илирик во 540 година", *Macedonian Numismatic Journal, 1/1994*, 75-83; idem, "Две остави со палеовизантиски пари од с. Секулица – Кратовско", *MAA 11/1990*, 199-213; Г. Микулчиќ, "Археолошки наоѓалишта во СР Македонија потврдени со монети од 6 век," *MAA 7-8/1987* 185-194; Интересно е да се наведе и колективниот наод од с. Ореше – Велешко, 539/540 кој сведочи, според авторот, за словенско-аварски и хуно-бугарски упад повторно во Илирик. Инаку во Македонија се познати седум остави на монети од VI век. Повеќе во: G. Petački, "The Early Byzantine Hoard from the Village of Oreše", *Macedonian Numismatic Journal, 2/1996,* 87-94.

староселелците, создал можност за плодотворни взаемни односи и влијанија. Тие се населуваат на пространства - земји со богати земјоделски традиции, што подразбира и со производни навики и вештини. Словените од месното население ги примиле новите и по-усовршени орудија за производство. Исто така, под влијание на локалните производствени традиции, се здобиле со нови вештини во занаетчиството, особено во керамиката, обработката на металот, во градењето на корабите, оружјето, градителството, накитот и др. Она што посебно треба да се истакне е тоа дека Словените на балканскиот југ го усвоиле одгледувањето на лозата и на многу јужни медитерански култури. На тој начин, балканските Словени ја зацврстиле својата припадност кон европската цивилизација, која се градела и создавала врз база на одгледувањето на зрнестите растенија и на лозата. Ова, во принцип ја определило и цивилизациската ориентација на балканскиот словенски космос и неговата припадност на европската-медитеранско христијанска заедница.

Брзината и масовноста со која Словените, речиси за неколку децении се инсталирале се до Пелопонез, во рамки на средновековните прилики, веројатно биле една од причините кои не дозволиле византиската држава и црква да применат ефикасни методи за нивно брзо приопштување кон "неварварскиот" универзум. Доколку словенските маси побавно проникнувале јужно од Дунав, можно било во многу поголема степен и помасовно да бидат подложни на асимилација, така што и ефектот од словенската колонизација веројатно би бил поразличен по судбината на полуостровото.[56]

Првата етапа на словенското населување на Балканот, проследена со голем интензитет во 80-те години од VI век, ја отсликува навлегувањето на панонските Словени, кои го следеле аварскиот пробив на Дунавскиот лимес, помеѓу Сирмиум (Срем) и Сингидунум (Белград). Завладувањето со териториите помеѓу Срем и Белград [57], ги отворило вратите за спуштање по трасата на "Царскиот пат" и течението на реките Вардар, Стримон и Места. "Леснотија" со која Словените се пробивале на југ, како што

[56] Х. Матанов, *Средновековните Балкани*, София 2002, 34.
[57] Theophylacti Simocatae, *Historia*, ed. de Boor, [reprint P. Wirth], Stutgardiae 1972, I, 3, [1]-[5] 44-45; [1]-[5] 46-47; J. Ковачевић, *Аварски каганат*, Београд 1977, 52-54.

истакнавме, се должела на неможноста на источниот дел од царството, во периодот помеѓу 582-591 година, ефикасно да ги контролира Балканските провинции поради војните кои ги водело со Персија.

Заслужува да се наведе и еден друг мошне интересен факт, кој, обично ретко се споменува од научниците, а кој индиректно влијаел врз овие политичко-социјални и демографски трансформации на полуостровот. Во 541 година започнува големата епидемија од чума, којашто во првиот бран ги зафатила балканските земји и од современиците била наречена "Јустинијанова чума."[58] Епидемијата започнала да се повторува периодично во интервали од 10 до 24 години, со особена сила кон крајот на VI и почетокот на VII век.[59] Смртноста била особено висока во големите балкански градови и во попристапните рамничарски области на Тракија, Мизија, Јужна Македонија и Далмација.

Во Европа, помеѓу 541-700 година, особено во Средоземноморието, настрадале 50-60% од населението. Можно е Балканскиот полуостров, кој бил во центарот на епидемијата да претпрел приближно слични загуби во луѓе. Најзафатени и најпострадани биле областите со поголема густина на население, градовите и особено пристаништата. Ефектот на чумата бил послаб во планините и меѓу "варварските средини" северно од Дунав поради дисперзираниот карактер на населбите и слабата комуникациска мрежа. Како резултат од исклучително високата смртност балканското население драстично се намалило. Во пространите територии на Балканот се создал еден вид "демографски вакум" кој од своја страна создал добри услови за масовно продирање и населување на нови групи луѓе.[60] Залезот на урбаниот живот и огромните загуби во луѓе како последица на големата чума биле силен удар за источните делови од царството, оневозможувајќи го да ги брани своите балкански провинции од "варварските" налети со неопходната степен на ефикасност.

---

[58] P. Allen, "The 'Justinianic' Plague", *Byzantion 49/1979*, 5-20.

[59] Епископот Јован, авторот на првата збирка на *Чудата на Св. Димитрија*, известува за силината на чумата која кон крајот на VI век сеела смрт во Солун и неговата околина. P. Lemerle, *Les Plus Anciens Recueils des Miracles de Saint Démétrius et la Penetration des Slaves dans les Balkans I*, Le Text (*Miracula I*), Paris 1979, 13 [125] 136, 14 [160] 157; Византиски извори за историју народа Југославије I (ВИИНЈ I), Београд 1955, 178, 183.

[60] J. C. Russel, *Late Ancient and Medieval Population*, Philadelphia 1958, 39-40; Х. Матанов, *Средновековните...*, 16-17; C. Morrisson – J. P. Sodini, "The Sixth Century ..., 194-199.

Аварско-словенските опсади на Солун во 584-586 година,[61] и слегувањето на одделни словенски дружини, засведочено во изворите во 587 година сé до Пелопонез, од каде што повеќе никогаш не се вратиле на север, не воведуваат во текот на настаните кои се предмет на нашето истражување.[62] Повеќето од словенските племиња кои навирале на југ под штитот на Аварите започнале да се отцепуваат од аварската власт и да се населуваат во новите земји.

Тргнати во потрагата по животен простор, Словените по правило ги населувале богатите и плодни рамнини во близина на реките, патните комуникации, градовите и секако морето. Од друга страна, тоа не значи дека во текот на вековите тие не ги менувале живеалиштата во зависност од политичко-економските и социјалните прилики. Извонредниот труд на германскиот научник, М. Фазмер, за словенската топонимија и хидронимија во јужна Македонија, сé уште, основна студија за секој што се занимава со раната словенска историја, прецизно ги ситуира областите кои веројатно уште од самиот почеток на доселувањето биле населени со словенско население.[63]

Благодарение на драгоцените сведоштва од втората збирка на *Чудаѿа на Свеѿи Димиѿрија Солунски*, ние дознаваме кои биле словенските племиња кои во етапи трајно го населиле Балканскиот југ. Склавиниите на македонските Словени се издвоени и именувани поодделно, во рамки на третата опсада на Солун, која се случила околу 615-616

---

[61] P. Lemerle, (*Miracula I*), 13 [117]-[121], 134; idem *Les Plus Anciens Recueils des Miracles de Saint Démétrius et la Penetration des Slaves dans les Balkans II*, Le *Commentaire* (*Miracula I I* ), Paris 1981, 46-69; Ф. Баришић, *Чуда Светог Димитрија Солунског као историјски извори*, Београд 1953, 60-64; V. T. Zaimova, "Sur quelques aspects de la colonisation slave en Macédoine et Grèce", VR, London 1979, 111-123; idem, "Les légendes de Saint Démétrius dans les textes byzantins et slaves", VR...,161-169.

[62] I. Dujcev, *Cronaca di Monemvasia, Introduzione, Testo Critico, Traduzione e Note*, Palermo 1976, [89], 12; ВИИНЈ I..., 286; Повеќе за важноста и вредноста на *Монемвасискаѿа хроника* како извор од прв ред во: P. Charanis, "The Cronicle of Monemvasia and the Question of the Slavonic Settlements in Greece", *DOP 5/1950*, 141-166.

[63] M. Vasmer, *Die Slaven in Griechenland*, Berlin 1941, 178-223; За словенската топонимија на Пелопонез види и: J.Koder, "Zur Frage der slavischen Siedlungsgebiete im mittelalterlichen Griechenland", *BZ 71/1978*, 315-331; P. Malingoudis, "Toponymy and History. Observations Concerning the Slavonic Toponymy of the Peloponnese", *Cyrillomethodianum VII/1983*, 99-113; Познатиот полски лингвист, Збигњев Голомб во своите компаративно-историско лингвистички анализи на словенските топоними во Грција, покажува дека повеќето од нив водат потекло од времето по населувањето на првите Словени. Повеќе во: Z. Gołąb, "The Language of the First Slavs in Greece: VII-VIII Centuries", *Contributions, Macedonaian Academy of Science and Arts, XIV 2/1989*, 5-46.

година. Во неа учествувале племињата на Драгувитите, Сагудатите, Верзитите, Вајунитите и како што вели авторот, *останатите племиња.*[64] Оваа добро испланирана и организирана опсада, со наполно координирани дејствија по копно и по море покажува дека нејзините учесници, или барем дел од нив, се луѓе кои имале познавања на теренот и на околностите, кои веќе неколку децении живееле во Македонија, во делови на Грција и дејствувале автономно во однос на аварскиот каган.[65] И покрај тоа што е невозможно да се утврди една прецизна хронологија за населувањето на склавиниите што ги наведовме погоре, бидејќи изворите се неми, сепак, со поголема сигурност може да се констатира дека процесот на словенското населување продолжил во втората деценија на седмиот век. Сликата во еден пасаж од десеттото чудо од првата збирка на *Чудата*, за овој бурен период, конкретно за годините по смртта на Маврикиј, иако претерана и полна со патетика, колоритно ја претставува атмосферата на Истокот. Имено, епископот Јован ќе каже:

"Вие сите знаете какви облаци од прав крена Ѓаволот за време на годините на наследникот на царот Маврикиј, кога тој ја задуши љубовта и ја посеа меѓусебната омраза на целиот Исток, во Киликија, во Азија, во Палестина, и во соседните земји се до Константинопол. Демите повеќе не се задоволуваа само со истурање на крвта на нивните другари по улиците; тие провалуваа од еден во друг дом безмилосно убивајќи ги сопствениците. Жените и децате, старо и младо, оние кои беа доволно изнемоштени за да се спасат себе си со бегство, скокаа од прозорците на повисоките катови; исто како варварите и тие ги пљачкосуваа нивните сограѓани, нивните познати и родниниte, и им ги спалуваа домовите."[66]

Споменатите склавинии на македонските Словени гравитирале околу центарот на византиската префектура Илирик,[67] така што можеме

---

[64] P. Lemerle, *Miracula I...*, 1[179] 175; ВИИНЈ I..., 186-187. С. Зоговиќ, *Општеството и народната култура на Македонија во раниот среден век*, Прилеп 2002, 59-62.
[65] Т. Живковић, за разлика од Ф. Баришић кој смета дека пред и за време на опсадата 586г. имало трајно населени Словени околу Солун, и П. Лемерл кој вели дека кон крајот на последната деценија од VI и почетокот на VII век, веќе имало 1-2 населени склавинии во Македонија, смета дека дури во 614-615 година доаѓа до масовно и целенасочено населување на Словените, а со тоа и до формирање на првите склавинии по Македонија. Т. Живковић, *Јужни Словени под византиском влашћу (600 -1025)*, Београд 2002, 179-186; cf.: Ф. Баришић, *Чуда...*, 52; P. Lemerle, *Miracula II...*, 71-72.
[66] P; Lemerle, *Miracula I...*, 10 [82] 112.
[67]За географскиот и административен поим Илирик, види: Љ. Максимовић,"Северни Илирик у VI век", *ЗРВИ, 19/1980*, 17-53; За релативноста на географските значења и содржини на поимите Илирик и Хелада кај неколку византиски автори во VI и VII век, повеќе кај: Т. Живковић, *Јужни Словени...*,167-173.

да претпоставиме дека истите биле стационирани во дијаметар околу вториот по важност град во царството – Солун. Нивната локализација, која била предемет на дискусија во литературата, главно е определена и позната.[68]

Склавинијата на Стримонците, за прв пат во изворите, конкретно е именувана и спомената во четвртото чудо од втората збирка *Чуда*. Тоа воопшто не мора да значи дека оваа склавинија не егзистирала и пред нејзиното одделно именување во изворите. Впрочем, веќе истакнавме дека во големата опсада од 615-616 година, авторот покрај наведените склавинии, вели дека учествувале и "останатите племиња". Можно било под овие останати племиња, да се кријат склавинијата на Стримонците и секако онаа на Ринхините.

Од друга страна, интересно е да се забележи дека Стримонците, всушност, за прв пат конкретно се споменуваат за време на четвртата, и последна голема тригодишна опсада (674-677г.) на Солун, извршена од страна сојузот на македонските склавинии. Тука ќе ја наведеме познатата епизода за словенскиот водач, рекс на Ринхините, Пребунд кој уживал голем углед меѓу македонските склавинии, та дури и меѓу Солуњаните. Околу 674 година Пребунд ковал завера против Ромеите, со цел да ги собере преостанатите словенски племиња и да започне војна против Византија и против сите христијани, по копно и по море. Заверата била откриена и осуетена, а Пребунд бил фатен однесен во Цариград, и подоцна убиен. Кога слушнал дека Пребунд е во затвор во Цариград, тогаш, "сиот словенски народ", односно оние од *Стримон и од Ринхин*, испратиле, заедно со неколку видни граѓани на Солун делегација во Цариград, за да бараат негово ослободување. Обидот не успеал до крај, Пребунд бил погубен, за потоа Солун да биде држен под силна опсада на склавиниите цели две години.[69]

Етнонимот Стримонци упатува на заклучокот дека припадниците на оваа склавинија најверојатно биле распослани по текот на реката Стримон, поточно во одделни временски периоди, во долниот, односно во

[68] И. Стефоска, *Словениште*..., 41-54, со наведената литература, особено, f.n. 81, 84, 90.
[69] P. Lemerle, *Miracula I*..., 4 [232] 209, 4 [239] –[253] 210-214; *Miracula II*..., 116-117; ВИИНЈ I..., 200; Ф. Баришић. *Чуда*..., 107; 124.

средниот и горник тек. Бидејќи нивното име, како и она на Ринхините е добиено од хидроним, тоа значи дека тие уште во почетокот на VII век, го изгубиле – потиснале старото име. Се чини дека Т. Живковиќ е во право кога претпоставува дека ваквата ситуација упатува на тоа дека станува збор за сојуз на повеќе племиња (на чело со рексови, заб. на авторот) кој го примил името како топоним што ја означува областа во која живееле.[70] Доколку прифатиме дека токму Стримонците се "останатите племиња" од третата опсада на Солун, тогаш, можно е нивното стационирање во посочените области да го сместиме во периодот помеѓу 602-615 година.

Конфигурацијата на теренот по горниот и средниот тек на реката Стримон, отсликува една комплексна структура од ридско-рамничарски делови кои меѓусебно се преплетуваат. Клисури и планински висорамнини, додека пак од двете страни на реката Струмица, и долж големиот Стримон убаво се воочуваат плодните полиња. Претпоставуваме дека Стримонците живееле на левиот брег од реката Стримон, во планинските џепови, клисури и секако висорамнините и плодните полиња во близината на морето. Помеѓу Стримон и Места, од десната страна на реката како што сведочат изворите живееле Смолјаните. На мислење сме дека некои или повеќето од племињата, на стримонската склавинија, во поранииот период биле стационирани во близината на морето, во плодните полиња околу Серез.

Монетните наоди од Струмичкиот крај, кои можат да послужат како релативно сигурна потврда за крајот на доцната антиката и почетокот на рановизантискиот период во овој дел на Македонија, се извонредно ретки. На локалитетите Бањско, Ѓерчели и Петралинци, во денешната општина Струмица археолозите пронајдоа монети од времето на Јустинијан I, Анастасиј, други монети од VI век, но и од поранешните периоди.[71] Овие наоди се всушност и последните траги од доцноантичкиот живот во очи на населувањето на Словените. Монетни наоди од VII век, во струмичко за сега не се пронајдени.

---

[70] Т. Живковић, *Јужни Словени*...,194.

[71] Г. Микулчиќ, "Археолошки наоѓалишта во СР Македонија потврдени со монети од 6 век", *МАА 7-8/1981-1982*, 190-191, 177-194.

За разлика од останатите склавинии, во овие неколку фрагменти во изворите (помеѓу VII и почетокот на X век) кои директно или индиректно се однесуваат на Стримонците, тие се споменуваат како воинствени луѓе, кои изгледа дека својата егзистенција, најчесто ја обезбедувале по пат на пљачкосување, гусарење и морепловство. Исто така, се чини дека, за разлика од, на пр. склавинијата на Драгувитите, тие и најдолго ја задржале нивната политичка независност во однос на Царството или мерките кои ги преземала Византија за воспоставување на некаква контрола врз оваа склавинија биле безуспешни за еден подолг временски период.

Различните мерки кои ги преземала Византија во справувањето со Словените на Балканот започнуваат со походот на Констанс II (641-668). За време на краткиот застој во борбите што Византија ги водела со Арабјаните, царот Констанс се обидел да ги среди приликите во западните области на царството, поточно кон Македонија, како што известува Теофан.[72] Бидејќи Теофан не ја споменува експлицитно Македонија, изразот што тој го употребува завојува (царот) "κατά Σκλαυινίας" е предмет на дискусија во науката. Која област/области се крие под овој поим? Дали токму Македонија е во прашање? Потоа зошто едни изразот го преведуваат и толкуваат во еднина, а други пак во множина.[73] Можно е изразот во еднина да претставува еден вид збирна именка која означува поголема територија населена со повеќе склавинии, заради тоа што реченицата продолжува "каде зароби и покори многу народи".[74] Како и да е, нас нé интересира фактот, за кои Словени станува збор и покрај целата нејаснотија на изразот. Лемерл и Живковиќ сметаат дека станува збор за потчинување и наметнување на византиската власт врз склавиниите

[72] Theophanis, *Chronographia*, ed. De Boor, vol. I, Lipsiae 1883, [6-7] 347; ВИИНЈ I...,222.
[73] Во еднина терминот (Склавинија) е преведен и толкуван во: ВИИНЈ I...,222; Т. Живковић, *Јужни Словени...*, 207; Во множина терминот (Склавинии) го преведуваат и толкуваат: Г. Острогорски, *Историја...*, 131; P. Lemerle, *Miracula II...*, 186; M. Nystazopoulou – Pelekidou, "Les Slaves..., 352. Г. Литаврин, "Склавиниите од VII-IX в. како социјално-политичка организација на Словените", *Историја 2/1985*, 23-32; Новото критичко издание на хрониката на Теофан, за жал, не ни беше достапно, *The Chronicle of Theophanes Confessor*, ed. C. Mango – R. Scott, Oxford 1997; Повеќе за авторството и настанокот на хрониката на Теофан : C. Mango, "Who wrote the Cronicle of Thephanes", *ЗРВИ 18/1978*, 9-17.
[74] Theophanis, op. cit, 347.

поблиску до Цариград – оние во Тракија[75], меѓутоа, овие констатации се магливи, и покрај нивната солидна аргументација, бидеќи изворите не кажуваат ништо за склавинии во Тракија. Многу е веројатно дека Констанс II, завојувал против крајниот исток на Македонија, потиснувајќи делови од племињата на стримонските Словени. Мала поткрепа на ова тврдење гледаме во пронајдената византиска остава на монети, од времето токму на Констанс II, на локалитетот Исар – Марвинци, во близината на Валандово. Археолозите претпоставуваат дека се работи за византиска утврда во која била стационирана воена посада.[76] Логично е да претпоставиме и тоа дека во првата етапа од реокупацијата на своите територии запоседнати од Словените, Византија се обидувала да ги ослободи и обезбеди патните комуникации толку важни за опстанокот и животот на луѓето во средновековието. Прашањето пак за тоа што се случило со заробениците, останува отворено.

За тоа дека приликите во Источна Македонија, ни оддалеку не одделе во прилог на враќање на византиското влијание и во наредните децении во кои Стримонските Словени или поголем дел од нив ја задржале својата независност и формално и фактички, зборува токму секвенцата во четвртото чудо, од втората збирка на *Чудата*. Со сето претерување на авторот, според кого Стримонците и Ринхините, помеѓу 674г. и 677 г., гусареле по брегот на Егејското Море, пљачкосувајќи ги многубројните морепловци и жителите по острвата, стасувајќи со своите корабчиња дури до Дарданелите[77], веста, сепак, укажува на социјалната, политичката и материјалната положба на овие луѓе. Тие, во овој период очигледно ја контролирале пловната река Стримон, а веројатно во определена степен и Егејското крајбрежје – делови и од Via Egnatia. Заради силината на овие дејствија од страна на Стримонците и Ринхините, Византија била принудена повторно да интервенира и колку што било можно во дадените услови, бидејќи териториите на македонските склавинии, се уште, се надвор од фактичката контрола на царството, една

[75] Т. Живковић, *Јужни Словени..*, 207-209; P. Lemerle, *Miracula II...*, 131-131, 186.
[76] И. Микулчиќ, *Средновековни градови и тврдини во Македонија*, Скопје 1996, 167.
[77] P. Lemerle, *Miracula I...*, 4 [277]-[278] 220; ВИИНЈ I..., 209.

мала експедиција од Тракија била упатена да “завојува против оние од Стримон, и тоа не прикриено туку со претходно објавување на походот.”[78]

Ова е интересен пасаж за анализа и покрај тоа што веста е изолирана –освен во *Чудата* не се споменува ниту во еден друг извор. Дали тоа значи дека Стримонците, сé уште, биле третирани како независна политичка целина, и покрај исказот на Теофан од времето на походот на Констанс II, за тоа дека “царот покори многу народи”, доколку се разбира на ум ја имаме Источна Македонија? Токму оваа реченица дека царот одлучил да ги нападне Словените од Стримон објавувајќи им војна, упатува на уверлива констатација дека Стримонците во осмата деценија од VII век, ја уживале својата политичка независност. И покрај тоа што Стримонците, потпомогнати од останатите словенски рексови, подготвено ги дочекале царските војски, запоседнувајќи ги “клисурите и утврдените места”,[79] тие претрпеле страотен пораз. На крајот од ова чудо, Анонимот ќе каже дека “варварите очајни отворија преговори за мир”.[80] Деталите за условите на овој мир, за нас остануваат непознати. Според Лемерл, словенските племиња во регионот го признале византискиот авторитет.[81] Што се однесува до Словените на Стримон, можно е од овој момент, да се зборува за некакво присуство на византиската власт и тоа во долниот тек на Стримон, всушност, во близина на патните комуникации – Via Egnatia. Меѓутоа, А. Аврамеа е на мнение дека и покрај операциите што Византијците ги превземале во овој период, вклучително и големиот поход на Јустинијан II, во 687-688 година, тешко дека патот бил постојано отворен и обезбеден за непречена комуникација.[82]

Значи, како потврда на проблемите со Словените, следува големиот поход на царот Јустинијан II (685-695/ 705-711) превземен 7-8 години подоцна, во 687-688 година во кој тој имал намера да ги покори Бугарите и склавиниите. Војските на царот покориле многу од тамошните словенски

---

[78] P. Lemerle, *Miracula I*…, 4 [278] 220; ВИИНЈ I..., 210.
[79] Ibidem…, 220.
[80] Ibidem…, 4 [281] 221.
[81] P. Lemerle, *Miracula II*…, 128; M. N. Pelekidou, “Les Slaves…, 356.
[82] A. Avramea, “Land and Sea…, 71.

племиња и се пробиле се до Солун.[83] Во изворите нема детални известувања за специфични битки со склавиниите, единствен доказ за успешноста на царскиот поход се искажувањата на голем број воени заробеници, Словени.[84] Реалната ситуација на Балканот е изразена во фактот дека царот за да стаса од Цариград до Солун морал, со специјално подготвени трупи за ова, да се пробие низ земји завземени од Словени. Од особено значење за Царството, како резултат на овој поход, бил трансферот на голем број Словени од склавиниите во Мала Азија, особено во Витинија и Кападокија, каде тие биле вклучени во провинциските армии, за што сведочат голем број печати на официјални лица од словенско потекло.[85]

Триумфот на царскиот поход, како да бил сосема помрачен од еден друг важен настан што се случил за време на враќањето на војските на Јустинијан кога тие биле сочекани од Бугарите во некои клисури и до темел поразени. [86] Интересно е да се запрашаме по која рута доаѓале - се враќале војските, дали по јужната-Via Egnatia или пак од другата страна по југо-западната: од Цариград преку Филипополис (Пловдив), Мелник – Рупел, долината на Стримон, Серез и оттука кон Солун. Бидејќи Теофан воопшто не прецизира каде се движела војската, можат да се понудат аргументи и за двете патни комуникации, со една заддршка дека Via Egnatia, сепак, во овој период била доволно безбедна и контролирана од Ромеите за војските да имале какви било поголеми проблеми со склавиниите, а уште помалку со Бугарите, толку далеку од византиските територии во тоа време. Оттука, ни се чини прифатливо мислењето на М. Јоаниду дека војските се движеле токму по другиот правец.[87]

---

[83] Theophanis, *Chronographia*..., 364; Nichephori Archiepiscopi Constantinopolitani, *Opuscula historica*, ed. De Boor, Lipsiae 1880, 36; Патриарх Никифор, *Кратка история след царуването на Маврикий*, София 1997, 51-52.
[84] Theophanis, *Chronographia* ..., 364; Повеќе за времето и делата на Јустинијан II види: C. Head, *Justinian II of Byzantium*, University of Wisconsin Press 1972, 35-36.
[85] Г. Острогорски, *Историја*..., 144; J. Haldon, *Byzantium*..., 71; P. Charanis, "The Transfer of Population as a Policy in the Byzantine Empire", *Comparative Studies in Society an History*, *3/1960-61*, 140-145; idem, "Some Remarks on the Changes in Byzantium in the Seventh Century", *ЗРВИ*, *8/1963*, 71-76; M. Graebner, "The Slavs in Byzantine Populations Transfers of the Seventh and Eighth Centuries", *Études Balkaniques 11/1975* 42-43; F. Kont, *Sloveni* t. I, Beograd 1989, 50-51; Х. Г. Бек, *Византијски миленијум*, Београд 1998, 288-289.
[86] Theophanis, *Chronographia*..., 364; ВИИНЈ I...,227.
[87] Μ. Γ. Ιωαννιδου, "Η Εκστρατεὶα του Ιουστινιάνου κατά των Βούλγαρων και Σλάβων", *Βυζ αντιακά 2/1982*, 113-124.

Прво, бидејќи како што вели Теофан тие успеале на доаѓање, марширајќи на север да ги одбијат Бугарите, веројатно некаде во Тракија. Кои биле и какви причините за судирот со Бугарите, не е јасно. Потоа, ако ја следиме втората констатација на Теофан, дека по пат покориле бројни Словени, тоа можело да се случи единствено ако се движеле по/до области исклучиво населени со Словени, во чија близина Византија имала воени посади,[88] значи преку Пловдив, Белица, Разлог, Симитли и преку долината на Стримон од каде се спуштиле сé до Солун.[89]

Иако приложената аргументација изгледа преамбициозна, сметаме дека и третиот податок за бројката на преселените Словени во Мала Азија од која подоцна Царството регрутирало 30 000 војници, колку и да се чини преувеличена, сепак говори за огромна маса од воени заробеници која тешко дека би била "спечалена" по јужната рута. И конечно, последниот аргумент, ако прифатиме дека царот и војските се враќале од каде што дошле[90] - по северната рута тогаш излегува дека клисурите и теснеците, во кои ненадејно биле сочекани од Бугарите и жестоко поразени, според географските прилики можат да бидат или во горниот тек на Стримон или таму некаде во близината на Пловдив. Бидејќи е невозможно Бугарите да ги поминеле сите византиски упоришта за да стасаат до клисурите на Стримон, многу веројатно е дека војските на царот и самиот цар биле поразени на втората локација, во близината на Пловдив.[91] Потврда за оваа теза наоѓаме во фактот што ниту еден единствен извор не сведочи за какво било бугарско присуство во Источна Македонија во делот на Via Egnatia,[92] во дадениот период. Конечно, добро е познато дека дури во

[88] П. Коледаров, *Политическа география на средновековната Българска държава*, София 1979, карта No 1., 8-9.
[89] Μ. Γ. Ιωαννιδου, "Η Εκστρατεία του Ιουστινιάνου..., 117.
[90] Т. Живковиќ, иако експлицитно не наведува по која рута доаѓале – се враќале војските на царот, сепак меѓу редови навестува дека без поговор се работи за јужната, поточно преку Via Egnatia, Т. Живковић, *Јужни Словени...*, 225, f. n. 660; Тој без конкретни аргументи сосема ја исклучува тезата на В. Тридголд, кој смета дека царот и војската дошле по Via Egnatia, а се вратиле преку долината на Стримон. За жал студијата на Тридголд не ни беше достапна. Цитирано преку Живковиќ, W. Treadgold, *A History of the Byzantine State and Society*, Standford 1997, 333.
[91] Т. Живковић, *Јужни Словени* ..., 123-124;
[92] Аргументацијата што ја нудат дел од бугарските историчари за тоа дека војските на царот Јустинијан II биле сочекани некаде по Via Egnatia, било кај р. Рентина или пак во клисурата помеѓу р. Места и Кавала, едноставно е неодржива. Cf: V. Besevliev, *Die protobulgarischen Inschriften*, Berlin 1963, 109; G. C. Petkova, "Bulgarians and Byzantines during the

времето на Крум, а тоа е во првата половина на IX век, Бугарите го завземале Филипи.[93]

Дали и во која мерка им бил наметнат византискиот авторитет на Стримонците и на Ринхините после походот на Јустинијан II? Всушност колку навистина можеме да зборуваме за некаква фактичка покореност на овие склавинии за еден подолг временски период? Освен големиот трансфер на словенска популација, се чини дека, Византија, се уште, не успеала да ги постави овие склавинии во реална потчинетост. Во изворите – конкретно во *Чудаша* нема никаков податок кој би упатувал на еден ваков заклучок. Другата можност е дека врз овие склавинии Византија успевала периодично да наметне некакво влијание, меѓутоа, тоа било привремено и со краток здив. Тука некаде се отвора и прашањето, често дискутирано во науката, за формирањето на клисурата Стримон во рамки на тематската организација на Балканот.

Токму тематската организација во системот на организирање на државата била главната карактеристика на византискиот среден век, еден модел на управавување што се одвојувал и разликувал од римското државно устројство. Процесот на настанување на овој систем започнал во седмиот век и релативно брзо довел до клучни промени во изгледот на управниот апарат на државата. Промените ги зафатиле како централната така и провинциската управа, така што постепено се изменила целокупната физиономија на тој апарат.[94] Значи, териториите коишто

First Decates after the Foundation of the Bulgarian State", *BS 24/1963* 49; ИБИ ГИБИ, III, София 1960, 265; Во едно од најновите изданија за историјата на Бугарија, *История на средновековна България VII – XIV век*, И. Божилов – В. Гюзелев, София 1999, на стр. 97, авторите тврдат дека царот "бил ненадејно нападнат од Куверовите "Бугари" (sic!) во планинскиот теснец близу Кавала...".За проблемот на Куверовите "Бугари" и воопшто за епизодата Кувер од втората збирка Чуда, повеќе во извонредниот труд на М. Г. Јоаниду со богатата литература: М. Г. Ιωαννίδου, "Το ἐπεισόδιο τοῦ Κοῦβερ στά «Θαύματα τοῦ Ἁγίου Δημητρίου »", *Βυζαντιακά 1 /1981* 67-87. Авторката покажува и докажува дека не станува збор за Куверови "Бугари" туку за една етничка мешавина од различни народи која тој ја довел од Панонија на Керамисиското поле, во близината на Солун. Бидејќи повеќето биле староседелци – нивни потомци кои некогаш го напуштиле Илирик, по доаѓањето на Керамисиското поле, дел од нив биле евакуирани во Солун од каде со бродови биле префрлувани во други делови на Царството.

93 P. Lemerle, *Philippes et la Macédoine*..., 131.

94 Г. Острогорски, *Историја*..., 112-118; W. E. Kaegi, "Some Reconsiderations on the Themes", *Jarbuch der Osterreichischen Byzantinischen Zeitschrift 16/1967*, 39-54; H. Arhweiler, "Recherches sur l'administration de l'empire byzantin aux IXè-XIè siècles,": *Etudes sur les structures administratives et sociales Byzance*, VR London 1971, 1-109; J. Ferluga, "Quelques aspects du

биле во склоп на Царството во VII век биле поделени во определен број на воени провинции или теми, на чие чело стоеле стратези, кои биле одговорни за цивилната и воената моќ; со една задршка, цивилните службеници и нивните сфери на акција внатре во секоја тема биле строго контролирани од надлежните чиновници во Цариград. Темите варирале во големина, но заради воени цели биле поделени во турми, а секоја од турмите ја сочинувал определен број од друнги и други помали единици. Стратезите му биле директно потчинети на царот од кого впрочем биле и поставувани. Граничните појаси биле организирани во помали воени единици наречни клисури на чело со клисурарх.[95]

Конкретен податок за тоа дека темата Стримон, формирана во IX век, најнапред имала статус на клисура среќаваме во делото на Константин Порфирогенит *За темите*.[96] Царот писател е дециден во ставот дека клисурата Стримон ја создал царот Јустинијан II со преселување на "Скити" (Словени). Оваа нижа тематска единица, која била последица на Јустинијановиот поход, независно од поразот претрпен на враќање кон Цариград, всушност, претставува прв посериозен обид за наметнување на некаква власт врз стримонските Словени.[97] Но, како што заклучила уште М. Рајковиќ, оваа клисура била од краток здив, поточно било извонредно тешко да се воспостави континуитет на византиската власт во Стримон од 688/9 до моментот кога оваа област прераснала во тема. Како можна причина за тоа дека формирањето на клисурата се споменува со една единствена реченица само кај Порфирогенит, авторката ќе рече: "Се додека стримонската Склавинија не била солидно подведена под државната власт, во постојан напор прекинуван со периоди на безвластие (барем од византиска гледна точка) – оваа област не можела да се одржува како византиска управна единица." [98]

---

développement du système des thèmes dans la péninsule des Balkans",: *Byzantium on the Balkans*, Amsterdam 1976, 1-19; J. Haldon, *Byzantium*..., 208-253; Љ. Максимовић, "Традиција и иновација у византиској територијалној организацији државе и цркве (IX - X век)", Трећа југословенска конференција византолога, Крушевац 2000, 9-22.

[95] Ј. Ферлуга, "Ниже војно-административне јединице тематског уређења", *ЗРВИ 2/1953*, 61-95.

[96] C. Porphyrogeniti, *De Thematibus*, ed. A Pertusi, Citta del' Vaticano 1952, [88]-[89]; ВИНЈ II, Београд 1959, 72.

[97] Б. Крсмановић, "Податак о словенској архонтији из XI века", *ЗРВИ 34/1995*, 74.

[98] М. Рајковић, "Област Стримона...,5.

Следната вест во изворите која се однесува за македонските склавинии и конкретно за оние на Стримон, е поврзана со походот на византискиот цар Константин V (741-775), и тоа речиси седумдесет години после походот на Јустинијан II. Во интервалот меѓу овие два големи похода во изворите нема ниту збор за случувањата кај македонските Словени. Дали оваа тишина што ја шират изворите била израз на некаква реалност, дали можеби таа ја рефлектирала мирната ситуација во регионот? Од друга страна, дали мирот не заслужувал да биде забележан? Или е во прашање нешто сосема друго, за кое ние не знаеме ништо.

Инаку, во времето на Константин V, започнале и големите судири меѓу Бугарија и Византија. Најголемите воени потфати биле насочени кон Бугарија, така што царот против неа презел девет експедиции.[99] Единствено една штура вест која повторно ја носи Теофан вели дека царот ги поробил склавиниите по Македонија, а останатите ги принудил да ја признаат неговата врховна власт.[100] Изворниов податок стои изолирано, бидејќи ниту еден друг извор не известува за походот, за неговите размери и мотиви. Иако Теофан е сосема јасен и прецизен, дека ситуацијата не била баш таква – дека Византија и овој пат не успеала во своите намери, разбираме од една малку подоцнежна вест што ја носи патријархот Никифор.

Имено, царот во 768 г. испратил пратеници кај словенските архонти (веројатно станува збор за Стримонците и Ринхините), со намера да ги откупи заробените христијани од островите Имброс, Тенедос и Самотраки во Егејското Море. Две илјади христијански заробеници биле заменети (откупени) за свилени фустани.[101] Информацијата на патријархот Никифор, посматрана во комплементарност со онаа претходна штура вест на Теофан укажува на фактот дека и во втората половина на VIII век овие склавинии, сè уште, стоеле во независна положба во однос на Царството и дека походот на Константин V, барем за овие македонски склавинии не обезбедил некаква реална и фактичка промена на нивниот политички статус во однос на Царството бидејќи, како што гледаме тие слободно

---

[99] Г. Острогорски, *Историја*..., 174.
[100] Teophanis, *Chronographia*, ed. de Boor…, 430; ВИИНЈ I..., 230.
[101] Nichephori, *Opuscula Historica*, ed. de Boor…,[8]-[15], 76; ВИИНЈ I..., 243.

гусареле и пљачкосувале по Егејот, и што е уште поинтересно ним царот им упатил пратеништво. Тој ниту заповедал ниту наложил неговата волја да биде извршена, зошто пратеништвото подразбира преговори кои во случајов завршиле со откуп. Стримонците и Ринхините се единствените две склавинии чии припадници најчесто се споменуваат како луѓе кои својата егзистенција долго време ја обезбедувале со различни видови на пиратерија и пљачкосување по Стримон, неговата околина и Егејското Море. Тезата на Живковиќ за тоа дека походот на Константин V во 758 година, бил насочен кон склавиниите северно и северозападно од Тракија,[102] (кои се овие склавинии!) е тешко прифатлива бидејќи не само што не се потпира на ниту еден изворен податок - Теофан во неговиот исказ е прецизен дека станува збор за склавиниите низ Македонија - истата стои во контрадикција со реалните заложби на Царството кое преземало неколку походи токму за справување со македонските склавинии. Веста на патријархот Никифор за откупот на христијаните укажува на целосна политичка независност на една – две склавинии (Стримонците и Ринхините) во однос на Царството и на делумната успешност на царскиот поход.

Дали тоа значи дека во соодветниот период освен Драгувитите кои веќе подолго време го признавале византискиот суверенитет и Велегзитите кои биле во добри односи со Солун,[103] и склавиниите на Верзитите и Сагудатите, кои после походот на Константин V, барем номинално, ја признале византиската власт?[104] Сепак, некој конкретен одговор е невозможен. Во прилог на тезата, и нејзина потврда, дека

---

[102] Т. Живковић, *Јужни Словени...*, 228.

[103] За тоа дека Велегзитите во Тесалија биле во добри односи со градот Солун сведочат и вестите од Чудата во кои се вели дека тие го снабдувале градот со суви плодови, жито и зеленчуци и уште повеќе, констатацијата на анонимниот автор во Четвртото чудо дека "Велегзитите тогаш беа во мирни односи со жителите на градот". P. Lemerle, *Miracula I...*, [254] 214; [259] 215; *Miracula II...*, 121-123. За степенот на некаква инкорпорираност на Велегзитите во Царството сведочи и печатот на еден нивен архонт од крајот на VIII век, Тихомир кој воедно бил и царски спатариј, W. Seibt, "Siegel als Quelle für Slawenarchonten in Griechenland", *Studies in Byzantine Sigillography 6/1999*, 28. Уште еден печат, поточно два, за словенски архонти од Хелада, всушност место од долината на р. Сперхеј, познато под старото и популарно име Хелада, сведочат за една важна словенска архонтија и нејзините архонти Петар (VII/VII век) и Даргслав (VIII в.). И двата печати биле издадени пред походот на Ставракиј заклучува во неговата анализа: N. Oikonomides, "L'archonte slave de l'"Hellade au VIIIe siècle", *BB 55/1998*, 111-118.

[52] К. Аџиевски, *Пелагонија...*, 29-30

ситуацијата со склавинииите во Македонија била далеку од дефинирана во смисла на реален византиски суверенитет врз нив говори и фактот дека се до крајот на осмиот век, единствени балкански теми се темите Хелада и Тракија. Онаму каде што има тема можеме со сигурност да говориме и за византиско политичко, воено и црковно присуство.

Се чини дека ситуацијата со Словените во Тесалија и во Македонија во смисла на некакво реално наметнување на византискиот авторитет врз овие поранешни византиски територии се менува во времето на една жена, царицата Ирина (797-802). После краткотрајното владеење на Лав V (775-780) царскиот трон му припаднал на неговиот деветгодишен син Константин VI. Бидејќи тој бил малолетен во негово име владеела царицата – мајка Ирина. Тоа што не им пошло за рака на царевите од Ираклиевата династија и на оние од Исавријанската и успеало на Ирина. На овие случувања им погодувала и соодветната политичка ситуација. Бидејќи: "во годината 782/783 Ирина склучи мир со Арабјаните, се отворија можности да испрати голема воена сила против словенските племиња на чело со логотетот Ставракиј. Откако отиде во Солун и Хелада, (логотетот) ги покори Словените и ги принуди да му плаќаат данок на царството. Тој исто така, стаса и на Пелопонез, каде мнозина ги направи заробеници и ги испрати во Ромејското царство."[105]

Во врска со оваа вест треба да напомeнеме дека во овој случај нашиот извор - Теофан е речиси современик на овие случувања бидејќи неговото сведоштво го забележал триесет години потоа. И покрај тоа, Теофан, сепак, не ги именувал – забележал конкретно склавинииите преку кои минал Ставракиј како ни конкретните мерки што ги превземал во "покорените" територии. Дали воспоставената власт врз овие територии се темелела на некои цврсти основи, дали овие области биле ставени под управа на луѓето на царот? Н. Иконимидис, смета дека бидејќи градот Солун бил во византиски раце, вистинскиот поход на Ставракиј започнал откако тој го минал Солун, значи во Тесалија (наместо Тесалоника, како што стои кај Теофан) и централна Грција. Терминот Тесалија наместо

[105] Theophanis, *Chronographia*, de Boor..., 456-457; ВИИНЈ I..., 234; M. Graebner, "The Slavs in Byzantine Population Transfers of the Seventh and Eighth Centuries", *Etudes Balkaniques, 1/1975*, 40-52.

Тесалоника е употребен во латинскиот превод на Теофановата хроника, направен од страна на Анастасиј Библиотекар.[106] По враќањето во Цариград, во јануари 784 година, Ставракиј го прославил триумфот на хиподромот.

На својот пат кон Солун, логотетот Ставракиј и неговите војски се движеле низ северните брегови на Егејското Море, веројатно по Via Egnatia. Тоа од своја страна подразбира дека тие минале низ делови на териториите на Стримонците и на Ринхините. Ако ја прифатиме тезата на Икономидис дека вистинскиот поход започнал по минувањето на Солун, тогаш што навистина се случило – дали Стримонците и Ринхините без поголеми проблеми и отпор го прифатиле повторното воспоставување на византиската власт? Од вестите на Теофан, може да се заклучи дека војските без поголеми проблеми стасале до Солун. Изворот нѐ известува за никакви борби и судири со Стримонците. Можно е во овој случај Византија да успеала да им наметне некаков суверенитет на Стримонците, што со други зборови подразбира дека барем за извесен период бил ставен крај на нивното гусарење и пљачкосување.

Резултатите од походот на Ставракиј се почуствувале набрзо преку ширењето на тематската организација на Балканот. Кога говориме за тематскиот систем во Византија, уште еднаш ќе потенцираме дека византискиот среден век се одликува и одвојува од римскиот модел на државно устројство, најмногу со, и преку, воведувањето на тематската организација. Времето на најголемиот полет на вака уредената држава, а потоа и на значајни, далекусежни промени во креирањето на нејзината територијална структура, настапило токму во IX и X век.[107] Основни извори за реконструкција на тогашната тематска структура се хиерархиските листи на достоинственици, т.н. *Такшикони*, кои настанале

[106] N. Oikonomides, "A Note on the Campaign of Staurakios in the Peloponnese (783/4)", *ЗРВИ 38/1999-2000*, 61-66. Cf. P. Lemerle, "La chronique improprement dite de Monemvasie: le contexte historique et legendarie, *REB 21/1963*, 28. Во врска со преводот на Анастасиј Библиотекар како и за различните толкувања на ова место види: ВИИНЈ I..., 234, f.n. 62. Во оваа смисла би требало да споменеме уште еден инетресен детаљ. Именувањето на околината на Солун, независно од географско-административните промени во времето, сосема ахисториски преживува и се појавува, и тоа се до почетокот на X век, под името Тесалија за означување на црковната епархија на градот Солун ("епархија Тесалија" или "Теталиа"), види: *Notitiae Episcopatum Ecclesiae Constantinopolitanae*, ed. J. Darrouzes, Paris 1981, 8 [17], 291; 9 [182] 299; 10 [215] 316; 13 [223] 358; 14 [19] 374; 20 [16] 416; 21 [95] 420.

[107] Љ. Максимовић, "Традиција и иновација..., 12.

токму во IX и X век. Овие листи во науката се познати како: *Тактиконот на Успенски* (842-843), *Филотеевиот Клиторологион* (899), *Тактиконот на Бенешевич* (934-944) и *Ескоријалскиот Тактикон* (971-975).[108]

Веќе во 802 година, Теофан експлицитно ја споменува темата Македонија, која ги зафаќала западните делови на Тракија.[109] Околу настанувањето на темата Солун, постојат неколку мислења дали таа настанала веднаш после походот на Ставракиј или подоцна во првата половина на IX век.[110] Приближно во овој период, доколку формирањето на темата Солун го сместуваме околу 836 година, Византија ја формирала Драчката тема. На тој начин, Царството ја зацврстило власта во овие невралгични точки на Балканот - во Егејското и Јадранското Море. За кратко време била основана и темата Никопол во областите на Епир, а Солунската тема се поврзала со темите Тракија и Македонија преку формирањето на темата Стримон. Пред подетално да го продискутираме формирањето на темата Стримон, да се осврнеме накратко на склавинијата на Стримонците во периодот меѓу походот на Ставракиј и создавањето на темата.

---

[108] Овде го користиме заедничкото издание на четирите списа, со превод на француски јазик и соодветните коментари: N. Oikonomidès, *Listes de préséance byzantines des IXe et Xe siècles*, Paris 1972, 41-63 (Успенски), 64-235 (Клиторологион), 236-253 (Бенешевич), 255 277 (Ескоријалски), 281-364 (коментари).

[109]Theophanis, *Chronographia*, de Boor..., 475; Г. Острогорски, *Историја*...,198; N. Oikonomides, *Listes*..., 394, смета дека темата Македонија е создадена 789-802 година. Неговото мислење го дели и J. Koder, "Macedonia in Byzantine Spatial Thinking",: *Byzantine Macedonia (Identity, Image and History)*, ed. J. Burke – R. Scott, (Papers from the Melbourne Conference, July 1995), Melbourne 2000, 16-17.

[110] Живковић настанувањето на темата Солун го сместува ведаш по походот на Ставракиј, поточно међу 783 и 789 година: Т. Живковић, *Јужни Словени*...232; Ставридоу-Зафрака оди уште понатаму велејќи дека било можно темата да е создадена пред походот на Ставракиј: A. Stavridou - Zafraka, "Slav Invasions and the Theme Organization in the Balkan Peninsula", *Βυζαντιακά 12/1992*, 165-179, особено 172. Во една друга статија, авторката (А. Ставриду-Зафрака), сепак со голема претпазливост, и покрај обемниот сигилиографски материјал - печати на разни официјални лица од Солун- истакнува дека "ставот за формирањето на темата Солун во доцниот VIII век, останува на ниво на хипотеза бидејќи доказите, сé уште, се несигурни," A. Stavridou-Zafraka, "The Development of the Theme Organisation in Macedonia": *Byzantine Macedonia*..., 128-138, особено 133; Дворник смета дека темата била формирана некоја година пред 836 година, кога, всушност, за прв пат и тоа во *Житието на Григориј Декаполит* се споменува стратегот на Солун и неговата протоканцеларија: *La Vie De Saint Grégoire Le Décapolite et les Slaves Macédoniens au IXe Siècle*, ed. F. Dvornik, Paris 1926, 36, 62. Икономидис внимателно заклучува дека темата Солун била формирана околу 836 година: N. Oikonomides, *Listes*..., 352; Острогорски го остава отворено прашањето за времето на формирањето на Солунската тема: Г. Острогорски, *Историја*..., 199.

Претпоставивме дека како резултат на походот, склавиниите на Стримонците и Ринхините биле ставени под определена контрола на византиската власт, иако не постојат конретни податоци во изворите кои би биле потврда на ова тврдење. Ниту Теофан, ниту пак било каков друг, на пример материјален извор, било да е тоа печат на некој словенски архонт или пак некој археолошки податок, можат да посведочат за внатрешните прилики во овие склавинии. Се разбира, многу важен факт е дека во текот на IX век Византија, како што констатиравме погоре, се повеќе ја зацврстува својата власт на Балканот преку формирањето на соодветните теми. Значи што се случувало со воинствените и непокорни Стримонци на кои Царството, како што видовме, во повеќе наврати не успеало да им наметне некаква фактичка власт или доколку успеало, контролата била од краток здив.

И покрај успешниот поход на Ставракиј против склавиниите, Византија кон крајот на VIII век водела повеќегодишни војни со Бугарите. На 20 јули 792 година, царот Константин VI и неговите војски биле страотно поразени во битката кај новобневената тврдината Маркела. Младиот и неопитен цар бил под влијание на астрологот и лажен пророк Панкратиј, кој му предскажал успех и победа во престојната битка. Необмисленото и недоволно подготвено настапување на византиските војски против добро скриената и голема бугарска војска, довело до уништување не само на обичната војска туку и до загинување на највидните византиски војсководци како што биле: магистерот Михаил Лаханодракон, стратезите Никита и Теогност, кои командувале со темите Тракија и Македонија, потоа патрицијот Варда и други. И самиот цар едвај се спасил враќајќи се како бегалец во Цариград. Бугарите како плен со себе ги однеле парите, коњите како и царскиот шатор со се целата придружба.[111]

Оваа сцена ја наведовме бидејќи на определен начин се врзува и со статусот на склавинијата на Стримонците. Имено, врз основа на една

---

[111] Theophanis, *Chronographia*, de Boor…,467 - 468; P. Schreiner, *Die byzantinischen Kleinchroniken* I, Wien 1975, [13] 48; idem "Die byzantinischen Kleinchroniken und die Annalistik bei den Südslaven", *Bulgarian Historical Review 6/1978*, 45-53; idem "Събития от българската средновековна история във византийските кратки хроники", *Исторически преглед 35/1979*, 107-111; W. Treadgold, *The Byzantine Revival*, Standford 1988, 100.

кратка вест од т.н. *Хроника на Лав Исавријанецот*, излегува дека после 792 година, Стримонците повторно се осамостоиле. Авторот забележал дека во годината 797 се "војувало против Словените од Стримон".[112] Единствено Стримонците од сите македонски склавинии, уште еднаш се издвоени и споменати во контекст на нивната воинственост и независност во однос на Царството. Не е познато како завршила оваа војна бидејќи за тоа Теофан ништо не споменува. Меѓутоа, одметнувањето на Стримонците покажува дека византиската власт, во овој дел на Балканот, сè уште била доволно слаба за да им наметне некаква поголема контрола на Стримонците, а со тоа и подобро да ги заштити копнените и поморските врски во овие области, клучни за комуникацијата меѓу Цариград и Солун. Овој краток период од десетина години во кои Византија повторно се обидува да се справи со Стримонците, веројатно резултирал со случувањата од 810 година кога царот Никифор I (802-811), наредил малоазиски стратиоти-колонисти, всушност како што вели Теофан, христијани да се населат со се нивните фамилии и добра во склавиниите.[113] Овие колонизациски и демографски мерки, Никифор I ги презел заради заштита на границите на Царството во однос на Бугарите, во Тракија и во Македонија, најверојатно, по долината на Стримон на што упатува еден податок кај Теофан. Впрочем и политичкиот контекст ни дава за право со голема веројатност да тврдиме дека токму по долината на Стримон биле населувани овие колонисти. Така, знаеме дека канот Крум ја зазел Сердика (Софија) во 809 година, а тука секако треба да се спомене и нивниот т.е. бугарскиот упад во Стримонската област една година порано, кога Бугарите, додека им се делела платата на византиските војници, ненадејно ги нападнале и убиле поголем дел од војниците заедно со стратегот и го заплениле златото.[114] Обидот на Никифор I, да ја забрза христијанизацијата на Словените во покорените склавинии, во случајов онаа на Стримон, поради воени околности се покажал како неуспешен. Кога во 812 година, Крум го зазел Девелт, колонистите од Стримон се разбегале кон своите домови. Така се завршил и овој краток период кога

[112] P. Schreiner, *Die byzantinischen Kleinchroniken*..., [16] 49.
[113] Theophanis, *Chronographia*, de Boor...,496; ВИИНЈ I..., 235, f.n. 67. Повеќето од научниците сметаат дека овие мерки, главно, се однесувале на склавиниите во Македонија.
[114] Theophanis, op.cit., 484-486.

Стримон имал постојана византиска стратиотска војска. Во изворите не е забележено каков ранг имала оваа, ефемерна единица. [115]

Еден детаљ во *Житието на Декаполит*, укажува на тоа дека Стримонците и во почетокот на IX век, 813-821 година, продолжиле да се занимаваат со гусарење по Стримон. Авторот вели дека кога светецот се симнал во Христуполис (Кавала), и дошол до некоја река, им паднал в раце на словенските пирати, коишто се возеле со кајчињата и ги пљачкосувале бродовите што пристигнуваат.[116] Други извори упатуваат на востанието на Тома Словенот, кој од 821-823 го опколил Цариград, а во неговата војска учествувале и македонските склавинии.[117] Скудниот изворен материјал за периодот меѓу 837 и 904 година, кога повторно располагаме со вести за македонските Словени, не дозволува, потемелно да се открие природата на односите помеѓу Царството и потчинетите склавинии. По востанието на Словените во околината на Солун, 836/837 година,[118] кое било задушено, Византија продолжила да го воведува тематското уредување во областите што ги држела во свои раце.

Тука некаде се отвора и прашањето за формирањето на темата Стримон, една од последните востановени теми на Балканскиот југ. Според Лемерл, темата Стримон се појавила во втората половина на IX век бидејќи нејзиниот стратег не е спомнат во *Тактиконот на Успенски* (842-843).[119] Во изворите оваа тема за прв пат се јавува во *Филотеевиот Клиторологион* од 899 година каде за прв пат се споменува и нејзиниот стратег.[120] Вообичаено се смета дека во географска смисла, клисурата и подоцна темата Стримон, се протегале во областите помеѓу долниот тек

---

[115]Ibidem...,496; За неуспешноста на обидот за христијанизација – хеленизација на Словените по Стримон сведочи и топонимијата. Поновите истражувања на топонимијата на определени области на Халкидик и по долината на Стримон покажуваат дека процесот на хеленизација бил многу поуспешен на западната страна на Халкидик, додека нехеленизирани облици се среќаваат во долината на Стримон. Метатезата на ликвидите кај Словените се уште не била довршена во IX век, така што остатоците на старата словенска топонимија го покажуваат силното словенско, наспроти слабото ромејско присуство. Ова покажува дека мерките што ги преземала Византија во IX век со населување на ромејски стратиоти по Стримон не ја оствариле целта, F. Brunet, "*Sur l'hellénisation des toponymes slaves en Macédoine Byzantine*", *TM 9*, Paris 1985, 254; М. Рајковић, "Област Стримона..., 4.

[116] F. Dvornik, *La Vie De Saint Gregoire*..., 54; ВИИНЈ I..., 254.

[117] М. Рајковић, "О пореклу Томе вођe устанка 821- 823 г." *ЗРВИ 2/1953*, 33.

[118] F. Dvornik, op. cit. 36, 61-62.

[119] P. Lemerle, *Philippes et la Macédoine* ..., 126-127; Г. Острогорски, *Историја*..., 199.

[120] N. Oikonomidès, *Listes*..., [13] 139.

на реките Стримон и Места се до Мелник-Рупел.[121] Доколку ги следиме податоците од изворите, хронолошки, темата Стримон се јавува после темите Драч и Никопол создадени во средината на IX век.[122] Живковиќ е на мнение дека темата Стримон можеби била создадена во првите години на владеењето на Михаил III (842-867), и на тој начин, заедно со постоечките теми Солун и Македонија, целиот Егејски базен бил заокружен со тематската организација.[123] Својата аргументација авторот ја гради врз основа на претпоставката дека уште царот Никифор I, веројатно воспоставил некоја нижа тематска единица на Стримон, а потоа царот Теофил само ја обновил оваа управна единица која престанала да постои во времето на походот на Крум 812-814 година. Меѓутоа, дури и да ја прифатиме неговата аргументација, иако тој, не кажува зошто и како токму во средината на IX век, Византија ја формирала темата Стримон, многу нејасно и магловито би било да се потпираме врз неа бидејќи целата констелација во регионот и воопшто случувањата во Византија во тоа време не укажуваат на нешто такво. Видовме дека сите обиди на Византија почнувајќи уште од VII век, да ги доведе Словените на Стримон во “некаков ред” со воспоставување на било каква воено-административна организација во регионот биле од краток здив. Кулминација на византиските неуспешни обиди претставува населувањето односно бегањето на христијаните – стратиоти од Стримон за време на офанзивата на Крум. Од друга страна, тоа што темата Стримон, прв пат се споменува *во изворите на самиот крај на IX век*, исто така, не мора да значи дека истата била формирана токму во тој момент.

Ставриду-Зафрака е на мислење дека темата Стримон била создадена пред средината на IX век, а оваа хипотеза авторката ја изведува врз основа на серијата на печати што им припаѓале на политички или воени лица на темата, датирани според Незбит – Икономидис и Лорен пред средината на IX век.[124] Така, авторката, без прецизна анализа на контекстот и без директно посочување на другите датации за истите

[121] P. Lemerle, op.cit. 125; M. Рајковић, “Област Стримона..., 1-5.

[122] J. Ferluga, “Sur la date de la création du Thème de Dyrrachium”, Actes du XIIe congrès international d’etudes byzantines, Ochride, 10-16 Septembre 1961, II, Beograd 1964, 83-92.

[123] Т. Живковић, *Јужни Словени...*, 247.

[124] A. Stavridou - Zafraka, “The development…, 130.

печати, коишто од други истражувачи се датирани во втората половина на IX век, само ги реди следниве печати: 1.печатот на Васил, протонотариус на Стримон, (за споредба: истиов печат кај Закос-Веглери е датиран во втората половина на IX век); 2. на Лав, царски спатариј и стратег, (Закос – Веглери сметаат дека е ова анонимен печат); 3. на Варда, царски спатариј и архонт на Стримон, (Закос смета дека овој печат веројатно му припаѓал на истиот Варда, кој бил стратег на Тракија, од IX век); 4. печат на Ликаст, царски протоспатариј и стратег на Стримон, веројатно од крајот на VIII и почетокот на IX век, (Лемерл не го прифаќа ова датирање и печатот го сместува во втората половина на IX век).[125]

Различните датации на еден ист сигилиографски материјал од темата Стримон, упатуваат на неможноста за востановување на прецизна хронолошка рамка за тоа кога точно Византија успеала да ја формира темата Стримон. Сепак, аргументите многу повеќе одат во прилог на втората половина на IX век, одошто во почетокот или средината на истиот.

Паралелно со воспоставување на политичката контрола, Византија преземала мерки и за идеолошка и културна интеграција на нехристијаните во византискиот идеолошки систем. Во првата половина на IX век една словенска област/кнежвество била управувана од великиот словенски просветител и апостол, св. Методиј.[126] За која област, населена со Словени, всушност, станува збор во *Житието*? Во науката постојат неколку гледишта за тоа каде се наоѓало споменатото кнежевство во кое бил упатен Методиј за да ги проучи обичаите, социјалниот живот и, веројатно јазикот на тамошните Словени. Гледиштата најчесто се

[125] 1. J. Nesbitt – N. Oikonomides, *Catalogue of Byzantine Lead Seals at Dumbarton Oaks and in the Fogg Museum of Art I: Italy, North in the Balkans, North of the Black Sea*, Washington D. C. 1991, no. 37.2. Cf. Zacos – Veglery, *Byzantine Lead Seals I*, Basel 1972, 1772; 2. J. Nesbitt – N. Oikonomides, *Catalogue I*...37.3. Cf. Zacos – Veglery, *Byzantine Seals I...2659* ; 3. J. Nesbitt – N. Oikonomides, *Catalogue I*...37.1 Cf. Zacos – Veglery, *Byzantine Seals I...1753*; 4. V. Laurent, "Sceaux byzantins inédits", *BZ 33/193*, 350. Cf. P. Lemerle, *Phiilippes et la Macédoine*..., 126-127, f.n. 4; Ставриду-Зафрака, наместо директно во текстот, само попатно во одделни фус ноти посочува на разликите во датирањата на овие печати, A. Stavridou - Zafraka, "The development...,130-131.

[126] А. Т. Балан, *Кирилъ и Методий, Жития на Кирила и Методия и похвални тъмь слова*, София 1920, 86-87. За различните изданија на овие хагиографски споменици повеќе кај: П. Хр. Илиевски, *Појава и развој на писмото, Со посебен осврт кон почетоците на словенската писменост*, Скопје 2001, 115, f.n. 12.

фокусираат врз два региона, оној на Стримон[127] и до областите поблиску до Солун, поточно онаму каде што живееле Драгувитите,[128] а меѓуостанатото се поткрепени со аргумент дека св. Методиј токму во соодветново кнежевство го составил и таканаречениот *Закон за Судење на Луѓето*/ЗСЛ.

Во најновата студија посветена на овој важен законик, во која се анализирани, дискутирани и сублимирани изворните податоци проследени со обемна библиографија, К. Илиевска убедливо докажува и покажува дека *ЗСЛ* бил сочинет во Моравија од св. Методиј, по секоја веројатност околу 865-867 година, како дополнување на постојните законски акти во врска со промените во животот на христијаните од тој регион.[129] Според наше мислење, а во контекст на сите погоре изложени аргументи за состојбите во склавинијата Стримон, а подоцна и темата Стримон, сметаме дека св. Методиј, независно каде го сочинил *ЗСЛ*, во дадените историски околности можел да биде упатен во склавинијата на Драгувитите, во првата половина на IX век, а никако во склавинијата на Стримонците каде Византија успеала да воспостави тема во втората половина – кон крајот на истиот век.

Од друга страна, добро е познато дека дури и формирањето на тематска единица, што подразбира постоење на стабилна византиска власт, не мора да значи и губење на целосна политичка независност на луѓето кои живееле на таа територија. Исто така, полезно е да се одбележи дека токму темата Стримон е последната балканска тема што ја формирала Византија, а тоа е факт кој уште еднаш покажува дека Словените на Стримон, со повремен дисконтинуитет, долго време ја уживале својата политичка независност во однос на царството.

---

[127] F. Dvornik, *Les Legendes de Constantin et de Methode vues de Byzance*, Prague 1933, 15-19; С. В. Тройицкий, "Св. Мефодий как славянский законодатель", *Богословские труды 2/1961*, 85-124; Б. Панов, "За Методиевото словенско кнежевство и создавањето на *Закон соудный людем*,":*Кирило–методиевскиот (старословенски) период и кирило-методиевската традиција во Македонија*, Скопје 1988, 292-302; особено богата, но постара библиографија за оваа проблематика во: *Старо-българска литература. Енциклопедичен речник*, съставител Д. Петканова, София 1992, 175-176.

[128] T. Wasilewski, *Bizancium i slowianie w IX wieku. Studia z dziejów stosunków politycsnych i kulturalnych*, Warsaw 1972, 173-178; И. Стефоска, *Словените*...,122-126.

[129] К. Илиевска, З*akonQ soudnXi 12dqmQ*, Скопје 2004, особено 27-40; 303-318.

Една интересна секвенца, што ја носи Јован Каменијат, од почетокот на X век, кога Солун во јули 904 година бил нападнат и освоен од Арабјаните,[130] ја покажува нестабилноста и повеќе формалниот карактер на византиската власт во делот на Стримон.

Имено, се чини дека стримонските Словени до извесна степен ја сочувале својата независност бидејќи Каменијат, разликувајќи ги Словените кои се наоѓале под власта на стратегот на Стримон од оние кои и припаѓале на солунската тема, пружа занимливи податоци за однесувањето на едните и на другите во епизодата од 904 година. Додека Словените од околината на Солун, на повик од солунскиот стратег да му помогнат на градот, дошле во незначителен број, стримонските Словени, на чело со самиот стратег тоа воопшто не го сториле. Каменијат, Словените од темата Стримон, како и оние од Солунската тема, ги нарекува сојузници -(σύμμαχοι),[131] што значи дека тие, иако биле опфатени со тематската организација, во почетокот на X век, имале поинаков статус во однос на останатите поданици на Царството. Изгледа дека власта на тематските стратези во овие области била повеќе од формален карактер бидејќи Словените фактички им биле подредени на своите водачи кои Каменијат ги титулира како архонти.[132] Во оваа смисла, илустративно е

---

[130] Ioannis Caminiatae, *De expugnatione Thessalonicae*, ed. G. Böhlig, Berlin-New York 1973, [20]-[21], 19-20; ВИИНЈ I…,269-270; A. Kazhdan, "Some Questions addresed to the Scholars who belive in the Authencity of Kaminiates, 'Capture of Thessalonica'," *BZ 71/1978* 301-314. Cf. V. Christides, "Once again Caminiates 'Capture of Thessaloniki' ", *BZ 74/1981*, 7-10. За реминисценциите што во врска со оваа опсада ги прави Каменијат – во епизодата со Арабјаните го употребува познатиот топос за словенските опсади на Солун - повеќе кај: J. D. C. Frendo, "The Miracles of St. Demetrius and the Capture of Thessaloniki", *BS LVIII, 2/1997*, 205-224, особено 208-211.

[131] Ioannis Caminiatae, op.cit. [38] 61-62; ВИИНЈ I..., 272.

[132] Терминот архонт е комплексен и многуслоен бидејќи, особено, во подоцнежните извори не само што постои огромен број на архонти во византиската администрација туку постои и различна употреба на оваа титула во изворите. Како што истакнува Ферлуга "архонти се нарекуваат византиските и странските магнати, чиновниците во администрацијата, црковните лица, собирот на стратезите на темите, повисоките офицери на темите и т.н." Од подоцнежните извори може да се види дека со терминот архонт, главно, се означувал оној што имал комплетен, регионално организиран авториет, како што е случајот со словенските архонти од подоцнежните периоди: Ј. Ферлуга, "Ниже војно-административне јединице…, 88-94. Во страословенскиот превод од почетокот на X век на Псевдо-Цезариевото дело *Ερατοπροκρίσεης*, словенскиот збор за архонт е кнез. Види: I. Duichev, "La versione paleoslava dei Dialoghi dello Pseudo-Cesario", *Studii byzantini e neoellenici, 9/1957*, 89-100. А. Тахиаос, смета дека употребата на терминот архонт или егзархонт за некој словенски водач во византиските извори не би требало да се изедначува со архонтите коишто биле назначувани од страна на византиската власт, поради тоа што првите биле племенски водачи, за кои византиските автори не биле во состојба да најдат соодветен термин во својот јазик, и поради тоа го користеле постојниот термин од нивниот административен систем. A. E. Tachiaos, "Some Controversial Points

однесувањето не само на Словените од околината на Солун, туку уште повеќе на оние од Стримон, зошто и самиот Каменијат ќе каже дека архонтите на кои им биле доверени овие Словени, “повеќе се грижеле за својата корист и по обичај го надитрувале соседот”.[133]

Овие детали од изворите, покажуваат дека процесот на интегрирање на Словените во византискиот државен апарат, и после создавањето на темите во областите на поранешните склавинии, се уште, не бил довршен. Во почетокот на X век, помеѓу компактните словенски маси и тематските стратези стоеле племенските архонти како еден вид на посредници од чиишто одлуки и однесување, во голема мера, зависел и односот на Словените кон претставниците на византиската власт.

Сумирајќи ги заклучоците во овој дел од нашето истражување можеме да кажеме дека микро историјата на регионот на Стримон во вековите што беа предмет на нашата анализа покажува еден динамичен однос помеѓу словенските населувања на овој, во комуникациска и политичка смисла, исклучително важен регион, и Царството кое на различни начини се обидувало да се справи со дојденците. Склавинијата на Стримонците за која византиските автори говорат попатно, фрагментирано или пак во контекст на важните, пред се, политичко-воени-демографски мерки кои ги преземала византиската власт, за последен пат под овој специјален термин, искован од византиските писатели за Словените во Македонија, се споменува во изворите од почетокот на X век, кога всушност, барем формално завршил и процесот на интеграција на овие луѓе во политичкиот, административниот и социјалниот систем на Византија.

---

Relating to the Life and Activity of Cyril and Methodius”: *Greeks and Slavs*, Thessaloniki 1997, 73. Мислењето на Тахиаос може да се поткрепи со делот во списот *За народиӣе*, за Словените во Далмација од времето на Василиј I (867-886). Царот, писател Константин Порфирогенит вели:”...по нивното покрстување (царот) им назначи архонти коишто тие ги сакаа и ги избраа од родот што го претпочитаа и сакаа. И оттогаш до денес архонтите кај нив се од истите родови, а не од некој друг.”: C. Porphyrogenitus, *De Administrando Imperio*, eds. Gy. Moravchik – R. J. H. Jenkins, Budapest 1949, [29] 75-79; Љ. Максимовић, “О времену доласка Неретљана на Далматинска острва,” *Зборник Филозофског факултета у Београду, кн. VIII/1964*, 145-151. Повеќе за социјалната организација во македонските склавинии според употребата на титулите и воопшто за цртите на социјалната стратификација во склавиниите кај: И. Стефоска, *Словениӣе*..., 57-85.

[133] I. Caminiatae, *De expugnatione*..., ed. G. Böhlig, [60]-[64] 25.

# Втора глава: ***Струмица и Струмичко во IX и X век***

## 2.1.Струмица и Струмичко во состав на првата бугарска држава

Деветтиот век во Византија претставува време на многу важни политички, социјални и културни промени кои на еден одреден начин ја детерминирале историјата на Византија и секако на Балканот. Во годината 843 завршува големата иконоборска криза после која Царството влегува во еден нов циклус од својот развиток. Совладувајќи ја воената навала на Арабјанскиот калифат, Византија се справила и со налетот на културните влијанија на исламот коишто својата рефлексија ја нашле во иконоборството. Од друга страна, токму во епохата на иконоборството се продлабочил и јазот помеѓу Цариград и Рим. Византија го изгубила нејзиниот суверенитет на Запад, додека Папството ја изгубило супрематијата на Истокот. Одделувањето на Франачкото кралство во истата 843 ја детерминирало и формирало историјата на европскиот Запад во следните векови. Речиси една деценија после овие настани, на патријаршискиот престол во Цариград, 858 година, стапнува еден од најзначајните луѓе за своето време, големиот политичар и дипломат, патријархот Фотиј кој ги поставил темелите на големата цивилизаторска и политичка мисија на Византија меѓу нехристијанските народи, особено меѓу словенскиот свет. Закрепнувањето на Царството однатре и јакнењето на неговата моќ на Истокот, потпомогнало во извршување на историските задачи кои стоеле пред него во словенските земји. Овие задачи како ехо пристигнувале од сите страни: од Киевска Русија, од Моравија од јужнословенските земји.

На Балканот, како што веќе расправавме во претходните глави, до крајот на IX век, Византија полека го консолидирала нејзиниот политички и црковен апарат, успевајќи да реинтегрира поголем дел од нејзините територии, главно населени со Словени. Во очите на Византијците, Балканските провинции, на коишто повеќе од два века живееле Словените, Бугарите, староседелците и секако други помалубројни етноси, и кои, за разлика од Бугарите, имале полабава политичка организација, и поради тоа немале строго дефинирани гранични односи со

Византија, било директно или индиректно - под влијание на римските традиции останале нераскинливо врзани за византиската цивилизација.[134]

Независно од политичките, социјалните и културните турбуленции во овие два века, но и покасно, колку и перодично да се разликувале фактичката и идеолошката граница помеѓу царството и "останатите" на Балканот, во свеста на Византијците идеолошката граница се поклопувала со границата на некогашното простирање на оваа цивилизација, поточно на балканскиот limes – Дунав. Словенските територии на Балканот, Византија никогаш не ги сметала за територии одделени од државната целина, така што идејата за границата на Балканот, како што забележува В. Станковиќ, секогаш била поврзана со границата во однос кон Бугарија, чие што создавање претставувало многу посериозна закана одошто послабо организираните словенски заедници.[135]

Ситуацијата во однос на младата бугарска држава била сосема поинаква. Завземањето на Софија и софиското поле, од страна на ханот Крум во 809 година, на Бугарите им отворило еден оперативен простор за дејствување кон југ, југозапад и југоисток, кон териториите густо населени со Словени, конкретно во Тракија, Родопите, Родопското крајбрежје и Македонија. Војните, но и триесетгодишниот мир склучен меѓу Византија и ханот Омуртаг во првата половина на IX век, како да ги дефинирале односите помеѓу младата бугарска држава и Царството. До каде и колку ќе се протегаат сферите на влијание на Балканот и каде ќе биде поставена демаркационата линија во рамки на политичката доминација на освоените територии, од една страна на Бугарија и од друга на Византија, се главните црти на нивните конфликти во IX и X век.

Младата бугарска држава, којашто некои византиски автори ја нарекувале дури и Славинија Бугарија, заради присуството и улогата на

---

[134] J. Ферлуга со право забележува дека: "Ситуацијата во овој дел на Царството (односно на Балканот) прилично се разликувала од онаа во Мала Азија...Во однос на Словените, кои се населиле на Балканскиот Полуостров, Византија се нашла како пред маса која заземала огромни територии од Царството но, од кои не ја делела точно определена граница и кои немале своја, цврста државна организација", Ј. Ферлуга, "О неким аспектима изградње тематског уређења на Балканском полуострву", *Зборник Филозофског Факултета у Београду, 8-1/1964*, 131-143, 135.

[135] В.Станковић, "Карактер византијске границе на Балкану у IX и X веку",Трећа југословенска конференција византолога, Крушевац 10-13 мај 2000, Београд-Крушевац 2002, 279-281.

Словените во процесот на дефинирање на идентитетот на државата, најголемата политичка и културна експанзија ја доживува во времето на кнезот Борис (852-889) и неговиот син, царот Симеон (893-927).

Проблемот за тоа кога и во кој размер делови од македонската територија потпаднале под бугарска власт, се уште, е предмет на дебати и тоа највеќе помеѓу македонската и бугарската историографија. Хронолошката рамка во која и за која се дебатира или пак со колебање се сместува бугарската експанзија во однос на македонските земји, главно можеме да ја сместиме во периодот помеѓу владеењето на ханот Пресијан (836-852) и владеењето на Борис.

Бидејќи во центарот на нашето истражување е микро регионот на Струмица и Струмичко, во ова поглавје најмногу ќе се задржиме на сите информации поврзани со настани и случувања кои го допираат просторот на Источна Македонија или пак посредно влијале врз микроисторијата на овој регион во соодветниот временски период.

Ќе се обидеме синхрониски и хронолошки, следејќи ја востановената методологија, да ги разгледаме и продискутираме сите расположиви изворни податоци кои стојат во директна и индиректна врска со бугарските освојувања и проширување на државата кон запад поточно кон македонските територии во временската рамка која ја определивме погоре. Во овој контекст неминовно треба да се земат предвид и бугарско-византиските односи и можната граница која фактички и симболично ги раздвојувала двете држави во деловите од македонските територии.

Нестабилната и несигурната ситуација во Стримонската област каде Византија подолго време се обидувала, и тоа со променливи и краткотрајни успеси, да воспостави некаква контрола врз тамошните Словени, всушност, во почетокот на IX век претставува гранична територија меѓу бугарската држава во експанзија и Царството. Со упадот во Стримонската област во време кога на византиските војници им се делела платата, и подоцнежното освојување на Софија со "лукавство и наговор"[136] ханот Крум (803-814), најавува нова етапа во бугарско-византиските, но секако и словенските односи во овој дел на Балканот.

[136] Theophanis, *Chronographia...*, 484-485.

Одговорот-реакцијата на царот Никифор на случувањата бил типичен за византискиот начин на мислење. Имено, од една страна е исказот на Теофан во кој се вели дека царот спровел конкретна акција наредувајќи им на “христијаните” од сите теми да се населат во склавинииите.[137] Од друга страна, царот Никифор, како што повторно не известува Теофан, бил убеден во византиската супериорност во однос на “варварскиот” сосед така што уништувањето на бугарската држава го сметал за реалност.[138] Катастрофата што ја доживеала царската експедиција била голем шок за Византијците кои и после тоа останале слепи за навестените промени кои се случувале во овој дел на Балканот.

После краткото владеење на Михаил I Рангабе (811-813), царот војник Лав V (813-820), увидувајќи ги состојбите на Балканот се поставил сосема поинаку од неговите претходници. После смртта на Крум, неговиот син и наследник Омуртаг (814-831) склопил мир со Лав V на триесет години. Притисната од нараснатата сила на соседот, Византија ја легитимирала постоечката состојба по однос на границата со бугарската држава така што на бугарска страна останала Софија.[139]

Лав V свесен за слабоста на балканската граница презел конкретни мерки за нејзина заштита. Обновителот на иконоборството кој поради својата безбожност бил постојана мета на византиските писатели, кои, во својата жестока критика на неговите постапки, дури ќе запишат дека од негово време Бугарите доаѓале се до цариградските порти без никој да им се спротистави и да ги спречи.[140] Меѓутоа еден друг, многу драгоцен податок што го носи Јосиф Генесиј фрла инаква светлина за делата на царот безбожник. Имено, царот од темели кренал и обновил многу градови и крепости се до границата на “скитската” земја за да ги одврати упадите на непријателите. Тој дури и самиот правел обиколки насекаде за да внесе респект како меѓу своите така и меѓу непријателите.[141] Очигледно

---

[137] Ibidem..., 486. Повеќе за оваа епизода на страна 492 во хрониката.
[138] W. Treadgold, *The Byzantine Revival*..., 146.
[139] Teophan Continuatus, ed. I. Bekker, Bonnae 1838, 31.10; W. Treadgold, *The Byzantine Revival*..., 218; И. Божилов – В. Гюзелев, *История на средновековна България*...,146.
[140] *Symeonis Magistri Annales*, ed. I. Bekker, Bonnae 1838, 612.
[141] *Iosephi Genesii regum libri quattuor*, ed. A Lesmueller – Werner et I. Thurn, Berlin – New York 1978, 28-29; A. A. Vasiliev, *History of the Byzantine Empire*, vol. I, The University of Wisconsin Press 1982, 282.

е дека царот – војник успеал да ја заштити престолнината и одново да ги врати териториите на темите Тракија и Македонија под византиска контрола. Ваквата ситуација на теренот, наметнувала пренасочување на правецот на дејствување на младата и во експанзија бугарска држава. Во оваа фаза од бугарско-византиските односи вниманието коешто било насочено кон Цариград веќе било исцрпено како можност. Последично на тоа се отворала една друга врата, односно онаа кон склавиниите во југозападниот дел на Балканскиот Полуостров. Детални и прецизни податоци за тоа како и во кои размери се одвивала територијалната експанзија на Бугарите кон овие делови на Балканот во текот на целиот IX век немаме. За повеќе од половина век, од мирот склучен во 815 година, па се до покрстувањето на ханот Борис, византиските писатели не им посветуваат речиси никакво внимание на приликите на Балканот, освен во случаите кога станувало збор за "важни" настани како на пример, востанието на Тома Словенот, чии што двегодишен престој со војските во Тракија оставил различни последици во овој регион.[142] Во моментите кога царот бил опколен во престолнината, Бугарите му дошле на помош против војските на узурпаторот.[143]

Постојат неколку, така да се изразиме современи "странични" извори од источна – арапска провиниенција од кои можеме по нешто да разбереме за југо-западната бугарска граница во наведениов период, кои сепак ги земаме со резерва имајќи ја на ум релативноста на географските и административните претстави, појава што често се јавува и кај византиските автори.

За склавиниите како одделни независни територии известува Ибн Хурдазбих во делото *Тишули на владешелише* кога ја опишува темата Македонија. Според овој автор на запад од неа се простирала земјата на Словените, а на север земјата на Бугарите.[144] П. Коледаров, изнесува фрагмент од персиското дело *Земјише на свешош* од кој може да се изведе некакво посредно мнение за југозападната бугарска граница во средината

[142] H. Ahrweiler, *Etudes sur les structures*…IX, 1-32.
[143] P. Lemerle, "Thomas le Slave", *TM 1/1965*, 276-278.
[144] В. Т. Заимова, *Арабски извори за българите*….27; С. Стојков, *Македонија йомеѓу Визанйија и Буѓарија, (VII-X век)*, необјавен магистерски труд, одбранет на ФФ во Скопје, 2003 година, 91.

на IX век. Без да се спомене Бугарија, во изворот стои дека постоел некаков пат низ словенските шуми од Солун кон Драч.[145]

Во бугарската историографија речиси без никакво двоумење - како ноторен факт се прифаќа мислењето дека ширењето на бугарската држава кон македонските територии се случило во времето на ханот Пресијан (836-852).[146] Но, дали навистина со сигурност може низ изворите да се потврди ваквиот став или пак тој повеќе има врска со современите состојби на Балканот во последниве повеќе од 100 години. Со други зборови дали ваквото мислење не е повеќе плод на современите политичко – идеолошки прилики, кои своја рефлексија наоѓаат и во историографијата којашто за современи потреби конструира определена средновековна реалност, отколку на самите средновековни реланости? Големиот византолог Острогорски, уште одамна констатирал дека проблемот со ширењето на бугарската држава по однос на Македонија најмногу се потпира на низа од хипотези кои се доволно компликувани за да бидат убедливи и прифатливи.

Веќе споменавме дека состојбите со изворниот материјал се такви што не дозволуваат, барем до времето на формирањето на Брегалничката епископија и мисијата на Климент, да говориме за автентично ширење на средновековната бугарска држава во правец на македонските територии.

Сметаме дека е многу посоодветно да зборуваме за бугарски упади или некакво бугарско влијание по однос на североисточна Македонија и тоа по истекувањето на договорот за триесеттгодишниот мир помеѓу Византија и Бугарија отколку за вклучување на целата македонска територија во рамки на бугарската држава и тоа по “мирен пат” како што најчесто се интерпретира во бугарската историографија.[147] Дури и

[145] П. Коледаров, *Името Македония в историческата география*, София 1985, 82-83.

[146] В. Златарски, *История на българската държава през средните векове*, т. I София 1970, 440 - 442; Г. Бакалов – П. Ангелов, *История на средните векове*, София 1991, 76-77; П. Мутафчиев, *История на българския народ*, София 1992, 135-136; Г. Николов, “ΤΟΝ ΠΟΛΩΝ ΒΟΥΛΓΑΡΟΝ”: *Проблеми на прабългарската история и култура* 3, Шумен 1997, 67-75; П. Мутафчиев – В. Мутавчиева, *История на българския народ*, София 1998, 108-109; И. Божилов – В. Гюзелев, *История на средновековна България*...,159-160.

[147] Г. Цанкова- Петкова многу претпазливо и со резерва говори за овој проблем. Следејќи ги соодветните извори таа констатира дека: “...ширењето на Бугарија на југ од Балканот,

авторите на *Историјата средновековна Бугарија*,[148] зборуваат во кондиционал за тоа дека вклучувањето на словенските племиња на запад од Стримон во пределите на бугарското ханство се случило во периодот помеѓу 837-842 година. Тие во истиот параграф и самите истакнуваат дека недостасуваат сведоштва кои би овозможиле тоа конкретно и детаљно да се проследи. Но, и покрај ваквите тврдења, од неразбирливи причини авторите се обидуваат со аргументи кои се темелат, или на многу подоцнежни, или пак на третокласни извори да ја потврдат својата хипотеза и при крајот на поглавјето да заклучат дека во првата половина на IX век, бугарското ханство станало држава во која влегле редица словенски племиња од Тракија, Родопската област и Македонија (sic)![149]

Фактот што византиските извори рефлектираат молк по однос на бугарската експанзија кон Македонија и начините на кои таа се случила, воопшто не мора да значи дека е последица на директното невизантиско присуство на поголем дел од македонските територии во IX век, како што сметал Острогорски.[150] Немањето директна контрола изразена најмногу преку тематскиот систем, кој во овој период е во консолидација на поголем дел од Балканот, не подразбира дека овие и не само овие

Византија го признала после примањето ан христијанството, т.е. после 865 година. До тогаш бугарските ханови навлегувале на византиските територии, разурнувајќи многу градови и тврдини и повторно се враќале на своја територија". Г. Цанкова – Петкова, "О территории болгарского государства в VII-IX вв.", *ВВ XVII/1960*, 137, 124-143.

[148] И. Божилов – В. Гюзелев, *История на средновековна България...*, 160.

[149] Ibidem..., 161-162. На пример, тие ги посочуваат следниве извори: Каталогот на Диканж од XII век, Летописот на Манасиј од XIV век, и др.

[150] Г. Острогорски, "Моравска мисија и Византија": *Византија и Словени*, т. IV, Београд 1970, 69. Од друга страна, неможеме да ја пренебрегнема констатацијата на големиот византолог кога вели дека: " бидејќи Склавиниите во Горна Македонија многу долго време не се наоѓале под византиска власт, Бугарија не ни морала да ги освојува од Византија." Молкот на византиските извори по прашањето на Склавиниите и воопшто кон ситуацијата на Балканот веројатно не е само израз на немањето на контрола врз овие територии. П. Шрајнер, анализирајќи го византиското општество и неговата култура смета дека силната централизација на византиското царство околу едно средиште – Цариград – го поставува царот во центарот на сите процеси во државата. Голем дел од творците и писателите бидејќи живееле на дворот многу малку се интересирале за животот надвор од светот на дворецот и градот. Оттука, животот надвор од центарот, особено оној во провинциите – се споменува само попатно и како резултат на периферен интерес. Исто така, познато е дека голем дел од писмените извори се собирале и чувале во Цариград чии што библиотеки и архиви биле два пати до темел уништени (во 1204 и 1453 година). Тоа не значи дека и по провинциите не постоеле архиви на државните и црковните институции, но и овие места често пати и потешко од самиот центар биле изложени на тешките удари на судбината како во случајот на Словенските, Аварските и подоцна Османлиските навлегувања, особено на Балканот. П. Шрайнер, "Три култури във Византия: Императорот и дворот – народот – свещениците и монасите": *Многообразие и съперничество*, София 2004, 66-67, 65-83.

територии не влегувале во идеолошката свест на Византијците и индиректно и во политичките и, секако, црковните сфери на влијанија на Византија. Ова го покажуваат многуте и различни походи и различните мерки со кои Византија во текот на неколку векови се обидувала да ги интегрира Словените на Балканот во нејзиниот политичко-административен и идеолошки систем. Да не го заборавиме и фактот што целата територија на Илирик, од средината на VIII век влегува во рамките на црковната јурисдикција на Цариград. Според наше мислење особено важен момент на кој ќе се задржиме подолу во текстот.

Значи, ако е проблематично со сигурност да се зборува за трајно бугарско присуство на запад од реката Стримон, единствен детаљ кој можеби упатува на некакво лабаво влијание, та дури и присуство, и тоа во горниот/средниот тек на Стримон од страна на Бугарите е податокот кај *Продолжувачот на Теофан* за областа Загора (доколку прифатиме дека топонимот се однесува токму на овие предели) која му била предадена на Борис-Михаил после покрстувањето, а која некогаш претставувала граница меѓу Византија и Бугарија.[151] При тоа уште еднаш би сакале да нагласиме дека поимот граница во свеста на Византијците од деветтиот и десеттиот век ни оддалеку не може лесно да се поистоветува со некакво категорично разграничување типично за модерните политички ентитети зошто прашање е, како што умно истакнува Станковиќ, дали Византијците во соодветниот период имале јасна претстава за состојбите на Балканот и границата на Царството по однос на Бугарија.[152]

Областа Загора се обиделе да ја идентификуваат редица истражувачи и при тоа нивните анализи и мислења најчесто воопшто не се поклопуваат. Инаку топонимот е од словенско потекло, со значење ”позади планините, на планините”, и во текот на средновековието бил употребуван за различни региони на Балканот. На пример во XIV и XV век се користел и за планинскиот регион северно од Јанина и за западниот дел од Црноморскиот брег.[153] Името, исто така, било користено и за средниот дел од долината на Стримон (регионот на Мелник) но, и за бугарските

---

[151] ИБИ ГИБИ V, София 1964, 117-118.
[152] В. Станковић, "Карактер византијске границе..., 285.
[153] Tabula Imperii Byzantini 3 (TIB), *Nikopolis und Kephallenia*, ed. P. Soustal, Wien 1981, 278.

земји помеѓу Стара планина и реката Дунав.[154] Во оваа смисла интересна и исцрпна, лингвистичка, географска и историска анализа на топонимот Загора, во која се анализира и веста од Продолжувачот на Теофан, направил Коледаров. Кои се и каде се териториите што Бугарите ги нарекувале Загора, а кои некогаш претставувале граница меѓу нив и Византија? Авторот под област Загора, во односниот период, слично како и приредувачите на TIB (6) го идентификува средниот тек на реката Стримон и нејзината долина во делот меѓу Кресна и Рупел заедно со регионот на Струмица.[155] Иако аргументацијата на авторот за убикацијата на Загора е донекаде прифатлива, бидејќи токму истиов регион и во подоценжниот период византиските автори го нарекувале Загора, како на пр. во времето на Беласичката битка, Коледаров, без појаснување, тврди дека овие области/Загора биле приклучени кон бугарската држава во времето на Пресијан, и своето тврдење го потпира врз употребениот прилог "некогаш" во исказот на Продолжувачот на Теофан. Коледаров, исто така, не е јасен по прашањето кога овој регион бил изгубен за Бугарија, за повторно да и биде вратен по мирен пат во времето на Борис. Без никакви претензии да дадеме конечен одоговор на овој, но и воопшто на проблемот на бугарско-византиските односи во првата половина на IX век, ќе мапираме неколку моменти од соодветниот период.

Ако со договорот од 815 година Софија останала на бугарска страна, тогаш патната комуникација – стримонската долина во нејзиниот северен дел била отворена за Бугарите. Токму неколкуте бугарски упади уште од времето на Крум, Омуртаг, Пресијан и веројатно на Борис, ја покажуваат ранливоста на оваа многу важна патна комуникација за Византијците и тоа особено во нејзиниот горен дел. Да не ги заборавиме и воинствените Стримонци и воопшто неможноста на Византија да воспостави постојана контрола врз оваа склавинија се до втората половина на IX век, за што говоревме во претходното поглавје. Оттука, многу е веројатно дека во свеста на Византијците горниот и средниот тек на Стримон претставувале некакво фактичко, но не и идеолошко

[154] TIB 6, *Thrakien*, ed. P. Soustal - J. Koder, Wien 1991, 503.
[155] P. Koledarov, "More about the Name 'Zagoré' ", *Bulgarian Historical Review 4/1973*, 98-99. Со исцрпен преглед на постоечката литература за овој проблем, 92-96.

разграничување меѓу областите кои Византија ги сметала како свои и Бугарите, и тоа релативно кратко време после кое овие области повторно и фактички влегле во византиска сфера на влијание, ако ја следиме веста на Продолжувачот на Теофан. Како дел од Илирик овие територии повеќе од 50 години влегувале во црковната јурисдикција на Цариград.

За некакви воени дејствија меѓу Византија и Бугарија помеѓу 838–845 година не знаеме ништо. Во 847 година Византија испратила војски за да го задуши бунтот на Пелопонеските Словени,[156] а тоа било искористено од Бугарите кои извршиле напад на темите Тракија и Македонија, со што Византија и Бугарија влегле во воен судир. Иако походот кон Пелопонеските Словени се датира различно, за нас е овде важно да истакнеме дека Византија ги поразила Бугарите и тие веројатно тогаш ја изгубиле областа Загора, која после покрстувањето во 866 година му била доделена на Борис.[157] Многу е веројатно, ако ја следиме византиската дипломатија[158] низ вековите, дека областа Загора му била доделена на Бориса како еден вид "награда" за покрстувањето, или во интервалот помеѓу 866 година или на вонредното заседание на Осмиот вселенски собор во Цариград од 870 година, кога новоформираната бугарска црква, после лавирањето меѓу Рим и Цариград дефинитивно влегла во пазувите на источната црква/цркви.[159] Со решенијата од ова заседание на чело на бугарската црква застанал архиепископ назначен од Цариград, придружен од многуброен клир, составен од епископи, свештеници и монаси. Ова е особено важен момент, бидејќи според византиската теорија за поредокот

[156] Constantine Porphyrogenitus, *De Administrando Imperio*, (DAI) ed. Gy. Moravcsik – R. J. H. Jenkins, Budapest 1949, [50] 232-233; ВИИНЈ II, Београд 1959, 69 -70, за проблемот на датирањето на овој поход, f.n. 262-263.

[157] Продолжатель Феофана, *Жизнеописание*, Москва 1987, 97, f.n., 34.

[158] D. Obolensky, "'The principles and methods of Byzantine diplomacy," *Actes du XIIe congrès International d'Etudes Byzantines*, I, Belgrade 1963, 45-61. Особено инспиративна е статијата на А. Каждан во која тој расправа за комплексноста на поимот византиска дипломатија и неговите различни аспекти кои варираат во време и простор, A. Kazdan, "The notion of Byzantine diplomacy": *Byzantine Diplomacy*, (Papers from the Twenty-fourth Spring Symposium of Byzantine Studies, Cambridge, March 1990), Variorum 1992, 3-21; E. Chrysos, "Byzantine diplomacy, A. D. 300-800: means and ends": *Byzantine Diplomacy*..., 25-39; J. Shepard, "Byzantine diplomacy, A. D. 800-1204: means and ends": *Byzantine Diplomacy*..., 41-71.

[159] Anastasius Bibliothecarius, *Vita Hadriani II papae*, Romae 1963, 632-639; ИБИ ЛИБИ VII, София 1960, 194-195, 200-203; P. Petrov, "La politique étrangère de la Bulgarie au mileu du IX siècle et la conversion des Bulgares", *Byzantino Bulgarica 2/1966* 43-52; A. P. Vlasto, *The Entry of the Slavs into Christendom*, Cambridge 1970, 161-163; Д. Оболенски, *Византискиот комонвелт*...,95-97.

на светот, прифаќањето на духовниот авторитет на црквата во принцип го подразбирал и прифаќањето на овоземниот авторитет на византискиот цар и обратно.

Покрстувањето не подразбира нужно и конверзија и прашање е дали било кој од покрстените владетели, го сметал христијанството како центар на неговиот идентитет. Р. Бјули, разликува четири главни црти поврзани со раѓањето и востановувањето на христијанството во Римскиот свет: формална управна структура, често со определна хиерархија; одреден степен на правна автономија; признавање на религиозните авторитети како толкувачи пред религиозните заедници и како пример на религозен живот; и фузија на јазикот со религијата.[160] Ова го истакнуваме бидејќи сметаме дека уште долго време после примањето на христијанството, независно од одлуките на соборот во 870 година, тешко може да се говори за автентична "бугарска" црква со сите наведени елементи кои го сочинуваат црковно-религиозниот живот на едно општество.

Веста на Продолжувачот провоцира уште неколку прашања поврзани со влијанието на Византија и ситуацијата во Македонија.

Најнапред, логично би било да се запрашаме, ако Византија му ја доделила Загора на Борис-Михаил после покрстувањето, тогаш овој регион се уште, било политички, било црковно, влегувал во византиските интересни сфери уште од времето на мировниот договор меѓу Византија и Бугарија склучен во 864 година. Бидејќи нас особено не интересира Стримонската долина, тогаш, овој детаљ ја потврдува и хипотеза дека заокружувањето на темата Стримон, на која веројатно и претходела и некоја нижа тематска единица, на пр. архонтија, се случило во првите десетлетија во втората половина на IX век.

Силната политичка и црковна активност на Византија меѓу "варварските" народи Словените и Бугарите, се потврдува и преку постоењето на епископијата на Стримон изразена со учеството на

---

[160] R. Bulliet, *Conversion to Islam in the medieval Period: an Essay in quantitative History*, Cambridge, 1979, 34–35. S. Nikolov, "The Pagan Bulgars and Byzantine Christianity in the Eighth and Ninth Centuries", http://users.ox.ac.uk/~hist0002/Bulgars.doc., 1-34.

нејзиниот епископ, Павле, на соборот на Фотиј во 879 година.[161] Присуството на уште неколумина византиски епископи на овој собор од деловите на западниот Балкан според наше мислење укажуваат на тоа дека не може со сигурност да се зборува за реално бугарско присуство било по насилен или по мирен пат во овој период западно од Стримон. Камениот натпис пронајден во с. Балши, околу 25 километри југозападно од градот Берат во Јужна Албанија, во кој се вели: "....се покрсти кнезот на Бугарија Борис, преименуван во Михаил, (зедно) со од Бога дадениот нему народ, (во) година 6374 (866),"[162] не мора да сведочи како потврда за, условно, западните граници на Бугарија односно дека поголем дел од македонските територии веќе се наоѓале во состав на бугарската држава. Тоа исто така не подразбира дека делови од Македонија , после 866 година, постепено не влегувале под политичка доминација на Бугарија без сосема да се истисне византиското влијание, најмногу преку делувањето на црквата. Во времето на мисијата на Климент, во 886 година, Борис го држел Белград, околните српски земји, а исто така и Охридско-Деволската област во Западна Македонија.[163]

На соборот на Фотиј во 879 година, покрај епископот на Стримон, се потпишани и неколку други епископи од западниот дел на Балканот. Таков е случајот со епископот на Охрид, Гаврил,[164] со епископот на Дарданија, Јоан,[165] со епископот на Моравија, Агатон,[166] со епископот на Драгувитија, Петар.[167] Сиве овие епископи, кои доаѓаат од словенските области (освен Теоктист) несомнено ја претставувале византиската црква, независно што во овие области, освен во делот на Стримон, Византија немала теми. Доколку тие би ја претставувале Бугарија, тогаш не е јасно зошто на соборот не бил присутен да речеме епископот на Плиска, на

[161] J. D. Mansi, *Sacrorum conciliorum, nova et amplissima collectio*, Graz 1960, XVII, col. 377; ИБИ ГИБИ, IV, София 1961, 117; Т. Живковић, *Јужни Словени*..., 252-253.
[162] *Историја на македонскиот народ*, т. I..., 316.
[163] А. Милев, *Гръцките жития на Климент Охридски*, София 1966, 120-125.
[164] Mansi, XVII, col. 376; ИБИ ГИБИ, IV..., 117; Б. Николова, *Устройство и управление*..., 83;
[165] Mansi, XVII, col. 378; ИБИ ГИБИ, IV...,117.
[166] Mansi, col. XVII, col. 373; ИБИ ГИБИ, IV...,117; С. Пириватрић, "Византијска тема Морава и 'Моравије' Константина VII", *ЗРВИ 36/1997*, 178-180.
[167] Mansi, XVII, col. 375; Г. Х. Χιονίδου, *Ἱστορία τῆς Βέρροιας*, т. 2, Θεσσαλονίκη 1970, 158-162; F. Dvornik, *Byzantine Missions Among the Slavs*, Ruthgers University 1970, 40-41; И. Стефоска, *Словените*..., 123-125.

Сердика и сл., со други зборови зошто Бугарија би била претставена со епископи од “нејзините” гранични територии, а не од делови многу поблиску до седиштето на државата? Постоењето на овие стари или можеби возобновени епископски седишта во време на силната мисионерска активност на црквата, се должи на веќе формираните теми од блиското соседство и нивните седишта. Таков е случајот на пример со темата Драч, во близината на Охрид, со Солунската тема со центар во Солун и секако со Стримонската тема со центар во Серез. Ако внимателно погледнеме од каде доаѓаат овие епископи, воочуваме дека овие епископски седишта се наоѓаат на важните комуникациски артерии во овој дел од Балканот. Дали можеби преку работата на црквата, и влијанието на соседните теми Византија успевала да ги оддржува и контролира и комуникациските врски толку важни за животот на средновековниот човек?

Во 7 Нотиција (901 година) во која се јавуваат нови епископии со словенски имиња во областите кои биле под цврста контрола на Царството -во различни делови од Тракија, Македонија, Тесалија, Епир, Пелопонез и сл., сите византиски епископии за кои говоревме погоре повеќе не фигурираат. Овој интересен податок очигледно изразува една нова реалност од крајот на IX век проследена и низ црковната географија. Освен епископијата на Стримон која веројатно била укината, сите останати епископии, со сигурност можеме да кажеме дека влегле во политичко-административните и црковни сфери на бугарската држава и црква.

Во *Житието на 15 Тивериуполски маченици*, Теофилакт, ги споменува комесот Таридин[168], управник на територијата на Брегалница, кој веќе бил комес кога Борис-Михаил се повлекол од престолот (889 г.) и комесот Домет[169], управник на Кутмичевица кога Климент бил испратен за учител во таа област (886 г.). Следејќи го византискиот модел на

[168]ИБИ ГИБИ...,XXX [37] 69. Cf. И. Пенева, “За две тракийски имена в административния апарат на Българската държава от края на IX в. – Таридин и Котокий”, *Исторически преглед, 10/1992*, 72-75.

[169] А. Милев, *Гръцките жития...*, 125; ИБИ ГИБИ...,XXX [53] 31-32; I. Duichev, *Kiril and Methodius: Founders of Slavonic Writing (A Collection of Sources and Ctirical Studies)*, New York 1985, [53], 114.

управување и владеење, нешто толку типично за младите средновековни држави, Борис-Михаил, и уште повеќе неговиот син византискиот воспитаник Симеон, авторитетот на државата го градат и потврдуваат и преку независноста на црквата и христијанизацијата на населението. Формирањето на новата епископија на Брегалница,[170] во чиј состав влегол и дел од територијата на Стримонците, и подоцна на епископијата на Климент[171] , (независно од неможноста истата прецизно да се лоцира), на територии на кои и Римската и Цариградската црква полагале право и во кои делувал клир специјално обучен на словенски јазик, како да го покажува патот на ширењето на бугарската држава кон крајот на IX и почетокот на X век во земјите на кои повеќе од два века живееле македонските Словени и веројатно остатоци од старото христијанско население.

Богатиот археолошки и епиграфски материјал во реонот на реката Брегалница укажува на постоење на стара црковна традиција, на просторите на источна Македонија, со добра организација, раководена од два епископски центра во Баргала и Запар.[172] На локалитетот Крупиште во брегалничката област се откриени знаци, слова, цртежи врежани во

---

[170] ИБИ ГИБИ...,XXX [42] 72; Б. Алексова, *Епископијата на Брегалница*, Прилеп 1989. Cf. К. Трајковски, "Брегалничката епископија во светлината на најновите археолошки истражувања": *Светите Климент и Наум Охридски...*,337-343; П. Илиевски, *Појава и развој на писмото...*, 310-323.

[171] Од обемната литература во врска со ова прашање ќе посочиме неколку студии и статии. Преглед на постарата литература од различна провиниенција во: *Старобългарска литература* (Енциклопедичен речник), ред. Донка Петканова, София 1992, 224-225; A. E. Tachiaos, "Clement D'Achrida dans l'actualite Bulgare": *Greeks and Slavs*, Thessaloniki 1997, 99-114; К. Станчев – Г. Попов, Климент Охридски, София 1988, 41-51; Б. Алексова, "Св. Климент – организатор на првата словенска епископија во Македонија",: *Светите Климент и Наум Охридски...*,143-152; Б. Панов, "Климент Охридски и равојот на струмичко-брегалничките црковни и книжевни средишта",: *Светите Климент и Наум Охридски...*, 279-292; P. Gautier, "Clement d'Ohrid, eveque de Dragovista", *REB XXII/1964*, 199-214, особено 199-200. Ставот на Готје во врска со епископијата на Климент, е особено проблематичен, бидејќи аргументите што ги носи во прилог на неговата теза дека Климент бил епископ на Драгувитија, се однесуваат на сомнителни вести од XI век, со чија "помош" се обидува да ја докаже тезата. Cf. Б. Николова, *Устройство и управление...*,78-91, особено 81-82 каде што авторката аргументирано ја проблематизира и ја побива тезата, којашто се држи до ватиканскиот препис на Климентовото Житие за тоа дека долната граница на неговата епископија се протегала помеѓу Солун и Верија, односно дека таа ги опфаќала териториите на словенските Драгувити.

[172] B. Alexova – C. Mango, "Bargala, A Preliminary report", *DOP 25/1971*, 273-277.

сурова глина или во печена тула. На 34 плочи меѓу словата од различните култури можат да се препознаат и глаголските.

Деловите од Житието во кои Теофилакт зборува за основањето на епископијата и за пренесувањето на моштите на неколкумина од Мачениците во новиот брегалнички храм создаваат впечаток за силна религиозност на населението во тој период во Струмица и Брегалница. Гробовите на Мачениците биле напуштени, вели Теофилакт, кога Аварите го опљачкале Тивериупол, и затоа за нив веќе не се знаело ништо. Во времето на Борис овие светци започнале да се огласуваат со чудесни појави и исцелувања, при што Борис одлучил да ги ископа нивните тела и свечено да ги сохрани во црква. Необичноста на Теофилактовата приказна за ископувањето на моштите во Струмица, можеби укажува на веродостојноста на неговиот извор. Ексхумацијата била извршена во присуство на свештениците, благородништвото и народот; откако копале до извесна длабочина, "наишле на саркофазите на светците; сите биле покриени со плочи од обработен мермер врз кои биле испишани имињата на покојниците; тука пишувале и што работел секој од нив, на кој ранг му припаѓал и каков израз на лицето имал". Моштите на мачениците Борис не ги сохранил во Струмица туку ги пренел во новата црква изградена во нивна чест, на Брѓеалница. Теофилакт не објаснува ништо зошто Борис-Михаил донел таква одлука. Во текот на подготовките за пренос, телата на светците биле обвиткани со покрови и положени во дрвени ковчези, додека мермерните плочи од саркофазите биле однесени во некое друго светилиште (името не се споменува) во истата дијацеза. Граѓаните на Струмица, увидувајќи дека ќе ги изгубат моштите на своите заштитници, жестоко се побуниле. Благодарејќи на присебноста на комесот, крвопролевањето било избегнато со постигнување на спогодба. Така, само моштите на тројцата постари Маченици кои биле први на списокот, Тимотеј, Комасиј и Евсевиј, биле пренесени во Брегалница. На народот во Струмица му било допуштено да ги задржи преостанатите дванаесет кои веројатно биле погребани на истото место во црквата со форма на крст, којашто археолозите ја открија и ископаа во Струмица.[173]

[173] ИБИ ГИБИ..., XXX, [27]-[28], 62; [37-]-[42], 69-72.

Колоритноста и живоста со која Теофилакт ја раскажува оваа многу важна сцена од житието, докажуваат дека тој се послужил со некој извор пишуван на словенски јазик кој непосредно или посредно се протегал до минатото се до сведокот кој со свои очи го видел откривањето на моштите на св. Петнаесет маченици во Струмица, а потоа и нивното пренесување во Брегалница. И не само тоа. Архиепископот успеал една постара хагиографска тема да ја обои со локален колорит. Очигледно во времето на владеењето на Борис, култот на св. Петнаесет Маченици од Тивериупол сосема се укрепил во Македонија. Врпочем и ископувањата од поново време убедливо ја потврдуваат точноста на неговите кажувања, барем што се однесува на Струмица. Оболенски претпоставува дека главната причина што го навела Теофилакта да го сочини Житието била неговата желба да го поддржи тој култ. Како што покажуваат ископувањата, најобемната реконструкција на црквата во форма на крст во Струмица биле сторени за време на неговиот живот, веројатно кога бил архиепископ во Охрид. Струмица и Брегалница се наоѓале во неговата дијацеза и не биле многу оддалечени од Охрид. Веројатно, и двата града, исто така, припаѓале и на дијацезата на св. Климент кон крајот на IX и почетокот на X век, така што тешко може да и оддолееме на помислата за улогата што ја имал Климент за време на неговата мисија во ширењето на култот на св. Петнаесет маченици во Македонија. Славејќи го чинот на ширење на христијанството меѓу незнабожечките Словени во Македонија, Теофилакт отворено го одобрува тоа што свештениците во брегалничкиот храм оддржале богослужба на словенски јазик.[174]

Царот Симеон ја продолжил политиката на неговиот татко во смисла на зацврстување на внатрешните состојби во новите епископии. Во негово време, поточно по 893 година, Климент станува епископ, а териториите на неговата епископија ги опфаќале земјите во близината на

---

[174]Д. Оболенски, *Шест византијских портрета...*, 90-93; Н. Драгова, "Старобългарски извори за Житието на петнадесетте тивериопулски мъеници от Теофилакт Охридски", *Studia Balcanica,* т. 2, София 1970, 118-123. За местото и улогата на моштите во создавањето култовите, Н. Драгова, "Вярата в лечителното чудодействие на мощтите в старобългарската литература", статијата ќе биде публикувана во: *Aeterni Coronati*, Зборник од меѓународната конференција *Култовите на ранохристијанските светци од Југоисточна Европа*, одржан во Софија 1999; За култот кон светците и неговата социјална и етичка функција во раното средновековие повеќе во: П. Браун, *Култот към светците*, София 2000.

Охрид. Градот Струмица уште еднаш се споменува во Житието на Теофилакт, каде повторно гледаме една старо-нова сцена. Имено, по заповед на Симеон, комесот[175] Дристар, веројатно наследникот на комесот Тарадин, ги пренел моштите на уште двајца маченици од Тивериупол, Сократ и Теодор, во црквата крената по заповед на Борис – во Брегалница.[176] Комитатот со кој управувале Тарадин - Дристар ги вклучувал регионите на Брегалница и Струмица меѓутоа не е јасно каде се наоѓало седиштето на комитатот. Комесот Дристар се споменува и во пограничниот столб кренат на околу 20 километри на север од Солун. Ова е познатиот столб кој во 904 година ја означувал граничната линија меѓу царството на Симеон и Византија. На него се впишани имињата на олгу-тарканот Теодор и на комесот Дристар.[177] Во една вест од латинска провиненција, запишана од страна на архиепископот на Ремс–Хинкмар, се зборува дека во Бугарија во 866 година, во времето на Борис-Михаил, постоеле десет комитати (*decem comitatus*).[178]

Владеењето на Симеон претставувало едно од најголемите предизвици за царството на Балканот. Византија веќе нема работа со еден “варварин” кој доаѓа пред портите на Цариград и си заминува, туку со

[175] П. Коледаров смета дека титулата комес е од византиска провениенција, P. Koledarov, “Le titulariat des boyards dans la Bulgarie médiévale”, *Etudes Historiques 4/1968*, 199, со приложената литература. Со неговото мислење се согласува и Пириватриќ, С. Пириватрић, *Самуилова држава*..., 58. Од друга страна, В. Златарски бил на мнение дека грчкиот термин ко́μηϛ, соодветствува на старословенскиот kQmetq. Cf. В. Златарски, *История I*..., 634-636.

[176] ИБИ ГИБИ..., [47] 75,

[177] Й. Иванов, *Български старини из Македонийа*, София 1931, 17; И. Венедиков, *Военно и административно устройство на България през IX и Хвек*, София 1979, 59-60, 77-78; Й. Андреев, “Нарышкая надпис княза Симеона и адмнистративное устройство болгарского государства в конце IX и начеле X века”, *Etudes Balkaniques*, 3/1978, 121-131; П. Георгиев, “За граничните колони в района на Солун по времето на Княз Симеон”: *Общтото и специфичното в балканските народи до края на XIX век*, Сборник в чест на 70-годишнината на проф. В. Т. Заимова, София 1999, 98-106.

[178] *Annales Bertiniani auctore Hincmare*, ed. Pertz, MGH SS I, 473-474; Со проблемот на десетте комитати се занимавал Т. Василевски, кој освен што смета дека комитатите биле големи административни центри кои ја покривале речиси целата територија на бугарската држава, сепак не успеал да даде некој поконретен одговор за начинот, функционирањето и местото на овие комитати во устројството на бугарската држава. T. Wasilewski, “Origine de l’ organisation administrative des ‘comitats’ en Bulgarie medievale”, *Etudes Balkaniques 3/1978*, 84-88; idem “Славянско-романският комитат Охрид и Скопие и българскиот тарканат Кутмичевица–области, в които Климент и Наум провеждали учителската си дейност”:*Свеїшиїше Клименїш и Наум Охридски и ӣридонесоїш на охридскиоїш духовен ценїшар за словенскаїша ӣросвеїша и кулїшура*, (прилози од научен собир одржан на 13-15 септември 1993), Скопје 1995, 159-162.

христијански владетел образован и формиран во Цариград. Дeцениите што следат по стапнувањето на Симеон на престолот се исполнети со жестоки конфликти помеѓу Византија и Бугарија кои својот врв го достигнале во борбата за царската круна во Цариград. Тежиштето на судирите главно било во Тракија додека Македонија, која во во овие односи се споменува попатно, била оставена настрана. Византиските автори повеќе не ги споменуваат македонските склавинии кои губејќи ја својата независност стануваат дел од византиското царство или влегуваат во состав на бугарската држава. Воинствените Стримонци за последен пат се споменуваат во случката околу Солун, кога на повик на солунскиот стратег да му дојдат на помош на градот одбиле да се вклучат во неговата одбрана што само ја покажува силината односно слабоста на византиската контрола врз овие помалку лојални поданици на чело со нивните архонти.[179]

Иако не влегуваат директно и конкретно во границите на нашиот труд, невозможно е да преминеме на настаните во следното поглавје без накратко да проговориме за контекстот во кој кон крајот на X век ќе се роди едно ново царство – Самуиловото.

Главните актери во судирите со Симеон и воедно најважните личности преку кои се гледа односот на Византија кон Балканот, несомнено се патријархот Никола Мистик, царицата Зоја и Роман Лакапин (920-944). Леснотијата со која Симеон пустошел по околината на прстолнината уште еднаш ја покажува слабоста на византиската одбрана на Балканот. Во времето на краткотрајниот мир помеѓу двете војни со Симеон, изгледа дека токму патријархот Никола Мистик увидувајќи го проблемот со балканските земји во однос кон Бугарија, му посветува и најмногу внимание. Во негово време систематски се зголемува бројот на епископските седишта на запад, заради засилување и организирање на територијата која се чини дека била запоставена. Епархијата Солун била преусмерена на запад од градот, а солунската митрополија станува тесалиска. Зацврстени биле и новите епископски седишта и засилени градовите во областите од Серес кон исток, каде што бројот на новите

[179] За овие случувања, повеќе во претходното поглавје.

епископии бил особено зголемен.[180] Долниот тек на Стримон влегувал во рамки на византиската тема Стримон, која и кон крајот на владеењето на Симеон функционирала на чело со нејзиниот стратег. Од изворните податоци неможе прецизно да се заклучи во чии раце или под чие влијание, дали византиско или бугарско, се клисурите по средниот тек на Стримон.

Епизодата со крунисувањето, на Симеон во Цариград, со се целата нејзина симболика и отстапката што ја сторил Патријархот Никола Мистик, всушност зборува за, од една страна, егзистенцијалната криза на царството во дадениот период и од друга, за намерите и целите на византискиот воспитаник. Резултатот од Симеоновото дело не бил истоветен со неговата намера смета Пириватриќ, бидејќи Симеон не посакувал создавање на сопствено бугарско царство туку седнување на тронот на византискиот цар.[181] Нема да навлегуваме во деталите на крунисувањето, проблем кој до ден денешен се расправа и објаснува во науката.[182]

Приемот на Симеон во Цариград во август 913 година е посебен случај. А. Каждан е на мнение дека ние, всушност, не знаеме што навистина се случило кога патријархот Никола Мистик го ставил неговиот *епиришарион* врз главата на бугарскиот владетел. Многу поважно и дури посимболично е што Симеон влегол во Цариград како резултат на воена инвазија.[183] Патријархот го воведува Симеона во кругот на потенцијални господари на Царството ветувајќи му дека ќе се ороди со младиот цар, за своето ветување да го потврди со благословот, кој за Симеон, всушност, претставувал и фактичко крунисување за цар. Каква и да била случката со крунисувањето на Симеон, покрај нејзината длабока симболика, таа всушност му го отворила патот на неговиот син Петар во признавањето на титулата "цар на Бугарија". Признавањето на царската титула на еден нов

---

[180] *Notitiae Episcopatuum*..., Not. 7; 71, 278; 73, 273; J. Darrouzès, "Sur les variations numériques des évêchés byzantins, *REB 44/1986*, 5-45; В. Станковић, "Карактер византијске границе..., 285-287.

[181] С. Пириватрић, *Самуилова држава*..., 38.

[182] I. Dujchev, "On the Treaty of 927 with the Bulgarians", *DOP 32/1978*, 219-295; Г. Острогорски, *Автократор и самодржац*, Сабрана дела 4, Београд 1970, 281-364; idem *Историја*..., 254; С. Пириватрић, *Самуилова држава*..., 39-40, f.n. 27.

[183] A. Kazhdan, "The notion..., 16-17. Cf. I. Božilov, "L'idéologie politique du tsar Symeon: Pax Symeonica", *Byzantino-Bulgarica 8/1986*, 78; И. Божилов-В. Гюзелев, *История*..., 246-260.

субјект на Балканот, и неговото легитимирање во рамки на средновековната политичка идеологија на Византија му овозможило на бугарското име долг живот, а на бугарската држава можности за повторни појавувања на историската сцена.

Политиката што ја водел во однос на Бугарија и големата моќ што ја имал патријархот Никола ја натерале царицата Зоја да ги заштити интересите и власта на малолетниот Константин. По враќањето во царската палата таа ја осигурала послушноста на патријархот за негово немешање во световните работи на царството. Но, големиот пораз кај Анхијал во 917 година значел и пораз на политиката на царицата Зоја. Тоа им овозможило на претставниците на некои од воените фамилии во подем да влезат во вителот на политичките настани. Настапувајќи како заштитник на правата на малолетниот Константин, Роман Лакапин, откако впловил со флотата во пристаништето кај дворецот Вуколеон, го испратил Никита Магистер во палатата да изнуди одобрување од патријархот Никола Мистик за негов влез во градот и превземање на власта. Мирот кој завледаел со северниот сосед, во наредните четири децении конечно бил потврден со венчавката на внуката на Роман Лакапин со синот на Симеон. Есента 927 година, како што наведува Скилица, синот на Симеон, Петар, и Марија Лакапина, која го добила симболичното име Ирина, склопиле брак под ѕидовите на градот, во црквата на пресветата Богородица.[184]

Изворите не кажуваат ништо за приликите во Македонија во времето на Петар (927-969). Има само еден мал детаљ, од интерес за нашиот проблем. Имено по смртта на Симеон, во Бугарија започнале борбите за власт. Против Петар станале неговите браќа Јоан и Михаил. За време на востанието на Михаил, кој запоседнал некоја бугарска тврдина, нему му "се присоединиле отцепените од Петар, Скити".[185] Некои од истражувачите се на мнение дека центарот на востанието бил во Мелник. Инаку поимот Скити, кој често пати во византиските извори се користи за

---

[184] Ioannis Scylitzae, *Synopsis Hitoriarum*, ed. I. Thurn, Berolini et Novi Eboraci 1973, [223] 44-47.

[185] Г. Г. Литаврин, "Формирование и развитие болгарского раннефеодального государства (конец VII – XI в.)": ред. Г. Г. Литаврин, *Византия и славяне*, Москва 1985, 262-263; Петар Мутафчиев - Вера Мутафчиева, *История*..., 160-161.

различни нехристијански народи, во овој случај се однесува на Словените кои живееле во реонот на среднен Стримон.[186]

Времето на "длабокиот" мир помеѓу Византија и Бугарија од 927 за повеќе од неколку децении го пренасочил интересот на Царството кон Исток и војните со Арабјаните. Поради тоа, Бугарија се нашла на периферијата на интересите на византиските автори, или попрецизно таа отсуствува од историската традиција на епохата. Оттука, собитијата што ја засегаат историјата на македонските Словени во смисла на политичко-социјални и културни прилики за нас остануваат неодгатливи се до нивното појавување во седмата деценија на векот кога настапил колапсот на бугарската држава, и кога по востанието на комитопулите, Византија, се до почетокот на новото илјадалетие, на Балканот имала конфликти со еден нов ентитет – Самуиловата држава.

## 2.2. Струмичката област во Самуиловата држава и битката на Беласица

Се чини малку невообичаено за труд од ваков карактер, ова поглавје да го започнеме со дел од еден расказ чиј автор е писателот И. Точко. Неговиот расказ е инспириран од битката на Беласица во 1014 година. Фрагментот од приказната оди вака:

..."А кога се спуштила ноќта самовилите од сите македонски планини, летнале на бојното поле, на Беласица, да ги соберат мртвите очи...Останале само езерските самовили, запрегнале бели ракави и почнале да градат голем, светол дворец, среде недостижните езерски длабочини, и само што бил готов дворецот долетале и самовилите од Беласица со своите бисерни ковчежиња полни со мртви очи... Веднаш ги наредиле ковчежињата со очите во безбројните сали на дворецот и го

---

[186] Во византиските извори често пати се јавува етничкиот термин Скити (Σκύθοι), за народите и племињата со кои Царството често доаѓало во допир. Всушност, поради литературните склоности на авторите кои не сакале да ги употребуваат (за нив) варварските имиња, со цел да не ја валкаат сопствената историја, тие се служеле со имињата на народите за кои сметале дека некогаш живееле во тие области. Повеќе во: ВИИНЈ III...,27,f.n. 18. Употребувајќи го терминот Скити, византиските автори алудирале или на потеклото на овие народи (онолку колку што Византијците имале претстава за нив) имајќи го наум античката претстава за Скитија или на нивниот начин на живот којшто заличувал на оној, т.е. на Скитите од Херодот, P. Stephenson, *Byzantium's Balkan Frontier*, Cambridge 2000, 6.

заиграле својот волшебен танц...Не минало многу време и силен блесок ја стоплил длабоката езерска град, небаре илјада сонца огреале на неговото дно..."[187].

Беласичката битка со нејзиниот трагичен и ужасен исход останала запишана во историјата и меморијата на балканските народи, особено на македонскиот служејќи како мотив во различни книжевни творби, преданија, легенди и сл. Таа му послужила и како инспирација на писателот Точко во дваесеттиот век да го сочини неговиот фантазмагоричен расказ. Зошто го наведуваме сето ова во научен труд? Писателот користи еден средновековен настан, кој го симболизира крајот на една држава, на едно царство и интерполирајќи го во уметничка форма со сета нејзина симболика го потсетува современиот читател на една далечна случка која заслужува да биде запомната. Хуманистичката порака, сонцата што ги греат сите луѓе во конкретниот случај реферира на паметењето како на позитивен принцип за еманципација и ослободување којшто живее во и преку самата памет.

Од друга страна, еден друг средновековен писател преку неговите стихови го означил раѓањето на една држава и потресот што таа го предизвикала во "востановениот поредок на светот", барем во неговиот источен дел, во кој само едно царство и само еден цар биле одговорни за опстанакот на христијанскиот свет. Византискиот поет, во X век, Јован Геометар во често цитираната песна εἰς τὸν κομιτόπουλον вели: "Горе на небо кометата го спали вселенскиот етер, а долу една комета (комит) го запали Западот. Оваа ѕвезда, предзнак на сегашните Мракој, беше ублажена од светлоста на утринската ѕвезда. Но втората се запали со залезот на Никифор. Овој страшен вител предизвикан од одмазничките божества спалува се...".[188] Стиховите на византискиот поет се однесуваат на појавувањето на комитопулите во 969 година и тие како да го антиципираат создавањето на државата на Самуил.

---

[187] И. Точко, *Грев*, Скопје 1971, 28

[188] Песната во оригинал и со превод, заедно со коментари на делото на Јован Геометар, е предадена во: А. Лероа – Молинген, "Синовите на Петар бугарски и комитопулите": *Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самоиловата држава*, Скопје 1971, 63-65. Види и: ВИИНЈ III..., 24-25.

Струмица и струмичко во соодветниот период претставувале еден од круцијалните пунктови во рамки на Самуиловата држава. Градот и областите кои спаѓале во негова надлежност биле силно воено, административно и веројатно епископско седиште коешто успеало да ги сочува своите позиции се до последниот голем удар на остатоците од Самуиловото царство во 1018 година. Парадоксално, но можеби најмногу преку Беласичката битка, и воопшто византиско-словенските односи во тој период, останале трагови во изворите за историјата и на овој македонски регион.

Со освојувањето на голем дел од бугарската држава и нејзиното делегитимирање во 971 година Византија успеала да загосподари со голем дел од Балканот. Податоците што ги носи *Ескоријалскиот тактикон*, овозможуваат до некаде да се согледаат границите на византиската власт на Балканот. Византија загосподарила со т.н. Дунавска Бугарија, чиј центар можеби се наоѓал во Мал Преслав.[189] Во внатрешноста пак, управен центар од големо значење бил Велики Преслав, кој во *Тактиконот* се споменува како Јованопол, именуван според Јован Цимиски. Во времето кога бил составен *Тактиконот*, Јованопол бил поврзан со областите на Тракија, и со двата региона управувал еден стратег.[190] Областа околу денешна Стара Загора, исто така била под власта на византиски стратег. Помеѓу Адријанопол (Одрин) со кој управувал дукс, и градот Солун, во кој се наоѓале и дукс и стратег, лежеле темите Стримон и Нов Стримон, вторава чија место положба не е доволно јасна настанала со издвојување на дел од темата Стримон.[191] Стратегот на темата Стримон, веројатно управувал со областите северно и северозападно од Солун.[192] Понатаму на запад се простирала темата

[189] V. Tapkova – Zaimova, "L'administration byzantine au Bas Danube (fin du X-XI siecle)", *BS LIV/1993*, 95-101, со наведената литература.

[190] N. Oikonomides, *Les Listes...*, 264.

[191] N. Oikonomides, *Les Listes...*, комент. 357. Икономидис смета дека темата Нов Стримон ги опфаќала областите околу р. Места или пак во горниот тек на Стримон. На истото мнение е и A. Stavridou - Zafraka, "Development of the Theme Organisation...135-136. Од друга страна Заимова ги предлага областите на запад од долниот тек на Стримон. V. Tapkova – Zaimova, "Les frontièrs occidentales des territories conquis par Tzimiscès", *Studia Balcanica 10/1975*, 114, VR London 1979, XII.

[192] N. Oikonomides, *Les Listes...*, 357. Во *Ескоријалскиот Тактикон* за прв пат се споменува и дуксот на Солун, N. Oikonomides, op. cit., 354.

Верија.[193] За Јадранскиот брег, бил задолжен стратегот на Ерихон, Драч и Далмација.[194]

Сликата за состојбите во Македонија односно во западниот дел од бившото Бугарско царство, каде всушност и се појавуваат комитопулите останува замаглена во смисла дека ние не знаеме ништо за тоа какви биле приликите после 971 година, во ситуација кога Византија војнички не ги владеела овие територии. Постоечкиот изворен материјал неможе да покаже како и и во колкава длабочина во внатрешноста на Бугарија била навлезена византиската администрација во текот на 970 година, и колку таа ја надживеала смртта на Јован Цимиски (969-976) во 976 година.[195] Ако пак, работите ги анализираме според последиците – во обратен смер, единствено што можеме да кажеме е дека: 1. појавата на комитопулите претпоставува определена слободна територија (Западна Македонија) на која тие го започнале своето делување како сериозна политичка сила, иако во периодот до 986 година невозможно е да се спознае колкава била нејзината екстензивност и во колкава мерка биле нарушени византиските придобивки од 971 година; 2. поширок политички контекст – сите расположиви ресурси на Царството во време на консолидација на моќта на комитопулите биле насочени кон борбите со Склир и оние на Истокот; 3. постоење на определени, условно да кажеме социо-економски услови како база за воените походи и формирање на државата; 4. независно од карактерот на новата држава, просторот на кој таа била формирана, во деловите од некогашните склавинии[196], можеби го покажува во

---

[193] N. Oikonomides, *Les Listes* ..., 356.

[194] Ibidem..., 352, 353, 358.

[195] Повеќе за изворите како и за воените походи на Ј. Цимиски на Балканот, во втората глава од студијата на: P. Stephenson, *Byzantium's*...,47-79. Стивенсон користи обемен изворен материјал за да ја реконструира византиската администрација на Балканот. Некои од неговите анализи се веројатни, иако тој ретко е експлицитен за многуте проблеми поврзани со сведоштвата што ги користи. Неговиот текст за царското владеење на Балканот содржи определен степен на апсолутна сигурност којашто не секогаш, може да биде поткрепена со писмените и материјалните извори. Cf. С. Антољак. *Средновековна Македонија I*, Скопје 1985, 294-307.

[196] Можно е како средиште на новата држава да ги сметаме територииите на некогашната склавинија Верзитија, доколку ја прифатиме хипотезата за нејзината локација. Повеќе во: И. Стефоска, *Склавиниите*...,49, со наведената литература., Но, никако не е можно, со апсолутна сигурност да се тврди дека “Склавинијата Верзитија, истовремено била и средиште на богумилското движење, што потврдува дека македонските богумили зеле масовно учество во востанието на комитопулите”, *Историја на македонскиот народ* I..., 359. Не само што ниту еден расположив извор не споменува ништо за постоење или делување на богумилска секта во средиштето на Самуиловата држава, туку ни

политичко-правна смисла незавршениот или задоцнетиот процес на преддржавните творби, склавиниите, кои во еден историски момент, успеваат да се консолидираат во ентитет кој во очите на византиските автори претставувал државна творба; 5. прашањето за тоа како било можно Византија во една констелација на сили како што ја опишува *Тактиконот*, поголем дел од териториите на Македонија да останат слободни, останува отворено; 6. единствено нови археолошки откритија, нумизматички, сигилиографски и епиграфски остатоци би можеле да помогнат во расветлување на внатрешниот карактер на Самуиловата држава.

Она што најмногу не интересира - регионот на Струмица, повеќе од веројатно е дека во време на "одметнувањето" на комитопулите од византиската власт во 976 година, како што сведочи Скилица,[197] се наоѓал во рамки на византиските сфери на влијание. Впрочем, дека конкретната византиска моќ во епохата на Цимиски не се протегала отаде регионот на Видин и на Струмица, забележала уште В. Т'пкова-Заимова.[198]

Од друга страна кога ги користиме сведоштвата на Скилица, нашиот основен извор за времето на комитопулите треба да имаме на ум дека тој, всушност дава еден генерален осврт на приликите во Бугарија до експедицијата на Василиј II (976-1025) во 986 година, преку кој прави еден вид увод или позадина за делувањето на Василиј.[199] Од кажувањето на Скилица за судбината на четворицата браќа, разбираме дека Мојсиј загинал при опсадата на Серез, кој во тоа време бил бранет од дуксот на градот. Меѓутоа, не е јасно дали годината на неговата смрт паѓа исто како

---

приближно не може да се утврди датата на првата појава на богумилството на македонската територија, М. Лаос, " Прашањето за еретичкото движење под царувањето на Самоил": *Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самоиловата држава*, Скопје 1971, 213-218.

[197]Ioannis Scylitzae, *Synopsis*..., [57]-[63], 328. Малку е необично тврдењето во *Историја на македонскиот народ* I..., 359, дека до "976 година комитопулите ги прошириле границите на својата држава се до градот Серез и горниот тек на реката Струма", (sic!).

[198] V. Tăpkova - Zaimova, "L'administration byzantine..., 96.

[199] Јадран Ферлуга еден од приредувачите на ВИИНЈ III...,52, потенцира дека целта на Скилица е да ги покаже случувањата за време на владеењето на еден цар, Неговата основна тема е царот Василиј II, на која тој ги надоврзува останатите случувања. Заради тоа авторот, Скилица, на моменти е конфузен, често пати заради подоро разбирање повторува исти работи, и што е нжајважно, тоа го прави без да ја почитува хронолошката рамка во неговата хроника; J. Ferluga, "John Scylitzes and Michael of Devol", *ЗРВИ 10/1967*, 163-170; W. Seibt, "Ioannes Scylitzes – Zur Person Des Chronisten", *JÖB 25/1976*, 81-86.

и смртта на Давид, веднаш после востанието во 976 година или не.[200] Неможноста да се определат областите и начинот на кој владееле четворицата браќа, се до осамостојувањето на Самуил ги поттикнало некои од научниците на мислење дека местата на нивната смрт, вклучително и онаа на Арон, [201] можат да посведочат и за териториите со кои тие управувале. Според ова гледиште, Мојсиј ги управувал областите околу Струмица, Арон во Сердика, Давид, пак, управувал со Солун и Тесалија, и сл. [202] Меѓутоа, ниту еден извор не допушта да се утврди ниту природата на нивното владеење, а уште помалку областите со кои тие, ако воопшто може да се каже така, управувале. Местата на нивната смрт, во ниеден случај не позволуваат да се смета дека токму во тие области владееле.[203] Ако за пример го проследиме случајот на Мојсиј кој загинал при опсадата на Серез, и ако знаеме дека Византија ја држи под контрола долината на Стримон, како било можно тој да управува со, да речеме, Струмичката област во 976 година? Гледиштето според кои покорувањето на Бугарската држава само по себе не подразбирало и присуство на византиска војска на секоја педа од новостекнатата земја,[204] што впрочем е просведочено во *Ескоријалскиот Тактикон*, во поново време е делумно релативизирано со откривање на два печати, кои иако не се однесуваат на

[200] Независно од неможноста да се востанови годината на смртта на Мојсиј, во науката главно се прифаќа дека тоа се случило 976 година. Cf. ВИИНЈ III..., 76-77.

[201] Годината на смртта на Арон се уште остава простор за дискусии меѓу научниците. Според Скилица излегува дека тој умира – бил убиен истата година кога и неговите браќа. Но, според интерполациите во текстот на Скилица, направени подоцна од епископот Михаил Деволски, излегува дека Арон во времето на битката кај Трајановата порта во 986 година бил жив. Во науката постојат аргументи и за едната и за другата хронологија. Види: коментарот на Ферлуга во ВИИНЈ III..., 77-79, f.n. 24; J. Ferluga, "John Scylitzes...166-167; С. Пириватриќ ги сумира сите понови гледишта, но сепак го прифаќа мислењето на Ферлуга дека Арон најверојатно умира до 14 јуни 976 година. С. Пириватрић, *Самуилова*...,86, f.n. 41-42. Повеќе за аргументите во прилог на хронологијата на Михаил Деволски во: И. Божилов – В. Гюзелев, *История*...,319-320, f.n. 15-17.

[202] В. Златарски, *История* I..., 640; П. Петров, *История на България* 2, София 1981, 398.

[203] И. Божилов – В. Гюзелев, *История*...313-314; Б. Панов, "Струмичката област во времето на Самоил": *Илјада години*...„ 157. Истиот автор, како да е резервиран кон својот став искажан во наведенава статија бидејќи подоцна говори за тетрархија, (четиривластие) на четворицата браќа, со една заддршка дека сепак неможат да се определат териториите со кои тие владееле. Повеќе во: *Историја на македонскиот народ* I, Скопје 2000, 359; За тетрархијата види и: С. Антољак, *Средновековна*..., 352-362.

[204] Љ. Максимовић, "Организација византиске власти..., 35, f. n. 18.

Македонија, упатуваат на помисла дека Византија можеби имала барем номинално влијание и во областите кои не се забележани во Тактиконот.

После описот на одделните судбини на Самуиловите браќа, Скилица накратко ги реди воените походи на Самуил, кој искористувајќи го отсуството на византиската војска, во тоа време зафатена со борбите против Варда Склир, го "опустошил целиот запад, не само Тракија и Македонија и областите околу Солун, туку и Тесалија, Хелада и Пелопонез. Завземал многу тврдини од кои главна била Лариса..."[205] Ова се всушност правците по кои се ширела државата на Самуил до битката кај Трајановата порта во 986 година. Иако немаме конкретни податоци за тоа кога струмичкиот регион и воопшто Источна Македонија влегле во состав на државата на Самуил, заземањето на Софија во 986, до која најбрзо и најлесно се стасува преку Стримонската долина, индиректно укажуваат дека до паѓањето на Софија, Струмица и струмичко веќе биле освоени. Зафатен од граѓанските војни, царот Василиј II, повторно се посветил на проблемите на Балканот после октомври 989 година.[206]

Тежиштето на исцрпувачките воени судири меѓу Василиј II и војските на Самуил (и останатите топарси[207]) до битката кај Сперхеј 996 година се одвивале во јужна Македонија, околу Солун, во Тесалија се до Пелопонез. Во обидите на Самуил да го заземе Солун, 995 година, во битка со неговите војски загинал солунскиот дукс Григориј Таронит. Царот Василиј за нов намесник на градот го поставил Јован од Халдеја,[208] кој следната година, слично на неговите претходници, паднал во замка и бил одведен во заробеништво во тврдините околу Струмица, каде 22 години подоцна Драгомуж, управникот на овие области, го ослободил при предавањето на тврдините во рацете на Василиј II.

---

[205] Ioannis Scylitzae, *Synopsis*..., [92]-[93], 330; ВИИНЈ III..., 81-82.

[206] Г. Острогорски, *Исшорија*..., 284-285; 288-289.

[207] Ioannis Scylitzae, *Synopsis*...,[64]-[67], 339; ВИИНЈ III..., 204, f.n. 32. Овој многу интересен податок кај Скилица, упатува на начинот на кој било уредено управувањето со државата. Топарсите изгледа биле великодостојници кои стоеле на чело на извесни области и уживале определен степен на самостојност.

[208] Дуксот Јован се споменува и во еден документ од манастирот Ивирон, поточно станува збор за еден акт што тој го издал како дукс на градот со кој се потврдува иземањето од данок на манастирот Коловос и четириесетте парохии од регионот на Хиерисос, *Actes d'Iviron* I, ed. J. Lefort, N. Oikonomides, D. Papachryssanthou, Paris 1985, 152-154; Детален опис на имотите на Ивирон во соодветниот период 25-59. R. Morris, "The Athonites and their Neighbours", : *Byzantine Macedonia*..., 157-167.

Битката кај Сперхеј која најверојатно се случила есента 996 година претставувала пресврт во повеќегодишните војни на Балканот. Тоа е првиот голем пораз на Самуил од кој едвај извлекле жива глава Самуил и неговиот син Роман.[209] Овој пораз не влијаел многу на натамошната судбина на Самуиловата држава. Амбициите на Самуил биле усмерени кон Јадранот, територии кои влегле во склоп на неговата држава.

Меѓутоа, на младата словенска држава допрва и претстоеле одлучните борби со Византија. Откако царот Василиј ги завршил борбите на Истокот во последните години од X век, бил подготвен за офанзива на Балканот. Како добар војник и стратег, Василиј успеал најнапред да ги запоседне областите помеѓу Дунав и Балканските планини во 1001 година, и се упатил кон Македонија каде ги освоил градовите: Верија, Сервија и Воден. Оттука, се завртел кон север и го зазел Видин, важен град на Дунав. Византиската војска повторно се спуштила во Македонија и во 1004 година го освоила Скопје., еден од најважните градови во овие области. На тој начин бил завршен првиот дел од воениот план на Василиј. Од распоредот на освоените територии се гледа дека централните области на Самуиловата држава биле фатени како во клешти. Всушност, допрва престоела офанзива за нејзино конечно уништување. Веќе во 1005 година Византија го освоила Драч, најважното средиште на источниот брег на Јадранот. Во периодот помеѓу 1005 и 1014 година продолжиле исцрпувачките војни на царот Василиј со Самуила. Скилица потврдува дека Василиј ја напаѓал "Бугарија" секоја година пустошејќи и уништувајќи сé пред себе.[210] Бидејќи Скилица не споменува никакви детали за сиве овие години, се чини дека тој како да направил еден вид на кратко резиме на материјалот со кој располагал и кој или му се чинел неважен или пак премногу обемен за да му посвети доволно внимание. Во секој случај останува загатка ваквата постапка на хроничарот. Од друга страна, како што забележал Стивенсон, речиси е фрапантно колку многу други автори од сосема различни, но и далечни милјеа зборуваат за долгите војни на Василиј со Самуиловата војска или според нивните

[209] Ioannis Scylitzae, op. cit. [25]-[52], 341-342. ВИИНЈ III...,88-90, со извонредните коментари на Ј. Ферлуга.
[210] Ioannis Scylitzae, *Synopsis*..., [9]-[10] 348.

перцпеции и означувања - со Бугарите, како на пр.: авторот на житието на Св. Никон, ал-Рудравари, Елиас од Нисиби и Адемар од Шабани.[211]

Изгледа дека во контекст на една од годишните воени кампањи што во тек од повеќе години ги водел Василиј против моќниот непријател, Скилица се осврнува на битката кај клисурата или теснецот Клидион. Бидејќи Василиј, обично навлегувал преку Κίαβα Λόγγου и Клидион,[212] Самуил токму тука се обидел да го загради теснецот. Но, неговите обиди биле безуспешни и како што е добро познато во битката кај Беласица на 29 јули 1014 година, Самуиловите војници претрпеле катастрофален пораз.[213] Кратко време пред одлучувачкиот пробив на блокадата кај Клидион, што го направил еден од војсководците на Василиј, Никифор Ксифија, на византиските војски им се придружил и дуксот на Солун, Теофилакт Вотанијат, кој успеал да го порази одредот војска на чело со Несторица.[214] По победата кај Клидион, Василиј се упатил кон Струмица и по патот ја освоил тврдината Мацукион.[215] И уште една интересна вест што ја носи Скилица покажува всушност од какво воено-стратегиско значење за Самуиловата држава претставувал регионот на Струмица. Имено, авторот вели дека царот Василиј му наложил на Теофилакт Вотанијат (солунскиот дукс), да ги мине ридовите околу Струмица, да ги спали утврдувањата подигнати на нив за да го направи прооден патот кој преку Беласица водел до Солун. Меѓутоа, патот му го попречил Гаврил Радомир кој ја поразил византиската војска. Василиј ги прекинал воените дејствија и се повлекол кон Мелник од каде по неговото освојување се вратил во базата во Мосинопол.[216] По смртта на Самуил, на Василиј му требале уште цели четири години до конечниот триумф. На тронот на

---

[211] P. Stephenson, *Byzantium's*..., 56-58.

[212] Двата топонима се различно убицирани. Повеќе за тоа: ВИИНЈ III..., 105-106 со прегледот на постарата литература. За убикацијата на Клидион мошне прифатливи се аргументитите на Т. Томовски,: "Белешки за положбата на некои месности во Македонија во почетокот на XI век": *Македонија низ вековиѿе*, Скопје 1999, 72-76.

[213] Ioannis Scylitzae, op. cit. [17] –[35] 348-349; ВИИНЈ III..., 104-107.

[214] Ibidem..., [59]-[66] 350.

[215] Ibidem, [65]-[68], 350. За убикацијата на Мацукион повеќе кај Т. Томовски, "Белешки за положбата..., 76-77. Cf. И. Микулчиќ, *Средновековни ѓрадови*...,314. Авторот не е убеден дека тврдината Мацукион се наоѓала во близината на Струмица.

[216] Ibidem, [69]-[94], 350-351. И. Дуйчев, "Мелник през средновековието": *Българско средновековие,* 374-412.

македонската држава сега застанал Гаврил Радомир (1014-1015).[217] Византиските војски полека го стегале јаремот околу преостанатите делови од Самуиловата држава. Освојувањето на нејзините централни делови, потоа пресекувањето на патните комуникации кои ги поврзувале источните и западните делови на Самуиловата држава, го принудиле Гаврил Радомир да побара мир од Византија. Василиј, се посомневал во неговите намери и ги испратил Никифор Ксифија и новиот дукс на Солун Константин Диоген во регионот на Меглен каде била осовоенамегленската област, градот и тврдината Енотија.[218] Набргу потоа - нецела година по седнување на престолот, во 1015 година, Гаврил Радомир бил убиен од раката на неговиот братучед Јован Владислав (1015-1018), синот на Арон кој се сметал за легитимен наследник на престолот. Царот Василиј продолжил со бруталните освојувања, но и со средствата на тајната дипломатија. Откако оспособил дел по дел од најважната патна комуникација Via Egnatia, и откако влегол во Охрид, и откако го истерал Ивец од Пелагонија, кон крајот на годината Василиј преку Солун се повлекол во Мосинопол. Таму му заповедал на патрикијот Давид Аријанит да се упати кон Струмичката област. По големата победа на Беласица, Струмичкиот регион се уште не бил во византиски раце. Тоа покажува дека Византија, всушност, се уште не ја контролирала втората многу важна патна комуникација по горното и средното течение на Стримон. Давид Аријанит ја освоил тврдината Термица, расположена на падините на Беласица, во голема близина на Струмица.[219] Урнатините од оваа тврдина, се оние од локалитетот Калеери над селото Банско, токму во близината на Струмица како што смета Томоски.[220] Покрај одредот на Аријанит, еден друг одред на чело со Ксифија бил испратен да ги заземе утврдувањата во областите на Сердика. По враќањето од Истокот каде

---

[217] К. Аџиевски, *Пелаїонија*...,41-42.

[218] Ioannis Scylitzae, *Synopsis*...,[9]-[38] 352. Тврдината Енотија се наоѓала на североисток од Меглен, V. Kravari, *Villes et villages de Macédoine occidentale*, Paris 1989, 84-85.

[219] Ioannis Scylitzae, op. cit [81-[87] 354. ВИИИНЈ III..., 119, f.n. 138 каде се изложени постарите мислења во врска со локацијата на оваа тврдина.

[220] Т. Томоски, "Белешки за положбата...,77. Иако не е до крај убеден во оваа локализација, Микулчиќ сепак ја допушта оваа претпоставка како можна и веројатна токму заради името на средновековната тврдина - Термица, кое може да се поврзе со термалните извори во денешното село Банско, секако во корелација со остатоцитее од Градиштето над селото. И. Микулчиќ, *Средновековни ї радови*..., 314.

војувал речиси до крајот на летото 1016 година, царот Василиј, во почетокот на есента, лично тргнал во областите на Софија, каде се уште имало неосвоени делови. Но, и овој пат Византијците не успеале да го освојат неосвоивиот Перник. Минала уште една и пол година до враќањето на Василиј во Цариград, период во кој Византија се уште не успеала да ги освои и последните "слободни словенски острови" во византиското море.

На веста за смртта на Јован Владислав, (најверојатно во почетокот на февруари 1018 година) царот Василиј, повторно ги кренал војските. Но, овој пат, како што нашироко раскажува Скилица, "бугарските големци", по смртта на својот владетел сами му се предавале на византискиот цар.[221] Братот и синот на Кракра, побрзале уште кај Одрин да му ги предадат на милоста на царот неосвоивиот Перник и околните триесет и пет тврдини. Во Мосинопол го чекале пратениците од Пелагонија, Моровизд и Липљан, предавајќи му ги градовите. Во Серез, му пристапил Кракра и архонтите на уште триесет и пет тврдини, а Драгомуж ми ги предал тврдините од обласа на Струмица и како награда се здобил со титулата патрикиј.[222] Паѓа во очи дека градот Струмица се уште не бил освоен. Исто така за одбележување е и фактот што Скилица не ги титулира ниту Кракра ниту Драгомуж за разлика од *архон<u>ти</u>т<u>е</u>* на триесет и петте тврдини-градови кои му биле предадени на царот. Во поглед на организацијата на државата, изгледа дека поголемите градови како Перник и Струмица биле центри на големи области во чиј состав влегувале помалите области со помали градови како центри на чие чело стоеле архонти додека во поголемите градови седеле големците со повисока титула, која Скилица не ја споменува.[223]

Внимателната анализа на случувањата од последните две години на Самуиловата држава, доколку се следи трасата на градовите и тврдините од Источна Македонија и воопшто поширокиот регион долж долината на Стримон, можеби, парадоксално покажува дека овие региони на поранешното Бугарско царство, кои пред помалку од 50 години, Цимиски

[221] Ioannis Scylitzae, *Synopsis*..., [63], 357- [53], 360.
[222] Ibidem..., 361; ВИИНЈ III..., 124-125.
[223] ВИИНЈ III..., 125. За различното значење на терминот архонт, cf. *The Oxford Dictionary of Byzantium*, (ODB) I, New York-Oxford 1991, 160, со наведената литература.

релативно лесно ги освоил, во случајот на Самуиловата држава, последни паднале во рацете на Василиј. Струмица паднала дури на крајот, а претходно ниту еднаш не била заземена. Дали воената вештина и владетелска мудрост на Самуил и неговите наследници, секако на неговите војсководци и првенци и можеби не помалку важно, фактот дека тоа се регионите од склавинијата на Стримонците, биле причината за ваквата ситуација на теренот? Или во прашање е нешто сосема друго. Освен на ниво на можни претпоставки одговорот на овие загатливи прашања се уште останува недофатлив. Приближувајќи се кон Струмица, со намера да ги превземе тамошните тврдини пред царот се појавиле "бугарскиот архиепископ" Јован со писмо од жената на Владислав во кое таа ветувала дека ќе ја напушти земјата доколку се исполнат неколку услови.

Походот на Василиј завршил по совладувањето на последните слободни територии од Самуиловата држава и преку Солун пролетта 1019 година царот триумфално се вратил во Цариград.

Администрацијата што ја воспоставил царот Василиј веднаш по освојувањето е проблематична за реконстируирање. Скилица претставува една слика на воено управување: старите фортификации биле обновени; биле изградени нови утврдувања; сите оние управители на тврдините кои му се предале на Василиј, и понатаму продолжиле во извршување на нивните функции. Сепак, некои други извори укажуваат дека слично како и на источните граници, Василиј претпочитал да владее со релативно лесна рака. Освен постојаниот гарнизон во Скопје кој дејствувал под авторитетот на регионалниот воен командир, византиското воено присуство на Балканот наскоро било намалено. Гарнизноните инсталирани во возобновените доцно-римски фортификации на средниот Дунав биле повлечени, ако не од самиот Василиј тогаш од неговите наследници.[224]

Во меѓувреме, Василиј слично како и на Истокот не превземал мерки за дислоцирање на постоечката фискална и административна бирократија. На поранешните византиски заробеници во војната, населени

---

[224] P. Stephenson, *Byzantium's*...125-130.

од Самуила на териториите на неговата држава, им било овозможено да ги задржат своите добра, - не морале повторно да и се приклучат на византиската војска. Византиските власти продолжиле да ја оданочуваат локалната популација на ист начин како и порано. Царот ги назначувал царските службеници да ги организираат и да раководат со финансиите на локално ниво. На истокот овие луѓе биле бирани од редовите на локалното благородништво.[225]

Меѓутоа, мораме да бидеме претпазливи и да се запрашаме дали ваквите решенија биле применувани и на териториите на поранешната Самуилова држава, проблем кој допрва треба да се разреши. Во секој случај ако се повлече некаква паралела помеѓу црковната и финансиката администрација тогаш излегува дека и финансиската бирократија била од редовите на локалните жители. На полето на црковните работи како што е добро познато Василиј го укинал поранешниот патријаршиски статус на црквата дарувајќи и привилегии на Охридската архиепископија на степен на автокефалност под чија контрола потпаднале и повеќе соседни епископии. Во времето на Василиј архиепископот бил биран од редовите на локалните црковни достоинственици. Употребата и назначувањето на официјални лица кои доаѓаат директно од Цариград како и воведувањето на нови видови на даноци биле непопуларни иновации воведени веднаш по смртта на Василиј.[226]

Кога станува збор за канонските територии на Охридската архиепископија, од голема помош се сигилионите на царот Василиј. Пириватриќ е на мнение дека е можно врз основа на канонските територии под јурисдикција на новата Охридска архиепископија приближно да се реконструираат и териториите на поранешната Самуилова држава бидејќи според него постои определно поклопување на новите црковни граници со старите административни.[227] Тезата на Пириватриќ е донекаде прифатлива, но со една резерва од наша страна бидејќи ако го следиме византискиот принцип постојат случаи во кои црковните и државните граници воопшто неморале да се поклопуваат.

---

[225] Ioannis Scylitzae, *Synopsis* ..., 363. C. J. Holmes, "How the East was Won in the Reign of Basil II": *Eastern Aprroaches to Byzantium*, ed. A. Eastmond, Aldershot 2001, 48-50.
[226] P. Stephenson, op. cit. 75-79.
[227] С. Пириватрић, *Самуилова...*, 98.

Таков е на пример случајот за кој говоревме во претходното поглавје со византиските архиепископии и бугарската држава во времето на Борис.

Во секој случај, според сигилионите на Василиј, првиот датиран во 1019 година, претставува резултат од неспосредната спогодба помеѓу Василиј и "бугарскиот" митрополит Јован со кој, после уништувањето на Самуиловата држава, се устројува црквата на освоената "Бугарија". За нашето истражување овој сигилион е од посебна важност бидејќи меѓу останатите епископски седишта како што се: Охрид (седиште на архиепископот), Касторија, Главиница, Меглен, Битола и останатите, се споменуваат Струмица и Моровизд.[228]

[228] H. Gelzer, "Ungedruckte und wenig bekannte Bistümverzeichnisse der orientalischen Kirche", *BZ 2/1893,* 42-44; С. Пириватриħ, op.cit. 98-99; Б. Цветкова, *Устройство...*, 78.

# Трета глава: *Струмица под византиска власт (XI – XII век)*

## 3.1. Административно уредување во рамки на тематскиот систем

Балканскиот полуостров во XI и XII век претставувал една од клучните стратешки и економски точки на Византија. Подемот на византиската економија најмногу се должел на развојот на земјоделието така што Царството се повеќе станувало зависно од земјоделските добра и богатства на Грција, Македонија и Тракија.[229] Не помалку важно е што во вековите коишто се предмет на нашиот интерес Балканот е, исто така, многу важен комуникациски мост на Византија со западна Европа, како преку неговите пристаништа, Драч и Солун, така и преку неговите копнени комуникации за чија важност воопшто, говоревме во претходните поглавја. Гео-политичката позиција и неговите природни ресурси го направиле Балканот важен регион за Византија. Токму поради тие причини, речиси на сите цареви од династијата на Комнините примарна цел во нивната политика им била да го држат и чуваат под цврста контрола. Ова особено се случува и станува реалност во времето на Мануил I Комнин (1143-1180).[230]

Инаку, ако се обидеме накратко да ги синтетизираме основните феномени на оваа епоха, од некои учени наречена византиска прото-Ренесанса, може да се каже дека тие се одбележани од две многу важни црти: развојот на новите провинцијални градови и доминатноста на новата аристократија. Зачетокот на овие два феномена е вкоренет во втората половина на X век додека нивниот подем коинцидира со владеењето на првиот цар од династијата на Комнините за потоа да продолжат да бидат поддржувани за сето време од владеењето на оваа династија. Главниот внатрешен проблем на Царството не претставувала феудалната дезинтеграција туку кризата на традиционалниот бирократски систем, кој повеќе не бил во состојба да ги исполнува неговите функции. Токму во XI век се појавува еден жесток судир помеѓу традиционалната монархија и

[229] P. Charanis , "The Byzantine Empire in the Eleventh Century", VR, XVI, London 1973, 177-219; M. F. Hendy, *Studies in the Byzantine Monetary Economy c. 300-1450*, Cambridge 1985, 44-58.

[230] P. Magdalino, *The Empire of Manuel I Komnenos, 1143-1180*, Cambridge 1993; M. Angold, *Church and Society in Byzantium under the Comneni, 1081-1261*, Cambridge 1995, 75-114.

новите сили, во кој Цариград успеал да го задржи својот економски и културен монопол. Но, веќе во следниот век, некои од провинциските градови започнале успешно да му конкурираат на центарот и воената аристократија со провинциско потекло се повеќе навлегувала во редовите на владеачката елита на Комнините.[231]

Во контекст на ова што го говориме треба да се истакне дека за трансформациите што се случувале во Византија во овие два века, во главно постарите гледишта постои мислење дека тие претставуваат доба на дезинтеграција на Царството и негов колапс.[232] Меѓутоа, редица истражувања сериозно ги доведуваат под прашање ваквите мислења и, воедно, ги релативизираат. Зошто? Затоа што ако се проследат економските, демографските и социјалните параметри може да се види слика на една жива економија, на земјоделство - како основна стопанска гранка - во подем, стабилност на селото, од втората половина на XI се до средината на XIII век, како предуслов и основен фактор на демографски растеж, наспроти мислењето за депопулација, потоа зголемување на циркулацијата на парите и др. Градот и градската култура на Балканот токму во овие векови доживуваат процут, и покрај фактот што некои, како на пр. оние на долен Дунав биле уништени.[233]

Во територијална смисла, триумфот на Василиј II, ги отворил портите на византиската експанзија на Балканот така што новостекнатите византиски територии се протегале од среден и долен Дунав до најјужната точка на Пелопонез и од Црното Море се до Истра.[234]

---

[231] S. Vryonis, "Byzantine Δημοκρατı'α and the Guilds in the Eleventh Century", *DOP 17/1963*, 287-314; A. P. Kazhdan - G. Constable, *People and Power in Byzantium*, Dumbarton Oaks 1982, 134-139; Детаљна анализа на социјалната структура на Византија во XI и XII век, во веќе класичната студија на рускиот византолог Каждан. А. П. Каждан, *Социалный состав господствующего класса Византии XI - XII вв.*, Москва 1974; Б. Крсмановић, *Успон војног племства у Византији XI века*, Београд 2001, 231-284.

[232] Г. Осторогорски, *Историја*...,301-323; H. Antoniadis - Bibicou, "Problèmes d'histoire économique de Byzance au XI siècle: démographie, salaries et prix", *BS 28/1967*, 255-261; S. Vryonis, "Byzantium: the social basis of decline in the eleventh century": *Byzantium: its Internal History and Relations with the Muslim World*, VR, II London 1971; N. G. Svoronos, "Société et organisation intérieure dans l'"Empire byzantin au XI siècle": *Études sur l'organisation intérieure, la société et l'économie de l'Empire byzantin*, VR, IX, London 1973; H. Ahrweiler, *Erosion sociale et comportements excentriques à Byzance aux XI-XIII siècles*, Athens 1976.

[233] A. P. Kazhdan – A. Wharton Epstein, *Changes in Byzantine Culture in the Eleventh and Twelfth Centuries*, Berkeley & Los Angeles 1990, 24-36.

[234] Библиографијата за византиската експанзија на Балканот е голема, затоа ќе издвоиме неколку релевантни студии кои воедно нудат преглед и на обемната постара

За прв пат, по времето на Јустинијан I, целиот Полуостров бил обединет под еден жезол, оној на византиските цареви. Различното множество од етнички групи, со кои изобилувал Балканот било вклучено во византискиот политички, административен и црковен апарат. Од денешна гледна точка се чини неверојатна уметноста и умешноста на византискиот државно-црковен модел кој успевал да ги обедини и интегрира во еден систем различните човечки групи. Всушност она што ја разликува Византија од другите современи држави, и без кое е невозможно нејзиното илјадагодишно постоење, е функционалноста на чиновничкиот апарат преку кој на различните човечки групи им се наложувала волјата на еден владетел, на византискиот цар. Неопходноста од поседување на определени знаења била основната претпоставка за определена служба. Оттука, овој, слободно можеме да кажеме демократски принцип, како главен критериум за назначување на чиновници, овозможувал голем број непознати луѓе, чијашто единствена предност биле образованоста и способностите, да влезат во царската служба и да се издигнат до највисоките рангови во чиновничката хиерархија.[235]

Од друга страна и фактот дека византиската политичка теорија во принцип ги игнорирала и била индиферентна кон етничкото сознание и етничката посебност, претставува не помалку важен услов за философијата и секојдневјето на византиското полиетничко општество. Според оваа теорија сите "православни" христијански поданици на Царството биле третирани како "Ромеи", независно од нивното етничко потекло. Ромеизацијата завршувала со покорувањето на тоа население и со неговото вклучување во военоиот и даночниот систем.[236] Ставот на византиското православие многу јазици – една црква, став сосема

---

библиографија: Г. Острогорски, *Историја*...,305-370; J. Ferluga, *Byzantium on the Balkans, Studies on the Byzantine Administration and the Southern Slavs from the VIIth to the XIIth Centuries*, Amsterdam 1976; J. V. A. Fine, *Early Medieval Balkans*, Ann Arbor 1983; J. C. Cheynet, "La politique militaire byzantine de Basile II à Alexis Comnène", *ЗРВИ, XXIX-XXX/1991*, 60-74; D. Obolensky, "Byzantium and the Slavic World",: *Byzantium a World Civilization*, Dumbarton Oaks 1992; 37-48; P. Magdalino, *The Empire* ..., 27-109.

[235] Й. Е. Караянопулос, *Политическата теория на Византийците*, София 1992, 109.

[236] Х. Матанов, *Средновековните*...,98-99; С. М. Ћирковић, "Удео средњега века у формирању етничке карте Балкана": *Работници*..., 171-184.

спротивен од папското инсистирање на латинскиот јазик, била тајната на успехот во православниот балкански комонвелт ќе истакне М. Мазовер.[237]

Иако Византија не успеала сиве овие територии веднаш да ги постави под директна контрола, тие влегувале во рамки на нејзина политичка и идеолошка доминација се до поделбата на Царството од страна на Латините, Бугарите, Србите, Турците Селџуци и локалните династии.[238]

Во административна смисла неколку многу важни појави ја карактеризираат провинциската управа во XI век. За разлика од рановизатниската епоха, како и од времето на подемот на тематското уредување (VII-X век), XI век се издвојува со шаренило на административни единици. Под изразот тема се подразбирале, старите, главно големи теми, потоа темите од времето на Василиј II и, конечно, малите теми, создавани во тек на целото столетие и понекогаш сведени само на една тврдина.[239] Всушност, најкарактеристичен феномен на епохата е територијалнотоуситнување на надлежностите, процес кој токму од тогаш станува правило за византискиот државен систем. Статусот на провинциските намесници драстично се изменил. Тематските стратези го изгубиле поранешното значење и нивното присуство останало карактеристика, исклучиво, на малите теми, доколку изворите на употребуваат некој помалку специфичен термин, односно понеутрален како што е случајот со терминот *архонт.* Со поголемите или позначајните, особено граничните теми, како и со новите големи теми управувале, дуксовите или катепаните, а нивните управни територии во науката се нарекуваат дукати и катепанати.[240]

Со менувањето на улогата и преструктурирањето на тематскиот систем, кој од воена се повеќе преминувал кон цивилна управа, се изменила и улогата на стратиотите-тематските војници.[241] Важноста на

---

[237] М. Мазовер, *Кратка историја на Балканот*, Скопје 2003, 71.
[238] M. Angold, *The Byzantine Empire, 1025-1204*, London - New York 1997.
[239] H. Ahrweiler, "Recherches sur l'administration...,78-91; Љ. Максимовић, "Организација византијске власти у новоосвојеним областима после 1018. године", *ЗРВИ 36/1997*, 31-43.
[240] За употребата на термините дукат и катепанат, Љ. Максимовић, "Организација византијске власти..., 33, особено f.n. 10.
[241] За улогата, значењето и местото на тематските војници како и за нивното создавање и нивниот социјален статус повеќе во извонредниот труд на Љ. Максимовиќ, во кој, меѓу

професионалните - тагматски војници, како инструмент на државната – воената моќ особено пораснала токму во XI век.

Цивилната администрација на провинциите била во рацете на судијата (κριτὴς), како највисок функционер во темата, често пати овластен и за собирање на даноците. Почнувајќи од крајот на X век, се почесто се среќава и терминот претор (πραιτόρ) – цивилен администратор на провинцијата. Постепеното кумулирање на функции во рацете на дуксовите-катепани, довело до исчезнување на судиите и на преторите во својство на цивилни администратори на провинциите. Со промените во даночниот систем, почнувајќи уште од XI век, особено се зголемила и улогата и функцијата на т.н. практори, чија што моќ можела да се протега врз една или повеќе провинции или диоцези. Една друга многу типична функција за XI век, била функцијата проноет (προνοήτης). Терминот означувал администратор на добра. Многу е интересно што во изворите се среќаваат проноети со голема територијална јурисдикција. Познати се на пр. неколкумина проноети, и тоа еден со титула на "цела Бугарија", потоа проноетот на Самос, на Атина и др. Поверојатно е дека овие личности имале јурисдикција врз црковните имоти, а не врз цивилните. Формулата (πάσης Βουλγαρίας), како што е добро познато, се наоѓа на печатите на Охридските архиепископи и во дадениот случај упатува на Охридската архиепископија и нејзините надлежности од Дунав до Јадранското Море. Дали ова значи дека овие функционери, проноети, биле администратори на црковните добра кои можеле да исполнуваат и определени воени задолженија останува нејасно.[242]

Како биле уредени и управувани византиските територии на земјите од поранешното Самуилово царство? Љ. Максимовиќ е на мнение дека колку и да е точна онаа позната реченица на Г. Острогорски, но и на други

---

останатото, авторот ги проблематизира востановите гледишта, како на пр. она на Г. Острогорски или пак, она на Е. Кеги, кои долго време преовладувале во науката, Љ. Максимовић, "Тематски војници у византијском друштву - прилог новом процењивању проблема", *ЗРВИ XXXIX/2001-2002*, 25-49.

[242] N. Oikonomides, "L'évolution de l'organisation administrative de l'empire Byzantin au XI siècle (1025-1118)", *Travaux et Memoires 6/1976*, 125-152, 148-151; T. Wasilewski "Les titres de duc, de catépan et de pronoètès dans l'empire byzantin du XI jusqu'au XII siecle", Actes du XII Congres International des Etudes Byzantines, 2, Belgrade 1964, 233-239. Бидејки титулата проноет во дадениов контекст не е јасна види ги и сугестиите во: *Oxforf Dictionary of Byzantium III...*, 1733.

научници дека Василиј II, насекаде во покорената земја ја обновувал византиската власт и по градовите поставувал свои команданти, сепак уште многу загатки ја пратат нашата претстава за тоа како конкретно изгледала реставрацијата на византиската власт.[243]

Не е спорно постоењето на темите кои не биле загрозени во време на Самуиловото владеење, како на пр. темите Солун и Никопол, ниту пак на оние создадени во времето на Цимиски, и потоа обновени после 1018 година, како што биле темата Драч, Паристрион или Парадунавон, и покрај нивните делумни внатрешни преструктурирања. Најзагатливо, сѐ уште, останува прашањето за огромните пространства кои ги сочинувале централните делови на поранешното Самуилово Царство. Во претходното поглавје истакнавме дека завршните операции во конечното покорување на остатоците од Самуиловото Царство ги водел лично самиот цар Василиј II, кој со себе го носел и дворскиот известувач, на што укажал Острогорски.[244] Кога дошло време царот да се врати во престолнината на споменатите простори не оставил било кого туку во Скопје, за стратег - автократор со најшироки воени овластувања, го назначил патрикијот Давид Аријанит.[245]

Уште одамна е констатирано дека некогашните централни области на Самуиловата држава во административна смисла станале тема Бугарија со седиште во Скопје. Во историографијата, поради официјалната титула на нејзиниот управител – катепан, и темата се нарекува катепанат. Подоцна, од втората половина на XI век, управникот на темата ја носел титулата дукс, но независно од промените на официјалните називи на нејзините управници, со ништо не може да се потврди дека тоа имплицирало и промени во статусот на темата во рамки на административниот систем на Византија. Темата Бугарија ги опфаќала централните делови на Самуиловата држава и граничела со темите: Драч, Никопол, Хелада, Солун, Стримон, Македонија, Паристрион и Сирмиум.[246]

---

243 Љ. Максимовић, "Организација византијске власти..., 36.
244 Г. Острогорски, op. cit. 295.
245 Ioannis Scylitzae, *Synopsis*…,165
246 ВИИНЈ III..., 126-127, f.n. 165; H. Ahrweiler, “Recherches sur l’administration…, 85; Г. Литаврин, *Болгария*…, 266; Љ. Максимовић, "Организација византијске власти..., 37.

Сметаме дека од интерес на нашиот труд е да се истакнат аргументите на П. Стивенсон во врска со значењето на поимот *Буѓарија* како во времето на походите на Василиј II против Самуила така и по 1018 година. Имено, Стивенсон претполага, бидејќи воените походи на Василиј II се случувале на териториите северно од Солун и јужно од Преспа и Охрид, каде што била и базата на Самуил, дека главна цел на Самуила била да го контролира делот на Via Egnatia, помеѓу Драч и Солун, заради трговијата која се одвивала помеѓу овие два важни центри на Балканот. Оттука, според него ова се областите кои во времето на походите на Василиј II во перцепцијата на Византијците биле означувани со терминот "Бугарија".

Од друга страна, после 1018 година, терминот "Бугарија" вообичаено се употребувал за областите околу Охрид, Преспа и Скопје, востановени како административен и воен дисктрикт, а не за оние околу Преслав и Плиска, а ни ни најмалку за Дристар и Преславица. Сепак, византиските автори повремено ја употребувале и синтагмата "цела Бугарија", вообичаено во црковна, но многу ретко (веројатно по исклучок) и во административна смисла. Погоре го споменавме проноетот на "цела Бугарија". Всушност, терминот "Бугарија" бил приближно и поконкретно дефиниран дури после походите на Василиј II. Тој можел да се однесува доволно прецизно за регионот на Скопје на чело со стратеготот – автократор и сите нему потчинети стратези во тврдините или, пак, можел да се однесува на било која од областите, со кои претходно владееле бугарските цареви, вклучувајќи ги и оние меѓу планината Балкан и долен Дунав. Во секој случај, Стивенсон со право заклучува дека: "употребата на етнонимот 'Бугарин' и топонимот 'Бугарија' во средновековните извори не коренспондира со неговата современа употреба. Емотивниот набој што името го има денес, доволно се разликува од името ("Бугарија") коешто некогаш ги инспирирало царевите Јован Цимиски и Василиј II да ги слават нивните победи со помпезни церемонии".[247]

Новоформираната тема Бугарија немала никаква посебна автономија во рамки на административниот систем која би произлегувала

[247] P. Stephenson, *Byzantium's...*, 78-79.

од постарите национални или државни традиции. Во прилог на ова мислење сведочат податоците од изворите според кои сите одделно познати функционери кои ги поставувала византиската власт, не потекнувале од редовите на социјалната елита на Самуиловата држава туку од редовите на царската бирократија.[248]

Во периодот околу 1060 година за финансиската администрација во темата Бугарија се грижел Константин, πατρίκιος, ανθύπατος, βέστης, λογαριαστής и αναγραφεύς на цела Бугарија (πασής Βουλγαρίας).[249] Географските рамки на неговиот авторитет (кој можеби се протегал се до Дунав) како и множеството од титули упатуваат на тоа дека овој Константин бил одговорен за контрола на даноците, за регулирање на даночната стапка, и за контрола на активностите на практорите на територијата на целата тема. Назначувањето на една ваква личност покажува колку многу напредувале фискализацијата и приватизацијата во оданочувањето внатре во земјите кои лежеле на периферијата на Царството.

Покрај стратегот – автократор или подоцна дукс-катепан на темата Бугарија, околу 1042 година со седиште, исто така во Скопје, бил поставен и проноетот на "цела Бугарија". Првиот познат проноет, бил евнухот и монах Василиј, кој дури учествувал и во командувањето со експедицијата испратена против Печенезите во 1048 година. Како што истакнавме погоре, цивилниот администратор познат како претор работел заедно со дуксот на Бугарија. Преторот Јован Триакондафил се здобил и со рангот πρωτοπρόεδρος, воведен околу 1060 година[250] и веројатно му бил современик на Григориј, πρωτοπρόεδρος и дукс на Бугарија. Останатите дуксови на Бугарија познати во XI век биле Никифор Ватац, уште и πρόεδρος, и некој Никита Царицес.[251] Првиот дукс – воен командир на

---

[248] Љ. Максимовић, op.cit., 38; Г. Литаврин, op. cit., 254.
[249] J. Nesbitt – N.Oikonomides, *Catalogue of Byzantine Seals I...*, 93-94; N. Oikonomides, "L'évolution de l'organisation...140, 148-149.
[250] N. Oikonomides, "L'évolution de l'organisation..., 126; P. Stephenson, *Byzantium's...*, 137.
[251] J. Nesbitt – N.Oikonomides, *Catalogue of Byzantine Seals I...*, 94-95; P. Stephenson, op. cit. 137.

Скопје бил Никифор Карантин, за набрзо да биде заменет од Александар Кавасила.[252]

Кога зборуваме за Струмица и Струмичко после 1018 година, не е спорно дека тие, независно од административниот ранг, биле во состав на административниот систем на Византија (најверојатно како дел на големата тема Бугарија) и пред конкретното споменување на темата Струмица во изворите кон крајо тна XI век. Струмица Меѓутоа ако знаеме дека Струмица и Струмичко во време на Самуила претставувале силно одбрамбено и воено средиште, навистина е чудно зошто градот и пошироката област, речиси цел еден век, не се споменуваат во изворите барем во статус на некоја од пониските тематски единици.

Каква била ситуацијата во Струмичко и во XI век? Ако детално се проследи ситуацијата со околните региони, можно е да се претположи дека Струмица со нејзината околина, сепак, имала статус на помала тематска единица, во рамки на катепанатот Бугарија, но повремено и на темата Стримон, за подоцна во времето на уште поголемото уситнување на темите, градот да се здобие со статус на тема според значењето на поимот во тоа време. Така, на пример, во *Типикот* на големиот доместик на Западот, Григориј Бакуријан (основачот на манастирот на Св. Богородица во околината на Петрич, Бачковски манастир) се споменуваат темата Волерон и нејзината *банда* Мосинопол и Перитхеорион: ε'ν τῶ θέματι τοῦ Βολεροῦ κατὰ τὴν τοποθεσίαν τοῦ βάνδου Μοσυνοπόλεως... ὁμοίως ε'ν τῶ αὐτῶ θέματι κατὰ τὸ βάνδον τὸ Περιθεώριον.[253] Во истиот извор гледаме дека регионот на Загора, со главен град Мелник и регионот на Серез биле *турми* на темата Стримон.[254]

Од раниот XI век, и понатаму темата Волерон често пати била повремено обединувана со темите Стримон и Солун, понекогаш само со Стримон или само со Серез и со Струмица поради финансиски, даночни и судски причини. Овој вид на комбинации на теми, исто така, се случувал и

---

[252] П. Стивенсон е на мнение дека Икономидис не е во право кога тврди дека прв, познат дукс на Скопје бил Јован Таронит, P. Stephenson, op. cit. 137, f.n. 47. cf. VIINJ III..., 187, f. n. 45.
[253] "Le *typikon* de Sébaste Grégoire Pakourianos," ed. P. Gautier, *REB 42/1984*, 5-145, [288]-[289], [299], 10-14.
[254] Ibidem..., [351]-[352] 15.

со Солун, Стримон и Драгувитија или Стримон и Драгувитија според документите на Светогорските манастири и печатите.[255]

Од аспект на црковната географија, која само индиректно може да помогне во утврдување на статусот или поточно административната територија на Струмица, и покрај тоа што административните и црковните граници често пати не се поклопувале, вреди да се спомене првиот сигилион на Василиј II датиран во 1019 година. Во него се споменуваат следните епископски седишта: Охрид (седиште на архиепископот), Касторија, Главиница, Меглен, Битола, Струмица, Моровизд, Велбужд, Тријадица, Ниш, Браничево, Белград, Трамос (Сирмиум), Скопје, Призрен Липљан и Сервија.[256] Од сите наведени епископии епархијата на струмичкиот епископ несомнено била најмала ако судиме според двете, освен Струмица, села и според расположивиот број на клирици и парици кои му биле дадени на епископот. Така, струмичкиот епископ имал вкупно 12 клирици и 12 парици. За разлика од струмичката епископија, во епископијата на Моровизд, освен Моровизд се вбројувале и селата Козјак, Славиште, Злетово, Луковица, Пијанец и Малешево со вкупно 15 клирици и 15 парици.[257] Во 13-тата нотиција, поточно во апендиксот на оваа нотиција, струмичката епископија се наоѓа на деветото место, додека во покасната редакција е поставена кон крајот на списокот на епископии во охридската дијацеза.[258]

Конкретно споменување на Струмица како тема[259] во изворите, среќаваме во типикот на манастирот Св. Богородица Милостива од крајот

---

[255] A. Stavridou - Zafraka, "Development..., 137.

[256] H. Gelzer, "Ungerdruckte und wenig bekannte Bistumverzeichnisse der orientalischen Kirche", *BZ 2/1893*, 42-44.

[257] Ibidem..., 43; Й. Иванов, *Български старини изъ Македония*, София 1931, 552.

[258] *Notitiae Episcopatuum*..., ed. J. Darrouzes, XIII, 372.

[259] Е. Арвелер ги издвоила и систематизирала сите споменувања на Струмица како тема во XII век, в. H. Ahrweiler, "Recherches sur l'administration..., 87. f.n. 1. Таа е на мнение дека сите теми во овој период барем оние како струмичката опфаќале не повеќе од територијата на еден град, но под нејзина управа биле и сите села или населени места кои зависеле од градот. Овие теми биле создавани најмногу заради потребите во врска со оданочувањето, така што Арвелер ги нарекува "фискални" теми и навбројува преку 30 вакви единици. Ова нејзино мислење некои од научниците го прифаќаат со скепса бидејќи не е јасно како кон крајот на XII век темата повторно станала административна единица. Cf, Љ. Максимовић, *Византијска провинцијска управа у доба Палеолога*, Београд 1972, 21, f.n. 7.

на XI век.[260] За време на настанување на типикот, инаку во самиот типик никаде не пишува кога точно бил сочинет, П. Миљковиќ-Пепек го определува периодот меѓу 1085 -1106 г., поточно околу 1100 година. Во секој случај, типикот бил создаден во периодот меѓу издавањето на првата повелба на Алексиј I Комнин, на манастирот Св. Богородица Милостива во 1085 година, и втората во 1106 г.[261] Имено, во почетокот на типикот буквално стои:

"Τὸ ἴσον τῆς διατάξεως τοῦ ὁσιωτάτου πατρὸς ἡμῶν Μανουὴλ μοναχοῦ καὶ κτήτορος τῆς μονῆς τῆς ὑπεραγίας Θεοτόκου τῆς' Ἐλεούσης,τῆς ἐν τῶ θέματ ι μὲν Στρουμίτζης..."[262]

Приредувачите на третиот том документи на манастирот Ивирон во основа ја прифаќаат тезата на Миљковиќ – Пепек за датирањето на типикот, но тие сепак сметаат дека првото релевантно споменување на Струмица како тема е во втората повелба на Алексиј I Комнин од 1106 година.[263] И покрај тоа што не сме во состојба прецизно да ги определиме административните граници на темата Струмица, неспорно е дека манастирот Св. Богородица влегувал во нејзините "граници".

Во два подоцнежни податоци кои се среќаваат во една царска наредба од 1160, а која исто така се однесува на манастирот Св. Богородица, но и во практикот[264] на истиот манастир, попознат уште и како практик на Михаил Цангицаки[265] од 1152 година[266], се споменува една

---

[260] Л. Славева, "Типик на манастирот Богородица Милостива во селото Велјуса кај Струмица": *Акта Велјуса*, Скопје 1984, 123-128.
[261] Види ја анализата на П. Миљковиќ-Пепек, *Велјуса*...34-36; cf. L. Petit, *Le monastere de Notre-Dame*..., 9; Приредувачите на збирката на манастирски документи од Дамбртон Оукс го претпочитаат крајот на XI век како време за сочинување на типикот, "Eleousa: Rule of Manuel, Bishop of Strumitza, for the Monastery of the Mother of God Eleousa",: *Byzantine Monastic Foundation Documents*, ed. J. Thomas - A. Constantinides Hero, DO, Washington D.C. 2000, 167-191, f.n. 1. Попис и опис на документите на Манастирот Св. Богородица Милостива со соодветни коментари направил и В. Мошин, "Грчката архива на манастирот Богородица Милостива кај Струмица": *Акта Велјуса*..., 95-108.
[262] L. Petit, *Le monastere de Notre-Dame*..., 69; П. Миљковиќ - Пепек, *Велјуса*..., 258.
[263] *Actes D'Iviron III*, de 1204 a 1328, ed. par J. Lefort, N. Oikonomidès, D. Papachryssanthou, V. Kravari avec collaboration d' H. Métrévéli, Paris 1994, No. 56, 75.
[264] Практиците всушност претставувале еден вид пописни документи на имотите на световните лица и на црковните авторитети.
[265] М. Цангицаки бил човек од доверба на кесарот Јован Рогериј, сопруг на Марија, најстарата сестра на Мануил I Комнин. Во средината на XII век, Рогериј бил господар на областите околу Струмица, а веројатно и на поголеми територии источно од реката Вардар, Б. Ферјанчиќ, "Апанажни поседи кесара Јована Рогерија", *ЗРВИ XII/1970*, 193-200, 199.
[266] *Actes D'Iviron III.*, No. 56, 70-82.

архонтија Камп. Во преводот на овој дел од документот, во монографијата за Велјуса, стои "...манастирот на пресветата Богородица Милостива, кој се наоѓа во темата Струмица, подложна на архонството на Камп...".[267] Сметаме дека во случајов е сторен ненамерен превид бидејќи од преведеното излегува дека темата Струмица се наоѓала или била во "надлежност" на архонтијата Камп, што е невозможно доколку го имаме на ум административното уредување на Византија. Архонтијата како пониска административна единица може да биде или била дел од тема, а никако обратното. Впрочем, од грчкиот текст убаво се гледа дека - иако допуштаме дека забуната при преведувањето била можна поради контекстот на реченицата - манастирот Богородица се наоѓал во темата Струмица, но во рамки на архонтијата Камп, како административна единица на оваа тема. Непрецизноста во преводот произвела забуна кај авторот П. Миљковиќ-Пепек кој, иако воочил дека податоков стои во контрадикција со еден друг податок за архонтијата Камп, исто така наведен во практикот, не успеал да ја разреши забуната.

Во овој дел од практикот, во кој инаку на повеќе места се зборува за темата Струмица, се споменува и едно струмичко село – Леасковица, кое било под архонството на Камп.[268] Во продолжение се зборува и за една друга архонтија - архонтијата Радовиште/Радовиш, во која се наоѓало селото Кондарат, и која очигледно била во соседство на архонтијата Камп. Од мапата на имотите и селата попишани во практикот се гледа и нивната позиција. Селото Леасковица од архонтијата Камп е во непосредна близина на градот Струмица, и многу е веројатно дека манастирот Св. Богородица, административно и припаѓал на оваа архонтија, од која преку локалниот пат патникот намерник минувајќи крај с. Кондарат, сместено во архонтијата Радовиш/те, стасувал до самиот Радовиш/те.[269]

[267]"...τὴν σεβασμίαν τῆς ὑπεραγίας Θεοτόκου τῆς Ἐλεούσης μονήν, τὴν ἐν τῷ θέματι μὲν Στρουμπίτζης, ὑπὸ δε την ἀρχοντείαν τοῦ Κάμπου διακειμένην...", L. Petit, *Le monastere de Notre-Dame* ..., 31. Во монографијата за Велјуса се приложени и документите за манастирот во оригинал на грчки, според изданието на Л. Пети, со паралелен превод на македонски јазик. Cf. П. Миљковиќ-Пепек, *Велјуса*...,282.
[268] L. Petit, *Le monastere de Notre-Dame*..., 39; П. Миљковиќ-Пепек, *Велјуса*...,277; *Actes D'Iviron III*..., No 56, 79.
[269] *Actes D'Iviron III*..., No 56, 75.

Податоци за архонтијата Камп нема во ниту еден друг извор. Авторите на ГИБИ VI, ја поврзуваат областа Камп со Кампанија – Кастриј, епископија во рамки на Солунската митрополија, инаку денес село во Серско.[270] Се чини неверојатно дека областа – архонтијата Камп можела да се протега на толку голема територија односно според ова толкување, таа попрво би влегувала во рамки на темата Серез, одошто во Струмичката тема, или, што не е исклучено, делови од оваа архонтија влегувале како во Струмичката така и во Серската тема. Миљковиќ – Пепек смета дека Камп било некое поголемо место во чија надлежност се наоѓале уште неколку околни села и изгледа дека се наоѓало близу до сегашното село Дамјан, каде и порано била експлоатирана железна руда.[271]

Не е спорно дека Струмица од крајот на XI и во XII век имала статус на тема, но прашање е дали освен двете архонтии коишто биле во состав на темата Струмица, имало и некои други, односно иако темата Струмица веројатно не била голема по обем, претполагаме дека е можно, во нејзиниот состав, евентуално да влегувале барем уште една, до две словенски архонтии. Повеќе пати досега напоменавме дека терминот архонт, архонтија е многузначен, а во соодветниот период и неутрален така што многу лесно предизвикува забуна во обидот да се протолкува неговото значење. Ако се вратиме поназад во времето, и ако внимателно го погледнеме вториот сигилион на Василиј II, издаден во 1020 година, во делот во кој се говори како да се однесуваат цивилните службеници кон новоустоличениот архиепископ на Бугарија, стои дека: "...сите стратези во Бугарија (се мисли на катепанатот) и останатите служители и *архонтите*...".[272] Овој ситен податок навестува дека постоеле повеќе архонтии како пониски управно - територијални единици кои продолжиле да функционираат и во следното столетие.

Во случајот со темата Струмица и прашањето за бројот архонтиите кои влегувале во нејзин состав во средината на XII век, речиси, век и половина после вториот сигилион, еден мал детаљ во практикот на

---

270 ИБИ ГИБИ, XIV/VII, София 1968, 107.
271 П. Миљковиќ-Пепек, *Велјуса*...,277, f.n. 581.
272 H. Gelzer, *Ungerdruckte*..., 46; Й. Иванов, *Български старини*..., 561.

Цангицаки, упатува на веројатноста дека во Струмичката тема постоеле повеќе архонтии, во чиј состав влегувале по неколку села. Практорот Цангицаки кога кажува кој сè требал да се потпише како сведок под постојниот практик, односно под овој своевиден катастарски документ за земја дарувана на манастирот Св. Богородица Милостива, од месните жители наречена Рулина,[273] во текстот по име и функција го споменува само епископот на Струмица, многупочитуваниот монах Климент, но и: "...διαφόρους τῶν ἀξιολογοτέρων ἀρχόντων..." (некои од поистакнатите архонти).[274] Овој сегмент од реченицата укажува дека, доколку прифатиме дека овде под поимот архонт се подразбира лице со определен територијален суверенитет, во темата Струмица морало да има повеќе од двајца архонти, а со тоа и повеќе од двете нам познати архонтии: Камп и Радовиш. На крајот од практикот стојат потписите на сите сведоци кои учествувале во работата, на практорот Цангицаки, на номикот[275] на Струмица Јован Спанопул и тука, повторно се нагласува дека истиот е заверен и со потписите на повиканите за тоа "поистакнати архонти". Иако се наведени имињата на потписниците, сепак малку е чудно што пред нив, барем кај оние со типично народни словенски имиња, како на пр. Злота Опаков, Сирота Маричин, Черн Добромиров, Власиј Зоров[276] и др., никаде не е забележана титулата архонт што донекаде може да го релативизира нашето тврдење. Во секој случај штом авторот потенцира дека во работата учествувале "поистакнатите архонти" тоа подразбира дека овие луѓе во нивните средини уживале определен авторитет и моќ инаку зошто два пати би се споменала придавката ἀξιολογωτέρων?

Интересно е да да се напомене и тоа дека во Струмичката епископија, покрај функцијата номик се јавува и функцијата тавуларij. Иако двете функции се во основа синоними за една и иста служба, номиците главно се споменуваат во епископиите додека тавуларите многу почесто во митрополиите. Ова се должи не само на црковниот ранг на

---

[273] Види го објаснувањето на П. Миљковиќ – Пепек, *Велјуса*..., 276, f.n. 573.
[274] *Actes D'Iviron III*..., No. 56, 76; П. Миљковиќ – Пепек, *Велјуса*..., 276.
[275] Номик и тавуларij се е византиски титули за лица кои обавувале служба на јавни писари, задолжени за составување на приватни документи.
[276] "Σλῶτα τοῦ Ὀπάκ; Σειρωτᾶ τοῦ τῆς Μαρίτζας; Τζέρνη τοῦ Δοβρομίρου; Βλασίου τοῦ Ζωροῦ...", *Actes D'Iviron III*..., No. 56, 81-82.

определеното место туку и на неговото значење како градско средиште. Во основа на оваа поделба е ставена црковната организација бидејќи повеќето од вестите за доцно византискиот нотаријат се однесуваат на неговата црковна половина и бидејќи црквата имала силно влијание во јавниот живот ваквата позиција се рефелектирала и во нејзината нотарска служба. И покрај тоа што Струмица била седиште на епископија, во неа кон крајот на XIII век се забележени и неколкумина чиновници со функција на тавулари.[277] Дали тоа значи дека градот во определен период претставувал важно црковно и световно седиште или пак причините се од поинаква природа, не сме во можност да утврдиме.

Во прилог на нашето согледување за постоењето на една или повеќе архонтии во рамки на малите теми се и неколку податоци во изворите од XI – XII век, за архонтии аналогни на архонтиите Камп и Радовиш, од темата Струмица. Во реонот на Халкидик, во првата половина на XI век се среќава архонтијата Ликосхима во состав на темата Стримон; една Склавоархонтија од 1062 година, сместена некаде помеѓу Серез и Ежево, по долината на Стримон; архонтија Стефанијана во темата Солун и архонтијата Воден за која изворот не кажува во која тема била сместена.[278] Пооделното споменување на сиве овие архонтии во XI – XII век во изворите, и покрај тоа што не позволува да се изведат некои поконкретни заклучоци, сепак упатува барем на две можни констатации.

Првата, за начинот на кој функционирала византиската управа во овој период: ситнење на темите во чиј состав влегувале уште помали управни единици – архонтии, на чело со свои архонти, потчинети на стратегот на темата. И втората, ако внимателно ги позиционираме во просторот ќе видиме дека сиве набележени архонтии се наоѓаат во области претежно населени со Словени. Уште еден, малку необичен податок во практикот на Цангицаки, иако не дозволува пошироки генерализации, покажува како во очите на еден висок византиски чиновник, каков што бил Цангицаки, биле перцепирани областите претежно населени со Словени. Во делот во кој се зборува за статусот на париците што заедно со земјата од месноста Рулина му биле подарени на

[277] Ђ. Бубало, *Српски номици*, Београд 2004, 50-52.
[278] Б. Крсмановић, "Податак о словенској архонтији..., 71-72.

манастирот Св. Богородица Милостива, пишува: "...поради измешаност на земјата во бугарските теми и поради непостоење на земјомерство..."[279] Воопштениот израз *бугарски теми* употребен за регионот на Струмица, но и пошироко, значи за регион/и очигледно населени со Словени, може да се протолкува во смисла дека станува збор за словенски територии, коишто практорот Цангицаки врз основа на постарите политички и географски традиции ги означува како бугарски. Но, уште поверојатно и можеби посоодветно е дека Цангицаки ги бележи со изразот *бугарски теми* словенските области кои повеќе од еден век во административна смисла биле дел од катепанатот – темата Бугарија.

Во процесот на повторното воспоставување на власта на териториите на поранешните Склавинии, Византија ја прифаќала и легитимирала постоечката словенска организација воедно адаптирајќи ја на сопственото административно уредување и секако на сопствената терминологија. Впрочем, на ваков начин Византија се справувала со Словените уште во IX – X век, така што и покрај тоа што патиштата и начините со кои Царството ги интегрирало Словените во својот политички, социјален и духовен систем биле разнообразни, слободни сме да кажеме дека легитимирањето на наведените словенски архонтии во XI-XII век, претставува продолжување на долгиот процес на вклучување на деловите од некогашните Склавинии во византискиот управен систем.

Без претензии можеме да кажеме дека за историјата на Струмица и Струмичко во дадениов период најмногу податоци црпиме преку изворите поврзани со "царскиот" манастир Св. Богородица Милостива. Различните податоци што ги носи практикот на манастирот, но и сето она што го среќаваме во сите други документи подетално ќе бидат предмет на интерес во следното поглавје.

Особено важен момент од историјата на манастирот, а последично и за социјалната историја на Струмичко се имотите со кои се здобил светогорскиот манастир Ивирон во струмичкиот крај.

Манастирот Св. Богородица Милостива со се нејзините имоти станал метох на манастирот Ивирон во XIII век за што сведочат многуте и

---

[279] "...διὰ τὸ ἀνάχυσιν τῆς γῆς εἶναι ἐν τοῖς βουλγαρικοῖς θέμασι καί μὴ γαιωμετρίαν προβαίνειν...", *Actes D'Iviron III*..., No 56, 79; П. Миљковиќ – Пепек, *Велјуса*...,276.

различни изворни податоци. Меѓутоа проблемот е кога точно манастирот влегува во “владение” на Ивиронците? Постои една повелба издадена од византискиот цар Никифор Вотанијат во 1079 година на манастирот Ивирон, зачувана во канцелариски препис, во која се потврдуваат имотите на Ивирон што му припаѓале според претходните повелби. Меѓу тие имоти после метохот во Солун со се неговите манастири и други имоти, пред одлуките за ослободување од од различните обврски, се споменува и Богородица која е кај Струмица – (Θεοτόκος ἡ οὖσα εἰς Στρούμνιτσαν).[280]

Во анализата на оваа повелба, а во контекст на сознанијата добиени од археолошките остатоци на трите цркви во Водоча, кои несомнено сведочат дека западниот дел на Водочкиот комплекс и припаѓал на црквата св. Богородица Воведение, изградена во 1037 година, П. Миљковиќ-Пепек покажува и докажува дека постоеле две цркви: Милостива кај селото Велјуса од 1080 година и Воведение Богородичино во Водоча од 1037 година.[281] И покрај тоа што веројатно станува збор за друг манастир, за нас е важно да истакнеме дека веќе од XI век, Ивирон имал имоти во Струмичкиот крај и на Халкидик, и што е уште поинтересно, ако внимателно се анализира спорната повелба, ќе се согледаат слики од секојдневјето на селаните во Струмичко. Така разбираме дека се одгледувале определени житни култури, потоа се споменуваат цели стада од животни, важни за животот на селаните, обработка на метал и сл. Всушност, манастирот Ивирон во чиј посед биле споменатиов манастир во Струмичко, и уште неколку други, во други делови од Македонија, бил ослободен од различните видови на даноци кон државата. За секој проблем или барање бил одговорен дуксот или катепанот на Солун. Оваа повелба посматрана низ призмата на социо-економската историја на Византија го покажува ширењето на манастирските имоти и нивното место во процесот на “феудализација” на византиското општество, за што повеќе ќе стане збор подолу во текстот.

Во текот на XI и XII век, тематската организација покажува определен континуитет на системот и покрај промените настанати во XII век за кој како што веќе напоменавме е карактеристичен процесот кој

[280] П. Миљковиќ-Пепек, *Велјуса* ...,291; В. Мошин, “Грчката архива..., 102.
[281] П. Миљковиќ-Пепек, *Велјуса...*, 67-69.

довел до тоа веќе на почетокот на следниот век државата да биде поделена, главно, на сосема мали теми со по еден град како центар. Старата тема на чело со стратег како воен управител исчезнува од XI век, додека самиот термин го губи техничкото значење и понекогаш може да се разбере исклучиво во географска смисла, што од друга страна доведува и до непрецизност во изразувањето, така што во оваа епоха за означување на административните единици во употреба се и различни изрази. Темата Струмица исчезнува во изворите од следната епоха.

## 3.2. Византискиот феудализам и неговите рефлексии во Струмичката област

Концептот за тоа што претставува и во кои форми се појавува феудализмот во Византија со децении бил и, сé уште е тема за полемики меѓу историчарите. Без намера да влегуваме во детални анализи на различните теориски концепти бидејќи тоа излегува надвор од границите на нашиот труд, сметаме дека е неопходно накратко да ги изложиме различните сфаќања за тоа дали и во која мера може да се зборува за феудализам во византиски контекст.

Полемиките со децении се воделе и водат, главно помеѓу марксистички ориентираните историчари и оние кои претпочитаат други теориски концепти, но секако и внатре во рамки на овие две условно дефинириани групи на учени.[282]

Повеќето од западните византолози (главно со немарксистичка ориентација) сметаат дека воопшто не може да се зборува за феудализам во византиското општество или доколку се зборува, тој евентуално може да се однесува за крајот на постоењето на Византија од XII и XIII век и натаму, и тоа како резултат на надворешните западни влијанија.[283] Спротивно на ова мислење, поранешната советска историографија, но и источноевропската воопшто, традиционално е поделена на два групи: оние кои ги гледаат феудалните релации уште во доцниот Римски период (од V-

[282] J. Haldon, "The Feudalism Debate Once More: The Case of Byzantium", IV, VR, London 1995, 5-40.

[283] Повеќе за ова веќе класично мислење во студијата на: P. Lemerle, *The Agrarian History of Byzantium: from Origins to the Twelfth Century*, Galway 1979, 89 – 115.

от, но уште поочигледно од VII век); и оние кои наоѓаат докази за овој феномен само после X и XI век.[284]

За западните историчари на византиското општество феудализмот е дефиниран главно во смисла на правно-судските структури на вазалитетот, заедно со елементите на зависното селанство и фрагментацијата на судскиот и политичкиот авторитет. Тие сметаат дека Византија не може да се смета како феудална бидејќи нејзините институционални и суперструктурни појави никогаш не се приближиле до појавите на западниот феудализам ниту во X век ниту подоцна.[285] Други пак, западни-немарксистички ориентирани историчари, се посклони да го прифатат постоењето на феудалните релации, и нив вообичаено ги сместуваат во XI век, заради појавувањето на т.н. систем на пронија - државата за лимитиран временски период им го подарувала приходот од определени даноци или од пооделни области на индивидуални лица, но под услов тие да извршуваат (главно) воена обврска.[286] Значи круцијална точка за овие учени е институцијата пронија, а не производните односи разбрани со сите нивни специфичности.

Од друга страна, во поранешната советска историографија, но и во источно - европската воопшто, учените се концентрирале на прашањата кога византиските социјални релации станале феудални, и во оваа смисла ги проблематизирале улогата и природата на градот во доцно-римското и

---

[284] Како претставници na овие две традиционални позиции евидентни од педесеттие години па се до денешни дни ги издвојуваме, М. Я. Сюзюомов, "К вопросу об особеностях генезиса и развитии феодализма в Византии", *ВВ XVII/1960*; idem "Некоторой проблемй исторического развития Византии и Запада", *ВВ XXXV/1973*, 3-18. М.Я. Щайерман, *Кризис античной Културu*, Москва 1975.

[285] Одлична критичка анализа на различните мислења во врска со византискиот феудализам направил А. Каждан, во: A. Kazdan, "State, Feudal and Private Economy in Byzantium", *DOP 47/1993*, 84 -113, особено 84-87. Особено релевантната студија на Е. Патлажан, за социјалните и семејните структури, и во конеткст на ова и за феудализмот во Византија, за жал не ми беше достапна. E. Patlagean, *Structure sociale, famille chrétiente a Byzance*, London 1981. Исто така не ми беше достапна една од често цитиранити нови студии за социо-економските односи во Византија на М. Kaplan, *Les hommes et la terre a Byzance du VI au XI siecle. Propriété et exploitation du sol*, Paris 1992.

[286] Всушност ова е тезата на Г. Острогорски за кое повеќе ќе стане збор подолу во текстот. Сумарен преглед на погледите и ставовите во врска со византискиот феудализам, со соодветната библиографија во: Lj. Maksimović, "Feudalismus. Byzanz": *Lexikon des Mittelalters IV/2*, München 1987, 415-418. Максимовиќ смета дека востановената општа поделба меѓу научниците која подразбира за византиски феудализам да зборуваат т.н. марскистички историчари наспроти оние (главно западните) коишто го одрекуваат или релативизираат овој феномен е ограничувачка и непотребна.

византиското општество, и начините според кои државата и нејзините институции интервенирале до различен степен во социјалните и економските формации. Бидејќи по ова прашање припаѓаме на источно-европската школа, во која големо влијание со своите обемни проучувања за византискиот феудализам извршил Г.Острогорски, сметаме дека е неопходно накусо да ги изложиме неговите гледишта.

Зборувајќи за суштината на феудалниот поредок во Византија, Острогорски смета дека постои длабока сличност меѓу Византија и Западна Европа. Според него ова се огледа во постоењето на големите поседи со зависни селани; постоењето на селски господарства како основа на феудалното општество; и секако рентата и даноците, карактеристики кои се среќаваат како во Византија така и во западните земји. Бидејќи овие феномени, и покрај соодветните разлики во стопанските системи, претставувале основа на средновековните општества воопшто, Острогорски сметал дека е природно и византиското општество да се проучува низ феудалните категории. За развојот на феудализмот клучни се појавата на институцијата пронија, во доцниот XI век, и зголемената потчинетост на селаните било на приватните господари било на сопствениците на пронијата. Аргументите на Острогорски се дека, сé до појавата на пронијата, централниот државен апарат ја крепел сопствената сила врз база на платите и на даночните олеснувања за одредени категории на селани, со цел да се продолжи со регрутирање на платената војска на регуларните провинциски и на квази – воените, тематски сили.

Слободните селани како доминатна категорија данокот и го плаќале директно на државата, се до моментот кога големите сопственици и магнатите не почнале да ги пљачкосуваат и да посегнуваат по нивните приходи, и по приходите на зависните селани кои, исто така, претходно биле директно оданочувани. Исклучок претставувале некои сопственици на имоти, особено манастирските и црковните кои биле ослободени од плаќање даноци или пак имале определени олеснувања во вид на специјални привилегии подарени од царевите. Со воведување на системот на пронија, настапил процесот на отуѓување на фискалните и на судските права кои биле во рацете на државата. Тоа довело до приватизација и

раситнување на вишокот којшто владеечката елита започнала да го присвојува за сметка на државата. Според овие аргументи, т.н. специфични институционални форми на присвојување на вишокот се слични со оние коишто се забележуваат и во класичните феудални структури на феудалниот Запад и тие се основниот белег на големата промена во начинот на присвојување на вишокот во споредба со оној којшто доминирал во поранешниот период. Пронијата се третира како еквивалент на фиефот; зголемувањето на потчинетоста на слободните или на полуслободните селани на класата на магнатите и на сопствениците на пронијата, довела до појавата на зависни селани како рурална популација.[287]

Можеби моделот кој го предлага А. П. Каждан, големиот познавач на Комнинската епоха[288], во кој до одреден степен се засекуваат и погоре наведените модели, и кој најмногу е резултат на современите истражувања и правци во византологијата, претставува извонредна можност за истражувачот на византиските феномени.

Каждан смета дека концептите на приватната, феудалната и државната сопственост произлегуваат од формите на социјалната организација. Тие ниту се исклучуваат ниту се контрадикторни ниту пак по дефиниција секој засебно му погодувал на определен временски период од долгата историја на Византија. Сите три форми на сопственост, во релација со економските, социјалните и правните меѓуврски постоеле во големите епохи на Византија. Бидејќи ниеден од нив не постоел засебно, феудалните релации не се надоврзале на, ниту едноставно ги замениле, претходните сопственички форми засновани на приватната сопственост.[289] Во оваа смисла Љ. Максимовиќ е дури уште подециден од Каждан велејќи дека: "неопходно е да се изнаоѓаат решенија кои, освен на конкретните изворни податоци, почиваат само на една сигурна премиса – дека секоја голема епоха од византиската историја, се изразувала во разновидни

---

[287] Двата основни труда на Острогорски, за овие проблеми, "Пронија", и "Проблеми из историје византијског сељаштва," се објавени во собраните дела на Г. Острогорски, *О Византијском феудализму*, т. I, Београд 1969, 119-342 и 343-404.
[288] *А. П. Каждан, "Загадка Комнинов (Опыт историографии)", ВВ* 25/1964, 53-98.
[289] A. Kazhdan, "State, Feudal..., 86.

појавни форми, многу поразновидни отколку што поголемиот дел од истражувачите биле подготвени да го прифатат тоа".[290]

Најсуштествена промена што се случила во епохата на Комнините, и која ги зафатила темелите на управниот поредок, претставува клановското приватизирање на државните институции, процес започнат во времето на основачот на династијата, Алексиј I Комнин. Последиците биле јакнење на провинцискиот партикуларизам и засилување на феномени неспоиви со византискиот државно-правен поредок, како што биле: имунитетните права на аристократската елита, и особено, иако се уште не толку често изразено, правото на некои од нејзините најистакнати членови на приходите од определени региони.[291]

Без претензии по секоја цена да ги "откриваме" феудалните односи во Струмичкиот регион, онолку колку што ни дозволуваат изворните податоци ќе се обидеме да ја скицираме сликата на социо-економските случувања во овој микро регион.Кои типови и видови на сопственост постоеле во струмичката област; каква е ситуацијата со зависните селани; и кои видови на данок и рента собирала државата односно господарите на добрата.

Најраните ескплицитни примери во изворите за видовите на сопственост во струмичкиот крај се однесуваат на црковно- манастирските имоти. Документите од манастирот Св. Богородица Милостива, во прв ред веќе споменатите повелби на византиските цареви, практикот и типикот на манастирот носат многу важни податоци за проблемот за кој говориме.

Од типикот на манастирот дознаваме дека неговиот основач, некогаш бил монах во познатиот манастир Св. Авксентиј во близината на Халкедон. Набргу потоа тој станал епископ на Струмица и одлучил да основа манастир посветен на Милостивата, на земјиште кое тој го купил

[290] Љ. Максимовић, "Србија и методи управљања Царством у XII веку": *Стефан Немања - Свети Симеон Мироточиви. Историја и предање.* (Научни скупови Српске академије наука и уметности, књ. XCIV, Одељење историјских наука, књ. 26), 56.

[291] Љ. Максимовић, "Генеза и карактер апанажа у Византији", *ЗРВИ XIV-XV/1973*, 113; Lj. Maksimović, "Immunität. Byzanz und Südosteuropa": *Lexikon des Mittelalters V/2*, München 1990, 392; P. Magdalino, "Innovations in government": *Alexios I Komnenos*, ed. M. Mullett - D. Smythe, (Papers of the second Belfast Byzantine International Colloquium, 14-16 April 1989), Belfast 1996, 146-166.

*со сопствени пари* (многу важен детаљ) во неговата диоцеза во Палеокастро.[292]

Мануил, иако можеби спротивно на своите убедувања, сепак бил следбеник на движењето за реформа на монаштвото, која туку што започнала да внесува длабоки промени во односот на современите патрони кон нивните религиозни задужбини. Иако византиските извори не зборуваат конкретно за некое организирано монашко движење, постојат група клучни документи од крајот на XI век кои ги адресираат специфичните заложби на реформаторите. Бидејќи повеќето од реформаторите доаѓале од редовите на монаштвото, нè изненадува фактот што и повеќето од манастирските типици од овој период ги рефлектираат нивните заложби за промени.[293]

За да го заштити и обезбеди манастирот, Мануил успеал да се здобие со повелба од царот Алексиј I Комнин. Со повелбата од 1085 г., царот освен подарената земја од 500 модии, на манастирот му подарил и привилегија – иземање, имунитет (ἐξκουσσεία) од сите јавни даноци и независност во однос на цивилните и религиозните авторитети. Тој исто така, му подарил и статус на самогосподство (αὐτοδέσποτον), на самоуправа (αὐτοεξούσιον), и на слободна (ἐλεύθερον), задужбина.[294]

Кога царот за време на походите против Србите[295], го посетил манастирот, увидувајќи ја големата сиромаштија на монасите, интервенирал со уште една повелба во 1106 г., со која, заради помош во обработка на земјата, доделена претходно и со површина од 500 модии на манастирот, му биле подарени 12 слободни селани (πάροικοι), ослободени од секакви фискални обврски кон државата.[296]

Од типикот дознаваме дека манастирот бил приватно религиозно добро. Авторот внимателно посочува дека тој ја купил земјата (која и припаѓала на државата - била царско место), на која потоа го изградил манастирот. Во делот, пак, во кој зборува за правата (προνόμια) што ги

---

292 L. Petit, *Le monastere de Notre-Dame...*, 69-71; П. Миљковиќ - Пепек, *Велјуса ...*,258-260.
293 *Byzantine Monastic Foundation...*, 442.
294 L. Petit, *Le monastere de Notre-Dame...*, 27; П. Миљковиќ - Пепек, *Велјуса...*, 255.
295 Станува збор за борбите на Византија со рашкиот жупан Вукан. Повеќе во: Anne Comnène, *Alexiade (Règne de l'Empereur Alexis I Comnène 1081-1118)*. Texte établi et traduit par B. Leib, III, 65-66; ВИИНЈ III..., 389-390.
296 L. Petit, *Le monastere de Notre-Dame...*, 29; П. Миљковиќ - Пепек, *Велјуса...*, 257.

имал тој, но и монасите, а кои подоцна му ги отстапил на својот наследник - катигумен, монахот Илија, Мануил директно посочува дека нему му ги предава сите права за управување со манастирот, со се сите имоти, за да управува како “приватен сопственик” (ἰδιοκτήτης). Според овие права, Илија не смеел да биде вознемируван од никого, ниту од манастирот ниту од роднините или која и да е друга личност; да управува според “својата волја и како апсолутен господар”, и да ги протерува сите монаси кои ќе се спротиставеле на неговите заповеди.[297]

Како и многумина од неговите современици, и оние кои биле реформски ориентирани, така и оние кои не биле,[298] Мануил сакал да го сочува манастирот од заканата што се надвисувала од т.н. харистикион, т.е. обичајот на давање на манастири и манастирски имоти на управување на световни лица. Овој обичај кој особено се проширил во XI век, првобитно имал за цел економски да ги зајакне осиромашените манастири, но честопати доведувал до големи злоупотреби предизвикувајќи опозиција во црковните кругови. И покрај тоа системот на харистикија наоѓал бранитиели дури и меѓу највисоките претставници на клирот бидејќи им погодувал на економските потреби на манастирите, ограничени со забраната за оутѓување на црковните имоти. Меѓутоа, ако порано харистикионот го доделувале црковните авторитети, сега во овој период самиот цар почнал да дели имоти манастирски имоти како некој вид бенефиции. Харистикиарите немале никакви јавно-правни функции, туку давањето на харистикион претставувало награда на заслужните личности за определен временски период. Можно е и тоа дека на овој начин царот сакал да ги ограничи манастириските имоти кои почнале нагло да се зголемуваат.[299]

Ова била и причината поради која епископот Мануил бил загрижен за иднината на манастирот, плашејќи се од последиците на вмешувањето

[297] L. Petit, *Le monastere de Notre-Dame...*, 81-82; 88-91; П. Миљковиќ - Пепек, *Велјуса*...265, 269-271.
[298] Повеќе во: *Byzantine Monastic Foundation...*, 171.
[299] Г. Острогорски, *Историја*...,350-351; H. Ahrweiler, “Charisticariat et autres formes d’attribution de fondations pieuses aux X-XI siècles”, *ЗРВИ 10/1967*, 1-27; P. Charanis, “The Monastic Properties and the State in the Byzantine Empire”,: *Social, Economic and Political Life in the Byzantine Empire*, VR I, London 1973, 72-84; E. Papagianni, “Legal Institutions and Practice in Matters of Ecclesiastical Property”,: *EHB...*, 1059-1069.

на неговите епископски наследници, и која всушност ги мотивирала и неговите изјави во врска со независноста на неговата задужбина. Изборот за независнот во секоја смисла и во секој случај, всушност го покажува престижот на современиот концепт во подем, за "независен и автономен" манастир.

Споменатите 12 парици, кои царот му ги подарил на манастирот, припаѓале на категоријата на зависни селани. Париците, поединци, цели семејства, или села и припаѓале или на државата или на сопственикот на привилеригираниот посед, добро. Меѓутоа не е јасно дали во XII век, постоела некаква суштинска разлика меѓу државните и приватните парици, освен фактот дека прввиве и биле потчинети на државата, а второве на сопственикот на поседот. Сепак, во рамки на двете, условно поделени категории, тие биле разликувани според нивните имоти. Ѕевгаритите поседувале парче земја позната како ѕевгарија; тоа е еквивалент на земјишна парцела којашто можела да биде обработувана со чифт говеда, за која се претпоставувало дека ја поседувале ѕевгаритите. Следната категорија биле т.н. воидати, кои имале еден вол и соодветно на тоа и земја за обработка. Потоа, актемони, кои понекогаш биле нарекувани капникиари. Некои од нив поседувале некаква живина, а некои не. Апори биле нарекувани оние кои немале никакви средства за издржување. За даночни потреби еден ѕевгарит бил рамен на два воидати или на четири актемони. Десетина од данокот коишто париците биле должни да и го плаќаат на државата, му го давале на нивниот господар. Во секој случај, парикот не бил безусловно зависен од неговиот господар. Тој не само што не можел да биде лишен од својот имот, туку имал право да ја пренесува земјата понатаму по свој избор. Неговиот наследник со преземањето на земјата морал да ги превземе и обврските во однос на господарот. Во правно-судска смисла не е јасен статусот на децата на парикот односно дали господарот по автоматизам имал некакви права и врз неговите деца.[300]

[300] Г. Острогорски, "Византијски практици..., 49-50; 56-58, passim, "Проблеми из историје..., 375 - 382; P. Charanis, "On the Social Structure and Economic Organization of the Byzantine Empire in the Thirteenth Century and Later",: *Social, Economic...*,VR, IV, 143-145; A. E. Laiou -Thomadakis, *Peasant Society...*, 158-182; M. Angold, *The Byzantine Empire...*, 286-287; J. Lefort, "The Rural Economy, Seventh-Twelfth Century",: *EHB...*, 237-240.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 0903-1395/03
10.09 2007 год.
Скопје

ДО ИНСТИТУТОТ
ЗА Историја

Во прилог Ви доставуваме по еден примерок од докторските дисертации на д-р Ирена Стефоска

одбранети на Филозофскиот факултет во Скопје, со молба да ги заведете во вашата инвентарна книга.

**СЕКРЕТАР**
на Филозофски факултет
Никола Ѓорѓиевски

Мноштвото на изворна граѓа за состојбите со селанството во Македонија и во Грција, за подолг период од XII век, сведочи за подобрување на нивната егзистенција.[301] Без претерување може да се каже дека токму 12 парици на св. Богородица Милостива, можат да послужат, ако не како прецизен доказ, барем како одличен пример за овие промени. Кон средината на XII век, тие, или нивните наследници, од актемони т.е. од безземјаши преминале во статус на самостојни ѕевгарити. Оваа промена, иако сама по себе била поволна, за монасите станала извор на нови непријатности. Даночните чиновници ја оспорувале важноста на привилегиите кои своевремено ги одобрил царот Алексиј I, бидејќи овие привилегии важеле за актемоните, а не за ѕевгаритите. Ѕевгаритот, односно селанецот кој поседувал чифт говеда и соодветен имот, вредел четири пати повеќе од еден актемон. Царот Мануил I Комнин (1143-1180) им удоволил на барањата на монасите и со одлуката од 1152 година ја објавил полноважноста на имунитетот,[302] на 12 семејства, парици кои во меѓувреме станале ѕевгарити.[303] Дури наредил да им биде доделена земја што одговарала на нивниот статус.

Практорот Цангицаки во 1152 година објаснува како ги извршил своите задолженија – како на дванаесетте манастирски парици им била доделена земја со површина од 1000 модии. Според неговите мерења, од избраниот имот со површина од1176 модии, требало да бидат одземени 166 модии, бидејќи имотот опфаќал повеќе парцели што им припаѓале на т.н. државни парици кои и плаќале данок само на државата. Овие парцели не смееле да му припаднат на манастирот, туку напротив нивните сопственици морале и понатаму да ги исполнуваат обврските кон државата. Во селото Леасковица имало четири државни парици кои поседувале вкупно 80 модии земја; во селото Кондарат пет парици, со вкупно шест парцели.[304] Овие државни парици во науката се сметаат и за слободни селани бидејќи биле обврзани да и плаќаат данок само на

---

[301] J. Lefort, op.cit..., 309-310.

[302] Во случајов имунитетот подразбирал ослободување од сите видови на државни даноци кави што биле: ѕевлогион, мелисоеномион, аериокон и други што се внесувале во државната благајна. За видовите на даноци во Византија во дадениот период повеќе во: N. Oikonomides, "The Role of the Byzantine State in the Economy": *EHB*..., 62-66.

[303] *Actes D'Iviron III*..., No 56, 77; П. Миљковиќ - Пепек, *Велјуса*..., 273-274.

[304] *Actes D'Iviron III*..., No 56, 79; П. Миљковиќ - Пепек, *Велјуса*..., 277-279.

државата, а немале никакви обврски кон феудалниот или манастирскиот посед.

Со следната наредба на Мануил I, од мај 1156 година, Острогорски смета дека бројот на париците што му бил доделен на манастирот можел да биде пополнет само со наследниците на првите парици.[305] Во 1159 година царот му ги потврдил сите привилегии на манастирот за конечно со простагмата од месец мај 1160 година, да му додели и годишен приход во висина од 30 номизми издвоени од локалниот државен данок.[306] Со оваа одлука, манастирот во втората половина на XII век се здобил со уште поповолна положба од порано. Всушност со царската асистенција, манастирот успеал да се заштити од обидите на локалниот епископ за релативизирање на неговиот автономен статус, да ги добие назад своите парици, со повторното обновување на нивниот статус, според кој тие биле изземени од даноците и секако да ја сочува скромната царска поддршка. Изворите, исто така, информираат дека царот Мануил Комнин, се однесувал широкоградо во подарувањето на права и привилегии и во случаите со Охридската архиепископија – факт које не е за изненадување, ако се знае дека охридскиот архиепископ, Адријан Јован Комнин му бил роднина – и секако со манастирот Св. Ѓорѓи - Горгос во близината на Скопје.[307]

Примерот со париците, ѕевгарити, на св. Богородица, покажува и нешто друго. Тој е сигурен знак дека колонизаторските активности од раниот XII век сега веќе вродиле со плод. Во различните пописи на селаните од XII век што останале сочувани, бројот на ѕевгаритите во однос на другите категории селани бил значително поголем, показател кој зборува за индексот на општиот просперитет на византиското селанство.[308]

Економската моќ на Византија во XII век најмногу се должела на просперитетот на селото. Не станува збор за некаков технолошки прогрес во однос на техниките на обработка на земјата, туку за, како што смета М.

---

[305] L. Petit, *Le monastere de Notre-Dame*..., 32-33; П. Миљковиќ - Пепек, *Велјуса*..., 281-282; Г. Острогорски, "Проблеми из историје..., 366.
[306] L. Petit, *Le monastere de Notre-Dame* ...33, 31; П. Миљковиќ - Пепек, *Велјуса*...,282.
[307] M. Angold, *Church and Society Under the Comneni, 1081-1261*, Cambridge 1995, 173-174; I. Sinkević, *The Church of St. Panteleimon at Nerezi*, Wiesbaden 2000, 10.
[308] M. Angold, *The Byzantine Empire*..., 288; J. Lefort, "The Rural Economy..., 288-292.

Анголд, воспоставениот баланс меѓу популацијата и земјата, и меѓу селанецот, господарот и државата. Сето ова било постигнато за време на Комнинската реконструкција на селото. Дури и фактот што, како последица на овие реформи, големо мнозинство селани станале зависни, одел во нивна полза, бидејќи се здобиле со поголема сигурност отколку во поранешните периоди.[309]

Од друга страна, првите симптоми за проблеми, произлезени од новонастанатата ситуација, излегле на површина кон крајот на владеењето на Мануил I Комнин. Новиот фактор кој се заканувал да го измести овој баланс биле барањата на провинциските градови во подем. Заедно со нивните барања одела и зголемената трговија со земјоделски производи која веројатно најмногу се должела на присутноста на италијанските трговци во градовите во Македонија и Грција. Уште во 1082 година венецискиот дужд успеал да издејствува кај царот Алексиј I Комнин широки трговски привилегии за Венецијанците. Според одредбите на тој договор тие тргувале насекаде по Царството без да плаќаат царини и на тој начин ја засилувале нелојалната конкуренција доведувајќи ги домашните трговци во многу неповолна ситуација.[310] Овие привилегии Венецијанците ги задржале и низ целиот XII век. Секоја промена на владата во Цариград за нив значела повторно инсистирање за признавање на претходно стекнатите права. Царот Алексиј III Ангел (1195-1203) со повелбата од 1198 година уште еднаш им ги потврдил привилегиите на Венецијанците поточно на венецискиот дужд Енрико Дандоло. Помеѓу останатите провинции на Балканот и во Македонија, во кои тие можеле слободно да тргуваат, стои запишана и провинцијата Струмица.[311]

Во минатото, единствено даночната стапка ги стимулирала селаните повеќето од своето производство да го изнесат на пазар. Но, новите комерцијални можности што сега се нуделе, со подемот на

---

309 M. Angold, op. cit..., 295.

310 Г. Острогорски, *Историја*..., 386-387.

311"...Prouincia Malesouij et Morouisdij; *Prouincia Strumice*; Prouincia Prilapi et Pelagonie...", Privilegium Alexii III Imperatoris Constantinopolitani, concessum inclito domino Henrico Dandolo Duci, во: *Urkunden zur Alteren Handels-Und Staatsgeschichte der Republik Venedig mit Besonderer Beziehung auf Byzanz und die Levante*, G. L. Fr. Tafel und G. M. Thomas, Wien 1856, LXXXV, 262-263.

градовите и појавата на италијанските трговци, многу повеќе им погодувале на световните и на црковните господари отколку на селаните кои тешко дека можеле да одговорат на барањата во новите околности.[312] Токму примерите со растот и ширењето на црковните имоти, и привилегиите во однос на оданочувањето, се одлично сведоштво за ова што го говориме.[313]

Аристократијата, исто така, била заинтересирана за можностите на трговијата. Таа се појавува како основач на манастири или поседник на имоти во близината на манастирите. Тоа бил еден од начините, намерен или ненамерен, според кој манастирите станувале инструменти на аграрната реконструкција што ги зафатила европските провинции на Византија во времето на Комнините. Големиот број цркви што биле изградени во XII век, а за кои случајно знаеме кој ги основал, стојат како еден вид споменици за реформите и случувањата во тоа време .

Како исклучителен пример, за црква основана од член на дворската аристократија го издвојуваме и посочуваме св. Пантелејмон во Нерези, чии што фрески се вбројуваат меѓу најубавите на византиската уметност од XII век. Фреските се зографисани во 1164 г., по наредба и на трошок на Алексиј Комнин, син на Константин Ангел и на Теодора Комнина, ќерка на Алексиј I Комнин. Неговото име, без официјалната титула, стои запишано во натписот на црквата како сведоштво за неговата дарежливост. Можно е дека тој немал позиција на управник на овој регион, но се претпоставува дека поседувал имоти во скопската обласа и бил патрон на локалната црква.[314]

Присутноста на член на дворската аристократија во горниот тек на Вардарската долина ги одбележува, веројатно, северните граници до кои се простирал интересот на аристократијата бидејќи изворите сугерираат дека најблиските имоти од ваков вид се наоѓале многу подалеку, на крајниот југ на Тесалија, во јужен Епир и на Пелопонез. Аристократијата

---

[312] A. E. Laiou, "Exchange and Trade, Seventh – Twelfth Centuries" : *EHB*..., 728-751.
[313] N. Oikonomides, "The Role of the Byzantine State in the Economy",: *EHB*..., 1018-1025; G. Ostrogorsky, "Observations on the Aristocracy in Byzantium", *DOP 25/1971*, 3-12; A. P. Kazhdan – A. W. Epstein, *Change in Byzantine Culture*..., 46-73.
[314] I. Sinkević, *The Church of St. Panteleimon*..., 9-11; 29-47.

се етаблирала како фактор во европските провинции на царството, во времето на Мануил I Комнин.[315]

Уште една важна институција за византискиот феудализам, која своите почетоци ги има во времето на Комнините, за својот зенит да го достигне во времето на Палеолозите е случајот со т. н. апанажи – територии кои, покрај востановената административна организација, се доделувале на управување, во форма на поседи, на царските синови или пак на другите членови на династијата.[316] Станува збор за првите чекори на феудалниот семеен начин на управување со државата, кој на династијата требало да и обезбеди власт и приходи, во сите случаи во кои другите методи биле недоволни. Елементите на новата институција се покажувале постепено и одделено, во форми кои секако значително ќе се разликуваат од подоцнежните.

Во редот на неколкуте познати случаи на апанажни поседи (поточно во време од едно столетие имало околу десетина вакви случаи) таков е случајот со братот на Алексиј I, Хадријан и правата што тој ги стекнал врз полуостровот Касандра, потоа случајот на кесарот Никифор Мелисин на кој му биле отстапени даночните приходи на една цела област - Солунската, а меѓу овие се вбројува и оној на Јован Рогериј од времето на Мануил I Комнин.

Како што еднаш веќе истакнавме, кесарот Јован Рогериј, зет за најстарата сестра на Мануил, бил господар на еден голем апанажен посед источно од Вардар во кој влегувала и Струмичката област, со сопствени чиновници и вестијарион. Непроценливата важност на документите на св. Богородица Милостива за историјата на Струмица и Струмичко, во контекст на византиските феномени, ќе се потврди и во анализата за почетоците на апанажите. Имено, нашето внимание за момент повторно ќе го насочиме кон Практикот на Манастирот односно кон еден фрагмент, кој уште одамна го привлекол интересот на истражувачите, којшто ја содржи информацијата за статусот на Цангицаки и позицијата на Рогериј.

Кој бил Јован Рогериј? Подетални податоци за него и неговата кариера дава историчарот Јован Кинам. Откако го опишува доаѓањето на

---

315 M. Angold, *The Byzantine Empire...*, 289.

316 Љ. Максимовић, "Генеза и карактер апанажа у Византији", *ЗРВИ 14-15/1973*, 111-114.

власт на најмладиот син на Јован II Комнин (1118-1143) Мануил Комнин, византискиот историчар се задржува накратко на почетоците на кариерата на норманскиот феудалец Јован Рогериј. Тој од јужна Италија дошол во Византија, се оженил со најстарата ќерка на царот Јован II Комнин и на тој начин се стекнал со титулата кесар. Кога во 1143 година Мануил ја преземал власта, Рогериј во престолнината организирал завера против новиот цар, и собрал околу себе околу 400 следбеници, главно негови сонародници – Нормани. Но, заверата набргу била откриена и Рогериј бил затворен во едно цариградско предградие. И покрај неговото апсење, тој некако успеал да ја стекне довербата на царот и повторно да заземе значајно место на царскиот двор.[317]

Важноста на податоците што ги среќаваме во практикот на манастирот се огледа во фактот дека во XII век меѓу византиските поданици се воочуваат вазални односи и тоа во нашиот случај не директно кон самиот цар туку кон еден од неговите великодостојници. Практорот Михаил Цангицаки, во практикот од 1152 година е означен како ἄνθρωπος и како δοῦλος на кесарот Рогериј,[318] од што може со голема веројатност да се претпостави дека тој бил во служба на угледниот роднина на царската фамилија Комнини. Според Ј. Ферлуга, кој расправал за првите елементи на вазалитетот во византиските извори, токму наведениве термини служеле да се одбележи вазалната положба на некои личности било директно во однос на царот или пак во однос на некој царски великодостојник. Значењата што го носат овие термини во XII век ја отсликуваат и промената во внатрешните односи во Царството. Сепак, Ферлуга избегнува да биде категоричен во неговите извонредени анализи бидејќи во сите избрани случаи за анализа, во кои се огледаат и новите феудални односи, станува збор за договори помеѓу византискиот цар и

---

[317] I. Cinnamus, *Corpus Scriptorum Historiae Byzantinae*, ed. B. G. Niebuhrii, Bonn 1836, 36-38; Б. Ферјанчиќ, "Апанажни посед..., 198.

[318] Во почетокот на практикот, во делот во кој се зборува дека парициите со се земјоделските имоти му се доделуваат на манастирот, дознаваме за позицијата и статусот на Цангицаки во однос на кесарот Рогериј,:
"διὰ πρακτικοῦ παρὰ τοῦ ἐν τῷ θέματι Στρουμι'τζης *ἐνεργοῦντος ἀνθρώπου* τοῦ περιποθήτου *γαμβροῦ τῆς βασιλείας* μου τοῦ καίσαρος". Терминот δοῦλος е употребен на крајот од практикот каде практорот се потпишал како:
*δοῦλος* τοῦ ἁγίου μου δεσπότου καὶ αὐθέντου *τοῦ πανευτυχεστάτου καίσαρος*. L. Petit, *Le monastere de Notre-Dame*..., 36, 46; *Actes D'Iviron III*.., No. 56, 77, 82. Б. Ферјанчиќ,"Апанажни посед..., 194-195.

западните рицари.[319] Од друга страна, како што веќе расправавме, не може да се каже ни тоа дека директна причина за феудализацијата во Византија биле контактите со западните рицари. Сигурно дека доаѓањето на крстоносците влијаело врз видот и карактерот на социјалните односи, а оттука и на феудализмот во Византија, и можеби врз забрзувањето на тој процесс, за угледните византиски феудалци, блиски роднини или членови на царската фамилија Комнини, во случајов кесарот Јован Рогериј да има/аат свои вазали,[320] кои биле означувани со карактеристичниот феудален термин ἄνθρωπος.

За појавата на апанажата како една нова институција во Византија, во епохата на Комнините, меѓу неколкуте примери од соодветниот период, повторно одличен пример е и регионот на Струмица и, што е можеби уште поинтересно за истакнување е фактот што елементите на новата институција се пројавуваат на периферијата на царството. Новиот феудален, семеен начин на управување со државата и обезбедувало власт и приходи на династијата секогаш кога другите методи не функционирале на соодветен начин.

Заминувањето на династијата на Комнините од тронот во Цариград го означило крајот на едно големо раздобје од византиската историја и воедно крајот на првата етапа во процесот на создавање на апанажите. Во епохата на Ангелите доаѓа до внатрешно опаѓање и до катастрофални последици по државата од налетот на крстоносците. Овие турбулентни промени претставувале голем политички пресврт во историјата на Царството, но воедно имале и свој придонес во развојот на феудалните начела во организацијата на државата. Кон крајот на XII век, моќта и силата на големите феудални господари добиле невидени размери, околност којашто до темели го разнишала управниот апарат на државата. Новите околности го изместиле принципот на административна централизација, кој во реалноста се повеќе се покажувал како неефикасен и нефункционален.

---

[319] J. Ferluga, "La ligesse dans l'Empire Byzantin. Contribution à l'étude de la féodalité à Byzance", *ЗРВИ 7/1961*, 99-121.

[320] G. Ostrogorsky, "Observation on the Aristocracy..., 16-18; N. Svoronos, "Le serment de fidélité à l'empereur byzantin et sa signification constitutionnelle", *REB 9/1952*, 106-136.

Во контекст на внатрешните превирања во државата се случува и големиот удар од надвор – IV крстоносна војна, којашто за Византија истовремено значела и непосредно запознавање со социјалната и политичко-организациската структура на западноевропскиот феудализам. Така, еден сплет на внатрешни и надворешни фактори, на преминот помеѓу двете столетија, довел до побрзо созревање и воспоставување на феудалниот поредок во византиските земји во XIII век. Историјата на Струмичкиот регион извонредно се вклопува во сликата и всушност ги рефлектира првите видливи чекори на византискиот феудализам токму низ положбата со црковните имоти, со селанството и секако со многу важниот податок за институциите апанажа и вазалитет во социјално-еконските односи во царството.

Периодот на долгото владеење на крстоносците и борбите на грчките држави за реставрација на Византија го означил и конечното зацврстување на феудализмот во византиските реалности, кој како социјален систем својот врв и зенит го достигнал во времето на династијата на Палеолозите. Феномените на византискиот феудализам во тоа т.н. латинско-никејско раздобје се искажувале со различен интензитет бидејќи некогашната единствена византиска територија била разединета на повеќе држави со сопствени концепции за политичкото уредување.

# Четврта глава: *Струмица и Струмичко во XIII век*

## 4.1. Локалните господари: Добромир Хрс и Стрез

"Како скорпион и отровен пајак тој се вовлече во стрмните и непроодни стени. Согледувајќи дека е залудно што спие под нив или дека е сосема неполезно што како полип, и менувајќи ја бојата, се залепил за тврдината која е речиси надвор од дометот на стрелите, тогаш тој, како полжавите што ги носат куќите и школките што се како билки, се вовлече во бедемите на гратчето, наметнувајќи се со нив како со камена наметка".[321]

Со овој многу колоритен, полн со метафори фрагмент од една своја беседа, византискиот историчар Никита Хонијат го насликал Добромир Хрс. Зборовите на учениот Византиец, кој всушност е нашиот основен извор за улогата и делувањето на локалниот господар Хрс, се однесуваат на преминот меѓу двете столетија, исполнет со различни политички, економски, социјални и др. собитија, кои во голема мерка ја одределе судбината на Царството.

Ако во епохата на Комнините локалните интереси (во секоја смисла), се уште, биле во тесна врска со царските – државните интереси, преку стилот на владеење, преку начините на кои се проектирала сликата за моќта на Царството и секако преку харизмата на царот, во времето на нивните наследници на сцената започнале да доминираат локалните интереси. Оттогаш, моќта на централниот апарат, не била, а веројатно и не можела да биде практикувана на начин што би го обезбедувал единството на Царството. Во различните делови на Византија, се повеќе се засилувале сепаратистичките стремежи за осамостојување на оние кои се стремеле независно да владеат на своите територии. Од една страна, тоа биле големите аристократски родови од далечните провинции, кои, полунезависно или понекогаш и сосема независно, владееле со областите што им ги доверувала централната власт, и, од друга, локалните господари

[321] Nicetae Choniatae, *Orationes et epistulae*, ed. J. A. van Dieten, Berolini 1972, 108; ВИИНЈ, IV, Београд 1971, 235.

кои како печурки после дожд “изникнале” кон крајот на XII век. Нивното појавување во дадените историски прилики, за Византија претставува еден сосема нов феномен што не значи дека тој во различни форми не се јавувал и во другите епохи од долгата историја на Византија.

Локалните господари Добромир Хрс, а подоцна и Стрез ќе се обидеме да ги анализираме во рамки на историјата на Струмица и Струмичко во дадениот историски период. Бидејќи за нив, било одделно било во контекст на неколкумината локални господари на Балканот, е доста пишувано во балканската историографија, наша цел во овој дел од истражувањето ќе биде уште еднаш да ги испитаме и доведеме во релација изворите и литературата што се однесуваат на предметот на нашиот интерес. Од тие причини ќе ги селектираме сите расположиви изворни податоци во кои се споменуваат Струмица и Струмичко и врз основа на направената анализа, врз таквата селекција, ќе се обидеме да одговориме зошто токму во струмичкиот регион се појавиле овие локални господари.

Првиот конкретен изворен податок во кој се споменува Добромир Хрс се однесува за периодот 1197-1198 година. Никита Хонијат известува дека тогаш царот Алексиј III Ангел (1195-1203) се кренал да војува против овој одметник. Походот не бил изведен до крај, всушност бил неуспешен и Византијците се вратиле назад во Цариград.[322] Акцентот на Хонијат во случајов не е врз походот туку врз краткиот вовед, во кој, овој учен Византиец, ги наведува причините што го натерале царот да војува со Хрса. Значи, важно е да истакнеме дека пред 1197 или 1198 година, без да сме во можност точно да ја утврдиме хронологијата, Хрс ги напаѓал и пустошел селата околу Серез. Исто така, тој во вителот на настаните кои ја потресувале Византија – создавањето на второто Бугарско царство - воден исклучиво од своите интереси за освојување на територии и самостојно владеење со нив, час бил во сојуз со Бугарите[323] час со

---

[322] Nicetae Choniatae, *Historia*, ed . J. A. van Dieten, Berolini 1975, [60]-[75], 487; ВИИНЈ, IV...,158.

[323] Некои истражувачи подемот на политичката кариера на Хрс го врзуваат со почетната година на востанието на Петар и Асен. Односно со почетоците на образувањето ан второто бугарско царство. Приредувачите на IV том на Византиски извори со право се резервирани по однос на овие тврдења, ВИИНЈ IV...,233. Одличната анализа на Радиќ на изворите и целокупната литература за овој проблем исто така покажува дека обидите на некои научници да ги доведат во релација активностите на Хрса со оние на Петар и Асен се повеќе плод на современи конструкции отколку на средновековните реалности.

Византијците. Не толерирајќи го неговото однесување, Византијците го заробиле и го фрлиле во затвор за потоа да го пуштат и испратат да ја чува Струмица (ἐπὶ τῷ φρουρῆσαι τὴν Στρούμιτζαν).[324] Накратко ова е воведот на Хонијат во походот на царот Алексиј III датиран во пролетта 1197 година.[325] Од овој вовед на Хонијат кој по себе е доста штур, и од кој тешко може со сигурност да се тврди кога точно, на кој начин и каде се појавил Добромир Хрс, научниците се обидувале до го лоцираат неговото делување во време и простор. Претпоставките во литературата за почетоците, да речеме, на неговата политичка кариера одат назад во времето и тоа – околу 12 години пред походот на Алексиј III, проследени со уште едно тврдење дека тој уште, од 1185 г. или пред тоа владеел со Струмица.[326] Нема да навлегуваме во причините што ги воделе интерпретациите на научниците за таквите тврдења. Ни се чини дека таквите тврдења не само што тешко можат да најдат поткрепа во изворните податоци туку тие не соодвестуваат на приликите во регионот на Стримон во дадениот период.

Ако внимателно го следиме нашиот извор – Хонијат, гледаме дека токму Византијците го испратиле да ја чува Струмица која сигурно била во нивни раце или барем под нивна контрола, во годините пред 1197. Затоа што мала е веројатноста тие подоцна да го вратат назад да управува со "поранешните свои територии"? Од друга страна веста дека крадешкум, без да биде забележан (λαθραίως) ги пустошел селата околу Серез[327] упатува на претпоставка дека Хрс се одметнал и завледеал извесни територии, но кои точно, неможеме да утврдиме. Единствено што можеме со сигурност да кажеме е дека откако бил поставен да ја чува Струмица како важно стратегиско упориште на Византијците од нападите на Бугарите, кои во тоа време биле во експанзија, тој се осилил, ја

Повеќе во: Р. Радић, "Обласни господари у Византији", *ЗРВИ XXIV-XXV/1986*, 195, f. n. 10; P. Magdalino, "Srednjevekovno carstvo (780-1204)": *Oksfordska istorija Vizantije*, ed. S. Mango, Beograd 2004, 221-213.

[324] Nicetae Choniatae, *Historia*..., [67] 487.

[325] Р. Радић, "Обласни господари..., 197, f.n. 15; М. Бошкоски, *Македонија во XI и XII век (надворешни упади на територијата на Македонија)*, Скопје 1997, 173.

[326] На пример претпоставката (без аргументација) на стр. 466, во *Историја на македонскиот народ, т. I.*, каде се вели дека: "можно е тој да дејствувал како крупен феудален господар пред 1185 година во струмичкиот крај", Cf. М. Бошкоски, *Македонија во XI и XII век*..., 171, f.n. 437.

[327] Nicetae Choniatae, *Historia*..., [59] 487.

злоупотребил таквата позиција и тогаш за прв пат загосподарил со градот. Токму исказот кај Хонијат – со сето претерување на авторот - за тоа дека тој ги изневерил надежите на царот кој го испратил таму, нанесувајќи им на *соседнитūе Ромеи* невидени зла,[328] укажува дека околината на Струмица, со се градот, била под византиска контрола. После првиот незавршен поход во 1197 година, царот Алексиј повторно во 1198 година, од Кипсела преку Солун, се упатил против Хрса кој ја присвоил Струмица и завладеал со тврдината Просек[329] избирајќи ја за свое седиште. Според Хонијат, Византијците не обрнувајќи им внимание на Бугарите "одамна ја занемариле оваа запустена тврдина".[330] Овој детаљ е многу индикативен бидејќи во перцепцијата на Византијците, Просек уште во XI век бил регистриран како добро утврдено место.[331] Истата претстава за Просек ја имал и Хонијат кој вели дека:" Хрс го избра Просек за свое средиште, во секој поглед ја зацврсти тврдината која природата од искона ја беше раскошно создала и дала…заедно со воената вештина, тврдината е речиси неосвоива…"[332] И уште еден византиски извор, од почетокот на XII век, митрополитот на Навпакт, Јован Апокавк, ја нагласува извонредната положба и непристапноста на Просек.[333]

Во сплетот на дадените историски околности заедно со политичките и воените вештини што очигледно ги поседувал Хрс, тој успеал да се наметне како политички фактор во источна Македонија односно да го искористи вакумот во административната, воената и политичка немоќ на Византија во нејзините гранични територии.

Од описот на тврдината Просек и активностите коишто Хрс ги презмал за одбрана од Византијците, разбираме и за неговата економска моќ. Затоа што Хонијат многу децидно вели дека Хрс собирал и носел сѐ што било нопходно за исхрана на војската, дека внатре внел големо изобилство од животни продукти, а по околните ридови допуштил

[328] Ibidem…, [69] 487.
[329] Т. Томоски, "Средновековни градови во Македонија меѓу реките Вардар, Брегалница и Лакавица": *Македонија низ вековиūе*, Скопје 1999, 198-206.
[330] Ibidem…, [22]-[23] 502; ВИИНЈ, IV…, 160.
[331] H. Gelzer, "Ungerdructe und wenig…42; Ioannis Scylitzae, *Synopsis*…, 358.
[332] Nicetae Choniatae, op.cit. [10]-[15] 502; ВИИНЈ, IV…, 159.
[333] В. Васильевский, "Epirotica saeculi XIII", *ВВ 3/1986*, 244.

слободно да пасат стада од овци и говеда. Воедно Хонијат споменува дека на тврдината биле поставени и воени орудија – (фрлачки справи).

Освен Просек и Струмица, Хрс контролирал и неколку други помали тврдини и села, кои точно незнаеме, и што е уште поважно во чија околина имало амбари и житородни ниви, коишто Византијците напредувајќи кон Просек ги спалиле, а тврдините ги уништиле.[334] Меѓутоа и покрај повеќедневната опсада на Просек, византиските војски не успеале да ја заземат тврдината и бидејќи царот увидел дека целта не се остварува, за да не губи време стапил во преговори и на Хрса му ги препуштил, Просек, Струмица и околните краеви.[335] Интересно е дека преговорите биле водени како меѓу владетели на две завојувани држави, што упатува на тврдење дека Хрс во меѓувреме станал речиси рамноправен конкурент на византиското царство. Хрс формално ја признал врховната власт на царот кој за возврат му ги препуштил областите со кои веќе владеел без да добие какво било територијално проширување. Во перидот од 1198 до 1201-1202 година Добромир Хрс бил локален господар на наведените територии. За неговата економска моќ од каде конечно и ја црпел силата и успешно им се спротиставувал и на Византијците и на Бугарите, сведочи уште еден податок кај Хонијат. И покрај тоа што не знаеме како и на кој начин го организирал животот на неговите територии - веројатно го наследил затекнатиот даночен систем - ако имаме на ум дека тоа се плодни области, дека тој контролирал дел од важни патни комуникации, значи ја контролирал и трговијата што се одвивала преку нив, тогаш можеме да го разбереме и податокот кај Хонијат дека Хрс, за два кентенера злато[336] го откупил од Бугарите својот тест протоспаторот Мануил Камица, чија ќерка ја добил за жена од византискиот цар после договорот од 1198 година.

Меѓутоа Хрс го прекршил договорот со Византија и заедно со својот тест Камица во 1201 година ги нападнал соседните византиски

---

[334] Nicetae Choniatae, *Historia*...,[25]-[30], 502-503; [71]-[74], 504; ВИИНЈ, IV...,161.
[335] Nicetae Choniatae, *Historia*..., [53]-[57], 507; ВИИНЈ, IV...,163.
[336] Nicetae Choniatae, *Historia*...,[49]-[50], 533; ВИИНЈ, IV..., 167.Еден византиски кентенериј изнесувал 3,2 килограми злато, што значи дека Хрс го откупил својот тест за 6,4 килограми злато! За илустрација колку вредела оваа количина злато во смисла на даночна обврска во тоа време повеќе во: Г. Острогорски, *Историја*..., 386.

области. Тие ги потчиниле Прилеп и Пелагонија,[337] стасале се до Тесалија, вознемирувајќи ги дури и Хелада и Пелопонез кадешто го оставил Камица да управува со Тесалија.[338] Новонастанатата ситуација на овој дел од Балканот, не само што претставувала голема опасност за Византија туку и за апетитите на бугарскиот цар Калојан. Од тие причини дошло до приближување на Цариград и Трново кое резултирало со мировен договор. Со одредбите на овој договор, Византија требала да ја добие Струмица, а Бугарија Просек.[339] Од вестите што потоа ги носи Хонијат, византискиот цар во воена операција го принудил Камица да се повлече од Тесалија. На враќање од овој поход Алексиј III, како што известува Никифор Хрисоверг, кон крајот на 1201 година ја освоил Струмица успевајќи со лукавство да го нападне Хрса.[340] Всушност ова е и последниот директен податок за Хрс кој тогаш ја изгубил Струмица, а веројатно нешто подоцна и Просек.

За неполни десет години од заминувањето на Хрс од историската сцена, повторно, и речиси на идентичен начин, во речиси истите области се појавува еден друг локален господар, во изворите познат како Стрез. Отсуството на изворни податоци не дозволува подетална реконструкција на приликите во Струмичкиот регион до појавувањето на Стрез. Со определен степен на веројатност може да се каже е дека Струмица со нејзината поблиска околина останала под византиска контрола додека со Просек управувал намесник на бугарскиот цар Калојан.[341]

Како што истакнавме погоре, структурата на Византиското царство започнала да се менува, поточно да се раздробува уште пред крстоносците да стапнат во Цариград: со отцепувањето на Бугарија и Србија, со подемот на независните господари во Македонија, на Кипар, на Пелопонез, во западна Анадолија и секако со основањето на "Трапезунтското царство" на Понт, во април 1204 година. Сепак овие внатрешни потреси изгледаат

---

[337] К. Ациески, *Пелаĝонија*..., 119-120.
[338] Nicetae Choniatae, *Historia*..., [57]-[63], 534; ВИИНЈ, IV...,168.
[339] Nicetae Choniatae, *Historia*..., [84]-[85], 535; Н. Хрисоверг, ВИИНЈ, IV..., 241, f. n. 13; И. Дуйчев, "Из една реч на Никифор Хрисоверга към Алексий III Ангел", *Проучвания върху българското средновековие*, София 1943, 91-110, 104; Р. Радић, "Обласни господари..., 204.
[340] Nicetae Choniatae, *Historia*..., 90-96; ВИИНЈ, IV..., 168-169.
[341] Р. Радић, op. cit. 222.

периферно во однос на главниот удар што на Царството му го нанесуваат крстоносците, со заземањето и уништувањето на Цариград 12-15 април 1204 година, и со освојувачките акции после кои било здробено јадрото на Византија. Така до 1210 година, во оваа: "пресметана оргија од насилства – спроведувана во 'име на Бога' против 'Ромеите' сфатени како 'божји непријатели', на византиската почва се појавиле неколку нови франачки држави, десетина помали зависни државички и мноштво од расфрлени колонии на Венецијанците и Џеновјанците".[342]

Втората по ранг држава, после Латинското царство во Цариград, што се појавила по 1204 година било т.н. "Солунско кралство" основано од Бонифациј Монфератски кој умира во 1207 година. Нејзинита првична територијална база била во Македонија и Тесалија. Во истата година кога умрел Бонифациј, бил убиен и најмоќниот владетел во јужниот дел на Балканот, бугарскиот цар Калојан како жртва на незадоволните бољари. Во борбата за Трновскиот престол се појавиле различни претенденти кои во меѓувреме се осамосталиле и владееле со широки и важни области. Еден од нив бил човекот кој во изворите е познат како господарот на Просек – Стрез.

Интересно е да напоменеме дека ако во случајот со Хрс примарни беа византиските извори, во случајот со Стрез и неговото делување вестите се најмногу од гледна точка на словенските извори и тоа од жанрот на хагиографијата. Главните информации за владетелот на Просек во првите години на XIII век ги носат житијата на Св. Сава и на Стефан Немања. Ова е донекаде и разбирливо ако знаеме дека по одметнувањето од бугарскиот двор Стрез бил прифатен на дворот на српскиот жупан. Освен неколку детаљи речиси и да нема записи од "бугарска" и од византиска провиниенција. Исто така, нема ниту материјални извори кои би можеле, освен индиректно, да се доведат во корелација со овој локален господар.[343] И покрај скудната состојба со изворите сепак може да се забележи дека во центарот на вниманието е

---

[342] S. V. Rejnert, "Rasparcavanje (1204-1453)": *Oksfordska istorija Vizantije*, ed. S. Mango, Beograd 2004, 266-268.

[343] Н. Чаусидис, "Средновековни наоди од Просек", ГЗФФ во Скопје, кн.14. 40/ 1987, 171-195; За т.н. "Стрезов град" – голема и силно укрепена тврдина,повеќе во: И. Микулчиќ, *Средновековни градови*...230-234.

повторно Просек седиштето на господарот чии територии во време на неговиот зенит се простирале на југ до Верија, а на север до Скопје со неговата околина. На исток границa веројатно била реката Стримон, а на запад таа се ширела се до Пелагонија, со тоа што по се изгледа Охрид не бил засегнат.[344]

Вреди да се одбележи уште нешто. Ако Хрс својата моќ и независност ја црпел во постојаните лавирања меѓу Бугарија и Византија, Стрез ги користел судирите меѓу Србија, Бугарија и епирскиот владетел Михаил I Ангел (1204-1215) во борбата за нови територии, та дури на почетокот под закрилата на српскиот жупан – како негов сојузник завладеал со делови од Македонија – долно Повардарје.[345] Приметуваме дека шемата на собитијата е многу слична. Меѓутоа, според нас прашањето е како е можно Стрез да се појави како независен господар речиси во истите области како и Хрс и на истиот начин како неговиот претходник? Еден од можните одговори е дека Стрез уживал соодветен авторитет во тие краеви и пред да ги освои овие територии. Впрочем во прилог на нашето мислење се и зборовите на житиеписецот Теодосиј : "откако го завладеа утврдениот Просек и потчини и други тврдини", бидејќи "го познаваа загорците и мнозина доаѓаа кај него".[346] Иако во првите месеци од своето владеење тој ја признавал и врховната власт на српскиот жупан ние не знаеме ништо за степенот на зависност на Стрез во однос на жупанот ниту пак за формите со кои се изразувала истата, освен дека и едниот и другиот се раководеле од сопствените интереси во борбата за моќ – за територии.

По извесно време, во 1209 година, Стрез се одметнал од влијанијата на српскиот двор и завладеал самостојно. Авторите на српските житија славејќи го делото и улогата на српскиот жупан за издигнувањето на Стрез, (токму во манирот на хагиографскиот дискурс) речиси идентично ја повторуваат епизодата дека: "Стрез се укрепил во Просек, се засилил,

[344] Ф. Баришић - Б. Ферјанчић, "Вести Димитрија Хоматијана 'о власти Другувита' ", *ЗРВИ XX/1981*,46-47.
[345] Во житието на Св. Симеон буквално стои: "...и предадох му пола царства бугарског... и утврдих га у граду по имену Просек...", Стефан Првовенчани, *Сабрани сūиси*, Београд 1988, 92. И покрај очигледната претераност на изразот, неспорно е дека во почетокот на владеењето на Стрез определелна улога имал и српскиот жупан.
[346] Теодосије, *Жиūија*, Београд 1988, 179.

збогатил, заборавил на божјите поуки и подбуцнат од ѓаволот се одметнал од него (од Бога) и на доброто одговорил со зло".[347]

За момент ќе излеземе од рамката на политичките настани во кои Стрез е една од централните фигури во тогашните прилики на Балканот насочувајќи го вниманието на неколку детаљи од животот на Стрез и на секојдневието на луѓето што живееле во Просек и неговата околина. Според Теодосиј на врвот на кулата на Просек имало дрвена конструкција (веројатно некој вид на театар) која служела и како место за погубување на неистомислениците на Стрез: "на тоа место тој си направи свој театар...и кога сакаше да се забавува, седејќи и пиејќи на срамотното судиште, играше и се веселеше. А неговата веселба беше смртта човечка и за мала вина го осудуваше виновникот на смрт, заповедајќи да биде фрлен од многу високиот камен на оној театар..."[348] Во градот на Стрез постоел некаков мал средновековен театар, место за игри и веселби на луѓето кој воедно на Стрез му служел и за пресметка со непријателите. За присуството пак, на различни дресери на животни, особено на кротителите на змии, инаку доста популарни во Византија, на дворот во Просек, повторно говори житиеписецот Теодосиј при тоа претставувајќи го Стреза како еден вид на ѓавол: "а тој (Стрез) со тврдо срце, од невнимание глув, како апсида кон змијарот ги затна ушите свои, за да не го слуша гласот на зборовите на Светиот".[349]

Уште еден многу интересен податок кај Димитрија Хоматијан зборува за начинот на кој селското население ги минувало празничните денови. Имено во една селска забава во близината на Просек, некој селанец Драган заедно со соселаните празнувале со игри во стрелање. Иако бил вешт стрелец, тој ден Драган од небрежност го убил својот син, додека овој трчал кон целта да ги собере претходно испалените стрели.[350]

---

347 Теодосије, *Житија*..., 179; Стефан Првовенчани, *Сабрани*...92.
348 Теодосије, *Житија*...,182; С. Бојанин, *Забаве и светковине у Средњевековној Србији*, Београд 2005, 259-260; За словенскиот поим "позор" и "позориште" и неговата функција и како место за погубување повеќе во: I. Dujćev, "Théatron – pozoriste: un problème de l'histoire de la civilisation slave médiévale", *Зборник Светозара Радојчића*, ФФ, Београд 1969, 77-81.
349 Теодосије, *Житија*..., 167; С. Бојанин, *Забаве*..., 282.
350 G.Prinzing, *Demetrii Chomateani: Ponemata Diaphora*, Berolini et Novi Eboraci MMII (2002), No 131, 403-405; С. Бојанин, *Забаве*...,363; R. Radić, "Four Prosopographic Notes about Ordinary people from the Late Byzantine History (A Historiographic Essay)", *ЗРВИ 38/1999-2000*, 268-270.

Како што истакнавме бидејќи Стрез за кратко време се одметнал од влијанието на српскиот жупан, Теодосиј од позиција на биограф на Св. Сава постојано го нагласува грдиот карактер на небогобојажливиот Стрез, кој набргу се смирил со Грците (т.е. со Михаил I Ангел) и со Борил, и сите заедно во текот на 1210 година го напаѓале Солунското кралство.[351] Р. Радиќ е на мнение дека по измирувањето со Борил, Стрез од него ја добил и титулата севастократор[352] и дека во нивните понатамошни акции тие биле потполно рамноправни сојузници. За тоа многу добро сведочи и третманот што го добил Стрез од страна на Хенрих I - тој бил перцепиран како еден од четирите најголеми непријатели на Латинското царство.[353] Оваа важна констатација го вбројува Стреза во редот на најмоќните локални феудалци во тоа време на Балканот и што е особено занимливо покажува дека независно од каде доаѓа и какви врски имал со бугарскиот двор, во дадената историска ситуација тој е независен и самостоен во неговите делувања и владеења. Впрочем за моќта и влијанието на Стрез во Македонија кој постепено се ширел на југо-запад посредно говори и изразот "тиранија на Драгувитите" и "власта на Драгувитите" употребен кај Димитрија Хоматијан, а анализиран токму во корелација со известувањата на српските хагиографи. Под првиот израз се крие влегувањето на областите на долен Вардар и на градот Верија во рамки на владеењата на Стрез – инаку триаголникот Пела – Верија - Солун било седиштето на словенското племе Драгувити – кој според наведениот израз својата самостојност ја засновал на територијата на Драгувитите. Вториот израз означува дека и Полог и областите околу него некаде пред 1217 година биле дел од териториите со кои, исто така, владеел Стрез.[354]

---

[351] D. M. Nicol, *The Despotate of Epiros*, Oxford 1957, 34; *Историја Српског народа I*, Београд 1981; 298-290.

[352] Повеќе за титулата севасторатор во: Б. Ферјанчић, "Севастократори и кесари у српском царству", *ЗФФ, XI-1, (Споменица Ђорђа Тадића)*, Београд 1970, 254-269.

[353] Р. Радић, "Обласни господари..., 228-229; G. Prinzing, "Der Brief Kaiser Heinrichs von Konstantinopel vom 13. Januar 1212. Ueberlieferungsgeschichte Neuedition und Kommentar", *Byzantion 43/1973*, 395-431.

[354] На ова мнение се Б. Ферјанчиќ и Ф. Баришиќ кои со убедливата анализа и луцидната аргументација покажуваат дека зад овие синтагми всушност се крие локалниот господар Стрез. Сепак авторите не навлегуваат во попродлабочена анализа од каде, зошто и во каква релација бил Стрез со словенското племе Драгувити, Ф. Баришић - Б. Ферјанчић, "Вести Димитрија Хоматијана..., 45-48. Можеби употребата на поимот Драгувити од страна на учениот архиепископот Охридски укажува на или, се уште, живата употреба на овој поим или што е поверојатно на постоење на меморија во црковните списи за

Логичното прашање кое се наметнува овде е дали и во каква релација бил Стрез со словенското племе Драгувити или пак и самиот произлегувал од него? Исто така, можеме да се запрашаме зошто учениот архиепископ Хоматијан, кој сигурно добро ги познавал приликите во регионот, го идентификува Стреза со Драгувитите, во контекст на проблеми од световен, а не од црковен карактер, во ситуација во која Драгувитите веќе одамна не се споменувале во изворите? Дали е во прашање некоја реална ситуација или пак станува збор за меморија поради силината, големината и влијанието на ова склавинија? Во секој случај изворите се неми за какви било поконзистентни одговори на овие прашања и дилеми.

Неуспешните обиди на Стрез и на Борил за поголем продор кон југ во 1211 година биле осуетени од страна на крстоносците со што настапила и пресвртница во политичките прилики во регионот – и трновскиот цар и господарот на Просек сега се завртеле кон српската држава. Склопувајќи сојуз со Борил, Стрез се надевал да ги прошири своите територии за сметка на Латините. Но, притиснат од нив тој се откажал од сојузот со бугарскиот цар ветувајќи му верност на императорот од Цариград. Во тие постојани лавирања меѓу двата цара кога веќе видел дека нема полза од тоа, Стрез ги прекинал врските со српскиот жупан завртувајќи го оружјето против него. За сето време од своето владеење Стрез постојано се обидувал да ги сочува и прошири своите територии, да ја сочува слободата на дејствување и независноста во однос на соседите.

При тоа немаат никаква основа тврдењата на одделни истражувачи дека областите на Стрез влегувале во состав на бугарската држава па макар и со сочувување на автономија во управувањето?[355] Стрез бил самостоен локален феудалец, ни помалку ни повеќе рамноправен во неговите аспирации и акции со неговите “сојузници” или пак опоненти во борбите за територии. Тоа што тој потекнувал од редовите на бугарската

---

епископијата на Драгувитите кои единствени влегле и останале запишани во византиските извори од црковна провиниенција.

[355] Е. Савчева, “Севастократор Стрез”, *Годишник на Софискиот Универзитет “Климент Охридски”, Исторически факултет, 68/1974*, 65-97, 93; И. Божилов и В. Ѓузелев, и покрај постојаното истакнување на роднинската врска меѓу царот Борил и господарот Стрез, никаде не кажуваат дека териоториите на Стрез станале дел од бугарската држава, И. Божилов – В. Гюзелев, *История...*, 470-475.

властела не е, и не може во тоа време да биде ниту причина ниту цел на неговите дејствувања, та оттука и тврдењата дека неговите земји влегувале во составот на бугарската држава се чинат дека се апсурдни. Сметаме дека и во овој случај тврдењата не произлегуваат од тогашниот контекст на политичките прилики и концепции туку се должат на современите проекции врз средновековните реалности. Со други зборови како да "по правило" делови од Македонија (или цела Македонија независно од значењето на овој поим во тоа време, а уште повеќе во современото) влегувале во орбитата на "националните аспирации" на средновековните бугарски цареви.

Српскиот жупан неколку пати испраќал пратеници кај Стреза за да го одврати од намерите. Дури неговиот и брат св. Сава побарал да појде и мирно да се разбере со Стрез. Господарот на Просек го примил св. Сава во својот логор и го поканил на трпезата. Во присуство на многумина војсководци на Стрез – ова е индикативен податок кој сведочи за воената, а очигледно и за економската моќ на Стрез – Сава се обидувал да го разубеди Стреза од неговите намери и повторно да го обнови договорот со Стефан. Пред да го напушти логорот, св. Сава му се помолил на Бога да ја спаси неговата земја од напаста што се приближувала. Бог му ги услишил молбите и ноќта на спиење му испратил ангел на Стрез кој му го прободел лутото му срце.[356] Всушност, авторот на житието во овој пасаж ги опишува чудотворните моќи на Св. Сава кој со една молитва го уништил смртниот непријател на Србите. Најверојатно Стрез бил убиен, а неговата смрт приближно би можела да се смести во 1214 година. Набргу потоа неговите поседи стануваат плен на латинските и на епирските одреди во регионот.

Појавата на двајцата господари на Просек кон крајот на XII и почетокот на XIII век, во централна и источна Македонија сигурно не се должи на случајност. И двајцата господари се репрезенти на новите политички и социјални услови на Балканот во време на распаѓање на Византија. Сепаратистичките стремежи на одделните локални господари можеле да се развиваат во оддалечените области, на периферијата од Царството. На преминот меѓу двата века Македонија е типичен пример за

[356] Теодосије, *Житија*..., 184-185; Стефан Првовенчани, *Сабрани списи*..., 93

ова што го говориме - и Бугарите и Византијците и Латините и Србите се бореле за завладување на делови од нејзината територија. Но, ниту еден од нив не успеал во континуитет да ја остварува својата власт. Ваквите политички прилики во согласност со социјалната и економската моќ што ја уживале двајцата господари на Просек овозможиле тие да го искористат судирот на интересите меѓу, на моменти, посилните соседи и да се наметнат со своите интереси и делувања. Всушност, не може да се каже ни тоа дека нивните активности се разликувале од оние на нивните соседи (или пак од оние во поодалечените делови на поранешното византиско царство) во време кога феудалниот поредок на Балканот ги добивал своите реални димензии. Исто така, треба да се напомене дека во времето кога делувале и Хрс и Стрез, во различни делови на Балканот се јавуваат и други локални господари и владетели како Леон Згур во јужна Грција, погоре споменатиот епирски владетел Михаил Ангел во Епир, Алексиј Слав во Мелник, Иванко во Родопите и други. И тие слично како Стрез и Хрс ги користеле истите методи и техники во стекнување и оддржување на својата моќ. На пример и Слав според зборовите на Акрополит никогаш не им се потчинил целосно на околните владетели, според приликите им помагал еднаш на Латините, еднаш на Бугарите или на Епирците, но никогаш никому не му дал за право да смета на неговата целосна приврзеност.

4.2. Чести промени на политичката власт (Епирци, Бугари, Византија)

Периодот по смрта на Стрез, па се до потпаѓањето на Струмичката област под српска власт, се карактеризира со чести промени на политичката власт во овие краишта. Оттука, логично е да се запрашаме што се случило со земјите на Стрез и во таа смисла каква била состојбата со Струмица и Струмичкиот регион воопшто. Замрсеноста и комплицираноста на политичките прилики на Балканот во дадениот период, во голема мера ја замаглуваат и историјата на овој регион. Сепак, низ лавиринтите на постоечкиот материјал ќе се обидеме да ја доловиме сликата за состојбите во Струмичкиот регион.

Некои од научниците сметаат дека земјите на Стрез по неговата смрт, некако “логично” ги заграбил бугарскиот цар Борил.[357] Меѓутоа овие тврдења немаат основа во современите извори[358] бидејќи поголем дел од поранешните територии на Стрез биле освоени од Латините од Солунското кралство, кои во летото 1215 година се зацврстиле во Просек.[359] Иако не можеме со сигурност да тврдиме бидејќи нема никакви конкретни податоци, по се изгледа дека и делови од Струмичката област влегувале во состав на Солунското кралство. Другата можност е со земјите на Стрез по неговата смрт или барем со регионот на Струмица да управувал деспотот Алексиј Слав, како сојузник на латинскиот цар Хенрик I.

Ако имаме на ум дека земјите на Стрез на исток се граничеле со земјите на деспотот Алексиј Слав, при што според К. Аџиевски границата врвела во планинските масиви на Малешевските планини, Беласица и Огражден,[360] чиј центар бил Мелник,[361] и ако знаеме дека Алексиј Слав бил постојан и доследен сојузник на латинскиот цар, Хенрик I, речиси цели осум години се до неговата смрт во 1216 година, тогаш вреди да се запрашаме како било можно, териториите на Стрез по неговата смрт, во 1214 година, да биле приграбени од Борил? Тврдењето дека земјите на Стрез биле завладеани од Латините може делумно да се поткрепи и со уште еден податок. Во брачниот договор помеѓу малолетниот латински император Балдуин II (1228-1261) и ќерката на поранешниот ерусалемски крал Јован од Вриен или т.н договор од Перуџа од 1228 година, меѓуостанатото стои дека на Јован му се наложува на Латините да им ја врати: ”…целата земја што ја владеел Комнин (т.е. Теодор Ангел) дури до областите на Димотика и на Адрианопол и целото херцогство Филипопол,

---

[357] D. M. Nicol, *The Despotate of Epiros*, Oxford 1957, 49; idem “The Fourth Crusade and the Greek and Latin Empires, 1204-1261”: VR, London 1972, 299-301; И. Снегаров, *История…*, 101; Х. Матанов, *Средновековните…*, 248; И. Божилов – В. Гюзелев, *История…*, 474-475.
[358] К. Аџиевски, *Пелагонија…*, 132.
[359] В. Васильевский, “Epirotica saeculi XIII”, *ВВ 3/1896*, No. 3, 244-246; П. Мутафчиев, “Владетелите на Просек…,269; К. Аџиевски, *Пелагонија…*,132-133; 49; Р. Радић, “Обласни господари..., 234;
[360] К. Аџиевски, “Деспот Алексиј Слав – самостоен феудален владетел во Македонија”, *Годишен Зборник на ФФ во Скопје, 29/1977*, 77-92, 85, 83-92. За разлика од Аџиевски, Радиќ смета дека граница била реката Стримон, cf. Р. Радић, “Обласни господари..., 241.
[361] И. Дуйчев, “Мелник през средновековието”: *Българско средновековие*, София 1972, 886-391.

од кого и да е завладеано, и целата земја на Слав и онаа којашто била на Стрез (terra que fuit de Straces)...".[362] Од прецизноста со која бил сочинет договорот произлегува дека во 1228 година земјите на Стрез, кои тогаш веќе биле заземени од Епирците, Латините ги сметале како свои. Значи уште пред Просек да биде завладеан од Епирците, може да се допушти дека претензиите што Латините ги полагале кон земјите на Стрез се должеле на нивното претходно, директно или индиректно, владеење со овие земји.

По смртта на латинскиот цар Хенрик I, моќта на неговото царство се повеќе опаѓала. За сметка на тоа јакнела Епирската држава која со доаѓањето на Теодор I Ангел (1214/1215-1230) станала една од најмоќните фактори на Балканот. Теодор завладеал со делови од Македонија[363] и Албанија, го уништил Солунското кралство [364], го протерал гарнизонот на Јован Ватац од Одрин и го принудил Алексиј Слав да му стане вазал.[365] Неколку драгоцени податоци од богатата коренспонденција на Охридскиот Архиепископ Хоматијан[366], дозволуваат приближно да се определи времето на паѓањето на Просек и на Струмица под епирска власт. Имено, во првото писмо станува збор за веќе спомената епизода во претходното поглавје, поточно за селските забави со игри во стрелање. Бидејќи некој селанец по име Драган од Просек, од небрежност го застрелал својот син, Струмичкиот епископ се советувал со Хоматијан за условите и видот на казната за Драган.[367] Во писмото се споменуваат тврдината Просек, струмичкиот епископ и градот Струмица. Гинтер

---

[362] R. Cessi, Deliberazioni del Maggior Consiglio di Venezia, I, Bologna, 1950, во: ИБИ ЛИБИ IV, София 1981, 35-37, 36; П. Мутафчиев,"Владетелите на Просек...,269; К. Аџиевски, *Пелагонија...*,133; Б. Николова, *Устройство и управление...*,187-188; A. D. Vasileva, "Les relations politiques bulgaro-latines au cours de la période 1218-1241", *BHR, 7/1979*, 75-90, 82.

[363] К. Аџиевски, "Потчинувањето на Македонија од страна на Теодор I Ангел и формирање на Солунското царство", *Историја XVIII, 1-2/1982*, 123.

[364] Georgii Acropolitae, *Opera*, ed. A. Heisenberg, vol. I, Lipsiae 1903, 39-40.

[365] Acropolites,I..., 39; D. M. Nicol, *The Despotate...*, 104; А. Данчева – Василева, *България и латинската империя (1204-1261)*, София 1985, 120-121.

[366] А. Лаиу, предупредува дека и покрај извонредната изворна важност на Хоматијановата заоставштина, истражувачите треба многу да внимаваат при нејзиното ползување за проблеми поврзани со социјалната историја, најмногу поради нејзината атипичност. Станува збор за судски спорови, парници, проблеми од канонското и световното право, договорни документи, писма и сл. Повеќе за овој методолошки проблем во: A. E. Laiou, "Use and Circulation of Coins in the Despotate of Epiros", *DOP 55/2002*, 207-2-8, f.n. 2.

[367] G. Prinzing, *Demetrii Chomateni...*, No. 131, 403-405.

Принциг, автор на најновото критичкото издание на збирката на Хоматијан, смета дека иако писмото не е датирано, истото се однесува на годината 1219. Тоа од своја страна значи дека токму во таа година, откако навлегле на исток, Епирците го освоиле Просек, а најверојатно уште истата година ширејќи се кон југоисток ја освоиле и Струмица.[368]

Освен веќе цитираното писмо во кое се споменуваат Просек и Струмица, и според кое може временски да се определи ширењето на Епирците во југоисточна Македонија, Струмица и струмичкиот епископ се споменуваат во уште едно драгоцено писмо од богатата коренспонденција на Хоматијан.[369] К. Аџиевски го посочува ова писмо како уште една потврда за времето на освојувањето на Струмица.[370] Писмото е одговор на Хоматијан до струмичкиот епископ, во врска со еден брачен проблем на некој човек од Струмичко, кој како малолетник се верил со осум годишно девојче, а по нејзината смрт веќе полнолетен сакал да се причести и повторно да се ожени.[371] Датирањето што за ова писмо го предлага Принцинг е многу широко односно тој смета дека писмото било составено во периодот помеѓу 1217-1223. Иако станува збор за датација со временски опсег од речиси 5 години, сепак имајќи ги предвид сите последични собитија поврзани со освојувањата на Епирците низ Македонија, сметаме дека ова писмо може попрецизно да се лоцира во периодот околу 1219/1220 година. Во прилог на ова се надоврзува и освојувањето на Серез во 1221 година,[372] а по крунисувањето на Теодор Ангел околу 1225 година, и воспоставувањето на епирската власт во Драма, источно од Серез.[373]

---

[368] G. Prinzing, *Demetrii Chomateni*..., Recensuit, 249; В. Васильевский, "Epirotica..., No.3, 244-246; D. M. Nicol, *The Despotate*..., 58; К. Аџиевски, "Потчинувањето..., 125.
[369] G. Prinzing, *Demetrii Chomateni*..., No. 14, 65-66, Recensuit, 75-76.
[370] К. Аџиевски, *Пелагонија*..., 135, f.n. 32.
[371] Г. Принцинг смета дека веројатно во тоа време епископ на Струмица бил Константин Кавасила. Во текстот на писмото не се споменува името на епископот.
[372] D. Nicol, *The Despotate*..., 58; К. Аџиевски, *Пелагонија*..., 135.
[373] G. Prinzing, *Demetrii Chomateni*..., No.96, 319-320, Recensuit, 194-195; Писмото не е датирано, Принцинг го сместува во периодот помеѓу крајот на 1225 година и 1230 година. Во секој случај од коренспонденцијата на Хоматијан, во која се споменуваат локалниот ѓакон и хартофилакс на црквата во Драма, Константин Паспал и намесникот на Драма, Георгиј Кинам, се гледа дека Драма се наоѓала во рамките на епирската држава. Инаку Кинам на населението му наметнал нов данок, го фрлил во затвор несреќниот Паспал каде го принудил да му го "продаде" лозјето кое овој не сакал да го оттуѓи. Повеќе за благородништвото во Епирската држава и за локалното свештенство во доцна Византија во: Б. Ферјанчић, "Племство у епирској држави прве половине XIII века, (1204-1261)",

Секако огромен успех за Теодор Ангел било освојувањето на Солун кон крајот на 1224 година и уништувањето на Солунското кралство. Завземањето на Солун за Теодор претставувало и можност за превземање и на царската круна – тој во 1225 година бил крунисан од рацете на Охридскиот архиепископ, Димитрија Хоматијан. Во времето на Теодор Ангел, во рамки на Епирската држава се нашле: цел Епир, Етолиа и Акарниа, голем дел од Тесалија, западна и источна Македонија, Тракија со Одрин биле источните граници, а пак Прилеп, Пелагониа, Просек, Струмица, Мелник, Серез и Драма ја оцртувале северната граница на оваа држава.[374]

Ширината и големината на Епирската држава му овозможувале на Теодор Ангел да се смета како рамноправен претендент за престолот во Цариград, исто како што се сметале и Никејските цареви. Соперништвото помеѓу двата "наследника" на Византија, Епир и Никеја, дваесет години подоцна прераснало во отворен воен судир.[375]

Земјите на поранешниот владетел на Просек, станале дел од моќната епирска држава останувајќи во неа се до битката на Клокотница во 1230 година, кога голем дел од владенијата на Теодор, а заедно со нив и Просек и Струмица потпаднале под владеење на Иван Асен II (1218-1241)[376]. Бугарите ја уништиле војската на солунскиот цар кој и самиот паднал во заробеништво.[377] Како што соопштува Акрополит, под власта на Иван Асен II, потпаднале Одрин, потоа Димотика, целиот Волерон, Серез, Пелагонија и Прилеп и земјите околу нив. Тој ги опустошил и Голема Влахија, завладеал со Албанон и пљачкосувал се до Илирик.[378] Рамнотежата на силите на Балканот била изместена бидејќи сега Бугарија станала сила која, во следната деценија, имала главна ролја во

---

САНУ, *Глас 343, кн. 5 /1986*, 131-178; idem "Оглед о парохијском свештенству у позној Византији", *ЗРВИ, 22/1983*, 131-178, 66-67.

[374] A. E. Laiou, "Use and Circulation ..., 207.

[375] Г. Острогорски, *Историја...*, 407-416; D. M. Nicol, *The Last Centuries of Byzantium, 1264-1453*, London 1972, 23-42.

[376] И. Божилов, *Асеневци (1186-1460)*, София 1985, 77-92.

[377] Acropolites I..., 41-42; За Трновскиот натпис од 1230 г. во кој се слави победата на Клокотница во :В. Златарски, *История III*, София 1972, 593; D. Nicol, *The Despotate...*, 110; А. Данчева – Василева, *България...*, 129-130; К. Аџиевски, *Пелагонија...*, 139, f.n. 48.

[378] Acropolites I..., 42-43.

политичките процеси на Полуостровот. Сепак, Латинското царство не исчезнало од историската сцена. Од тие причини се родил и воениот сојуз помеѓу Иван Асен II и Никејскиот цар Јован Ватац за, со обединети сили, да ги нападнат земјите под латинска власт. Тие заедно стасале и пред портите на латинскиот Цариград и го опсадувале градот од пролетта 1234 се до зимата 1235 година. Опсадата завршила безуспешно така што Иван Асен II се вратил назад во својата држава, а Јован Ватац на исток.[379] Меѓутоа, војната од 1235 не само што го наметнала Јован Ватац (1222-1254) како не помалку моќен фактор од бугарскиот цар, таа резултирала и со територијални придобивки за Никејското царство, а речиси со никакви за бугарската држава.[380]

До триесеттите години на XIII век, Никеја практично се развивала надвор од контекстот на Балканските случувања. Таа била формирана од цариградските аристократи, избегани во областите на Витинија. За никејската световна и духовна елита Епирците биле самонаречени наследници на византиските традиции кои најмногу можеле да претендираат за времено задржување на власта во делови од континентална Грција. Ако Теодор Ласкарис бил основачот на Никејското царство, неговиот зет и наследник Јован Ватац, кој бил од ерменско потекло се појавил како најспособниот никејски владетел. Тој ја изградил никејската државна структура и ползувајќи го крахот на епирската држава после 1230 година, го претворил Никејското царство во многу моќен претендент за византиското наследство.[381] По смртта на Иван Асен во 1241 година, моќта на бугарската држава значително опаднала. За сметка на тоа Јован Ватац успеал да ги рашири своите владенија по долниот тек на реката Марица, во Родопското крајбрежје и во делови од Македонија, а под своја власт во 1246 година да ја стави и бившата престолнина на епирските владетели, градот Солун.[382] Тамошните наследници на Теодор Ангел се задоволиле со титулата "деспот" и го признале суверенитетот на Никеја. Сепак, деспотот Михаил II Ангел (1230-1268) успеал да ги зголеми

379 Ibidem..., 50-51.
380 А. Данчева – Василева, op. cit. 140-141.
381 Х. Матанов, *Средновековните...*, 252-253; S. V. Rajnert, "Rasparčavanje (1204-1453)²: *Oksfordska istorija*, 272.
382 Acropolites, vol. I..., 78-81; D. Nicol, *The Despotate...*, 152, 156, f.n.14.

своите територии во Тесалија[383], во јужна Македонија и во јужна Албанија. Тој немал претензии за царска титула, но, во педесеттите години од XIII век, возобновената од него епирска држава станала еден вид на обединувачки центар на антиникејските сили на Балканот, ставајќи се воедно и во улога на реставратор на Византија.

Никејците, во летото 1246 навлегле во јужните делови на бугарската држава и по долината на Стримон стасале до Серез и Мелник и за помалку од три месеци ги завладеале речиси сите територии, кои, по битката на Клокотница, влегувале во рамките на второто Бугарско царство. Историчарот на Никејското царство, Акрополит запишал дека Никејците ги освоиле Скопје, Велес, Просек и Овче Поле и стасале се до Прилеп и Пелагонија.[384] По освојувањата на Никејците, епирската држава на Михаил II Ангел добила директна граница со никејскиот цар, главниот претендент за обнова на Византиското царство.

Во овие години биле зацртани и основните териториjални контури на локалната управа, карактеристична за новото доба. И покрај непроценливата важност на изворните податоци на никејскиот историчар, Љ. Максимовиќ смета дека неговите кажувања или барем поедини детали што се однесуваат за територијалната организација во овој период би требало да се ползуваат со големо внимание, бидејќи Акрополит ги употребувал како географски и историски поими и не секогаш како административни единици.[385] На пример, со доза на веројатност може да се каже дека засебни административни области веројатно претставувале Прилеп, Велес и Албанон.[386] Како управник на земјите во Серез и Мелник, Никејците го поставиле идниот цар, Михаил Палеолог[387], син на големиот доместик и управник на Солун и западните краеви, Андроник Палеолог.[388] Во Велес бил поставен Теодор Каламбакис, во Прилеп некој Ксилеас[389] и др. Различните управници на одделните области и градови

---

[383] Б. Ферјанчиќ, *Тесалија у XIII и XIV веку*, Београд 1974, 56-57.
[384] Acropolites, I..., 78; По прашањето на границата меѓу Епирците и Никејците во овој дел од Македонија, одлична анализа и коментари на соодветната литературе дава К. Аџиевски, *Пелагонија*..., 142, f.n. 54.
[385] Љ. Максимовић, *Византијска провинциска управа...*, 27.
[386] Acropolites, I...,139.
[387] Ibidem..., 84.
[388] Ibidem..., 83.
[389] Ibidem..., 139.

што ги наведува Акрополит всушност под своја контрола имале војска и биле поставени за чување на тие области. Значи не е во прашање некоја востановена провинциска организација во рамки на цивилната администрација туку поставување на воени гувернери кои со своите гарнизони држеле извесни пунктови и ги контролирале околните подрачја.[390]

Односите меѓу Епир и Никеја, и покрај релативниот мир помеѓу овие две "наследнички" на Византија, набрзо ескалирале во неизбежен судир во кој на почетокот Епирците имале извесни успеси. Големите војски што во 1252 година ги предводел лично Јован Ватац го принудиле Михаил Ангел да бара склучување на мировен договор според кој Никејците загосподариле со сите западномакедонски територии и со поголем дел од албанските.[391] Во времето на Јован Ватац Никејското царство ги достигнало своите најголеми територијални, политички и дипломатски успеси, подготвувајќи го на тој начин и возобновувањето на Византија.

По неговата смрт во 1254 година, Епир и Бугарија се обиделе да ги прошират своите територии за сметка на Никејското царство. Бугарите успеале да освојат повеќе тврдини во Тракија, Родопите и во Македонија источно од реката Вардар.[392] Меѓутоа наследникот на Ватац, Теодор II Ласкарис (1254-1258), за кратко време во борбите против Бугарите и Епирците успеал да ги поврати сите територии коишто биле изгубени по смртта на Ватац. Откако го поразил Драгота кај Серез, инаку локален управник во Мелник, Теодор пристигнал во Солун откаде преку Пелагонија се упатил во Велес и го ослободил градот од бугарската посада. Потоа поминувајќи крај Струмичката тврдина војските повторно се упатиле во Мелник, па назад во Серез откаде есента 1256 година се повлекле кон Никеја.[393]

---

[390] Љ. Максимовић, op.cit...., 28.

[391] Acropolites, I..., 90; D. Nicol, *The Despotate*..., 151; Б. Ферјанчић, *Тесалија*..., 58; К. Аџиевски, *Пелагонија*,..., 143.

[392] К. Аџиевски, *Пелагонија*..., 144.

[393] Acropolites, I...,117-118; D. Nicol, *The Despotate*...,158; И. Дуйчев, "Походот на император Теодор II Ласкарис против Мелник в 1255 година": *Проучвания върху българското средновековие*, кн. 41, клон Историко-филологически, 21/1949, 111-114; А. Данчева – Василева, *България*...,162.

Во 1257 Епирците успеале да ги потиснат Никејците од нивните територии во Западна Македонија, Албанија и Солун. Епирскиот владетел Михаил Ангел успеал да ги обедини сите антиникејски сили во една голема коалиција во која пристапиле и одделни латински владетели, како што биле Манфред Хоенштауфовиц, кралот на Сицилија и Неапол (1258-1266) и ахајскиот кнез Вилардуен (1246-1278). [394]

Во август 1258 година починал Теодор Ласкарис и на негово место, наместо малолетниот наследник Јован IV Ласкарис, дошол истакнатиот војсководец и аристократ Михаил Палеолог. Тој и неговиот брат Јован Палеолог стоеле на чело на никејската војска во големата битка против антиникејската коалиција во летото 1259 година во Пелагонија. Многу шарената и разнородна по етнички состав војска на деспотот Михаил II Ангел, составена од епирски Грци, од германски и француски рицари, од Власи од Тесалија и од Албанци, не успеала да успеала да излезе на крај со подобро организираната никејска воена машинерија.[395] Всушност битката се водела помеѓу Никејците и латинските контингенти од Сицилија и Мореја. Јован Ангел и неговиот татко деспотот Михаил Ангел го напуштиле бојното поле и грижејќи се повеќе за сопствениот спас отколку за исходот на битката.[396]

Пелагониската битка завршила со голема победа на никејската војска. Таа на фактички и на симболичен начин влијаела и врз исходот на ривалските односи помеѓу двете "наследнички на Византија", легитимирајќи ја превласта на Никејеското царство на Балканот. Елиминирајќи ги Епирците, иако Епир не бил уништен како држава,

---

[394]Acropolites, I...,157; D. Nicol, *The Despotate...*, 175-182; D. J. Geanakoplos, *Emperor Michael Paleologus and the West*, Cambridge Massachusets 1959, 47-59; К. Аџиевски, *Пелагонија*...,151.

[395] И никејската војска била составена од разнородни групи, меѓутоа таа била поставена под една врховна команда и многу подобро организирана. За составот на никејската војска во Пелагониската битка повеќе во: Acropolites, vol. I...,1 69; Georges Pachymeres, *De Michaele et Andronico Palaelogis, I-II*, ed. I. Bekker, Bonn 1835, vol. I, 121; За разлика од овие двајца автори *Морејската хроника*, извонредно богат извор со различни описи и податоци не само за историјата на Мореја-Пелопонез, носи многу подетални информации за етничкиот и нумеричкиот состав на никејската војска, *The Chronicle of Morea*, *Τὸ Ηρονικὸν τοῦ Μορέως*, ed. J. Schmitt, London 1904, 3591-3601, 3703-3709; Повеќе за вредноста и важноста на самата хрониката во: J. Ferluga, "L'aristocratie Byzantine en Morée au temps de la conquête latine", *Byzaantinische Forschungen IV/1972*, 76; H. Lurier, *Crusaders and Conquerors: The Chronicle of Morea*, New York – London 1964, 37-61. Cf. К. Аџиевски, *Пелагонија*...,156, f.n. 83.

[396] Acropolites I..., 169; Pachymeres I..., 119; cf. ВИИНЈ, VI..., 161.

Никејците ја истиснале конкуренцијата во борбата за реставрирање на Византија. Само две години после битката во Пелагонија, во месец јули 1261 година, никејскиот војсководец Алексиј Стратигопул со минимални воени напори го освоил Цариград од Латините. Еден месец подоцна Михаил Палеолог свечено влегол во градот и кога патријархот Арсениј го крунисал во најголемата и најславна црква Св. Софија, со старата царска круна, тој всушност го прославил триумфот на децениското стратегиско планирање на династијата на која и припаѓал како и своето фактичко издигнување до самостојно владеење. [397]

Што се однесува до градовите низ Македонија, реставрацијата на Византија значела и зацврстување на византиската власт во овој важен воен и административен центар во новите прилики на Балканот. За време на првите владетели од династијата на Палеолозите старата византиска провинциска управа почнала да се заменува со нова. Почнал да се зголемува и бројот на пронијарските земјопоседници особено во пограничните делови. Византија ги утврдила градовите и градските населби за одбрана од секакви непријателски напади. Територијата на Македонија за еден релативно подолг период им служела на византиските војски за движење против соседните земји. Во последната деценија од XIII век рамнотежата на силите барем во однос на македонските земји ќе започне да се изместува, најмногу поради подемот и ширењето на српската држава.

Струмица и Струмичко низ целиот XIII век постојано ги менувале владетелите. По исчезнувањето од историската сцена на локалните господари, Хрс и Стрез, струмичкиот регион станува дел од вителот на балканските случувања. Градот и поширокиот регион најнапред паднале под власта на Латините, за во 1225 година да влегуваат во состав на Епирската држава. Битката кај Клокотница во 1230 година му овозможила на Иван Асен II да завладее со голем дел од териториите, меѓу кои биле Струмица и Просек, што претходно ги држел епирскиот владетел Теодор Ангел. Подемот на Никеја повторно ги сменил силите на теренот, па така летото 1246 година Струмичката област и други делови од Македонија

---

[397] Г. Острогорски, *Историја*...,421-422; D. J. Geanakoplos, *Emperor Michael*..., 110-130.

сега станале дел Никејското царство. Краткотрајните Бугарски и Епирски освојувања за сметка на териториите на Никејското царство и формирањето на големата антиникејска коалиција на чело со Михаил Ангел биле од краток здив. Пелагониската битка во 1259 година завршила со голема победа на Никјеците и таа не само фактички туку и симболично ја легитимирала превласта на (наследничката на Византија), Никеја на Балканот. Струмица и Струмичко уште еднаш станувале дел од административно-управниот апарат, овој пат на реставрираната Византија.

## Петта глава: *Струмица и Струмичко во XIV век*

### 5.1. Струмичката област во времето на српските освојувања на Македонија (1283 –1355 год.)

Со доаѓањето на српскиот престол на кралот Милутин[398] (1281-1321) започнала и епохата на забележителните српски освојувања на византиските територии. Кралот Милутин ги оправдал очекувањата на оние кругови во Србија кои се залагале за офанзивна политика кон Византија – поточно кон плодните и густо населени земји во Македонија - гледајќи во неа главен противник на српската држава. Србија уште во 1281 година пристапила кон коалицијата на западните сили формирана, во Орвиет на 3 јули 1281 година, со цел да се уништи Византиското царство и да се реставрира Латинското, меѓутоа обврските што таа ги преземала како членка на оваа коалиција започнала да ги исполнува во времето на Милутин.[399]

Уште пред да ги чујат вестите за "Сицилијанската вечерна" (март 1282), српските војски навлегле во Северна Македонија. Паралелно со нив од југ дејствувале војските на тесалискиот владетел Јован I Ангел (1268-1289). Овој незаконит син на деспотот Михаил II Ангел, по смртта на

---

[398] Основен извор за времето на Милутин и неговиот син Стефан Дечански се сведоштвата на неговиот личен биограф архиепископот Данило II, чијашто кариера била врзана токму со овие двајца српски владетели, *Животи краљева и архиепископа српских, написао архиепископ Данило и други*, изд. Ђ. Даничић, Загреб 1866, 51-120.

[399] Г. Острогорски, *Историја...*, 434.

својот татко ги добил областите во Тесалија кои на север граничеле со Олимп, на југ со Парнас, а на запад со реката Ахелој. Дваесеттгодишно владеење со Тесалија било исполнето со постојаните стремежи на овој славољубив и амбициозен владетел да ја зацврсти стекнатата валст, поради што често доаѓал во судири со околните господари, превенствено со фамилијата на Палеолозите.[400]

Навлегувањето на српските војски било толку ненадејно и брзо што Византијците затечени не пружиле соодветен отпор. Во 1282 година биле освоени Скопје и повеќе важни области во Македонија: Овче Поле, Горен и Долен Полог, Злетово и Пијанец во Брегалничката област.[401] Сепак, реакцијата на Византија на српските освојувања на Северна Македонија била подготовка на поход на Србија и според зборовите на архиепископот Данило: "Царот Палеолог собра голема војска фалејќи се во своето безумие дека не само што ќе ја озлоби татковината на благочестивиот (т.е. на Милутин) туку дека ни името нема никогаш повеќе да му се спомне во неговата држава...".[402] Меѓутоа Михаил VIII Палеолог умрел на почетокот на походот, во декември 1282 година, во едно село во Тракија.

Новиот цар Андроник II Палеолог (1281-1328), следната година во рана пролет, 1283 г., упатил војска против Србија без самиот да земе учество во походот и без да ги мобилизира сите расположиви сили.[403] Војската, составена главно од наемнички одреди, стасала до Призрен и набргу после пропаста на еден поголем Татарски одред, на Дрим, започнала да се повлекува.[404] Ништо подобро не поминале и војските што Андроник истата година ги испратил во Тесалија против Јован Ангел. Иако стасале до Деметријада, при опсадата на градот ги нападнала некаква епидемија така што биле принудени да ги прекинат воените операции.[405]

---

[400]Gregoras, I..., 110; *The Chronicle of Morea,* ed. J. Schmitt..., 3085-3110; D. Nicol, *The Despotate*..., 194; D. J. Geanakoplos, *Emperor Michael*...231; Б. Ферјанчиќ, *Тесалија*..., 99-100.
[401] *Животи краљева и архиепископа*.., изд. Ђ. Даничић, 108; *Историја српског народа I*, Београд 1981, 439.
[402] *Животи краљева и архиепископа*, op. cit. 108.
[403]Pachymeris, II..., 12; ВИИНЈ VI..., 32-33, f.n.69; *Историја српског народа I*..., 440.
[404] Pachymeris, II..., 12; *Историја српског народа I*..., 441.
[405] Pachymeres, II..., 67-73; A. E. Laiou, *Constantinople and the Latins*..., 38-39.

Кралот Милутин по втор пат од стапнувањето на престолот, превзел енергичен поход против Византијците, со намера да влезе длабоко на византиска територија. Заради тежината на походот, овој пат, тој ја обезбедил и поддршка од брат му Драгутин кој пристигнал со сета расположива сила. Обајцата, зимата 1283 година навлегле длабоко во македонските територии. Откако Стримонската и Серската област биле опустошени, тие во почетокот на 1284 година, стасале се до границите на Света Гора и Егејското крајбрежје кај Кавала.[406] Во овој контекст изворите кажуваат дека некогашниот византиски господар Котаниц Торник кога слушнал за големите успеси на Србите, побегнал од некој манастир во Мала Азија и му се придружил на кралот Милутин.[407]

Презимето Котаниц, се појавува и во документите на манастирот Хиландар, поточно во една повелба на Андроник II од 1293, со која на некој Лав Котаниц му се подарува земја во селото Брезница, со се водениците и ореовите насади.[408] И покрај тоа што историчарите денес веруваат дека оваа повелба е всушност фалсификат од средината на XIV век, Љ. Максимовиќ смета дека сепак убицирањето на делот од имотите на семејството Котаниц, не може да се доведе под сомнение.[409] Во прилог на своето тврдење Максимовиќ изнесува еден детаљ од една друга подоцнежна хиландарска повелба од 1374, во која Константин Ласкарис Палеолог му го подарил на атонскиот манастир Св. Пантелејмон, она што веќе десет години го оспорувале Хиландарците, односно селото Брезница кое се наоѓало во околината на Струмица.[410] Многу е веројатно дека постои некаква врска помеѓу едниот и другиот Котаниц и што е уште поинтересно, фамилијата Котаниц имала свои имоти во околината на Струмица, уште пред царот Душан да ја прошири својата власт во овие краишта.[411] Фактот што Котаниц Торник, кој како што кажавме се одметнал од Михаил VIII, и застанат на чело на српските одреди ги

---

406 *Животи краљева и архиепископа* ..., 112; *Историја српског народа I*..., 441.
407 Pachymeres, vol. II…, 67; ВИИНЈ VI…, 34-35, f.n. 72-75; Љ. Максимовић, "Котаниц Торник", *ЗРВИ, 29-30/1991*, 187; cf. A. E. Laiou, *Constantinople and the Latins*…,93-94, 160.
408 Actes de Chilandar, ed. L. Petit, *BB 17/1911*, No. 11, [1]-[10].
409 Љ. Максимовић, "Котаниц..., 184, f.n.11.
410 Actes de Chilandar…, No 155, [19]-[21]; cf. Љ. Максимовић, "Котаниц..., 184-185.
411 *Историја српског народа I*…, 513; ВИИНЈ VI..., 99, f.n.41 во која се наведува постарата литература; Љ. Максимовић, "Котаниц..., 185.

пустошел царските територии се до Серез, можеби укажува на тоа дека тој, сепак, владеел извесни територии во долината на Струмица, од каде всушност по нему добро познат терен стасал се до Серез. Освен тоа ако имаме на ум дека во овие периферни делови на Византија, одметнувањата на различни локалните феудалци, во овој или оној контекст, биле честа појава, тогаш многу е веројатно дека и овој Котаниц Торник, припадник на локалната феудална елита делувал во рамки на "долгата традиција" на одметнување од централната власт, карактеристична за периферијата.

После големите освојувачки и пљачкашки акции Милутин, и неговиот брат Драгутин, со се војските се вратиле на север, но само за кратко бидејќи во текот на истата година, војските на Милутин ги запоседнале Поречието, Кичево и Дебар. Како резултат од походот на Милутин во 1284 година, српско-византиската граница била поместена многу појужно од претходно и врвела северно од линијата Кроја-Охрид-Прилеп-Просек и Струмица.[412] Овие освојувања биле од големо значење за иднината на Србија која сега се наметнала како важен политички фактор на Балканот. Византија немајќи сила да ги заштитува периферните области од српската експанзија одговорила слабо и неефикасно.

Во следната деценија, иако на српско-византиското боиште немало воени операции слични на оние од првите две години од владеењето на Милутин, сепак доаѓало до повремени упади од српска страна на византиските територии. Меѓутоа големата скудност на изворниот материјал не дозволува да се каже ништо поконкретно за периодот се до 1297 година, кога поради се поголемата несигурност на македонската граница и поради губењето на Драч, Византија решила да превземе голем напад против Србите. Целата операција која и овој пат се покажала како неуспешна ја раководел византискиот војсководец Михаил Глава Тархонит.[413] Во овој контекст би ги навеле и стиховите од песната на Мануил Фил во која се зборува за судирот помеѓу Михаил Глава Тархонит

---

[412]ВИИНЈ,VI...,106, f.n. 56;*Историја српског народа I...*, 441; К. Аџиевски, *Пелагонија...*,162.
[413] Г. Острогорски, *Историја...*, 456; J. D. Geanakoplos, *Michael Paleologus...*, 369-370; A. E. Laiou, *Constantinople and the Latins...*, 30.

и Котаниц. И покрај проблемите со датирањето на настаните од песната,[414] со извесна доза на веројатност може да се прифати дека во рамки на овој напад, независно од неговиот краен исход, Глава од Котаниц привремено ги освоил Овче Поле, Моровизд, Скопје, Славиште, Пијанец...и “богатиот крај околу Струмица”.[415] За Котаниц, Фил сликовито ќе рече дека тој е како “змија од пештера” што би можело да се протолкува дека во случајов станува збор за повеќе или помалку самостојно војување на византискиот феудалец – пребег, кој ги чувал своите имоти на византиско - српската граница. Поради неуспешноста на походот на Глава во целина, Византија од тој момент се подготвувала да започне мировни преговори со српскиот крал Милутин.

Главен преговарач од византиска страна бил познатиот политичар Теодор Метохит на кој му се припишува и заслугата за успешно изведените преговори. Во периодот помеѓу 1298-1299 година Метохит дури пет пати одел во Србија додека конечно не бил постигнат договорот.[416] Андроник II во 1299 година пристигнал во Солун од каде пролетта истата година, неговата ќерка шестгодишната Симонида (идната сопруга на Милутин) со се заробениците му била предадена на Милутин, а за возврат Милутин морал да им ја предаде на Византијците неговата тогашна – трета сопруга, бугарската принцеза Ана, со се заробениците меѓу кои, на инсистирање на Византијците, бил и струмичкиот феудалец Котаниц Торник. Охридскиот архиепископ Макариј ги венчал Милутин и Симонида, чин со кој на српскиот крал како мираз му биле признаени освоените земји и била потврдена границата која како што рековме

---

[414] ВИИНЈ VI..., 592, f.n.1-5, во кој се наведени и коментирани различните мислења околу веродостојноста на стиховите на Мануил Фил. Според едни научници судирот помеѓу Глава и Котаниц се случил во 1283, а според други веројатно 1297 година. На мислење сме дека аргументите од настаните во регионот одат во прилог на второто мислење.

[415] ВИИНЈ VI..., 593-594.

[416] Основни податоци за Теодор Метохит во: *ODB*..., 1357-1358; ВИИНЈ VI...,107-115; Повеќе за т.н *Пратеничко слово* на Метохит – доверливиот извештај кој тој го упатил во Цариград од последното, петто патување во Србија кај К. Илиевска, “Теодор Метохит и неговиот извештај од дипломатската мисија во Србија”: *Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија*, т.II, Скопје 1977, 217-226; Овој извештај според текстот на Sathas во целост е објавен на грчки со паралелен превод на македонски во: *Споменици* т. II..., 228-307; О. И. Нуждин, “Византийско-Серезбский мирный договор 1298-1299 г.: причины, условия, последствия”, *ВВ 57/1997*, 96-109.

врвела над Просек, Струмица, Штип, Прилеп, Охрид и околината на Драч.[417]

Во договорот помеѓу кралот Милутин и титуларниот цариградски цар Карло од Валоа од 1308 година, за поделбата на византиска Македонија, уште еднаш на Милутин му се потврдуваат земјите што ги добил “во мираз”, и границите до кои се простирале овие земји. Како гранични подрачја се споменуваат Прилеп, Просек, Овче Поле, Штип, Дебар, Охрид. Во делот што не интересира нас – струмичката област – прецизно се наведува дека границата поминувала крај Просек.[418]

По смртта на кралот Милутин во 1321 година започнале династички борби за српскиот престол. Битката ја извојувал неговиот најстар син Стефан Урош Дечански, кој во меѓувреме ослепен пребивал во Цариград. Стефан Дечански кој објавил дека прогледал на 6 јануари 1322 година бил крунисан за крал. Неговиот син Стефан Душан ја добил титулата “млад крал” и како таков правото да го наследи татка си на тронот. Првите шест години од владеењето на Стефан Дечански се совпаднале со времето на “војната помеѓу двајцата Андроници” во Византија. На младите завереници против стариот цар, на чело со Андроник III во борбите околу тронот во прилог им оделе неколку околности. Особено треба да се истакне фактот што Тракија и деловите од Македонија биле единствените византиски провинции од каде парите директно се слевале во државната благајна. Населението било доведено во очајна положба поради зголемувањето на даноците што ги наметнал стариот цар Андроник II. Од тие причини тамошното население не му било наклонето на стариот цар, и

---

[417] ВИИНЈ VI..., 54-55, f.n. 111, 116-117; Г. Острогорски, *Историја...*, 457; *Историја српског народа I...*, 447; В. Мошин, “Балканската дипломатија и династичките бракови на кралот Милутин”,: Споменици, т. II..., 89-213; A. E. Laiou, “Sex, Consent and Coercion in Byzantium”, : *Consent and Coercion to Sex and Marriage in Ancient and Medieval Societies*, ed. A. E. Laiou, Dumbarton Oaks, Washington D.C.1993, 109-219, 168-169.

[418] L. Mavromatis, “La Serezbie de Milutin entre Byzance et l'Occident”, *Byzantion 43/1973*, 147; Договорот според изданиево на Мавроматис е објавен на латински јазик со паралелен превод на македонски од Л. Славева, во: *Споменици*, т. II..., 430-443, 438; В. Мошин, “Договорот на крал Урош II Милутин со Карло Валоа од 1308 година за поделбата на Византиска Македонија”: *Споменици* т. II..., 415-428; Cf. К. Аџиевски, *Пелагонија...*, 163, f.n. 4; A. E. Laiou, *Constantinople and the Latins...*, 210.

тоа многу добро го искористил младиот Андроник II кој набрзо по дипломатски пат ја ослободил Тракија од плаќање на даноци.[419]

Српскиот крал, како познат приврзеник на стариот византиски цар Андроник II застанал на негова страна во конфликтот. Неговите врски со Андроник II дополнително се засилиле, кога по смртта на својата сопруга, тој повторно се оженил, со внуката на царевиот советник Теодор Метохит, византиската принцеза Марија. Една интересна секвенца во многу заплетените византиски односи покажува дека таткото на неговата сопруга Марија, паниперсевастот Јован Палеолог, намесник на Солун, се обидел да ја искористи граѓанската војна и да се осамостои и одметне од стариот цар. Тој ги опустошил областите дури до Стримон и Серез.[420] Во овој контекст интересно е да се напомене дека во дваесеттите години од четиринаесеттиот век, приближно во истото време со епизодата за која говориме, двајцата синови на Теодор Метохит, значи браќата на Ирина (сопруга на Јован и мајка на Марија), биле високи византиски чиновници, т.е. Димитрија Ангел бил гувернер на Струмица додека неговиот брат Михаил Ласкарис бил гувернер на Мелник.[421]

За да ги избегне понатамошните неволји и за да ги прекине непријателските акции, царот Андроник II му испратил пратеништво на побунетиот Јован кое му ги носело знаците на кесарско достоинство. Јован Палеолог се согласил на помирување, но одненадеж починал, а неговата вдовица Ирина останала во Скопје. Андроник II бил принуден пролетта 1327 година да испрати во Србија едно пратеништво на чело со Никифор Григора, кое успеало не само да ја врати кесарисата Ирина во Цариград туку и да ја придобие наклоноста на Стефан Дечански кој, како што рековме, од порано му бил наклонет на стариот цар. Деталниот извештај од оваа мисија на Никифор Григора, е сочуван во форма на писмо упатено до неговиот пријател Андроник Зарида, и истото е речиси во целост

---

[419] D. Nicol, *The Last Centuries* ..., 162.; A. E. Laiou, *Constantinople and the Latins*..., 289; Г. Острогорски, *Историја*..., 466.

[420]Gregoras I..., 373-374; *Историја српског народа* I..., 502; Особено ВИИНЈ VI..., 195, f.n. 78, 314, каде што е наведена целокупната литература и каде подробно се расправа за одметнувањето на паниперсевастот Јован Палеолог.

[421] Ioannis Cantacuzeni, Historiarum, vol. I, ed. L. Schopeni, Bonnae 1828, 43. 209-210; Љ. Максимовић, *Византијска провинциска*..., 12, 33, 83.

репродуцирано и во неговото дело Историја.[422] Во овој извонреден опис на патувањето, Григора, носи и многу важни податоци за проблемот на нашето истражување.

Григора зборува за областите на запад од реката Стримон, при тоа опишувајќи ја реката како голема и пловна, со повеќе детали за граничните области како што биле Струмица и нејзината околина. Во очите на Григора крајоликот по кој врвеле бил див, населен со луѓе кои не го познавале законот и кои според неговото кажување најчесто биле разбојници. Тие не го зборувале грчкиот јазик и нив авторот ги нарекува ἄποικοι Μυσῶν (доселени Мизи), кои од дамнина биле доселени тука и живееле заедно со неговите соплеменици.[423] Во продолжение, Григора за месните жители распослани по планините и теснеците околу Стримон, кои и покрај тоа што не покажувале никакви разбојнички намери кон пратеништвото, како да го повторува “стариот” и добро познат опис или можеби стереотип за воинствените Стримонци, кои по тамошните ридови биле навикнати да поставуваат заседи и да пљачкосуваат. Тој дури и не им поверувал на нивните изјави, кога тие се претставиле како чувари на патиштата, со задача да го спречат секого кој посакувал да дојде во тие краишта и да пљачкосува.

Така патувајќи стасале до Струмица, за која Григора вели дека била едно градче (πολίχνιον) над облаците, расположена на ѓаволски висок рид и која од жителите била наречена Струмица (Στρούμιτζαν).[424] И покрај деталите што Григора ги изнесува за Струмица, тој воопшто не го споменува нејзиниот гувернер, Димитрија Ангел, од што може да се заклучи дека овој во меѓувреме бил сменет. Токму во Струмица го прославиле и Велигден при што Григора онака како што му “прилега” на

[422] Интегралниот текст од писмото во најновото издание на П. Леоне, за жал не не беше достапен, Nicephori Gregorae Epistulae, ed. P. A. M. Leone, vol. I-II, Matino 1982/1983; Од тие причини ќе го користиме грчкиот текст објавен од R. Guilland, Corrенspondance de Nicephore Gregoras, Pariz 1927, 30-51, со паралелен превод на македонски во: *Споменици* т. II..., 533-553; Исто така и преводот во ВИИНЈ VI и секако верзијата од текстот на Историјата на Григора; Ј. Белчовски, “Вториот брак на крлаот Стефан Урош III Дечански и извештајот на Никифор Григора за патувањето на византиските дипломати во Скопје во 1326 година”,: *Споменици* т.II..., 523-530.

[423] Gregoras I..., 375, 378; *Споменици* т. II..., 537, ВИИНЈ VI..., 621.

[424] Gregoras I..., 379; *Споменици* т. II..., 543, во преводот на писмото на македонски од Ј. Белчовски се среќаваат повеќе грешки кои нема да ги коментираме бидејќи излегуваат од рамките на нашиот проблем; cf. ВИИНЈ VI..., 623.

еден учен Византиец, со зазор и со потсмев зборува за словенските жители на Струмица. Бидејќи и тие го славеле Велигден, но како што истакнува Григора, за нив: "секое образование било бесмислица како што биле и ритамот и мелодијата на музиката на светата богослужба".[425]

Освен тоа, тој потенцира дека нивниот јазик бил варварски (βάρβαρον γλῶτταν), а нивните обичаи одговарале на луѓето кои се служеле со мотики. Бидејќи, црковното пеење на локалните жители веројатно било на многу лош грчки, на учениот дворјанин му се сторило дека е многу диво и недоделкано. Оттука, јазикот на овие планински луѓе според Григора не бил дури ни налик на оние цивилизирани "полуварвари" (μιξοβάρβαρον) од Антиката. По завршувањето на официјалните црковни свечености и литургијата, Григора од бедемите на тврдината го набљудувал, "она што обично се случувало на празниците, и најразновидните игри на младичите и на оние кои веќе не биле млади."[426] Овие многу драгоцени и ретки податоци за Струмица и Струмичко кои излегуваат од доменот на политичките настани, откриваат важни детали од секојдневјето на жителите на градчето Струмица. Инаку дипломатската мисија завршила успешно, пратениците успеале да ја вратат кесарисата Ирина во Византија и да ја придобијат наклонетоста на Стефан Дечански, кој го почитувал стариот цар.[427]

Српското учество во судирот помеѓу двата Андроника станало реално во периодот 1327-1328, кога на помош на Андроник II во византиска Македонија му била испратена српска војска, на чие чело се наоѓал, подоцна многу извесниот господар Хреља, кој се одликувал со голема храброст и воено искуство.[428] Меѓутоа неговото учество не повлијаело битно на исходот на граѓанската војна. Андроник III со помош на своите приврзеници, во декември 1327 година успеал тајно да влезе во Солун и да завладее со градот.[429] Тој исто така успеал да ја обезбеди

[425] Gregoras I..., 379; *Споменици* т. II..., 543; cf. ВИИНЈ VI..., 624.
[426] Gregoras I..., 380; *Споменици* т. II..., 545; cf. ВИИНЈ VI..., 624. С. Бојанин, *Забаве и светковине...*, 338.
[427] *Историја српског народа*, I..., 464.
[428] М. Динић, "Реља Охмућевић - Историја и предањег, *ЗРВИ 9/1966*, 96-97.
[429] Cantacuzenos I..., 260-261;

поддршката на вториот словенски владетел на Балканот – бугарскиот цар Михаил Шишман (1323-1330).[430]

Покрај веќе освоените делови во Тракија, нему му пристапиле и некои градови и воени одреди во Македонија. За кратко време му пристапиле Воден, Костур и Охрид, а српските војски со делови на војските на стариот цар се нашле опколени во Серез.[431] Набргу, немајќи излез десетици византиски аристократи, приврзеници на стариот цар нашле прибежиште на српскиот двор. Поточно, Стефан Дечански им понудил неколку можности, од кои тие ја прифатиле солуцијата да останат распоредени во Прилеп, Просек и Струмица, каде во овие добро утврдени градови би го сочекале крајот на војната помеѓу царевите. Од трите понуди тие избрале да останат во наведениве градови и да ја издржат опсадата. Протовестијарот Андроник го избрал Прилеп, протовестијарот Михаил Асен, кој од бугарска преминал во византиска служба, станал управник на Просек, а, останатите загосподариле со Струмица.[432] Меѓутоа, протовестијарот Андроник, набргу умрел, а неговите луѓе му го предале градот на младиот цар. Според Кантакузин, Трибалите – Србите, со лукавство му го одземале Просек на Михаил Асен.[433] Според вестите што пак од друга страна ги носи, Григора, тој сам му се предал на српскиот крал и преминал кај него.[434]

Младиот византиски цар, после овие успеси се вратил во Солун, од каде повторно се упатил со војска, сметјаќи дека е неопходно да оди во Струмица. Во март 1328 година, Андроник III се појавил пред ѕидините на Струмица, а поради силината на нејзините ѕидови не бил во состојба да ја освои. Затоа се обидел да ги убеди нејзините жители да му го предадат градот. Луѓето кои управувале со градот биле непопустливи во своите намери да не го предадат градот туку "тврделе дека ќе го држат се додека

---

[430] И. Божилов, *Асеневци*..., 119-134;
[431] Cantacuzenos I..., 276, 280; ВИИНЈ VI..., 328-329; Г. Острогорски, *Историја*..., 468; A. E. Laiou, *Constantinople and the Latins*..., 296; К. Аџиевски, *Пелагонија*..., 164; Б. Ферјанчић, *Византијски и српски Серез у XIV столећу*, САНУ, Одељење историјских наука, књ. 21, Београд 1994, 8-9.
[432] Cantacuzenos I..., 284-285; ВИИНЈ VI..., 332-333.
[433] Ibidem..., 285; ВИИНЈ VI..., 333; За Прилеп cf. К. Аџиевски, *Пелагонија*..., 166; За Михаил Асен, cf. Б. Ферјанчић, *Деспоти*.., 46.
[434] Gregoras I..., 413; ВИИНЈ VI..., 207.

не заврши меѓусебната војна на царевите".[435] По неуспешниот обид Андроник III се упатил во Мелник, каде, исто како и со Струмица, добил ист одговор и од управникот на Мелник, Никифор Василик, така што неможејќи да превземе опсада се вратил во Солун.[436]

Во месец мај истата година, Андроник III и неговите луѓе успеале да влезат во Цариград. Стариот цар, напуштен речиси од сите, лежел буден во дворецот Влахерна, кога некаде пред зори ги слушнал повиците и метежот на улиците.[437] Набргу потоа бил тргнат од престолот, а подоцна присилен и да се замонаши. Последиците по Византија од оваа граѓанска војна, која првенствено била војна за контрола на градовите во Тракија и Македонија,[438] биле особено тешки. Иако човечки жртви имало релативно малку, материјалните штети биле огромни. Особено настрадал државниот имот додека даночниот систем, кој трпеливо и темелно го градел Андроник II засекогаш бил уништен. Економијата во Македонија и Тракија и покрај тоа што градовите не претрпеле посерезиозни разрушувања, сепак, поради честите движења на различните војски и пљачкашките упади на соседните држави била во голеа степен нарушена.

Политиката којашто младиот цар ја водел на Балканот, по седнувањето на тронот, накусо може да се дефинира како обид да и застане на патот на српската држава во експанзија. Од тие причини помеѓу Андроник III и бугарскиот цар Михаил III, кој исто така стравувал од прекумерните српски проширувања, пролетта 1330 година бил склучен сојуз за борба против Србија. Заедничкиот напад бил предвиден за летото 1330 година, кога Бугарите требало да нападнат од исток, а Византијците од југ.[439] Византиските војски на чело со царот се стационирале во Пелагонија – гранични византиски територии во овој дел од Македонија со српската држава, од каде се подгтвовувале за напад против Србија. Михаил Асен, се упатил на запад, при тоа сведоштвата за патот по кој се движела бугарската војска се противречни. Григора е многу општ, а

---

[435] Cantacuzenos I..., 285; ВИИНЈ VI..., 333.

[436] Gregoras I..., 413; Cf. Cantacuzenos I..., 285; ВИИНЈ VI..., 333- 334.

[437] Gregoras I..., 423-424; cf. A. E. Laiou, *Constantinople and the Latins*..., 297-298.

[438] A. E. Laiou, *Constantinople and the Latins*..., 299.

[439] *Историја српског народа I*..., 506; И. Божилов-В. Гюзелев, *История*..., 571; Т. Томоски, "Белешки по повод военит поход на Андроник III во Македонија во 1330 година", *Годишен зборник на ФФ 16/1964*, 41-44.

Кантакузин пак вели дека "Михаил преку Пеонија[440] стасал до Велбужд. Најверојатно тој тргнал од Трново, од каде преку Видин и Софија, следејќи ја долината на Стримон стасал до Велбужд.[441] Додека дејствијата на Андроник III може да се каже дека биле дел од традиционалните српско-византиски односи на граничните територии во западна Македонија, курсот на политиката на Михаил Асен, сепак претставувал новина за надворешната политика на Србија. Не потценувајќи ја оваа опасност, Стефан Дечански проценил дека позицијата на Андроник III до голема степен зависела од исходот на бугарско-српскиот судир. Од тие причини тој ги насочил сите расположиви сили за престојниот судир во кој катастрофално кај Велбужд ги поразил Бугарите.[442] Византискиот цар откако ја слушнал веста за поразот на Бугарите, поставил гарнизони во неколкуте новоосвоени територии, се погрижил за одбраната на другите погранични градови, го напуштил логорот во Пелагонија и се повлекол кон Цариград.

Веќе следната година во двете словенски држави на Балканот дошло до внатрешни преврати. Во Бугарија бољарите го симнале од престолот Јован Стефан (1330-1331) и го устоличиле Јован Александар (1331-1371),[443] додека во Србија, Стефан Дечански бил одстранет од тронот

---

[440]Cantacuzenos I..., 428; Според искажаното мислење во ВИИНЈ, VI, 336, f.n. 129, со поимот Пеонци во византиските извори по правило се означувале Унгарците, (Унгарија=Пеонија) и Кантакузин го користи овој поим за да ја определи насоката на движење на Михаил Асен, пред се, за минувањето преку Видин, т.е. Пеонија=земјите на север од Дунав, каде се сретнал со своите сојузници кои и помошни одреди кои дошле од другата страна на Дунав. Меѓутоа, не е исклучено како резултат на архаизираната традиција, Пеонија да биде заменета со Северна Македонија (територија каде некогаш живееле Пеонците).

[441] Веројатно Михаил Асен се упатил кон Велбужд - Ќустендил, со цел да се соедини со војските на Андроник III, за двајцата да ги нападнат Србите или едноставновза да биде поблиску до својот сојузник. Исто така, не е сосема јасно во чии раце се наоѓал Велбужд во 1330 година? Иако преовладува сфаќањето дека градот бил под српска власт (ВИИНЈ VI, 336, f.n., 130; Х. Матанов, *Югозападните българаски земи през XIV век*, София 1986, 15), историјата на Велбужд во втората половина на XIII век и првата четвртина на XIV е многу магловита. Сепак, според кажувањата на Григора и на Кантакузин, однесувањето на бугарските војски кога стасале во околината на Велбужд наликувало на однесување на војници на туѓа територија, пустошење, грабежи и сл. Повеќе во: И. Божилов-В. Гюзелев, *История, I...*, 571-572; 580.

[442] За битката кај Велбужд види: ВИИНЈ VI..., 207-213, 335-340, каде се наведени сите извори и соодветната литература.

[443]И. Божилов, *Асеневци...*, No. 33 149-178; Л. Йончев, "Некоторые впросы политической истории Българии и отношения с Серезбией и Византией в XIV веке (1330-1332)", *Etudes Historiques 9/1979*, 23-37; И. Божилов-В. Гюзелев, *История, I...*, 574-575.

од страна на својот син Душан (1331-1355), експонент на амбициозната српска властела која претендирала да се шири на југ, за сметка на византиските територии.[444] После овие превирања и промени на српскиот престол, српската држава влегува во орбитата на византиската надворешна политика, и ова особено дошло до израз во петтата деценија на XIV век. Во ваквата констелација на силите, на Бугарија и припаднала донекаде второстепена улога во случувањата на овие простори. Помеѓу двата јужнословенски владетели набргу била склучена спогодба, засилена со бракот помеѓу Душан и Елена, сестрата на Јован Александар, настан кој влијаел на долготрајниот мирен период.[445]

Со доаѓањето на Стефан Душан на српскиот престол настапила и последната фаза во српско-византиските односи. Политиката на младиот владетел несомнено претставувала продолжение на политиката на неговите претходници. Сепак, таа и многу се разликувала бидејќи амбициите на Душан и на српската властела биле водени од идејата за рушење на Византиското царство и врз неговите основи создавање на едно ново српско-грчко царство. Како и мнозина други владетели во средновековието, кои имале претензии да ја ушат Византија, така и во визијата на Душан освојувањето на Солун, а потем и на Цариград, срцето на Царството, биле целите кон кои стремела неговата политика и соодветно на тоа и неговите акции.

Исцрпувачките граѓански војни во Византија, особено, меѓу двата Андроника за последица имале слабеење на воената моќ, финансиски кризи и секако административна дезорганизираност.[446] Сега веќе ослабената и всушност во територијална смисла мала држава, стеснета во обрачот на, од една страна Османлиските Турци на Исток, и јужните Словени на Запад, многу повеќе опстојувала на старата репутација отколку на актуелната моќ. Мала Азиа, многу векови срцето на моќта на

[444]Г. Острогорски, "Душан и његова властела у борби са Византијом": *Византија и Словени...*, 190-196.

[445] За односите помеѓу Србија и Бугарија во овој период повеќе во: П. Ангелов, "Българо-сръбските политически отношения при царуването на Иван Александър (1331-1371) и Стефан Душан (1331-1355)", *ГСУ*, Исторически факултет, *72/1978*, 95-118.

[446] Повеќе за економијата во целина во времето на Палеолозите кај: A. E. Laiou, " The Economy of Byzantine Macedonia in the Palailogan Period", : *Byzantine Macedonia...*, 199-211.

царството засекогаш била изгубена. Во времето кога Душан доаѓа на престолот, Византија во Мала Азија контролирала само неколку изолирани градови, додека остатокот постепено паѓал во рацете на Османлиите. Византија или поточно она што останало од некогашното моќно царство, иако, се уште, важен фактор во овој дел на Европа, речиси во целост зависела од нејзините западни провинции кои, како што видовме, од времето на кралот Милутин постојано биле под закана на експанзионистичките амбиции на српското благородништво.

Бидејќи границата помеѓу Византија и Србија врвела низ Македонија, Душан, веќе следната година по доаѓањето на престолот, започнал да ги пустоши византиските територии во источна Македонија. Навлегувањето во Македонија било брзо и лесно и нема причини да се смета дека српските војски наишле на некој посерезиозен отпор. Заради одбрамбени цели Андроник III, за управник на освоените територии исто како и за остатокот од западните провинции во 1328 година го назначил генералот, Гиј од Лузињан.[447] Иако титулата кефалија на Западот во следните години ја стекнал и Сиргијан Филантропин, Љ. Максимовиќ смета дека областа со која управувал Филантропин не е идентична со онаа на Гиј од Лузињан. Имено, според него Сиргијан кој на функцијата дошол 1329/1330 година, од Солун управувал со поголем дел на Македонија, за разлика од Гиј од Лузињан кој од Серез управувал со територија која се простирала се до Кавала. Филантропин останал на функцијата кефалија на западните тврдини и земји се до 1332 година.[448]

За брзото и лесно освојување на неодбранетите територии, известуваат Никифор Григора и анонимниот продолжувач на архиепископот Данило. Во 1332 година биле опустошени делови од источна и југо-источна Македонија до течението на Стримон и што е особено важно речиси без бој била освоена тврдината Струмица, со некои гратчиња.[449] Брзото и лесно освојување на овие делови од источна

---

[447] Cantacuzenos I…, 288.

[448] Cantacuzenos I…, 411, 436-437; Љ. Максимовић, *Византијска провинциска*..., 85-86. Cf. P. Lemerle, *Philippes*…, 233; G. C. Soulis, *The Serbs and Byzantium during the Reign of Tsar Stephen Dusan (1331-1355)*, DO, Washington, D. C. 1966, 5-6.

[449] Gregoras I…, 457; G. C. Soulis, *The Serbs*…, 6; *Историја српског народа* I..., 513; М. Диниќ не се согласува со хронологијата на Григора и смета дека и Струмица е дел од

Македонија, можеби не се должат само на слабата одбрамбена политика на Византија. Ако имаме на ум дека границата меѓу Византија и Србија врвела кај Просек уште од времето на Стефан Дечански како и расположеноста на имотите на феудалецот во српска служба Хрelја, токму во овој регион, можеме да го разбереме освојувањето на Струмица. Дека Струмица се наоѓала во еден вид на опсадна состојба до нејзиното завземање зборува и фактот што имотите на Хреља биле во планината Беласица и Огражден така што и полето било под негова контрола. Најверојатно кон градот водел еден тесен коридор по долниот тек на Вардар сврзувајќи го со останатите византиски земји. Овој коридор во 1330 година во време на офанзивата на Андроник III бил уништен.[450] Значи многу е веројатно дека во овој прв освојувачки поход на Душан, извесно место имал и Хреља, односно тој бил еден од оние со кој кралот ги освојувал градовите.[451]

Централни точки на неговата територија биле Штип, Струмица и Рила. Штип и околината се веројатно неговите најстари поседи кои ги имал уште од времето на Стефан Дечански. Териториите околу Рила веројатно ги добил веднаш по битката кај Велбужд, а Струмица од самиот крал Душан. Според една повелба на кралот Душан од 1336 година, неговиот властелин Хреља во Штип ја подигнал црквата посветена на Св. Архангели, дарувајќи ја со имоти во градот и окружувањето. Во градот со 40 куќи, а во околината на жупата Лукавица и неколку села. Освен тоа Хреља на црквата и приложил и неколку поседи во Струмичкиот крај, планината Беласица, Огражден и Драгуљево, потоа селата Кунарани, Секирник, селиштето Штука и некои земји кои порано ги држеле неколку грчки пронијари.[452]

Судејќи според она што е запишано 1375/1376, изгледа дека Хреља располагал и со царските земји, кои на пронирајите им биле отстапени за

подоцнежините освојувања на Душан низ Македонија, cf: М. Динић, "Хреља Охмућевић у историји и предању", *ЗРВИ 9/1966*, 96-98.

[450] Н. Овчаров, *История и археология на Вардарска Македония през XIV в.*, София 1996, 96.

[451] Животи краљева ..., 223; Г. Острогорски, "Душан и његова властела..., 84.

[452] С. Новаковић, *Законски споменици српских држава средњега века*, Београд 1912, 399; М. Динић, "Хреља Охмућевић..., 97-98; С. Ћирковић, "Хрељин поклон Хиландару", *ЗРВИ 21/1982*, 107; M. C. Bartusis, "Chrelja and Momcilo: Occasional Servants of Byzantium in Fourteenth Century Macedonia", *BS XLI/ 1980*, 210-217.

службата. Острогорски ова го толкува со претпоставката дека после завземање на Штипската област, имотите на локалните пронијари им биле конфискувани и му биле предадени на Хреља како учесник во победоносната српска офанзива.[453] Особено занимлива е реченицата кај Григора според кого, Хреља всушност самостојно владеел со Струмица и неколку други градчиња во околината на Стримон се до Амфиполис. [454] Григора овде ја нарекува Струмица град - (πόλις), означување кое за прв пат се употребува во еден византиски извор. Имено, најчестото означување за Струмица е, гратче и тврдина. Дали разликата во означувањето подразбира и промена на функцијата и карактерот на градот во првата половина на XIV век, или, пак, Григора го има на ум фактот дека Струмица пред српските освојувања била центар на административна област или пак во прашање е нешто сосема друго, за нас останува непознаница.

Освен околината на Амфиполис, која тешко дека била под управа на Хреља бидејќи таму бил расположен погоре споменатиот Гиј од Лузињан, обласниот господар Хреља владеел со Струмичкиот и со делови од Стримонскиот регион. Бидејќи Струмица била негово седиште, според мислењето на Овчаров, Хреља таму формирал мала територијална единица на ранг на жупа – односно дека ја искористил постоечката административна состојба, трансформирајќи ја во жупа.[455]

Во подготовките за вистинска војна против Византија, на српскиот двор, како византиски пребег тајно пристигнал и големиот доместик на западот Сиргијан.[456] Тој имал многу следбеници меѓу локалните владетели и магнати во Македонија и помеѓу албанските племиња кои дошле во Тесалија.[457] Несомнено, Душан и благородниците со задоволство и почести го примиле овој еминентен Византиец. Набргу, Сиргијан стапил

[453] Г. Острогорски, *Пронија...*, 139.
[454] Greogras II..., 626; ВИИИЈ VI..., 228.
[455] Н. Овчаров, *История и археология...*, 96. На слично мислење бил и Лемерл, кој уважувајќи го исказот на Григора, смета дека Хреља успеал да формира кнежевство (principauté) кое се простирало помеѓу наведените територии, P. Lemerle, *Philippes*..., 196.
[456] Cantacuzenos I..., 450; Gregoras I..., 490; Сулис и Ленерц доаѓањето на Сиргијан го сместуваат кон крајот на 1333 година. Повеќе: G. C. Soulis, *The Serbs*..., 7; R. J. Loenertz, "Ordre et désordre dans les Mémoires de Jean Cantacuzène", *REB 22/1964*, 226, f.n. 12; 231; Приредувачите на ВИИНЈ VI, 340-341, го прифаќаат овој датум, но сепак оставаат можност и за првите месеци од следната 1334 година.
[457] Cantacuzenos I..., 450 - 451; Gregoras I..., 495.

во контакт со голем број негови пријатели кои ги контролирале византиските тврдини и градови во Македонија и Тракија, ветувајќи им на сите земји, пари, титули и други привилегии доколку го поддржат и соработуваат.[458] Патот на идните српски освојувања бил трасиран.

Пролетта 1334 година Душан ја започнал офназивата кон југ. Српските војски за кратко време освоиле поголем дел од Пелагонија со Прилеп и Охрид додека Сиргијан со дел од војските го завзел Костур и уште неколку помали утврдувања во неговата околина.[459] Меѓутоа Андроник III, уверен дека освојувањата на Душан во голема мера се резултат на учеството на Сиргијан, сковал план за негово отстранување. Реализатор на планот бил Сфранцис Палеолог кој во 1334 бил назначен за управник на тврдините Соск, Старидол, Девра и Лерин односно блиску до земјите што ги управувал Сиргијан. Откако му се приближил на Сиргијан воспоставувајќи контакти со него, Сиргијан во август 1334 година бил нападнат и смртно ранет во логорот на Душан.[460]

По смртта на Сиргијан и по заканите по Србија од север, од страна на унгарскиот крал Роберт, кралот Душан ја прекинал офанзивата кон југ склучувајќи мировен договор со Византијците, чин кој во дадената ситуација им одговарал на двете страни. Според одредбите од договорот склучен на 26 август 1334 година кај реката Галик, во близината на Солун, градовите што ги освоил и држел Сиргијан и биле вратени на Византија, а оние што ги освоил Душан останале под негово владеење. Прилеп, Охрид и Струмица останале на српска страна. [461]

Следното споменување на Струмичко во изворите се поврзува со втората средба помеѓу Душан и Андроник III, одржана 1336 година во Радовиште, во близина на Струмица и Штип, откако Андроник ја обновил

---

[458] Gregoras I..., 495.

[459] Cantacuzenos I..., 450- 451; *Животи краљева* ..., 226. Cf. К. Аџиевски, *Пелагонија*..., 178, со богатата литературе во f.n. 2.

[460] Р. Радић, "Сфранцис Палеолог (просопографска белешка)", *ЗРВИ 29-30/1991*, 193-204; За убикацијата на Девра и на Соск. Т. Томоски, "Две Амбории од македонските Дебри", *Прилози на МАНУ VIII-2/1977*, 21-24; idem, "Каде лежел средновековниот град Соск?", *ГИНИ XXX/1-2/1986*,

[461] Gregoras I...,498-500; Cantacuzenos I..., 454-457; *Историја српског народа* I..., 514; К. Аџиевски, *Пелагонија*..., 180; G. C. Soulis, *The Serezbs*..., 8; С. Ћирковић, "О састанцима цара Андроника III и краља Стефана Душана", *ЗРВИ 29-30/ 1991*, 205-207.

власта на Палеолозите во Тесалија.[462] И покрај несигурноста во убикацијата на Радовиште, сигурно е дека станува збор за место на византиско-српската граница. Во прилог на Радовиште, што е многу веројатна хипотеза, С. Ќирковиќ ја истакнува околноста дека оттука минувал важен пат кој водел кон централните делови на Душановата држава, односно преку Струмица, Радовиште и Штип и понатаму кон Славиште и Врање. Но, тој сепак е скептичен бидејќи според неговите анализи идентификацијата на Радовиште со Радовиш е противречна на смислата на Кантакузиновото раскажување.[463]

Пријателската средба траела седум дни, но не е познато за што преговарале. Доколку ја прифатиме идентификацијата на Радовиште со Радовиш, од податоците што се однесуваат на подоцнежниот период, Радовиште му припаѓало на јадрото на обласата на господарот Хреља, кој како што веќе истакнавме господарел со Штип и со долината на Лакавица. Според натписот на пиргот на “кулата на Хреља” во Рилскиот манастир,[464] тој во 1335 година сѐ уште му бил лојален на Душан. Исто така, можно е за време на средбата помеѓу двајцата владетели да бил присутен и Хреља чии подоцнежни добри односи со идниот византиски цар Кантакузин биле воспоставени токму на оваа средба. Во делегацијата на Византијците бил и Кантакузин, додека на српска страна Душан го придружувале српскиот големец Јован Оливер, неговиот протовестијар Никола Бука и лекарот магистер Антониот де Монтефлоре.[465]

И во следните неколку години, историјата на Струмичкиот регион како најмногу да се врзува со настаните кои го прателе и во кои и самиот учествувал обласниот господар Хреља. Имено, и покрај тоа што е тешко прецизно да се утврди хронологијата на одметнувањето на Хреља од Душан, со определена доза на сигурност може да се каже дека кон крајот на 1340 година и почетокот на следната, Хреља веќе бил на византиска страна.[466] Меѓутоа, непрецизноста во текстот на Кантакузин, каде се вели

---

[462] Cantacuzenos I..., 474; ВИИНЈ VI..., 350-353; С. Ћирковић, “О састанцима цара Андроника III..., 208-209.
[463] С. Ћирковић, op. cit. 210.
[464] Л. Пашков, *Хрельовата кула*, София 1973, 146-148.
[465] М. Динић, “Крстати грошеви”, *ЗРВИ 1/1952*, 107-110.
[466] М. Динић, “Рељa..., 101.

дека Хреља се завртел кон Византијците пред (πρότερον) смртта на Андроник III,[467] во 1341 година, дозволува да се претпостави дека тоа можело да се случи кон крајот на 30-тите години на XIV век. Во прилог на оваа претпоставка е и еден податок во една недатирана повелба на манастирот Хиландар, во која се потврдуваат имотите на манастирот св. Архангел Михаил во Штип, дар на големиот доместик Стефан Хреља, наречен уште и царев дворјанин.[468] За разлика од Кантакузин, Григора, не кажува ништо или не знае ништо за пристапувањето на Хреља на страната на Андроник III, единствено споменува дека Хреља се осамостоил во градовите околу Струмица.[469]

Интересно е да се запрашаме зошто или што влијаело овој српски големец да се одметне од кралот Душан. Воедно, би сакале уште еднаш да нагласиме дека како по правило, обласните господари од пограничните реони, сега на српско-византиската граница, постојано покажувале тенденција на оасмостојување и лавирање помеѓу два или три моќни сојузници во зачувување или пак потврдување на својата феудална моќ. Во оваа смисла и Хреља не претставувал исклучок.

Во настаните што следат заслужува да се одбележи фактот дека Хреља учествувал во групата на византиските великодостојници која преговарала со Кантакузин пред неговото прогласување за цар во Дидимотика на 26 октомври 1341 година.[470] Тука повторно ќе се навратиме на констатацијата на Овчаров кој смета дека Хреља станал особено моќен владеејќи со територии во Струмичко-Штипско-Стримонскиот регион,[471] односно доволно моќен да владее самостојно во пограничните делови на Душановата држава. Инаку тешко дека би можело да се разбере неговото учество во внатрешните византиски прилики во борбата за власт веднаш по смртта на Андроник III, во очи на големата граѓанска војна во

[467] Cantacuzenos II..., 193; ВИИНЈ VI..., 364.
[468] С. Ћирковић, "Хрељин поклон..., 108.
[469] Gregoras I..., 455; ВИИНЈ VI..., 213.
[470] Хреља бил заедно во групата со: Теодор Синадин, Константин Палеолог, Јован Ангел и др., Cantacuzenos II..., 77; ВИИНЈ VI..., 356-357.
[471] Томоски смета дека имотите на Хреља се простирале меѓу градовите Штип, Струмица, Мелник и Стоби, всушност на тромеѓето на териториите на Србија, Византија и Бугарија, Т. Томоски, "Овче Поле во средниот век",: *Македонија...*, 235. Cf. М. Динић, "Реља..., 98; M. C. Bartusis, "Chrelja and Momcilo..., 213; Во исцрпниот коментар во ВИИНЈ VI..., 367, f.n.43, се наведени и постарите мислења околу поседите на Хреља.

Византија. Во тој "меѓу период" мнозина византиски феудалци и големци биле подготвени да му се приклонат на Катакузин, уверени дека во претстојната борба за престолот тој ќе ги брани нивните интереси. Диниќ е на мнение дека Хреља бил во добри односи со Кантакузин уште од средбата во неговиот крај, помеѓу Андроник III и кралот Душан. Во секој случај Хреља бил или станал угледна личност во Македонија[472] и штитејќи ги своите интереси на локален и моќен феудалец, се приклучил кон групата на Византијци кои, како што кажавме, стапиле во преговори со Кантакузин. И навистина, како што подоцна известува Кантакузин, Хреља му ветил дека ќе биде на негова страна и му советувал да дојде на запад, потфат што во пролетта 1342 година Кантакузин и го сторил.

Бидејќи, сепак, вестите за односите помеѓу Кантакузин и Хреља доаѓаат од перото на еден од главните актери во политичките прилики во Византија во тоа време, за да ја заокружиме сликата за Хрељовото одметнување на византиска страна, ни недостасуваат извори од друга провиниенција, а најмногу од гледна точка на српскиот двор. Потпирајќи се на информациите што ги дава Кантакузин можеме да кажеме дека тој, откако дошол на запад, подолго време го убедувал Хреља да му се приклучи при што овој наводно одолговлечувал во својата одлука. Кантакузин не сакал да се повлече од Македонија, и како што кажува самиот "одењето подалеку на запад без сојузништвото со Хреља не било прифатливо".[473] Откако го зазел Мелник, Кантакузин стапил во преговори со Хреља и успеал на своја страна да го придобие феудалецот, кој поседувајќи големо богатство и силна војска сега веќе бил подготвен да му се придружи на Кантакузин во освојувањето на Солун.[474]

Честите и брзи промени на политичката ситуација во Византија предизвикани од граѓанската војна влијаеле и врз однесувањето на Хреља, полно со сериозни пресврти. Имено тој, пролетта 1342 година, кога

---

[472] M. C. Bartusis, "Chrelja and Momcilo..., 201.
[473] Cantacuzenos II..., 227-228; ВИИНЈ VI..., 368.
[474] Cantacuzenos II..., 232; ВИИНЈ VI..., 370; D. Nicol, *The Byzantine Family of Kantakouzenos (1100-1460)*, DO, Washington D. C. 1968, 50. За разлика од Кантакузин, кој вели дека тој самиот во придружба од 300 луѓе лично се упатил во таборот на Хреља на преговорите, Григора, изнесува сосема спротивна вест, односно дека Хреља дошол во таборот на Кантакузин, некаде кај Филипи. Cf. Greogoras II..., 632. Многу духовита анализа за овие различни известувања на двајцата византиски историчари дава М. Динић, "Реља..., 102.

повеќето од следбениците го напуштале Кантакузин, го прекинал пријателството со него. Потоа и пристапил на легитимната цариградска влада стекнувајќи го високиот чин на кесар, за набргу повторно да ја смени страната, и кон крајот на летото 1342 година да се врати под закрилата на Стефан Душан.[475] Хреља дури станал и посредник во преговорите помеѓу Стефан Душан и великиот дукс Алексиј Апокавк, кои дури и требало да се сретнат некаде кај устието на Стримон (веројатно Амфиполис).[476] Меѓутоа ненадејната смрт на Хреља го осуетила предвидениот состанок помеѓу Стефан Душан и Алексиј Апокавк.[477] После смрта на Хреља, Душан ги превземал неговите поседи околу средниот тек на Стримон заедно со Струмица и Мелник. Пролетта 1343 година Стефан Душан токму во Струмица го примил Кантакузин.

Според Григора логорот на Душан тогаш се наоѓал во краевите зад Струмица во која доаѓајќи од исток стасал Кантакузин. И на ова место Григора ја означува Струмица со терминот град, велејќи дека Кантакузин одел "се до градот Струмица, (ἐς πόλιν τὴν Στρουμμίτζαν)".[478] Кантакузин веројатно се движел по патот кој, од околината на Серез, преку Струмица и Радовиш, водел за Штип и понатаму за Скопје.[479] Веројатно тогаш, како што претполага Диниќ, настанала и Душановата повелба за манастирот Хиландар, со која на манастирот му се подаруваат имотите на властелинот Рудл. Како и кај Григора, така и во оваа повелба напишана на црковнословенски, Струмица се нарекува град со кој можеби управувал, феудалецот Рудл, и кој иако никаде не е титулиран како жупан, можеби и навистина ја извршувал и функцијата жупан на струмичката област?[480]

Во годините што следат Душан ги продолжил своите освојувачки походи, од кои еден од најголемите е и освојувањето на Серез во 1345, и

[475] Cantacuzenos II..., 277; ВИИНЈ VI..., 405.
[476] Cantacuzenos II..., 324; ВИИНЈ VI..., 421.
[477] Cantacuzenos II..., 327-328. Хреља умрел како монах Харитон на 27 декември 1342 година. Cf. ВИИНЈ VI..., 421-422 каде се дадени сите изворни податоци за неговата смрт како и соодветната литературе, многу бројна и разновидна којашто се однесува на овој настан.
[478] Gregoras II..., 654; P. Schreiner, *La chronique brève*..., 353, f.n.2; ВИИНЈ VI..., 244.
[479] Г. Шкриванић, *Путеви...*, 100.
[480] М. Динић, "Реља..., 107; cf. С. Новаковић, *Законски споменици...*, 410; Детаљна анализа на споменатата повелба во: С. Ћирковић, "Хрељин поклон..., 109. М. Живојиновиќ смета дека кралот Душан овие имоти му ги подарил на Хиландар по 1332/1334, а пред 1346 година, М. Живојиновић, "Властелинство манастира Хиландара у средњем веку", : *Манастир Хиландар*, Београд 1998, 79. Cf. Н. Овчаров, *История и археология...*, 96.

уште неколку дурги градови во југоисточна Македонија. Под власта на српскиот крал се нашле и полуостровот Халкидик, со сѐ Света Гора.[481] На светогорските манастири Душан им издал една општа повелба со која им ги потврдил имотите и привилегиите, а во замена тие формално требале да го признаат за господар и во сите богослужби да го споменуваат неговото име. Со овие походи границите на српската држава се прошириле значително на југоисток. Откако во 1345 година Душан одлучил во Серез да се прогласи за цар, за следната година на 16 април 1346, во Скопје и формално да се круниса.[482]

Според територијалниот опсег и според воените и економските можности државата на Душан доминирала над своите соседи во централните и во јужните делови на Полуостровот. Сепак, големото "царство" на царот Душан било многу разнородно за да опстане подолго време, во услови на интензивно раздробување на балканските држави. За околу десет до петнаесет години по смртта на неговиот основач во 1355 година, тоа се распаднало. Во услови на започнатата, во средината на XIV век, османлиска експанзија се случувал еден динамичен процес на настанување и исчезнување на територијални кнежевства и родови владенија. За историјата на Струмичкиот регион во последните десет години од Душановото владеење, освен неколку скудни податоци, поврзани со манастирот Св. Богородица Милостива, (за кои ќе стане збор понатаму во текстот) немаме сочуван изворен материјал. Од тие причини нашето истражување во следното поглавје ќе го насочиме кон анализа на состојбите и приликите во Струмичко во периодот по смртта на царот Душан поточно акцентот ќе го поставиме врз улогата и значењето на браќата Драгаши со кои и најмногу е поврзана доцно-средновеконата историја на Струмичкиот регион.

---

[481] Д. Кораћ, "Света Гора под српском влашћу (1345-1371)", *ЗРВИ 31/1992*, 15-179.

[482] За царството на Душан и идеологијата на неговото владеење повеќе во извонредниот труд на Lj. Maksimović, "L'empire de Stefan Dušan: Genese et caractere",": Melanges Gilbert Dagron, *Travaux et Memoires 14/2002*, 415-428. За законодавната дејност на царот Душан види: *Законик цара Стефана Душана*, Научни скупови, Књ. CVIII, Одељење друштвених наука, Књ. 24, Београд 2005.

## 5.2. Период на развиениот феудализам: браќата Јован и Константин Драгаш (втора половина на XIV век)

Смрта на царот Душан уште повеќе ги поттикнала сепаратистичките тенденции кои и претходно се појавувале во неговото царство. Носители на овие тенденции биле српските намесници и властелата и тоа особено во освоените земји на југот од државата. Личноста на првиот српски владетел со царска титула од династијата на Немањиќите била една од основните фактори кои ја држеле во единство големата, но разнородна по структура српска држава. Распаѓањето на државата, во текот на втората половина на XIV век, на одделни кнежевства, државички и сл., со помалку необичен карактер и нетипични за државната традиција на Балканот, оставило траен белег врз политичкиот развој на големите територии почнувајќи од Моравска Србија, Косово и Зета па се до албанското крајбрежје, Македонија и Северна Грција.

Во согласност со средновековните прилики овој процес на востановување и исчезнување на територијалните државички не бил ниту спонтан ниту се случувал по автоматизам, напротив бил комплексен и траел долго во времето. Временските граници и ориентирните точки за периодот на поделбата на Душановото наследство на одделни владенија, условно може да се определат според двата особено важни настани за историјата на Балканот, Маричката и Косовската битка. Оттука, првиот период е времето од Душановата смрт во 1355 година, до последните месеци на 1371 година, заклучно со смртта на последниот претставник на династијата на Немањиќите, царот Урош (1355-1371); и вториот период од 1371 година до прочуената Косовска битка кон крајот на XIV век.

Во овие бурни години на историската сцена се појавуваат различни обласни господари, со титули на севастократори и деспоти кои, во зависност од својата моќ управувале со помали или поголеми територии на поранешното Душаново царство. За периодот до крајот на педесеттите години на XIV век може да се скицира следната слика за состојбите со српското царство. Од власта на царот Урош се издвоиле земјите во

северна Грција, јужна Албанија и делови од јужна Македонија околу Костур. Процесот продолжил и во следната деценија со издвојување на јужните периферни области, а негов главен претставник и зачетник бил Радослав Хлапен кој станал господар на пространи територии во јужна Македонија.[483] Речиси во истиот период, свој "придонес" во распаѓањето на државата на својот сопруг дала и вдовицата на Душан, Елена која се стационирала во Серез и со помош на властелата и духовниците, кои и останале верни, започнала самостојно да управува во југо-источниот дел на српското царство.[484] Со појавата на фамилиите на Балшиќите и на Карло Топија, српската круна во шеесеттите години практично ја загубила својата власт во албанските и зетските земји.[485]

Меѓутоа, последниот и решителен удар за "единството" на српското царство претставувало дејствувањето на браќата Мрњавчевиќ - Волкашин и Углеша. Најголемиот успех за кралот Волкашин и деспотот Јован Углеша бил отстранувањето на царицата Елена од власта во Серез, есента 1365 г. кога за владетел на Серската држава се издигнал деспотот Јован Углеша.[486] Како резултат на различните акции на браќата и нивните вазали тие успеале да ја наметнат својата политичка доминација речиси на целата територија на Македонија. Деспотот Углеша управувал со Серската област, и неговите територии на север и северозапад се простирале до областите на Мелник, Струмица и Штип.[487] Кралот Волкашин имал непосредна власт во Вардарска Македонија со центар меѓу Скопје, Охрид и Прилеп.[488]

Помеѓу различните обласни господари со свои територии во источна Македонија се истакнал и таткото на Драгашите, деспотот Дејан, поради што тие понекојпат во литературата, иако во изворите нема никаква потврда, се нарекуваат и Дејановиќи. Поради недостатокот на извори не е можно прецизно да се утврди територијата со која управувал

---

483 H. Matanov, "Radoslav Hlapen – suverain féodal en Macédoine médievale durant la troisième quart du XIV siècle", *Etudes balkaniques 4/1983*, 68-87.
484 Г. Острогорски, *Серска област после Душанове смрти*, Београд 1965, 3-41; Б. Ферјанчић, *Византијски и српски Сер у XIV столећу*, Београд 1994, 63-112.
485 *Историја Црне Горе*, 2, Титоград 1970, 44-48; G. Soulis, *The Serbs...*, 135-145.
486 Г. Острогорски, *Серска област...*, 5-7, 84; Б. Ферјанчић, *Византијски и српски Сер...*, 79-80.
487 Р. Михаљчић, *Крај српског царства*, Београд 1975, 125-155.
488 К. Аџиевски, *Пелагонија...*, 209-236.

деспотот Дејан. Сепак, приближно може да се каже дека тој, во име на централната власт, управувал со жупите Жеглигово и Пешево, на кои подоцна им ги присоединил областите околку горниот тек на Стримон, со се Велбужд и територии во правец на Мелник.[489] Развојот на областа со која управувал Дејан била прекината со неговата смрт. Во определен момент неговите територии биле загрозени од експанзијата на неговиот јужен сосед, севастократорот Влатко Паскач, чии територии ја пресекувале територијата со која порано управувал деспотот Дејан. Иако Влатко не се осамостоил, тој настапувал смело бидејќи зад него стоеле браќата Мрњавчевиќи.[490]

Од податоците што ги носи Мавро Орбини и според нивното толкување може да се каже дека во шеесеттите години на XIV век, судбината на синовите на Дејан, Јован и Константин Драгаш, била исполнета со контроверзи. Тие биле принудени да се сообразат со доминацијата на браќата Мрњавчевиќи и по се изгледа, требало да ја признаат нивната врховна власт со цел да го сочуваат она што го наследиле од татко им. [491] Во секој случај, макар и да биле вазали на кралот Волкашин и на деспотот Углеша, браќата Драгаши не учествувале во големата битка на Мрњавчевиќите со Османлиите во Тракија, поточно во прочуената Маричка битка од 1371 година.[492]

Оваа битка претставувала и пресвртница во нивното издигнување во рангот на едни од најмоќните господари кон крајот на XIV век на Балканот, период во кој тие успеале да формираат голема феудална држава. Како што истакнува И. Ѓуриќ, во деведесеттите години на XIV век во целиот јужен дел на некогашното Душаново царство не постоела ниту една држава која, било според територијалниот опсег, било според економската моќ, можела да се мери со онаа со која, по смртта на својот брат, господарел Константин Драгаш. Во нејзините граници влегувале

---

[489]М. Рајичић, "Севастократор Дејан", *Историски гласник, 3-4/1953*, 17-28, idem "Основно језгро државе Дејановића", *Историски часопис, 4/1952-53*, 227-243; Б. Ферјанчић, "Севастократори и кесари у Српском царству", *ЗФФ* у Београду, *XI -1/1970*, 254-269.

[490] Б. Ферјанчић, "Севастократори и кесари..., 261-262; Р. Михаљчић, *Крај...*, 81-82; *Историја српског народа*, II, Београд 1994, 33-34.

[491] М. Орбини, *Краљевство Словена*, Београд 1968, 54, 64.

[492] Г. Острогорски, *Серска област...*, 127-146; H. Matanov, "Contribution to the Political History of South-Eastern Macedonia after the Battle of Cernomen", *Etudes Balkaniques, 2/1986*, 31-43.

Штип, Струмица, Овче Поле, Врање, Петрич, всушност цела Македонија источно од Вардар, вклучувајќи ги и Мелник, Рупел и областите во близината на Серез.[493]

Од еден фрагмент, иако контроверзен по содржината, кај византискиот историчар Халкокондил разбираме дека прв владетел на родот бил Дејан (кај Халкокондил е Жарко), а по него доаѓа Јован Драгаш, а дури потоа Константин Драгаш.[494] Ова од своја страна упатува на претпоставката дека во родот на Драгашите рано се појавило сознанието за пренесувањето на власта над определена територија. Тврдењето на Халкокондил дека Јован Драгаш бил директен наследник на својот татко било предмет на дискусија во науката, но веќе е општо прифатен став дека Халкокондил бил во право бидејќи неговото кажување може да се потврди и со други извори од седумдесетите години на XIV век.[495] Јован не само што бил наследник на Дејановата баштина, туку веројатно токму тој е онаа личност која успеала повторно да ги прошири територииите на својата фамилија.

Што се однесува до неговата титула деспот, таа е апсолутно засведочена во изворите како што се, на пример, повелбите на Драгашите кои тие ги издавале после Маричката битка. Бидејќи ваква титула, Јован Драгаш можел да добие само од носител на царско достоинство, во конкретните услови носител на достоинството можел да биде единствено царот Урош кој умрел на 2 или на 4 декември 1371 година.[496]

Неколку групи на извори доста убедливо потврдуваат дека Јован Драгаш бил самостоен господар. Особено полезни се сведоштвата од Дубровничките архиви, кои временски им претходат на повелбите на Драгашите. Освен што известуваат за трговските проблеми на Дубровчаните, тие носат и исклучително интересни податоци за *деспотот* Јован Драгаш и за неговата власт во Североисточна Македонија. Во првиот од двата документа (датиран од 15 јуни 1373 година) станува збор за една жалба на дубровничкиот граѓанин Буниќ, кој пред дубровничкиот суд

---

[493] И. Ђурић, *Сумрак Византије*, Београд 1984, 79.
[494] L. Chalcocondylae, *Historiarum libri decem*, ed. I. Bekkeri, Bonnae 1843, 81.
[495] Х. Матанов, *Княжеството на Драгаши*, София 1997, 88-102, f.n. 8-12.
[496] С. Новаковић, *Законски споменици српских држава средњег века*, Београд 1912, (50) 452; Б. Ферјанчић, *Деспоти у Византији...*, 172-174.

се жалел дека неговиот сограѓанин Соркочевиќ заедно со луѓето на *десӣоӣоӣ Dragassius* му украле стока во вредност од 270 литри сребро. Во вториот документ, од јули 1373 година, се зборува за резултатите во случајот на Буниќ и таму меѓуостанатото се вели дека кражбата на среброто била извршена во тврдината што се наоѓала во земјите на *десӣоӣоӣ Драѓаш.*[497] Нема сомнение дека во летото 1373 година деспотот Јован Драгаш бил самостоен господар и владеел со земји кои најверојатно се совпаѓале со баштината на неговиот татко, деспотот Дејан.

И византискиот историчар Халкокондил, во еден фрагмент кој приближно се однесува за времето после 1371 година, зборувајќи за освојувачкиот поход на Мурат I, вели дека тој стасал во областа околу реката Вардар која му припаѓала на владетелот Драгаш.[498] Од неговото раскажување се гледа дека Драгаш бил единствен владетел околу горниот тек на Вардар.

Во постоечкиот изворен материјал за периодот кој го разгледуваме, братот на Јован, Константин Драгаш и нивната мајка, се појавуваат во средината на седумдесеттите години од XIV век. Дотогаш не е сосема јасно каде точно живеел Константин и со кои територии управувал. Сепак можеме да претпоставиме дека Константин живеел некаде на југ од наследената баштина. Во прилог на оваа претпоставка зборуваат одделни делови од првата повелба на Драгашите за светогорскиот манастир св. Пантелејмон, од каде се гледа дека Константин Драгаш му подарил на манастирот села во свое име. Во повелбата јасно стои дека пред да му ги подари селата на манастирот св. Пантелејмон, расположени во областа на Струмица, тој ги превземал од некои локални феудалци кои нему му биле потчинети.[499] Во оваа повелба, за прв пат се среќаваат потпишани заедно и

---

[497] Fontes Rerum Slavorum Meridionalium, *Писма и упутства Дубровачке републике*, ed. J. Тадић, књ. I, Београд 1935, 462-464; B. Krekic, "La Puglia tra Dubrovnik (Ragusa) e il Levante nell'epoca angioina",: *Dubrovnik, Italy and the Balkans in the Late Middle Ages*,VR London 1980, III, 63-639, idem "Courier Traffic between Dubrovnik, Constantinople and Thessalonika in the First Half of the Fourteenth Century",: *Dubrovnik, Italy*..., XI, 1-8; Х. Матанов правилно забележал дека првото споменување на Јован Драгаш како деспот е многу порано од времето на првите повелби, Х. Матанов, *Княжеството*..., 93-94. Б. Ферјанчиќ веруваше дека Јован како деспот се споменува за прв пат во 1377 година, Cf. Б. Ферјанчић, *Деспоти у Византији*..., 174.

[498] L. Chalcocondylae, *Historiarum*..., 81; Х. Матанов, *Княжеството*..., 95.

[499] С. Новаковић, *Законски споменици*..., (13), (17), 513-514; *Actes de Saint-Pantéléèmôn*, ed. P. Lemerle, G. Dagron, S. Ćirković, Paris 1982, No. 6, 169-170.

двајцата браќа Драгаши.[500] Повелбата на која инаку нема датум била различно датирана.

Се чини дека предложените датации за настанувањето на наведената повелба - Матанов смета дека таа била издадена во јуни 1374 за разлика од Ќирковиќ кој ја претполага 1372-1375 година - соодветствуваат со приликите во регионот. До септември 1371 година Струмичката област се уште наоѓала во рамки на териториите на деспотот Јован Углеша за што сведочи еден акт токму од таа година. Имено, во актот судијата Скулис по наредба на деспотот Углеша, а во присуство на струмичкиот епископ, му го предал на манастирот Хилендар селото Брезница во близината на Струмица. Во актот исто така има и опис и на границите на тој имот.[501]

Иако немаме директни податоци изгледа дека после Маричката битка, Струмичката област станала дел од државата на солунскиот деспот Мануил Палеолог. Поразот на Србите на Марица 1371 г. претставувал одлична можност за Мануил да ги прошири византиските земји во Македонија. Синот на Јован V (1341-1391) , деспотот на Солун, Мануил Палеолог влегол во Серез на 10 ноември 1371 година и ја воспоставил својата власт во оваа област.[502] Царот Јован во една повелба му ги подарил во доживотно владение градовите во југоисточна Македонија и Тесалиското крабрежје.[503] Во една простагма на Мануил од 1408 година која се однесува на Св. Гора, се вели дека поголем дел од македонските земји односно: "...τά ἡμίση τῶν μετοχίων τῶν τε Ἁγιοριτῶν καὶ τῶν Θεσσαλονικέων, καὶ ἁπλῶς πάντα..." по смртта на Углеша станале пронија.[504]

За присуството на Византијците во Струмичко во наведениот период разбираме и од една хилендарска повелба, приватен акт од 1374 година. Извесниот феудалец Константин Ласкарис Палеолог му го подарил на манастирот Пантелејмон она исто село Брезница (кое три

---

[500] Actes de Saint-Pantéléèmôn..., No.6, 170.
[501] V. Mošin - A. Sovre, *Supplementa ad acta graeca Chilandarii*, Ljubljana 1948, No 8, 14; Г. Острогорски, *Серска област* ..., 22; Д. Кораħ, "Света Гора..., 127.
[502] Г. Острогорски, *Серска област*..., 143; J. Barker, *Manuel II Paleologus (1391-1425)*, New Brunswick-New Jersey 1969, 16; К. Аџиевски, *Пелагонија*...,250.
[503] G. Soulis, *The Serbs*..., 100, f.n. 127-128. Г. Острогорски, *Серска област*..., 144.
[504] В. Мошин, *Акти из светогорских архива*, Београд 1939, 165.

години порано деспотот Углеша им го доделил на Хилендарците). Всушност струмичкото село Брезница било предмет на повеќегодишен спор што се водел помеѓу светогорските манастири Хилендар и Пантелејмон. Константин Ласкарис повел парница пред синодот на Патријархот Филотеј Кокинос во Цариград, според чија пресуда Брезница сега им била одземена на Хиландарците и му била вратена на Константин Палеолог. Тој, веднаш по објавувањето на одлуката на Синодот, во месец јуни 1374 година, му го подарил селото со се сé што поседувал, на рускиот манастир Пантелејмон.[505] Фактот што Константин Палеолог, инаку член на познатото семејство Котаниц, кое уште во XIII век како безусловни наследни имоти поседувало неколку села по текот на реката Струмица,[506] го водел спорот пред византиските авторитети, и што на повелбата се потпишал како "роб" на византискиот цар,[507] укажува дека во летото 1374 година Струмичката област или барем еден нејзин биле под византиска власт.

Раширувањето на Драгашите на југ од наследената баштина се поклопило и со настаните во Византија. Токму во периодот до есента 1373 г., се случило и неуспешното востание на Андроник IV Палеолог против неговиот татко, царот Јован, по кое Андроник бил ослепен и лишен од позицијата на совладар. Неговото место го завзел Мануил, солунскиот деспот, кој бил одреден за престолонаследник и на 25 септември 1373 година, крунисан за цар-совладар.[508]

Името на Драгашите се врзува со селата во Струмичко во моментот кога тие дефинитивно завладеале со овие области. Односно во периодот кога почнале да издаваат повелби на манастирите кои имале имоти во овој крај, за што одлично сведоштво се токму повелбите за манастирот св. Пантелејмон и секако еден судски запис од Струмица.[509]

---

[505] M. Živojinović, "Le conflit entre Chilandar et Saint-Pantéléèmôn au sujet du village de Breznica", *BS LVI/1995,* 237-244. Во анализата на проблемот околу селото Брезница, Живојинивиќ детално го проследува историјатот на спорот помеѓу Хиландар и Пантелејмон. К. Аџиевски, *Пелагонија...*, 250-252, f.n. 137.

[506] Љ. Максимовић, "Котаниц Торник..., 184-186.

[507] Cf. Actes de l'Athos, V, Actes de Chilandar, publies par, L. Petit et B. Korablev, *BB 17/1911*, Приложение, 1, No. 155, 326-328.

[508] Г. Острогорски, *Историја...*, 503.

[509] Како што прецизно забележал Аџиевски, во една од повелбите на Драгашите за манастирот Пантелејмон, (т.н. втора повелба, издадена во 1377 година) стои дека тие му

Временската рамка и редоследот на издавањето на овие документи во след, помеѓу 1375 и 1377 година, сосема прецизно илустрираат дека Струмичката област веќе била во нивно владение.[510] Исто така, делови од содржината на овие исти документи известуваат дека со Струмичката област, по се изгледа, сосема автономно управувал помладиот од браќата – Константин Драгаш.

Особено важен документ од кој разбираме дека Константин Драгаш бил носител на некаква реална моќ во Струмичко претставуваат т.н. судски одлуки од Струмица. Всушност тоа се пресуди во врска со неколку спорови околу имотите на манастирот Хиландар и манастирот Пантелејмон во Струмичко. Според првата повелба на Драгашите, помеѓу останатите села и цркви кои тие му ги подариле на Пантелејмон биле и селата Макриево, Мокрани, Борисово и Зубово сместени јужно од реката Струмица, на границата со имоти што ги поседувал манастирот Хиландар.[511] Тоа било причината за избивање на уште еден спор меѓу Хиландар и Пантелејмон, слично како и во случајот со селото Брезница. Страните во спорот му се обратиле на "господинот наш Константин", кој отакако се посоветувал со "правоверната властела", решавањето на спорот им го доверил на Струмичкиот (Подочкиот) епископ Данаил и на Велбужкиот (Банскиот), Григориј во присуство на приставот на Струмичкиот кефалија, Станко и "старците" од околината.[512]

Во судските одлуки се споменуваат уште два случаи на проблеми околу меѓите. Во вториот случај страните на спорот биле, од една страна манастирот Хиландар и од друга, некој жител од околината, Воин Радишевиќ. И во овој случај Константин Драгаш бил авторитетот кој

---

подариле на манастирот неколку села во Струмичко, со се меѓите и правата што ги имале и во време на грчкиот цар К. Аџиевски, *Пелагонија*...,250, ф.н.137, Cf. С. Новаковиќ, *Законски споменици*..., (6) , IX, 512; А. Соловјев, *Одабрани споменици српског права од XII до краја XV века*, Београд 1926, 169-171.

[510]Сметаме дека најприфатливо е гледиштето според кое првата повелба на Драгашите за манастирот Пантелејмон била издадена во текот на 1375 година, и истата можела да биде издадена само по завладувањето на Струмичката област. Помеѓу оваа повелба и следната за манастирот Пантелејмон, за која нема дилеми околу датацијата (1376/1377 г.) се наоѓа судскиот запис од Струмица, датиран од крајот на 1375 година односно првата половина на 1376 година, А. Соловјев, *Одабрани споменици*..., 169.

[511] С. Новаковиќ, *Законски споменици*..., (7), VI, 513. Датацијата на Новаковиќ на оваа повелба е погрешна бидејќи тој ја датира околу 1378 година.

[512] А. Соловјев, *Одабрани споменици српског права од XII до краја XV века*, Београд, 1926, 169.

одлучил, двајцата епископи, приставот на кефалијата, но и двајца службеници на кефалијата, Спандул и Теризан, заедно со "старците" да ги разграничат спорните меѓи. Улогата на судија овој пат ја имал приставот Станко.[513] Во третиот наведен случај, Струмичкиот епископ Данаил по наредба на Константин требал да собере информации за граници на спорни имоти од болјарите на градот Струмица.[514]

Што се однесува до првиот случај, по извршените мерења на меѓите и по консултирањето на одредени постоечки документи со кои располагал Хиландар, двајцата епископи пресудиле дека селата му припаѓаат на Хиландар. Приметуваме дека спорот го воделе надлежните епископи, вообичаена практика во духот на византиското право особено кога станувало збор за парници во кои барем едната страна е црквата.[515] Од друга страна, српското средновековно право парниците од имотен – земјишен карактер ги врзувало исклучиво за судот на владетелот, кој исто така имал право своите надлежности да ги пренесе на црковно лице.[516] Оттука, на мнение сме дека не случајно, во сите три случаи - меѓу кои особено индикативен е спорот меѓу манастирите - разрешувањето на споровите започнува по налог на Константин Драгаш, а неговото име се споменува и во заклучната формула на документот каде се вели дека тој бил издаден: "во деновите на благочестивиот господин деспот Драгаш и *брат му Костадин...*".[517]

Улогата и моќта на Константин, особено околу спорот меѓу манастирите се гледа и од повелбата што тој ја издал една година после оваа судска пресуда, поточно во 1377 година.[518] Имено со оваа повелба (инаку издадена во Струмица) на руските монаси им биле потврдени во владение веќе еднаш даруваните, со претходната повелба, (спорни) села, кои според пресудата му припаднале на Хиландар. Од ова произлегува

[513] Ibidem..., 170.
[514] Ibidem..., 171.
[515] М. Живојиновић, "Судство у грчким областима српског царстваг, *ЗРВИ 10/1967*, 200-212.
[516] А. Соловјев, "Судије и суд по градовима Душанове државе", *ГСНД*, књ. *VII-VIII/1930*, 159-160; idem *Историја словенских права, законодавство Стефана Душана (цара Срба и Грка)*, Београд 1998, 221-225; Г. Острогорски, "Васељенске судије у Серезу",: *Византија и Словени...*, 257-271; З, Мирковић, "Судије царства ми Душановог законика",: *Законик Стефана Душана...*, 34-35.
[517] А. Соловјев, *Одабрани споменици...*, 171.
[518] С. Новаковић, *Законски споменици...*, 510-512; *Actes de Saint-Pantéléèmôn...*, 7, 172-174.

дека Константин Драгаш не ја испочитувал одлуката на судот. Дали тоа не подразбира дека тој тоа го сторил во рамки на своите овластувања и позиција на автономен владетел? Иако самиот не учествувал во донесувањето на пресудата, според нормите на средновековниот свет, и конретно според Душановиот законик, тој како владетел имал право лично да одлучува во секоја парница.[519] Можеби непочитувањето на одлуката на судот дозволува да се претпостави дека токму од наведениве причини самостојно одлучил кому ќе му припаднат спорните села.

Фактот што манастирите за проблемот му се обратиле на господинот Константин, потоа фактот што тој им наложил на епископите да го решат спорот, како што впрочем постапил и во сите три случаи, и секако фактот дека тој не ја уважил донесената пресуда, покажува дека помладиот од Драгашите имал голем углед и реална моќ во одлучувањето во областите кои биле во негова директна надлежност.

Иако поделбата на власта и надлежностите помеѓу браќата и нивната мајка во управувањето на државата не можат сосема прецизно да се определат, извесно е дека Јован Драгаш бил врховен владетел. Од тие причини на пресудата од Струмица, но и на повеќето повелби, името на "деспотот Драгаш" е запишано пред името на Константин. Но, случаите со споровите околу меѓите недвосмислено сведочат дека дека Константин имал видно место во управувањето со државата[520] и како што кажавме автономен авторитет во Струмичката област. Треба да се напомене дека важна фигура во семејството на Драгашите била и нивната мајка, во изворите титулирана како царица – Евдокија, која иако реално немала удел во власта, претставувала симбол на владетелските претензии на нејзините синови и секако носител на владетелскиот контиунитет на родот.[521]

За моќта и влијанието на Драгашите во источна Македонија во 1377 година, зборува и уште еден, добро познат акт од Дубровничките архиви

---

[519] А. Соловјев, *Историја словенских...*, 241.

[520] М. Благојевић, "Савладарство у српским земљама после смрти цара Уроша", *ЗРВИ 21/1982*, 199-200.

[521] И. Ђурић, *Сумрак...*, 76-78, f.n.61-62; Х. Матанов, *Княжеството...*, 120-121; H. Matanov, "Problems of the State Structures in the South-West Balkan Lands during the second Half of 14th Century", *Etudes balkaniques, 1/1984*, 116-125.

од кој разбираме дека Дубровник сакал од нив да купува жито. Задолжен за разговорите со Драгашите бил погоре споменатиот трговец Буниќ кој требал да се информира дали житото што Дубровчаните го купувале од браќата, би можеле да го достават до брегот на морето – Егејскиот брег.[522] Овие драгоцени податоци од Дубровничките архиви сведочат дека, во соодветниот период, Драгашите владееле голем дел од териториите по сливот на Стримон што од своја страна значи дека низ нивната држава врвела една од главните комуникациски артерии во овој дел на Балканот. Таквата позиција им овозможувала да го контролираат и регулираат протокот на стоки во правец од Солун и Егејското крајбрежје, односно од териториите што ги држела Византија, кон внатрешноста на нивната држава. Ова било многу важна околност која несомнено го обезбедувала нивниот опстанок и моќ. Податокот дека Дубровчаните од нив купувале жито, еден од најважните животни продукти во средновековието, како и контролата што ја имале во трговијата со житото, се извонредни показатели на нивната економска, а оттука и политичка моќ во регионот. За нивната економска моќ индиректно сведочи и Кичевската остава во која се наоѓаат и осум монети на деспотот Јован Драгаш.[523]

По смртта на деспотот Јован, во 1377 година, власта во државата ја превземал господинот Константин Драгаш. Првата повелба на која тој е самостојно потпишан, била издадена во месец јуни 1379 година.[524] Што се случувало во овој временски период од две години, дали станува збор за *интер регнум* или за сосема нешто друго, изворите молчат. Следејќи го принципот на управување на браќата, логично е да се претположи дека Константин ја превзел – наследил власта од постариот брат. Доколку ги сметаме за сосема релевантни податоците и од една хиландарска повелба, и доколку се потпреме на истите, со голема доза на прецизност може да се констатира дека Константин, во мај 1380 година, бил врховен владетел во својата област. Содржината на повелбата, интитулацијата и потписот

---

522 *Писма и упутства Дубровачке републике...*, 348.

523 Б. Сарија, "Кичевска остава", *Старинар 3/1925*, 76

524 Поради печатната грешка кај Новаковиќ во *Законски споменици*, стр. 456,, оваа повелба предизвикала многу заблуди. Имено наместо 20 јуни 1379, стои 20 јуни 1389 година. Повеќе за овој проблем во: Б. Ферјанчиќ, *Владарска идеологија у српској дипломатици*..., 146-148; Х. Матанов, *Княжеството*..., 120-121.

упатуваат на заклучокот дека тој ги стекнал сите права кои му припаѓале на еден самостоен владетел.[525] Името и славата на Константин останале забележени и во преданијата кои стасале до нас, а за царот Константин известуваат и подоцнежните извори главно од османлиска провиниенција.[526]

Релативно голема по обем и доволно моќна за приликите на Балканот кон крајот на XIV век, државата на Драгашите своето функционирање го должела и на наследениот, пред се, византиски административен апарат расположен во градските центри што се наоѓале во рамки на нивната држава. Со помала или поголема степен на веројатност, впрочем онолку колку што ни дозволува изворниот материјал, можеме да претпоставиме дека силата на нивната држава до определена мера се должела и на организираноста и функционирањето на градските центри. Струмица, Штип, Мелник, Петрич, Велбужд биле центри на световната и духовната администрација во нивната држава. Бидејќи во центарот на нашето внимание е, пред се, Струмичката област нашето внимание ќе го насочиме кон неколкуте податоците кои зборуваат за улогата на градот Струмица

Со голема сигурност може да се претположи дека токму Струмица била една од важните политички средишта во државата на Драгашите. Како потврда на оваа констатација е и фактот дека најголем број од сочуваните документи биле издадени токму во канцеларијата на Драгашите во Струмица[527], каде и најчесто престојувал Константин

---

[525] М. Благојевић, "Савладарство у српским земљама..., 200.

[526] Извонреден преглед и анализа на османлсиските извори направил Матанов. Повеќе за тоа во: Х. Матанов, *Княжеството...*, 130-140; idem *Възникване и облик на Кюстендилски санджак през XV-XVI век*, София 2000, 10-35.

[527] Во Струмичката канцеларија на Драгашите биле издадени вкупно четири документа. Освен судското решение и т.н. втора повелба за манастирот Пантелејмон од 1376/1377 година, во Струмица биле издадени и : повелбата за манастирот Хиландар со која господинот Константин Драгаш му го потврдува во владение лесновскиот манастир св. Архангели со се селата и имотите, *Законски. споменици...*,453-455; повелбата издададена од господин Константин Драгаш и царицата Евдокија на манастирот Ивирон, околу 1380 година, со која се обновува привилегијата за ослободување од стражарење за луѓето од нивниот метох – од манастирот Богородица Милостива како и ослободување од работни задолженија кога се сади и одгледува житото. Целокупниот текст со се нужната дипломатичка анализа го објавила М. Живојиновиќ, cf. М. Живојиновић - Т. Суботин-Голубовић, "Акт господина Константина Драгаша и царице Евдокије манастиру Ивирону (13 јануар, око 1380)", *Хиландарски зборник 11*, Београд 2004, 287-294. Оригиналниот текст на повелбата не е објавен во актите на Ивирон IV, објавен е преводот со делумен

Драгаш. На што се должи ваквата ситуација и дали е возможно да се понуди некаков веројатен одговор. Од тие причини ќе се обидеме накратко да ја скицираме сликата за административните прилики во Струмица и системот на управување воопшто.

Споменувањето на административната функција кефалија[528] во документите поврзани со Драгашите, а кои директно се однесуваат на Струмица, покажува дека Струмичката област претставувала определена административна единица на чие чело стоел кефалијата. Иако терминот кефалија во семантичка смисла може да има повеќе значења, во времето на Палеолозите тој најчесто означувал управник или наместник на административна единица, кој според византиската терминологија се нарекувала катепаникион. Катепаникионот опфаќал простор од еден или два соседни града и нивните околии. Бидејќи овие административни единици се нарекувале според градот кон кој гравитирале и околу кој биле формирани, нивниот управник се нарекувал кефалија. Кефалијата имал пред се цивилни и воени задолженија и извесни судски задолженија. Основна должност му била да се грижи за спорведување на законите, редот и одбраната. Под негово раководство се наоѓале и локалните одбрамбени сили, сочинети од помали воени единици. Токму затоа во преден план се наоѓале неговите граѓански функции, кои биле многу пошироки од воените. [529]

Во средината на седумдесеттите години од XIV век центарот на катепаникионот била Струмица на чело со струмичкиот кефалија. Според географската расположеност и спецификите на Струмичкиот регион може да се претпостави дека катепаникионот го опфаќал средниот и долниот тек на реката Струмица. Постоењето на Струмичката област во ранг на катепаникион, чиј словенски еквивалент е терминот жупа, е засведочено уште во времето на Стефан Душан и малку подоцна во еден акт на манастирот Хиландар.[530] И во повелбата на Душан и во

---

коментар, повеќе во: *Archives de l'Ahos XIX, Actes d'Iviron IV de 1328 au début du XVIe siècle*, éd. dipl. Par J.Lefort, N. Oikonomidès, D. Papachryssanthou, V. Kravari, avec la collaboration d'Hélène Métrévéli, Paris 1995, App.III, 189-190.

[528] И. Билярски, *Институциите на средновековна България*, София 1998, 286-292.

[529] Љ. Максимовић, *Провинцијска...*, 88-92.

[530] Cf. А. Соловјев, *Одабрани споменици...*,161; С. Новаковић, *Законски споменици...*,412.

манастирскиот акт, Струмичката област е означена со терминот жупа. Оттука извесно е дека по освојувањето на Струмичката област, Константин Драгаш продолжил да ја практикува власта според веќе востановената административна организација на регионот.

Освен кефалијата на Струмица, како што споменавме погоре, во судските одлуки се споменуваат и неговиот пристав Станко, локалната властела и "старците" од околината. Сите тие имале некаква улога при решавањето на споровите и организирање на животот во нивната административна единица. Учеството на претставниците на кефалијата - приставот и службениците Спандул и Теризан сведочат за судските овластувања што ги имал Струмичкиот кефалија. Ако судиме според одредбите на Душановиот Законик, приставот се јавувал во улога на орган на јавната вера, но исто така според еден друг член на законикот тој имал улога на извршител на судските книги и директно му бил потчинет на судијата.[531]

Како што видовме во споровите околу меѓите, приставот Станко во вториот спор се јавува и како судија-извршител, што индиректно сведочи дека неговиот делокруг на надлежности бил поширок од вообичаените, а тоа пак од своја страна може да значи дека Струмичкиот кефалија располагал со поголема судска власт од вообичаената практика. Ова може, но и не мора, да претставува знак на промени кои настапиле во администрацијата на Драгашите.

Присуството на повеќе и различни по статус и авторитет лица во решавањето на имотните спорови во Струмица било од црковен било од световен карактер, инаку епископите фигурираат во сите три наведени случаи, наликува на мешовити судски собири на угледни личности. Овој состав на "судот" е во согласност и со еден член во Душановиот Законик, во кој се вели дека мешовитот собир требало да суди пред владетелите на градот и пред црковниот клир.[532] Според анализите на Соловјев, овој вид на мешовити судски "собранија" по смртта на Душан, освен во Струмица се среќаваат и во Серез и во Тесалија. Во процесот на распаѓање на државата на Душан, определени обласни владетели се почесто свикувале

[531] З. Мирковић, "Судије..., 33; А. Соловјев, *Историја словенских*...,239-242, 512-526.
[532] М. Живојиновић, "Судство у грчким областима..., 200-201.

ваков вид на локални “собранија”кои ја извршувале улогата на *собори* на определени земји.[533]

Во судските одлуки исто така е забележена и властелата, веројатно од градот или уште поверојатно на катепаникионот. Во конкретниот случај таа се јавува во функција на консултативно тело на господарот Константин Драгаш, и е дел од собранието на угледните градски претставници. Во улога на сведоци во споровите, на неколку места се споменуваат “старците”, институција која многу наликува на советот на архонтите од поранешните периоди во словенските средини. Оваа “архаична” институција не само што го потврдува словенскиот карактер на Струмичкиот регион туку таа покажува како наследеното обичајно право се инкорпорирало во византискиот и подоцна српскиот управен систем. Освен овие членови на “соборот”, во третиот судски спор се споменуваат и бољарите[534] од Струмица. Интересно е зошто овие, веројатно градски првенци се именувани со термин карактеристичен за бугарската средновековна номенклатура. Или зошто во еден ист документ паралелно се јавуваат поимите, властела и бољари.[535] И едниот и другиот термин означуваат угледни, истакнати личности во градот и надвор од него. Прашањето е дали и какви функции уживале и едните и другите во административно-управниот систем на провинциската управа на Драгашите.

Еден мал детаљ во една повелбите за манастирот Пантелејмон, известува за еден локален благородник, кнез, по име Кириак, жител на Струмица и ктитор на црквата Св. Стефан градот.[536] Без да навлегуваме во експликации на овој добро познат термин во словенските јазици и неговото значење во различните периоди ќе претпоставиме дека тој во

[533] А. Соловјев, “Судије и суд..., 159-169; Б. Ферјанчиђ, *Тесалија...*, 275-276; Г. Острогорски, *Серска област...*, 87-88.
[534] За илустрација терминот болјарин во Рилската повелба на Иван Шишман од 1378 година е употребен во општа смисла за лица со повисок ранг во хиерархијата кои учествувале во административно-управниот апарат на државата. Поточно во делот каде се зборува дека на Рилскиот манастир му се дава целосна ексусија се нагласува дека им се забранува влез во манастирот на севастите, практорите, судиите и др, односно на сите “*болјари* и работници”..., Г. Цанкова-Петкова, *За аграрните отношения...*, 113-114.
[535] Двата термина се употребени и во пресудата за еден имотен-земјишен спор помеѓу манастирот Св. Богородица Хтетовска и некој Прогон од 1342 година. Помеѓу останатите сведоци во спорот се јавуваат локалната властела и болјарите. Повеќе во: Л. Славева, *Споменици III...*, 277-279,
[536] С. Новаковиђ, *Законски споменици...*, IX, 513.

принцип имал административни задолженија со понизок ранг во администрацијата на градот. И. Билјарски анализирајќи ги српските повелби, особено оние во кои се даруваат имоти и села[537], каде и најчесто се употребува терминот кнез, смета дека кнезовите имале определени надлежности во провинциската администрација. Особено интересна е неговата забелешка дека кнезот можел да има и определени судски надлежности. Врз база на една повелба токму на Константин Драгаш од 1388 година, во која се потврдуваат имотите на манастирот Св. Вознесение во Штип,[538] и во која меѓуостанатото господинот Константин ги ослободил кефалијата и *кнезоӣ* од судските задолженија, Билјарски констатира дека кнезот можел да има и определни судски компетенции.[539] Иако оваа вест стои изолирано, допуштаме дека кнезот во државата на Драгашите учествувал и во судската власт.

Податоците за црковните прилики во Струмичко во времето на Драгашите се особено скудни. Освен споменувањето на епископот на Водоча, Данаил, не располагаме до какви било други извори во врска со црковната организација. Во секој случај може да се каже дека Струмичката (Водочката) епископија по се изгледа не била засегната од политичките и црковните промени во источна Македонија. Расположена источно од реката Вардар, таа останала во рамки на Охридската архиепископија и во времето на српската власт во Македонија.[540] Податокот за епископот Данило, во судските одлуки за Струмица, каде тој е титулиран како епископ Подочки (Водочки), сведочи дека водочкиот манастирски комплекс бил и седиште на струмичкиот епископ. Тешко дека избирањето на Водоча за седиште на епископијата било дело на Драгашите. Многу поверојатно и порпифатливо е дека тие ја наследиле и легитимирале постоечката положба на епископијата востановена уште во XII век.[541]

[537] Авторот ги анализира документите според изданието на С. Новаковиќ, *Законски сӣоменици*, наведувајќи ги детално сите документи во кои се јавува терминот кнез. Види: И. Билярски, *Институциите...*, 299.
[538] С. Новаковић, *Законски споменици...*, 765-768, 767.
[539] И. Билярски, op.cit. 300.
[540] И. Снегаров, *История I...*, 316; Ц. Грозданов, *Охридско зидно сликарство XIV века*, Београд, 1980, 14.
[541] Х. Матанов, *Княжеството...*,193.

Накусо ова е сликата за Струмица во времето на Драгашите. Во последната деценија од постоењето на државата на Драгашите не располагаме со какви било податоци за Струмица и Струмичко. Во сета расположива изворна граѓа од овој период, кога Константин Драгаш веќе владеел самостојно, најчесто споменуван град е Велбужд-Ќустендил. Дали градот бил политички центар во последните години од неговата држава, дали пак поради географската положба бил најпогоден за резиденција, се прашања кои излегуваат од границите на нашиот труд. Единствено ќе напоменеме дека во времето на Османлиите поголем дел од државата на Драгашите станува основа на т.н. Ќустендилски санџак чиј центар бил градот Ќустендил.[542]

На крај од ова поглавје вреди накусо да се истакнат уште две важни нешта од историјата на Драгашите. Бракот помеѓу ќерката на Константин, Елена Драгаш и византискиот цар Мануил II Палеолог, склучен во 1392 година, по што и името на Драгашите се врзува и со последната византиска династија на Палеолозите. Елена Драгаш имала шест синови од кои Јован VIII и Константин XI се и двајцата последни византиски цареви. Константин XI Палеолог (1449-1453) според својот дедо по мајчина страна се нарекувал и Драгаш.[543]

И покрај големите Османлиски освојувања на Балканот во последната четвртина на XIV век, државата на Драгашите се до битката кај Ровин 1395 [544] година функционирала самостојно и независно. Под какви и под кои услови Константин Драгаш, како и редица други обласни господари, а порано и неговиот брат, стапувале во вазални односи со султанот не е јасно. Во секој случај вазалниот однос не претставувал пречка за, како што кажавме, независното или барем во голема мерка независното функционирање на една од најмоќните држави во последната четвртина на XIV век на Балканот, државата на Драгашите.

---

[542] Х. Матанов, *Възникване и облик на Кюстендилски санджак през XV-XVI век*, София 2000.
[543] P. Schreiner, "Hochzeit und Krönung Kaiser Manuels II, im Jahre 1392", *BZ 60/ 1967*, 70-85; G. Soulis, *The Serbs*…, 102-103; И. Ђурић, *Сумрак*..., 60-62.
[544] К. Аџиевски, *Пелагонија*…, 280, f.n.219 во која е изложена и аналитички коментирана најважната литература.

Во литературата е речиси општо место дека по Османлиските освојувања на Серез во 1383 година повеќето христијански владетели станале вазали на султанот. Драгашите не претставувале исклучок во дадените политички околности. Еден многу важен податок од 1393/94 година недвосмислено сведочи дека Константин Драгаш бил вазал на султанот. На состанокот помеѓу султанот Бајазит и неговите христијански вазали, покрај византискиот цар Мануил II Палеолог, учествувале и Стефан Лазаревиќ, Константин Драгаш и др. Токму на овој состанок бил догооворен и бракот помеѓу Мануел II Палеолог и ќерката на Константин Драгаш.[545] Исто така познато е и дека Константин Драгаш учествувал на страната на Османлиите во битката кај Ровин каде и го загубил животот. Освен констатацијата дека Константин Драгаш бил вазал на султанот, и дека дури после неговата смрт султанот Бајазит ги запоседнал неговите земји, не сме во можност да кажеме ништо поконкретно и подетално за Константин Драгаш како османлиски вазал.

Загинувањето на Константин Драгаш и на кралот Марко кај Ровин претставувало и почеток на Османлиското покорување на нивните територии, коишто Османлиите ги завземале без поголем отпор. Константин Драгаш бил еден од малкумината христијански невизантиски владетели чијашто смрт, по налог на царската двојка, била одбележена со специјална служба во византискиот манастир Петра.[546]

## 5.3.Социјално-економските прилики во Струмичката област (манастирски и други имоти)

Историјата на Струмичкиот регион не само што изобилува со бројни политички настани, кои за последица имаат и често менување на политичката власт, во неа среќаваме и редица примери кои ги илустрираат и феудалните односи карактеристични за доцно византискиот период.

Фрагментираната природа на изворите не дозволува да се скицира некоја поцелосна слика на руралното општество во овој период. Сепак

545 Г. Острогорски, *Историја*..., 509; J. Barker, *Manuel II*…, 114-117; И. Ђурић, *Сумрак*..., 44, 84, f.n.71.
546 Г. Острогорски, “Господин Константин..., 277; J. Barker, *Manuel II*…, 128.

можат да се изведат неколку општи црти карактеристични за различните простори од поранешното византиско царство.

Може да се каже дека доминантна црта на ова рурално општество бил големиот феудален имот, поседуван и управуван од страна на привилегираниот слој што го сочинувале членовите на црковното и на световното благородништво, всушност луѓето кои го контролирале политичкиот живот во нео-византиските држави.[547] Институцијата пронија чијашто широка употреба се поврзува со времето на Комнените, иако со видоизменет карактер продолжила да се практикува и во следните векови. Дистрибуцијата на пронијата била една од главните специфики на политичкиот и воениот систем во XIII век. Некои од овие подарувања биле во поголем обем, некои во помал, но општиот ефект од сето ова било зголемување на моќта и влијанието на аристократијата врз аграрната популација. Сопствениците на пронијата уживале важни фискални и правни овластувања vs. населението коешто одело заедно со доделеното парче земја.[548]

Слично како и во малоазиските делови на Царството, големите имоти - апанажите, независно дали биле добиени по пат на царски дарувања или на други начини, доминирале и во европските делови. Во Тесалија доминирала фамилијата Малиасени, во Македонија и Тракија големи имоти поседувале моќните византиски фамилии Ангели, Кантакузени, Цамблаки, Синадини и др. чии претставници како што знаеме доминирале во политичкиот живот на овие простори.[549] Антиаристократската политика на Теодор Ласкарис претставувала само кратка епизода бидејќи стапнувањето на сцената на Михаил Палеолог значело нов триумф на високите социјални слоеви. Новиот цар зависен од поддршката на крупното благородништво великодушно ги наградувал аристократијата и војската со земји и со привилегии. Во времето на

---

[547] A. E. Laiou, "The Agrarian Economy, Thirtheenth-Fiftheenth Century": *EHB*..., 311-375.
[548] Г. Острогорски, *Пронија*..., 36-60.
[549] P. Charanis, "On the Social Structure and Economic Organization of the Byzantine Empire in the Thirteenth Century and Later",: *Social, Economic and Political Life in the Byzantine Empire*, VR London 1973, IV, 101-105; G. Ostrogorsky, "Obserevations on the Arictocracy in Byzantium", *DOP 25/1971*, 3-32; Љ. Максимовић, "Генеза и карактер апанажа...,123-130; Б. Ферјанчић, *Тесалија*..., 75-94; 164-189; A. E. Laiou, "Use and Circulation of Coins in the Despotat of Epirus", *DOP 55/2002*, 207-215; G. C. Maniatis, "The Domain of Private Guilds in the Byzantine Economy, Tenth to Fiftheenth Century", *DOP 55/2002*, 357-369.

Палеолозите пронијарите се здобиле и со правото на наследување на земјата и овој феномен станал многу чест, особено во XIV век.[550]

Многу важна карактеристика во структурата на социјално–економските односи на земјите кои биле во границите на Византија, Србија и Бугарија е и процесот на реструктурирање на владеењето со економските ресурси. Освен световната аристократија, во времето на Палеолозите и на српските цареви, профитирале и крупните манастири кои, не само што успеале да ги сочуваат своите поседи туку и да ги зголемат, најмногу, по пат на донации добивани од страна на царевите и на световните благородници. На пример, само Михаил Палолог во периодот помеѓу 1259 година и 1262 издал околу 8 различни повелби во полза на манастирите. Со овие повелби тој не само што им ги потврдил старите имоти и привилегии туку им подарил и нови. Особено Светогорските манастири како што биле Великата Лавра, Хиландар, Ксеропотам, Зограф и Ивирон се здобиле со нови земјишни имоти и различни видови на имунитет.[551] Не помалку илустративен пример претставува и актот на цар Душан со кој тој им ги потврдил правата и привилегиите на Светогорските манастири[552], додека од редица други повелби издадени од канцеларијата на Душан знаеме и за новите привилегии во имоти и имунитет кои ги стекнале светогорците во негово време.[553]

Изворниот материјал кој директно или индиректно се однесува на приликите во источна и јужна Македонија ја изразува и социјалната диференцијација на населението типична за руралното општество во доцниот феудализам. Од една страна тоа е феудалната аристократија наспроти различните категории на зависно селско население. Во редот на феудалната аристократија се вбројувале крупните и ситните световни феудалци, кои извршувале и важни воени и граѓански служби и од чии редови се регутирале и пронијарите. Не помалку важен елемент на овој

---

[550] P. Charanis, "On the Social Structure…, 105; G. Ostrogorsky, "ObSerezvations on the Arictocracy…, 12-13.
[551] P. Charanis, "The Monastic Properties and the State in the Byzantine Empire",: *Social, Economic and Political Life* …, I, 98-101; E. Papagianni, "Legal Institutions and Practice in Matters of Ecclesiastical Property",: *EHB*…, 1059-1069.
[552] А. Соловјев - В. Мошин, *Грчке повеље*..., V, 29-35.
[553] Д. Кораћ, "Света Гора..., 58-93. Авторот ги анализирал повелбите за секој светогорски манастир поодело.

социјален сталеж претставувале митрополитите и епископите и секако редицата богати манастири кои управувале со големи имоти и уживале разни социјални и правни привилегии. Што се однесува до зависното население и покрај изобилството на термини за означување на категориите на селско население, во XIII и XIV век, селската популација најчесто се јавува под еден општ поим, парик и парици.[554]

Во овој дел од нашето истражување, онолку колку што ни дозволува изворниот материјал ќе се обидеме да проговориме за социјално-економските прилики во Струмичкиот регион. Сочуваните современи извори, коишто фрлаат светлина за овој проблем, доаѓаат од архивите на манастирите и во повеќето случаи се однесуваат на манастирските имоти. Оваа околност секако ќе влијае и врз целокупната слика и до одредена мерка може да ја наруши перспективата од која вообичаено се проследуваат овој вид на проблеми, бидејќи изворите дозволуваат подобра и попрегледна глетка на ситуацијата со манастирските отколку со световните имоти. Од тие причини акцентот најмногу ќе го поставиме врз прегледот и анализата на имотите што ги поседувале богатите светогорски манастири во Струмичката област. Освен ова нашето внимание ќе го насочиме и на деталите во изворите во кои се споменуваат и неколкумина световни феудалци од повисок и понизок ранг.

### *Имоти на манастирот Ивирон*

Светогорскиот манастир Ивирон уште од XI век располагал со многу и различни имоти во Македонија: во источните и во западните делови на Халкидик, во Пангајската гора и по долината на Стримон. Тој е меѓу првите Светогорски манастири кои се здобиле со имоти и во Струмичкиот регион.

Во текот на XIII век манастирот св. Богородица Милостива со се неговите поседи станале метох на Ивирон. Скромната изворна граѓа не

[554] Д. Ангелов, *Аграрните отношения в Северна и Средна Македония през XIV век*, София 1958, 15-17; А. П. Каждан, *Аграрные отношения в Византии XIII-XIV вв.*, Москва 1952, 54-72; A. E. Laiou, *Peasant Society*…,142-182.

дозволува да се утврди кога точно Ивиронците ги стекнале правата врз овој манастир. Единствен документ преку кој индиректно - приближно може да се посочи периодот е документот на никејскиот патријарх Мануил (1244-1255),, од 1250 година сочуван во богатата архива на Ивирон.[555] Патријархот заедно со синодот требало да донесат одлука во врска спорот помеѓу манастирот Ивирон, на состанокот претставуван од страна на игуменот Никола, и Струмичката диацеза, претставувана од епископот Михаил, по однос на правата врз манастирот св. Богородица Милостива. Според одлуката на синодот објавена во наведениот документ, на светото братство на Ивирон му се подарило правото на сопственост врз манастирот Богородица Милостива (σωματικὴν δεσποτείαν) и над се што му припаѓало на овој манастир.[556]

По деталните проучувања што ги направил П. Миљковиќ-Пепек во врска со ова прашање, тој е на мнение дека манастирот св. Богородица Милостива со се неговите поседи станал метох на Ивирон во времето на бугарскиот цар Иван Асен II, односно помеѓу 1230 и 1259 година.[557] Приредувачите на збирката на манастирски документи од Д'мбартон Оукс, сметаат дека манастирот св. Богородица Милостива секако ја изгубил независноста пред 1250 година, меѓутоа не инсистираат на точната временска рамка.[558] Во секој случај нема да погрешиме ако кажеме дека тоа се случило во првата половина на XIII век.

Првиот документ во втората половина на XIII век во кој се потврдуваат сите имоти на Ивирон и меѓу кои само општо се споменува метохот Богородица Милостива со правата, е познатата повелба на Михаил VIII Палеолог.[559] Поради тешката состојба во која западнал Ивирон, со оваа повелба манастирот бил ослободен од сите даноци без да се наведе листата на отстапените давачки и даноци. Во повелбата на прво

---

[555] *Actes d'Iviron III*..., [57] 83-86. Документот во целост е преведен на македонски и објавен во монографијата за Велјуса. Cf. П. Миљковиќ-Пепек, *Велјуса*..., 291-293.
[556] *Actes d'Iviron III* ..., [57] 86; П. Миљковиќ-Пепек, *Велјуса*..., 292.
[557] П. Миљковиќ-Пепек, *Велјуса*..., 65.
[558] *Byzantine Monastic Foundation Documents*..., 61.
[559] *Actes d'Iviron III*..., [58] 87-92, 91; В. Мошин, "Грчката архива..., 102-103.

место од сите наведени имоти на Ивирон е наведен големиот метох Радоливо.[560]

Следниот документ во кој се споменуваат добрата на Ивирон во Струмичко е повелбата на Андроник II Палеолог од 1283 година, која за прв пат се објавува во целост токму во оваа серија акти на Ивирон. За разлика од повелбата на Михаил VIII во оваа повелба се споменати два имота на Ивирон кои ги нема во повелбата на неговиот татко. Меѓутоа тоа не значи дека тие биле нови придобивки за манастирот, туку, по се изгледа, се работи за два постари имота на Ивирон, кои најверојатно биле заборавени во претходната повелба, и токму од оваа причина се споменуваат во повелбата на Андроник II. Станува збор за метохот Мостеница и за еден метох-евктирион[561] посветен на Светите Бесребреници, исто така, во Струмичко. Метохот Мостеница е споменат и во практикот на Цангицаки[562] од 1156 година, и тоа ни дава за право да тврдиме дека неговото наведување во оваа повелба всушност претставува еден вид корекција на повелбата на Михаил VIII. Метохот на Светите Бесребреници е споменат во еден практик за Светите Бесребреници, наведен во Инвентарот[563] на манастирот св. Богородица Милостива.

Особено интересен е следниот по хронолошки ред документ од архивата на Ивирон. Во прашање е еден купопродажен акт од 1286 година кој досега, воопшто не бил цитиран во трудовите за Струмичко.

Овој документ содржи три купопродажни договори во кои неколкумина селани од Струмичко му продале различни имоти на *севастот* Теодор Тетрагонит. 1. во првиот некој Драги и неговата фамилија на севастот Теодор му продале еден овоштарник, една воденица и едно поле во близината на реката Струмица за 14 перпери; 2. во вториот некој Теодор со се неговата фамилија му продале 6 стрема[564] земја, блиску

[560] Заради многуте и различни податоци во врска со Радоливо познати и од подоцнежните документи на Ивирон, овој метох бил и најчесто анализиран во науката. Меѓу најзначајните ги издвојуваме проучувањата на Г. Острогорски. Cf. Г. Острогорски, "Радоливо, село светогорског манастира Ивирона": *Византија и Словени*..., 197-215.
[561] Тоа е место за молитва, веројатно мала капела или црквичка, А. Соловјев - В. Мошин, *Грчке повеље*..., 440.
[562] *Actes d'Iviron III*..., [56], 78.
[563] Основната редакција на Инвентарот веројатно била направена во втората половина на XII век, поточно околу 1164 година. Повеќе за овој проблем подолу во текстот.
[564] Στρέμμα – мерка за површина на земја која не може точно да се утврди.

до полето на Теодор и една градина од 1 и пол стрем под емборионот[565] на Струмица, за 2 перпера и 5 дукати; 3. севастот Теодор купил од некој Јован и неговиот вујко Продела едно поле во размер од 3 стрема во близина на неговото поле за еден перпер и еден дукат. Исто така и некој свештеник Јован му продал на Теодор една градина од емборионот на Струмица.[566]

На сите три документи пред останатите сведоци е потпишан големиот иконом и тавуларij на Тивериополис, Јован (μεγάλος οἰκονόμος καὶ ταβουλλαρίος Τιβεριουπόλεως...Ιωάννος). По него следат потписите на сакеларијот Константин и протопсалтот[567] Хрисоверг. Податоците од овие три документа се многу драгоцени бидејќи фрлаат дополнителна светлина не само на имотно-правните односи во Струмица туку и на некои од административните функции во втората половина на XIII век во Струмица. Несомнено станува збор за титули и функции од византиската световна и духовна номенклатура. Пред да проговориме за благородникот Тетрагонит да кажеме неколку збора за значењето на поимите иконом, тавуларij и сакеларij.

Големиот иконом во црковната номенклатура е лице кое се наоѓало на прво место веднаш после епископот. Сакеларij е исто така висока црковна титула за свештено лице кое ги надзирало приходите и издатоците на манастирите во епископијата.[568] Очигледно е дека Јован бил голем иконом на Струмичкиот (Водочкиот епископ) задолжен за црковниот имот и за финансиските книги. Но, уште повпечатливо е што тој се јавува и во функција на нотар-тавуларij во еден чисто граѓански купопродажен договор. Овој ситен податок всушност одлично го илустрира влијанието и доминацијата на црквата во општеството во соодветниот период. Во последните векови од историјата на Византија, црковниот нотаријат имал надмоќ над световниот, и нотарската служба во рамки на црквата е добро позната токму во провинциите. Звањето тавуларij спаѓало во групата на т.н заеднички служби, и него го добивале епархиски достоинственици кои, покрај основната, почесна или вистинска

[565] Нешто како трговско предградие.
[566] *Actes d'Iviron III*..., [64] 120-122.
[567] Протопсалтот е главниот солист во црковниот хор, и како ранг е карактеристичен за парохиските и провинцијалните цркви. Повеќе во: *ODB*..., 1903-1904.
[568] *ODB*..., 1517; 1828-1829.

служба, имале и ваков вид на задолженија – на црковни нотари, многу често и во случаи кога ниту една од страните немала никаква врска со црквата.[569]

Интересен е и податокот дека Јован не е титулиран како номик туку како тавуларij. Терминот номик во семантичка смисла е синоним на тавуларij. Сепак постои една квалитативна разлика. Различните извори од XIII и XIV век, за оваа проблематика, сведочат дека терминот тавуларij бил карактеристичен за световни и црковни нотари во големите градови и седиштата на митрополиите, додека со терминот номик се означувале припадници на црковниот клир од понизок ранг во помалите места и во епископиите. Интересно е што во Струмица, која иако била во ранг на епископска катедра, се среќаваат тавуларии за разлика, на пример, од епископиите на Хиерисос и Кесарoпол, сместени во релативна близина на Струмица, кои знаат само за номици.[570]

Фамилијата Тетрагонити освен во овој, се споменува и во неколку други документи поврзани со Струмичката област. Така во последните два пасоса од Инвентарот на манастирот Богородица Милостива, се споменува и некој практор по име Георгиј Тетрагонит.[571] Според мислењето на В. Лорен, на кое се повикува и го прифаќа и П. М.-Пепек, првобитната редакција на Инвентарот била сочинета околу 1164 година. Постојат индиции дека неколку интерполации во текстот биле направени веројатно во XIV/XV век.[572] Иако е, речиси, невозможно со сигурност да се определи времето кога живеел Струмичкиот практор Георгиј Тетрагонит, доколку го прифатиме мислењето на Лорен и Пепек за првата редакција на Инвентарот, излегува дека тој можеби бил дел од византискиот управен апарат во Струмичко, во времето помеѓу 1080 односно од основањето на Богородица Милостива до 1164 година.

[569] Ђ. Бубало, *Српски номици...*, 64-67, f.n. 79 во која е наведена обемна литературе и извори во врска со византискиот нотаријат.

[570] Ibidem..., 50-51. Во f.n. 5, авторот иако навел богата литература и неколку извори за епископии и митрополии во близина на Струмичко, воопшто не го споменал купопродажниот акт од 1286 за струмичко.

[571] П. М. Пепек, *Велјуса*..., 289.

[572] V. Laurent, "Recherches sur l'histoire et le cartulaire de Notre-Dame de Pitié à Strumitza, *EO XXXIII/1934*, 14-23; П. М. Пепек, *Велјуса*..., 55-63. За разлика од овие истражувачи, Л. Пети, сметал дека инвентарот бил сочинет во 1449 односно во првата половина на XV век. Cf. L. Petit, *Le monastére de Notre-Dame*..., 14-24.

Следното споменување на член од фамилијата Тетрагонит е во наведениот купопродажен договор. Како што видовме Теодор Тетрагонит е титулиран како севаст. Византиската титула севаст имала повеќе значења и поради нејзината амбивалентност таа во суштина не е до крај дефинирана.[573] Во секој случај станува збор за титула од понизок ранг која поради нејзината популарност била лесно доделувана во доцната епоха. Според Љ. Максимовиќ, достоинството што го носела оваа титула претставувало и заеднички именител за голем број византиски даночни контролори.[574] Оттука, можеме да кажеме дека севастот Теодор Тетрагонит или ја уживал титулата севаст без да има определни функции во администрацијата или пак што е поверојатно бил релативно висок даночен службеник во византиската провинциска администрација. Тој поседувал имоти и очигледно бил доволно моќен да ги проширува своите имоти купувајќи добра од селаните во неговото соседство. Податокот дека неколку фамилии му продале различни, во вредност, имоти на Тетрагонит, индиректно ја покажува и тешката економска положба во која се наоѓале селаните во Струмичкиот регион.

Првите години од владеењето на Андроник II се и време на големи финансиски тешкотии во кои западнала државата. За да ги зголеми државните приходи Андроник прибегнал кон даночни мерки. Успешноста на зголемувањето на државните приходи била оставрена на сметка на се поголемото осиромашување на населението. Не само што се зголемиле давачките во натура, биле воведени и нови даноци. Покрај овие мерки, Андроник II ги ограничил и имунитените права на големите имоти. Определени видови на даноци, во прв ред земјарината биле исклучувани од имунитетот и збирани од поседите на привилегираните лица.[575]

---

[573] Според Е. Арвелер, во XIII и XIV век, севастите биле командири на етнички структурирани единици, H. Ahrweiler, "Le sébaste, chef de groupes ethniques",: *Polychronion – Festschrift F. Dölger zum 75. Geburtstag*, Heidelberg 1966, 34-38. За значењето на оваа титула во средновековна Бугарија, повеќе кај: П. Петров, "О титулях "севаст" и "протосеваст" в средновековом болгарском государстве", *ВВ 16/1959*, 52-59. За значењето на титулата во средновековна Србија, повеќе во: Љ. Максимовић, "Севасти у средњовековној Србији", *ЗРВИ 32/1993*, 137-147.

[574] Љ. Максимовић,op. cit. 143.

[575] Г. Острогорски, *Историја*..., 452.

Членови на угледната Струмичка фамилија Тетрагонити фигурираат и во неколку подоцнежни акти.[576] Веројатно некој од поблиското семејство на Теодор Тетрагонит се споменува и во повелбата на Михаил IX Палеолог од 1310 година.[577] Во почетокот на оваа повелба, Михаил IX се повикува на повелбите за Ивирон на неговиот татко Андроник II и неговиот дедо Михаил VIII. Тој му ги потврдил претходно доделените имоти и права на Ивирон. Во Струмичко, покрај веќе познатите полиња во селото Мостеница и метохот на Светите Бесребреници, како имоти на Ивирон за прв пат се споменуваат и две нови добра, метоси-евктириони. Едниот бил посветен на Светите Апостоли близу до Струмица, со се неговите лозја и полиња и подарен од некој стратиот по име Кнезопулос и другиот наречен Светаја Светих подарок на Ивирон од некој *Тетрагонит*. И Кнезопулос и Тетрагонит биле и основачи на овие евктириони. Се поставува прашањето доколку ова се постари имоти зошто во ниту една од претходните повелби или други документи воопшто не се споменати. Од друга страна, бидејќи повелбата само ги потврдува претходните права и имоти на Ивирон, не е исклучено подарокот на Тетрагонит - метохот Светаја Светих да бил изграден од некој предок на севастот Теодор Тетрагонит. Приредувачите на актите на Ивирон се на мнение дека споменатиот Тетрагонит му бил родител на севастот Теодор.[578] Стратиотот Кнезопулос е комплетно непозната личност. Единствено што можеме да кажеме дека стратитотите во подоцнежниот период не се исто што и стратиотите во X и XI век. Во XIII и особено во XIV век, тие, најчесто, биле ситни земјопоседници, на степен незначително повисок од обичните селани.[579]

---

[576] Во повелбата на Михаил IX од 1310 година, во еден нецелосен практик за струмичко од 1320 година, *Actes d'Iviron III...*, Земјата на Тетрагонит/Тетрагонитите се споменува и во една повелба на царот Душан за подароците на Хрељо на Хиландар од 1343 која за основа имала една постара повелба на Милутин од 1293-1302 година. Cf. С. Новаковић, *Законски споменици...*, 402-404; Л. Славева - В. Мошин, *Српски грамоти од Душаново време*, Прилеп 1988, 134-137, 136; С. Ћирковић, "Хрељин поклон..., 104-106.

[577] *Actes d'Iviron III...*, 180-186.

[578] Ibidem..., 183. П. М.-Пепек оди уште подолу во времето сметајќи дека овој евктирион или како што вели тој црквичка бил донација на Ивирон од практорот Георгиј Тетрагонит. Cf. П. Миљковиќ – Пепек, *Велјуса...*, 61. Се чини дека оваа хипотеза е малку неоснована.

[579] А. Соловјев - В. Мошин, *Грчке повеље...*, 494; *ODB...*, 1965-1966.

Тетрагонит како основач на евктирионот Светаја Светих е регистриран и во еден нецелосен практик од 1320 година во кој е направен опис и попис на париците и добрата на Ивирон од околината на Струмица.[580] Во овој исклучително важен катастарски регистар, имотите на Ивиронските метоси во Струмичко изнесувале вкупно околу 3876 модии, при што Ивирон ги имал правата врз 73 струмички семејства, од кои 69 биле парици, а четири семејства на слободни селани. Во истиот временски период на имотите на Ивирон низ цела Македонија имало околу 550 парички семејства. За споредба, домените на Великата Лавра, само во Солунската тема, во периодот (1321-1324), броеле 880 семејства на парици, меѓутоа париците на манстирот Есфигмен биле пет пати помалубројни од оние на Ивирон. [581]

Во практикот се попишани и имоти коишто ги нема во ниту еден претходен документ. На пример, еден метох на југ од метохот Мостеница кој се протегал се до Пабница (можеби денешното село Папавница), потоа метосите на *Свешише Теодори и на Св. Илија* во близина на селото Палеокастро[582], многу стар имот на св. Богородица Милостива. Посматрано во целина, во регионот на Струмица, Ивирон поседувал полиња, лозја, овоштарници, пасишта, градини, 3 евктириони и четири воденици.

Според практикот фискалната рента на Ивирон од Струмичките домени (Палеокастро, Св. Бесребреници, Водоча, Св. Апостоли и Св. Светих) изнесувала вкупно 254 перпери.[583] Покрај основниот вкупен данок οἰκούμενον или на места τέλος како дополнителен данок за регистрираните парици биле и т.н. мелисоеномион (μελισσοεννόμιον и χοιροδεκατεία), т.е. данокот за пчелите и за свињите, во вредност од 10 перпери.[584] Според правилата, Ивирон го примал основниот данок во две годишни уплати.

[580] *Actes d'Iviron III*..., [77] 243-251.
[581] *Actes d'Iviron III*..., 25.
[582] Cf. *Actes d'Iviron III*..., [56], 76-81; П. Миљковиќ – Пепек, *Велјуса*..., 6-24.
[583] *Actes d'Iviron III*..., 28. Овде е даден табеларен приказ на фискалната рената на Ивирон од домените во Македонија.
[584] Повеќе за основниот и за дополнителните даноци во: Г. Острогорски, *О визаншиском феудализму*..., 105-118. Данокот на пчелите и данокот на свињите по правило во практиците се наведуваат заедно.

Освен овие даноци, Ивирон прибирал и 1/5 во натура од виното кое го произведувале париците, т.н. данок на вино или οἰνομέτριον.[585]

Инаку фискалната рента на Ивирон околу 1320 година за имотите во Македонија изнесувала вкупно 1250 номизми. Струмичките домени учествувале речиси со 1/5 во вкупните приходи на Ивирон. Истовремено, рентата на Есфигмен узнесувала 500 номизми додека рентата на Великата Лавра 4000 номизми. Поради недостаток од извори не сме во можност прецизно да ја проследиме и констатираме состојбата со имотите и рентата на Ивирон низ времето во струмичкиот регион. Меѓутоа, без да воопштуваме, ќе напоменеме дека ако во XII век Ивирон во Македонија и Тесалија имал имоти во површина од вкупно 91107 модии, во првата половина на XIV век имал имоти во површина од 76 854 модии.[586] Забележуваме намалување на добрата на Ивирон во целина.

Во практикот се именувани и одделно попишани сите семејства на ивиронските метоси во Струмичко. Во оваа смисла тој е драгоцен документ кој сведочи и за силното словенско присуство во Струмичкиот регион во доцната епоха. Иако извлекувањето на цврсти заклучоци за етничката компонента само врз основа на имињата во определен регион или територија може да биде несигурно и опасно, сепак не треба да се занемаруваат изворните податоци. На пример и некои понови лингвистички и историско-антрополошки истражувања за поширокиот регион на Стримон укажуваат дека во етничкото шаренило на областа, имало цели села со чисто словенски или делумно словенски карактер и тоа во след од неколку генерации. Исто така, во Македонија, во првата половина на XIV век, имало и миграции на селското население кое буквално се селело во сите правци. Од Халкидик во Стримонската област и обратно, од рамнинските предели и приморските места во планинските, и од планините во низините.[587]

---

[585] Овој данок се појавува во подоцнежните поволеби и е карактеристичен за XIV век. Повеќе во: А. Соловјев – В. Мошин, *Грчке повеље*..., 472-473; А. П. Каждан, *Аграрные отношения*..., 119-120.

[586] *Actes d'Iviron III*..., 14, каде е наведен табеларен приказ за сите имоти на Ивирон.

[587] A. E. Laiou, *Peasant Society*..., 132-134; З. Ђоковић, "Становништво источне Македоније у првој половини XIV века", *ЗРВИ 40/2003*, 130, 152-156.

Словенскиот карактер на руралната популација бил релативно слаб во Солунската тема, посилен во Стримонската област и особено силен во Струмица и Струмичко. Хеленизацијата со различен ритам се случувала во одделни подрачја и по правило во етнички мешаните средини, на пр. по долното течение на Стримон и во западен Халкидик, во кои билингвизмот и коегзистенцијата биле главните фактори кои придонеле со текот на времето да надвладее грчкиот етнички елемент.[588]

Со нецелосниот практик за Струмичко несомнено се потврдуваат констатациите за словенскиот карактер на регионите по горното течение на Стримон – во внатрешноста на источна Македонија. Податоците од нашиот практик зборуваат дека 90 % од 73-те попишани семејства имале словенски имиња. Ќе наведеме неколку од типичните народни словенски имиња коишто и најчесто се споменуваат во практикот: Драгослав, Добре, Добрила, Добрица, Стана, Драган, Мира, Богдан, Стасимир, Смеахула, Воислав, Драгица и др.[589]

Следните податоци кои се однесуваат на имотите на Ивирон во Струмичко се содржани во двете повелби на царот Стефан Душан издадени 1346 година.[590] Политиката што ја спроведувал Душан во однос на Светогорските манастири најдобро е илустрирана во т.н општа повелба, издадена кон крајот на 1345 година, со која тој на Светогорските манастири им подарил автономија и им дозволил да управуваат според своите закони и обичаи.[591]

Манастирот Ивирон, првата повелба од Стефан Душан ја добил во јануари 1346 година. Таа е и првиот познат документ во кој Душан се потпишал како *василевс* на Србија и Романија.[592] На молба на монасите, Душан им го подарил данокот во висина од 400 перпери годишно, кој Ивирон и го плаќал на царската благајна, а потоа и на стратиотите, за

---

[588] A. E. Laiou, *Peasant Society...*, 133-134; З. Ђоковић, "Становништво источне Македоније..., 179-180; V. Kravari, "L'Hellénisation des Slaves de Macédoine Orientale, au témoignage des anthroponymes", ΕΥΨΥΧΙΑ *Mélanges offerts à Hélène Ahrweiler, II/1998*, Série Byzantina Sorbonensia – 16, 387-397.

[589] *Actes d'Iviron III...*, [77], 244, 246-247, 250. Општ табеларен приказ изразен во проценти за етничката структура во струмичко според наведениов практик во: З. Ђоковић, "Становништво источне Македоније..., 214.

[590] Г. Острогорски, "Две белешке о Душановим хрисовуљама светогорском манастиру Ивирону", : *Византија и Словени...*, 216-227.

[591] А. Соловјев – В. Мошин, *Грчке повеље...*, V, 29-35; Д. Кораћ, "Света Гора..., 45-58.

[592] А. Соловјев – В. Мошин, *Грчке повеље...*, VI, 37-41; Д. Кораћ, "Света Гора..., 58.

својот имот во Радоливо. Тој, исто така потврдил дека сите манастирски имоти и понатаму ќе останат ослободени од сите даноци и тоа врз основ на повелбите што ги поседувал манастирот. На чиновниците им забранил да бараат какви било даноци од тие имоти и на манастирот му дозволил на своите имоти да ги врати назад избеганите парици и населеници, а при тоа од нив непречено да собира одредени даноци и работи.[593] Покрај Радоливо[594] кое всушност е во центарот на повелбата, во истата се наведени уште само неколку манастирски метоси, меѓу кои: "кај Струмица манастирот на пресвета Богородица Милостива со неговите метоси...".[595]

Доколку оваа повелба се спореди со повелбите на Андроник II од 1283 и на Михаил IX од 1310 година, се забележува голема промена како во редоследот така и во бројот на ивиронските имоти. Имено некои од претходните имоти не се веќе регистрирани, на пр. сите имоти на Богородица Милостива, наведени во претходните повелби овде веќе ги нема, а наместо нив запишани се други нови имоти како Коцаково, Гризово, воденицата во Зихна и др.

Само неколку месеци подоцна – во април истата година, Душан на Ивирон му издал нова повелба.[596] Ивиронските монаси побарале од царот со своја повелба да им ги потврди сите имоти и метоси кои ги поседувале врз основа на старите повелби и простагми, катастарски и други документи. Душан на Ивиронците им го потврдил даночниот имунитет, им дозволил да непречено да ги подобруваат своите имоти, слободно да ги задржат доселниците кои не биле запишани во списоците на туѓите имоти и им забранил на сите чиновници, вклучувајќи ги и катастарските да влегуваат на манастирските имоти.

За разлика од првата Душанова повелба сега листата на имоти е многу подолга бидејќи покрај Радоливо, детално се наброени имотите во Серез, Зихна, Каламарија, Ермилија, Солун, Мелник и Струмица. Во спискокот, по имотите на Серез, а пред имотите во Мостеница, повторно е регистриран манастирот Богородица Милостива како сопственост на

[593] А. Соловјев – В. Мошин, *Грчке повеље*..., VI, 37. Острогорски дополнил и исправил некои делови во преводот на повелбата направени од Соловејв-Мошин, cf. Г. Осторогорски, "Две белешке...218-219.
[594] Г. Острогорски, "Радоливо..., 197-215.
[595] А. Соловјев – В. Мошин, *Грчке повеље*..., VI, 40-41.
[596] А. Соловјев – В. Мошин, *Грчке повеље*...,VII, 43-51.

Ивиронците. Комплексот на Богородица Милостива во повелбата е многу поголем, така што во негови рамки влегуваат уште четири метоси и некои други имоти: "Кај Струмица манастир на пресветата Бодородица Милостива со метосите што ги има наречени според имињата на светите славни и сефални апостоли, на препобедната маченица Кале, на светите славни чудотворци врачеви-бесребреници и на светите славни чудотворци Теодори со сите поседи и имоти кај Мостеница и со планината која се вика 'Свети Теодори' и со доселениците на овој манастир и нему подложните метоси.."[597]

Во оваа повелба всушност се јавуваат имоти на Богородица Милостива кои веќе ги сретнавме во поранешните документи, како на пример во повелбата на Андроник II и во Струмичкиот практик од 1320 година. Приметуваме дека во втората Душанова повелба за прв пат се јавува метохот на добропобедната маченица Кале, но никаде го нема метохот-евктирионот Светаја Светих, и некои други метоси споменати во претходните документи. Освен оваа приметна разлика од она што може да се види од повелбата излегува дека имотите на Ивирон во Струмичко, во време од седум децении, всушност, не претпреле поголеми промени и иако не можеме со сигурност да тврдиме, сепак во рамки на општите придобивки на Ивирон, можно е делумно зголемување и на Струмичките имоти на Ивирон.

Манастирот Богородица Милостива се споменува и во повелбите на византиските цареви, Јован VI Кантакузин од јули 1351 година и Јован V Палеолог од 1357 година.[598] Во овие две општи повелби списокот на имотите на Ивирон е речиси истоветен со втората Душанова повелба. Манастирот Богородица Милостива со се сите имоти што му припаѓале е наведен после метохот на Јован Теолог во Серез, а пред метохот на Георги Каламеј во Мелник. Во овие повелби, византиските цареви воопштено се повикуваат на содржините на поранешните повелби, наредби и останати документи кои ги поседувал манастирот Ивирон.

---

[597] А. Соловјев – В. Мошин, *Грчке йовеље*...,VII, 45-47; В. Мошин, "Грчката архива..., 105-106.
[598] *Actes d'Iviron IV*..., [91], 233-235; [94] 238-240.

Последниот познат документ во кој се споменува манастирот Богородица Милостива е во повелбата на Константин Драгаш и царицата Евдокија на манастирот Ивирон од јануари 1380 година.[599] Со оваа повелба Константин Драгаш и царицата мајка Евдокија на монасите на Ивирон им подариле две привилегии за луѓето на нивниот метох Богородица Милостива. Првата привилегија била ослободување од обврската на стражарење – бигла[600], со која во тоа време биле задолжени жителите во реонот на Струмица. Втората која сосема накратко е додадена кон првата била ослободување од жетвата на пченицата.[601] Првата привилегија според повелбата била барањето на монасите да се возобнови правото на ослободување од стражарење кое на луѓето на нивниот метох во Струмичко им било "загарантирано од древните грчки цареви".[602] Од кажаното произлегува дека во времето на Стефан Душан и подоцна, на луѓето во Струмичко им била наметната оваа обврска од која Драгаш ги ослободил. Зошто во инаков случај монасите би се повикале на Душановите повелби и на повелбите на Јован VI Кантакузин и Јован V Палеолог, доколку ја уживале оваа привилегија.

Како што истакнавме ова е последната позната повелба на манастирот Ивирон во која се споменуваат неговите имоти во Струмичко.

### *Имоти на манастирот Хиландар*

Изворните податоци зборуваат дека првите имоти во околината на Струмица, манастирот Хиландар ги добил од протосевастот Хрељо околу 1336 година. За донациите на Хрељо податоци се среќаваат во неколку

[599] М. Живојиновић, "Акт Константина Драгаша..., 288-289.
[600] Бигла- обврска за стражарење која како привилегија им била отстапувана на манастирите. Оваа имунитетска привилегија почесто се јавува во српските отколку во византиските документи. Cf. А. Соловјев – В. Мошин, *Грчке повеље*..., 412-413.
[601]Ова е една од бројните работни обврски од кои се ослободувале луѓето на манастирските метоси.
[602] М. Живојиновић, "Акт Константина Драгаша..., 288. Живојиновиќ смета дека станува збор за повелбите на Михаил VIII од 1259 и Михаил IX Палеолог од 1310 година во кои се наведени обврските и даноците од кои државата се одрекла во корист на Ивирон. Меѓу останатите е забележано и ослободување на луѓето на манастирските метоси од обврската на стражарење (βιγλιατικοῦ). Cf. *Actes d'Iviron III*..., [58], 91; [72] 185.

српски и во една византиска повелба.[603] Повелбите се анализирани и интерпретирани повеќе пати досега и од тие причини, без да ги повторуваме веќе еднаш кажаните работи, ќе ги изложиме и продискутираме резултатите за кои со поголема сигурност може да се каже дека се однесуваат на имотите на Хиландар во Струмичкиот регион.

Подарените добра се наоѓале во Струмичкото поле во непосредна близина на градот Струмица. Тоа биле селата Секирник, Кунарани со планината Огражден и територијата која се протегала до реката Василица на исток, селото Брезница на запад и Петровата река на север. Во рамки на донацијата на Хрељо се наоѓала и земјата што порано им припаѓала на византискиот феудалец Ласкар Котаниц и селиштето Штука на грчките пронијари Тутко Асан и Ласкар Сидерофаг кои очигледно избегале кога Душан завладеал со овие краеви.[604] Во повелбата на царот Душан од 1348 година со кои на Хиландар му се потврдуваат овие добра, истите се наведени како: село Кунарани, Секирник и Штука со се нивните права.[605] После 1348 година царот Душан го зголемил овој манастирски посед со приложување на територии во правец на север. На Хиландар пред 1364 година му припаднало и селото Брезница кое се наоѓало околу

---

[603] Станува збор за две повелби на Стефан Душан за манастирот Хиландар од триесеттите години на XIV век. Едната повелба се јавува во две верзии чиј оригинал бил сочинет во 1336 година и кој бил искористен во составувањето на двете подоцнежни верзии. Cf. B. Korablev, Actes de Chilandar II..., 458-461; Кај Новаковиќ повелбата е објавена во скратена верзија со дата од 1328 година, а нејзин издавач е Стефан Урош III Дечански, С. Новаковић, *Законски Споменици*..., 399-402; Л. Славева-В. Мошин, *Срйски ѓрамоти*..., 131-134; С. Ћирковић, "Хрељин поклон..., 107. Втората повелба е во изданија на: B. Korablev, Actes de Chilandar II..., 397-399; С. Новаковић, *Законски Споменици*..., 402-404; Л. Славева-В. Мошин, *Срйски ѓрамоти*..., 134-137; С. Ќирковиќ смета дека оваа повелба е подоцнежен фалсификат во кој се назираат неколку хронолошки слоеви, cf. С. Ћирковић, "Хрељин поклон..., 107, f.n. 2. Византиска повелба издадена најверојатно од страна на Андроник III Палеолог во која се наведува донацијата на Хрељо на Хиландар. Добрата на Хрељо од првата Душанова повелба речиси во целост коренспондираат со добрата нотирани во повелбава на Андроник III, L. Petit, Actes de Chilandar I..., 275-276, cf. С. Ћирковић, "Хрељин поклон..., 108-109.

[604] М. Живојиновиќ смета дека делот за земјата на грчките пронијари, наведена во првата Душанова повелба за донацијата на Хрељо, бил намерно испуштен во царската повелба на Андроник III бидејќи царот најверојатно не сакал да ја признае загубата на овие земји во корист на Србија, M. Živojinović, "Le conflit entre Chilandar et Saint-Pantéléèmôn...238-240, f.n. 8. Инаку земјата на грчките пронијари е спомената и во еден подоцнежен акт - во судското решение за Струмица, cf. А. Соловјев, *Одабрани споменици*..., 170.

[605] С. Новаковић, *Законски споменици*..., 422.

истоимената река која не е идентификувана, но најверојатно се вливала во реката Турија.[606]

За разлика од имотите на Ивирон за кои имаме подетални податоци, за Хиландарските имоти не располагаме со ниту еден конкретен податок во врска со обемот на земјиштето, за големината на рентата или пак за бројот париците на Хиландар во овие краеви. Сепак во Душановите повелби за Хиландар среќаваме и некои податоци во врска со категориите на зависно население во Струмичко и за некои имунитетни одредби на Хиландар врз имотите на овие луѓе.

Во една од Душановите повелби за подароците на Хрељо на Хиландар во Штип и Струмица, во делот што конкретно се однесува на Струмичките села се споменуваат селата Калуѓерица со сите права и меѓи и селото Кунарани со париците и стасовите.[607] Тука експлицитно се споменуваат париците-како категорија на зависно земјоделско население и терминот *сӣас* со кој се означувале куќа или неколку објекти со двор односно градина оградена со плот, потоа ораница, а понекогаш и лозје и овоштарник.[608] Во повелбата се вели дека овие и претходно наведените имоти во штипскиот крај се ослободуваат од “мали и големи работи”.[609] Ова е т.н генерално ослободување од работна рента е карактеристично за повеќе повелби, а во продолжение на повелбата се прецизира од кои задолженија било ослободено зависното население. Така во повелбата стои дека населението на овие имоти се ослободува од: 1. град[610] – задолжение за утврдување на градовите, правење на бедеми, градење тврдини и учество во чувањето на градот. Византискиот еквивалнет на ова

---

[606] M. Živojinović, op. cit. 242-244. М. Живојиновић, “Властелинство манастира Хиландара у средњем веку,”: *Манастир Хиландар*, Београд 1998, 78-79.
[607] B. Korablev, Actes de Chilandar II..., 398; С. Новаковић, *Законски Споменици...*, 404; Л. Славева-В. Мошин, *Срӣски ѓрамоӣи...*, 135; Детална анализа за феудалните односи и стопански прилики во Штипската област направил: Б. Петровски, “Категории зависно население и развој на стопанството во Штипската област во XIV век”, *Годишен Зборник на ФФ во Скоӣје, 56/2003*, 57-73.
[608] Повеќе за терминот стас во: A. E. Laiou, *Peasant Society* ..., 158-160.
[609] С. Новаковић, *Законски споменици...*, 403; Види ја и општата повелба за Хиландар: Chilandar II, 497; С. Новаковић, *Законски споменици...*, 423; Систематски преглед на бројните и разновидни работи и давачки со кои било оптеретено зависното населението во средновековна Србија дава И. Божић. Cf. И. Божић, *Доходак царски*, Београд 1956, 6-18.
[610] С. Новаковић, *Законски споменици* ..., 403, cf. А. Соловјев-В. Мошин, *Грчке ӣовеље...*, 452-453; *Сӣоменици* т. I..., 203.

задолжение е καστροκτισία познат уште од римско време. Инаку ова задолжение спаѓало меѓу најтешките државни намети. Манастирските имоти подоцна најчесто биле ослободувани од градозидание, а во Србија во XIV век ова задолжение било регулирано со Душановиот законик. 2. потоа од позоб[611] – данок во натура, обврска да се дава зоб и сено за коњите на феудалците и на војниците. Ова задолжение паѓало на терет на целото село, а не на поединци; 3. поклисар – задолжение да се придружува пратеништво и псар – давање на стан и храна на господарските одгледувачи на кучиња во време на лов.[612]

Селото Кунарани се споменува и во една простагма на царот Душан на Хиландар од 1360 година, наменета исклучиво за Кунарани, а издадена поради повредата на хиландарските права и меѓи во Кунарани, близу Секирник, од страна на локалната властела и влашките катуни.[613] Во повелбата се прецизирани меѓите и таа задача му била доверена на Бранило и на дванаесет стариници. Во завршниот дел од повелбата е додадена одлуката за плаќање на иномистро – (речиси иста давачка како тревнина)[614] според законот. Овој данок се плаќал за ползување на пасиштата. Гледаме дека со него биле задолжени сите оние кои ги ползувале црковните пасишта, а меѓу нив во повелбата се споменуваат и "влашките катуни." Овде треба да напоменеме дека поимот Влав, Власи, влашки катуни, многу често во изворите нема карактер на етничка одредница туку се однесува на занимањето на тие луѓе.[615] Поимот "влав" во поширокиот балкански контекст многу често се користел за означување на население кое се занимавало со сточарство. Инаку во некои случаи Власите биле одделни семејства во села со главно земјоделски

---

[611]С. Новаковић, *Законски споменици*..., 403; За содржината и големината на овој данок специјално зборува имунитетната формула на Душан во повелбата за Богородица Хтетовска (1337-1346), cf. С. Новаковић, *Законски споменици*...,660; *Споменици* т. I..., 223-224.

[612] С. Новаковић, *Законски споменици*..., 403; *Споменици* т. I..., 202.

[613] С. Новаковић, *Законски споменици*..., 436-437 (скратена верзија издадена како повелба на царот Стефан Урош); *Chillandar II*..., 525 (скратена верзија, издадена како повелба на царот Стефан Урош); cf. С. Ћирковић, "Хрељин поклон..., 116-117; Л. Славева- В. Мошин, *Српски грамоти*..., 142-144.

[614] С. Новаковић, *Законски споменици*..., 437. Cf. *Споменици* т. I...202-203.

[615]Д. Ангелов, *Аграраните одношения*..., 104; Х. Матанов, *Княжеството на Драгаши*..., 215-216.

карактер, а во други случаи живееле во катуни[616] – како што се споменати и во нашата повелба. Санкцијата на крајот од повелбата содржи материјална и физичка казна за прекршителите со конфискација на имотот и телесна казна, исто како за невера кон царот.[617]

За различните видови на даноци и задолженија во Струмичкиот крај особено впечатлива е Душановата повелба на Хиландар за прилогот на властелинот Рудл во Струмица од март 1345 година. На почетокот на повелбата се зборува за заземањето на Струмица и за тамошниот властелин Рудл. Со одлуката на Душан, властелинот Рудл бил подложен под манастирот Хиландар заедно со црквата што ја изградил во селото Боруево и останатите имоти што му ги подарил царот, како и со другите имоти во градот и во Банско и селиштето Робово. Овие имоти му биле дадени на доживотно користење на Рудл, а по неговата смрт тие требало да му припаднат на Хиландар.[618]

Во имунитетната одлука се содржи забраната за мешање на кој било претставник на власта во компетенциите на Хиландар со ослободување од повеќе "мали и големи работи". Поконкретно, манастирските имоти биле ослободени од редица давачки и задолженија каква што биле: 1. позоб, приселица[619], поданок и приплата градска и жупска[620], градоѕидание, понос и провод,[621] геракар и псар,[622] како и од

[616] Cf. М. С. Филиповић, "Структура и организација средњовековног катуна", Научно друштво СР Босне и Херцегоивне. Посебна издања, књ. II, *Симпозијум о средњовјековном катуну* одржан 24 и 25 новембра 1961 г., Сарајево 1963, 99-102.

[617] За системот на казни во средновековна Србија, регулиран според Душановиот законик и конкретно за казните поради непочитување на законот повеќе во: А. Соловјев, *Историја словенских права*..., 449-460.

[618] С. Новаковић, *Законски споменици*..., 410-411; Л. Славева-В. Мошин, *Српски грамоти*...,137-139.

[619] Приселица- заедничка надокнада за штета сторена од разбојници во одреден крај, на некој човек од страна. Селата во чија близина се случилула штетата биле задолжени за обештетување. Манастирските добра по правило биле ослободени од приселица. Повеќе во: М. Благојевић, "Оброк и приселица", *Историјски часопис XVIII/1971*, 165-188.

[620] Поданок – општ назив за натурални, парични и работни даночни задолженија. Приплата – дополнителна, парична или натурална давачка, плаќана надвор од вообичаените даноци. Cf. *Споменици* т.I..., 223.

[621] Понос-работна обврска за носење на прехранителни и други продукти за потребите на феудалците. Провод претставувало должност на населението да ги придружува чиновниците при патувањето. Меѓутоа треба да напоменеме дека во српското средновековно право овој термини мал и две други специјални значења: коњски провод како кражба на коњ и провод во смисла на примамување на селското население оде ден имот на друг.Cf. *Споменици* т. I...,213.

[622] Геракар - чувар на соколите што се употребувале за лов; Псар - чувар на ловечки кучиња. Инаку овие даноци спаѓале во редот на натурални давачки, поточно населението

десеток житен, овчи и пчелни; 2. од работни обврски – орание, плетва, жетва, сенокос со ослободување и од "неметка градногa" и "десетка свинога".[623]

Од Душановите повелби за Хиландар разбираме дека во Струмичкиот крај  со свои имоти располагало и семејството Котаниц. Многу е веројатно дека византиските феудалци Котаниц биле затекнати како поседници во околината на Струмица во време кога во почетокот на триесеттите години Душан ја проширил својата власт во овие краеви. Душановата повелба во која се споменува Ласкар Котаниц и неговите имоти во Струмичко е многу специфична бидејќи како што покажал С. Ќирковиќ одделни делови од оваа повелба иако автентични настанале во различни времиња, а нејзината целина, како и делот за Ласкар Котаниц во времето после 1364 година.[624] Семејството Котаниц или пак некоја негова гранка имале извесни имоти и во времето после Душан.

Љ. Максимовиќ претпоставува дека споменувањето на неколкумина византиски феудалци во различни временски периоди, во Струмичкиот крај, со заедничко семејно Котаниц, може да значи дека помеѓу сите нив постоела определена врска. На пример, Лав Котаниц, потоа Котаниц Торник и подоцна Ласкар Котаниц се веројатно припадници на истиот род од различни гранки и сите тие го носеле заедничкото семејно име Котаниц.[625] Всушност ако се обидеме да направиме хронолошка поврзаност ќе видиме дека, од споменувањето на првиот Котаниц кон крајот на XIII век до последниот за нас познат од крајот на XIV век, веројатно станува збор за угледно византиско семејство кое располагало со извесни имоти во струмичкиот крај. За жал немаме никакви поконректни податоци преку кои би можеле да го согледаме нивниот економски статус, кој сигурно варирал во овој долг временски период за да направиме една детална историја на семејството Котаниц во струмичкиот регион.

---

во време на лов било должно да им обезбеди стан и храна на овие луѓе. Cf. *Споменици* т.I…202.

[623] Повеќе за овие задолженија во *Споменици* т. I…,212, 224.

[624] С. Ћирковић, "Хрељин поклон...., 105-107.

[625] Љ. Максимовић, "Котаниц Торник..., 184-185.

За имотите на рускиот манастир Св. Пантелејмон во Струмичкиот регион податоци се среќаваат во една повелба на царот Стефан Душан и во неколкуте повелби на Драгашите. Освен во Струмичко овој манастир располагал и со имоти по долниот тек на Стримон, по поречието на реката Црна, во Солун и на Халкидик.[626] Манастирот особено просперирал во времето на српската доминација врз Света Гора кога значително ги зголемил своите имоти.[627]

Имотите на св. Пантелејмон во Струмичко се поврзани и со историјата на црквата св. Архангели Михаил и Гаврил во селото Габрово, во подножјето на планината Беласица. На 21 мај 1350 година, царот Стефан Душан на анагностот[628] Драгоје му ја подарил земјата на која тој ја изградил споменатата црква. Градењето на црквата било поддржано и од Водочкиот/Струмичкиот епископ Калиник. Драгоје, освен што ја изградил црквата го исчистил/растребил земјиштето околу црквата и на него населил "слободни луѓе" кои работеле за црквата. Царот Душан во повелбата ги услишил молбите на Драгоје, а освен тоа му подарил и неколку нови имоти во близина на црквата.[629]

Делот што се однесува на имунитетната одлука содржи ослободување од: приселица, димнина, бир и соќе, поклисар и псар, позоб и понос, номистра и тревнина, градеж и градозидание, како и ослободување од котел. Црквата се здобила и со административен имунитет во однос на кефалијата, кнезот и држителот на Габрово.[630] Во мноштвото даночни ослободувања кои ги сретнавме во повелбите за Ивирон и Хиландар гледаме дека овде се споменуваат даноците, бир и соќе и еден стар обичај т.н. котел. Бир е карактеристичен данок за црковните имоти, поточно тоа е специјален данок што свештениците му го

[626] *Actes de Saint-Pantéléèmon*..., 9-18; *ODB*..., 1573-1574.
[627] M. Živojinović,"Le chrysobulle grec de l'empereur Dušan pour le monastère de Saint-Pantéléèmon", *ЗРВИ 23/1984*, 167-169.
[628] Анагност (ἀναγνώστης), световно лице, а подоцна припадник на понискиот клир, задолжен за читање на делови од Посланијата за време на служба во црквата, *ODB*..., 84.
[629] С. Новаковић, *Законски споменици*..., 758-760; *Actes de Saint- Saint-Pantéléèmon* ..., 162-164; Л. Славева-В. Мошин, *Српски грамоти*..., 215-216.
[630] Новаковић, *Законски споменици*..., 759; *Actes de Saint- Saint-Pantéléèmon* ..., 163 Л. Славева-В. Мошин, *Српски грамоти*...,216.

плаќале на епископот. Бирот заедно со врховнината биле основни приходи на епархискиот епископ.[631] Соќе преставувал паричен данок – данок на земја и под овој термин е познат во српските и во бугарските извори. Зависните селани биле ослободувани од овој данок во однос на државата, а во полза на феудалните владетели. Еквивалент на овој данок во византиските извори се: икомодиј, ѕевгологиј и ѕевгаритикиј.[632] Котелот не спаѓал во групата на даночни задолженија бидејќи станува збор за еден вид на Божји суд. Се работи за еден стар обичај со кој се докажувала невиноста на некое лице со интервенција на Бога. Во котел со врела вода се ставал камен или усвитено железо, а обвинетиот требало со двете раце да го извади каменот или железото и да го однесе на определено место, најчесто во црквата. Ако се изгорел додека го вадел каменот или железото се сметало дека е виновен, ако пак не се изгорел бил ослободуван од вината.[633]

Црквата во Габрово придобила нови имоти, а веројатно и нови права за населување на луѓе во времето на кесарот Воихна и неговиот зет деспотот Углеша. Правата и имотите на црквата се потврдени со повелбата издадена од страна деспотот Јован Углеша во 1369 година. Во повелбата децидно се нагласува административниот и даночниот имунитет на црквата – никој немал право да се меша во работите на црквата било да станува збор за некој “двородржец, пронијар или дворјанин”.[634] Конечно во времето на Драгашите селото Габрово и црквите св. Богородица и св. Архангели заедно со нивните имоти му биле подарени на рускиот манастир св. Пантелејмон.

Во повелбата на деспотот Јован Драгаш и брат му Константин издадена во перидот помеѓу 1372-1375 година, освен овие имоти, на манастирот Пантелејмон му биле подарени и некои други имоти во Струмичкиот крај. Така во повелбата експлицитно се наброени селата Макриево, Мокрани, Борисово, Зубово, Робово, Наподу (Поду) и неколку локални цркви меѓу кои и погоре споменатите во Габрово. Потоа селата Сушица и Турново кои му биле одземени на некој властелин Тодор и

[631] *Споменици т. I…*, 191-192.
[632] Г. Цанкова-Петкова, *За аграрните отношения…*, 160-161.
[633] *Споменици т. I…*, 230; А. Соловјев, *Законодавство Стефана Душана...*, 485-486.
[634] С. Новаковић, *Законски споменици...*, 751; *Actes de Saint- Saint-Pantéléèmon …*, 167-168.

секако црквата св. Стефан во Струмица на кнезот Кириак со се луѓето, лозјата и земјата. Во имунитетниот дел од повелбата сите подарени имоти на манастирот Пантелејмон (не само во Струмичкиот крај) биле ослободени од следниве даноци и обврски: градозидание, соќе, иномистро-тревнина, орање, жетва, вршидба, од работа на лозјата, од понос, провод и псар.[635]

Во следната даровна повелба за манастирот Пантелејмон, издадена од деспотот Јован Драгаш, брат му Константин и нивната мајка, царицата Евдокија во 1376/1377 година, во Струмица, му се потврдуваат имотите на руските манастир во Струмичко и при тоа детално се наведуваат сите села, полиња, лозја, воденици, планини, ловишта, овоштарници и цркви со се луѓето, кои му припаѓале на овој манастир.[636] Во оваа повелба не се споменати селата Робово, Наподу (Поду) и црквата св. Стефан во Струмица. Не сме на мнение дека манастирот во овој период ги намалил своите имоти во Струмичко, а со тоа и своите приходи. Повеќе сме склони да веруваме дека овие села и црквата едноставно не се споменати во конретнава повелба на Драгашите.

Во имунитетната одлука од повелбата се вели дека имотите на рускиот манастир се ослободени од сите работи и даноци царски како што биле: градозидание, соќе, иномистро, орање, жетва и вршидба, работа на лозје, понос и провод, псар и соколар.[637] Ослободувањето од работни обврски и даноци за зависното население е идентично како и во претходната повелба.

Според анализите направени за даночните и работните задолженија во источна Македонија, и тоа за манастирските и црковни имоти, се смета дека во средината на XIV век преовладувало ослободување од т.н натурални давачки, вкупно околу 44, 5 % од сите видови на даноци. Потоа следуваат работните задолженија со 22,2% и паричните со 18, 5%.[638]

---

[635] С. Новаковић, *Законски споменици...*, 512-515; *Actes de Saint- Saint-Pantéléèmon* ...,169-172.

[636] С. Новаковић, *Законски споменици...*, 510-512; *Actes de Saint- Saint-Pantéléèmon* ..., 172-174.

[637] С. Новаковић, *Законски споменици...*, 512; *Actes de Saint- Saint-Pantéléèmon* ..., 173.

[638] Х. Матанов, *Княжеството на Драгаши...*, 237-238; Д. Ангелов, *Аграрни отношения...*, 200-220.

Во текот на 1381 година Константин Драгаш значително ги намалил даноците, речиси двојно, од кои биле ослободени манастирските имоти.[639] Манастирот Пантелејмон на сите негови имоти вкупно бил ослободен од 14 обврски во корист на државата, од кои 9 отпаѓале на работни задолженија, 4 на натурални и едно мешовито.[640] Од листата на даночни задолженија од кои бил ослободен манастирот Пантелејмон гледаме дека Драгашите му го отстапиле на манстирот основниот данок соќе, но за себе го задржале, исто така, еден од основните даноци – димнина. Паѓа во очи и тоа дека браќата Драгаши на руското братство му отстапиле и поголем број од работните задолженија со кои било обврзано зависното население.

[639] Х. Матанов, op.cit..., 237.
[640] Ibidem..., 242-244.

# Шеста глава: *Црковни прилики*

## 6.1. Процесот на христијанизација на Словените во Македонија со акцент на областа Стримон

Феноменот на христијанизација на Словените на Балканот и во Македонија е комплексно прашање кое нужно претпоставува неколку важни појдовни премиси во неговото разгледување. Се согласуваме со мислењето на С. Ќирковиќ дека е неопходно да се ослободиме од модерните претстави за улогата и делувањето на црквата односно од предрасудите својствени за модерниот човек (според кои човекот е автономна единка која за верувањето или неверувањето, за припаѓањето на една или друга религиска заедница, одлучува и избира самостојно), претстави коишто истражувачите, често пати несвесно ги проектираат врз средновековните реалности.[641] Во епохата која е предмет на нашето истражување човекот уште со самото раѓање влегувал во еден свет структуриран и проткаен со религијата проповедана од едната и единствено спасувачка црква – христијанската. Избавувањето од гревот, спасението и слободниот избор не можеле да постојат надвор од животот на црквата.

Со прифаќањето на христијанството се создавале и условите за ваков вид на егзистенција на народите и племињата кои влегувале и останувале во христијанизираната античка цивилизација. Словените на Балканот се населиле и стапиле во допир со христијанството и неговата долга историја. Во текот на тие векови се востановил еден комплексен систем на обичаи и ритуали кон кои се адаптирал животот на стотици верници во секоја генерација. Постепено се формирал и наметнувал еден влијателен систем на норми и етички принципи којшто го обликувал животот и однесувањето на луѓето.

Следната важна премиса која треба да се има предвид кога зборуваме за источното христијанство е една негова многу важна

---

[641] С. Ћирковић, "Срби у хришћанској екумени средњега века": *Работници, војници...*, 385-386.

особеност која го одликувала и разликувала од западното христијанство и за сето време од постоењето на Византија. Идеалот на *симфонија*, потполната хармонија помеѓу црковната и световната власт кои соработувале меѓу себе и истовремено делувале секоја во својата сфера.[642] Во практиката тоа водело кон превласт на царевите на највисоко ниво, односно превласт на епископите (митрополитите) на локално ниво, најчесто на ниво на градот. Стабилната, унифицирана и добро организираната мрежа на христијанската црква којашто била способна да се развива и надополнува кога ќе се зголемел бројот на населбите и на верниците, заедно со нејзиниот утврден механизам на наследување во раководните функции била многу важен кохезивен и интегративен фактор во слабо поврзаните и разединети средновековни општества. Уште повеќе црквата на христијанскиот Исток многу долго служела како пример и образец и за организацијата на световните власти кои често пати не можеле да се споредуваат со црковната мрежа во степенот на покривање на териториите и нивното опстојување во времето.[643]

Преминувањето од еден културен модел во друг, за Словените кои во очите на "цивилизираните" Византијци биле "варвари" претставувал долг и макотрпен процес. Поради широкиот јаз што ги двоел малите словенски пагански заедници и членовите на христијанската вселена, во моментот на прифаќање на христијанството не постоеле услови за рамноправен дијалог помеѓу различните светови. Акултурацијата - прилагодувањето во другата и различна јазична и духовна сфера се случувала еднонасочно, од послабата и поедноставна кон посложената и поразвиена култура. Сепак не е исклучено во периодите на отсуство на црковна и световна власт, локалното население во допирот со новодојенците да било повлијаено од нивните пагански култови и обичаи.

Процесот на христијанизација на Словените во Македонија траел долго во времето, а неговиот внатрешен ритам и тек, поточно неговата

---

[642] За овој многу пати дискутиран феномен во науката повеќе во: Ж. Дагрон, *Цар и првосвештеник*, Београд 2001, 332-371.

[643] V. Tapkova-Zaimova, "L'idee Byzantine de l'unite du monde et l'Etat Bulgar", VR, London 1979, XVIII, 291-298; J. F. Haldon, *Byzantium...*, 281-324; Х. Хунгер, *Империя на ново средищте (Християнскиот дух на византийската култура)*, София 2000, 198-205; Една од најновите студии во врска со наведената проблематика не ми беше достапна: *Byzantine Christianity: A People's History of Christianity*, ed. D. Kruger, Augsburg 2006.

временска и просторна димензија биле комплексни, не сосема јасно одредени, и како такви, се уште непротолкувани докрај. Она што може со сигурност да се издвои укажува на тоа дека христијанизацијата, пред се, била обусловена од различните културни, социјални и политички околности во Византија помеѓу VII и X век.

Отсуството на современи наративни извори (ова е т.н. темен период од историјата на Византија) го оневозможува следењето на процесот како и неговото поставување во прецизно дефинирана временска рамка. Ништо поблагодарна не е и состојбата со информациите што ни ги предочуваат материјалните извори, коишто би биле од особена важност во една ваква ситуација. Досегашниот обем и постигнатите резултати од ископувањата вршени на територијата на Република Македонија и на Република Бугарија, датирани во IX и во X век, не дозволуваат барем, приближно да се заокружи сликата на состојбите.

Словените во Македонија се населуваат на простор на кој Византија имала широко распространета епископска мрежа.[644] Не помалку значајно е што живата христијанска традиција повеќе или помалку била вкоренета кај месното население и преку култовите на христијанските светци. Тука би ги издвоиле култот на Св. Еразмо во Охрид и Охридско, култот на Св. Димитрија во Солун и Солунско, култот на Св. Тивериуполски маченици во Струмичкиот крај, потоа култот на Св. Богородица во различните делови на Македонија и источен Илирик и редица други култови на светители.[645]

И покрај тоа што епископската мрежа, како и административно-управниот апарат во Македонија, Епир, Тесалија и на Пелопонез биле наголемо разнишани при словенските освојувања, особено кон крајот на VI и почетокот на VII век, а во одделни делови на регионот и уништени до

---

[644] E. Kitzinger, “A Survey of the Early Christian Town of Stobi,” *DOP 3/1946*, 83-161; Б. Алексова, “Старата епископска базилика во Стоби”, *ЗФФ во Скопје, кн.12 38/1985*, 43-73; R. Bratož, Razvoj organizacije zgodnjekrščanske cerkve na ozemlju Jugoslavije od 3. do 6. stoletja”, *Zgodovinski časopis 40, 4/1986*, 363-395; idem “Zgodnjekrščanska cerkev v Makedoniji in njen odnos do Rima”, *Zgodovinski časopis 44, 1/1990*, 5-29.

[645] B. Aleksova, *Loca Sanctorum Macedoniae*, Skopje 1997, 41-72; За раѓањето и равојот на култот на светците во доцната Антика, неговите пројави и социјални функции во првите векови на христијанството, ја посочуваме веќе класичната студија (иако таа се однесува на латинското христијанство) на П. Браун, Поради недостапност на англиското издание го користевме нејзиното бугарско издание (со коментари на д-р Елка Бакалова), П. Браун, *Култот към светците*, София 2000, особено 17-70.

темел, христијанскиот центар на Македонија, Солун, останал поштеден. Од друга страна, неспорен е фактот дека Словените, доаѓајќи од онаа страна на Дунав, со себе ги донеле и своите пагански верувања, нарави и обичаи, како и тоа дека некои од нив негативно се однесувале спрема симболите на, за нив, туѓата (христијанска) религија, која како што е познато била ѕвезда и вдахновение за нивните противници. Колапсот на доцноантичката црковна организација, како и повлекувањето на епископите од териториите окупирани од Словените, сепак, не мора нужно да значи дека целокупната традиција на христијанството била целосно прекината и наполно изместена поради паганските култови на дојденците. Таа продолжила да живее, делумно отворено, делумно скриено меѓу остатоците од старото романизирано население.[646]

Склавиниите на македонските Словени кои се наоѓале во близината на Солун, тука најмногу предвид ги имаме склавиниите на Драгувитите и на Велегзитите, центарот од каде што христијанството се ширело и се проповедало многу време пред нивното доаѓање, многу веројатно остварувале најразновидни контакти со градот и со староседелците воопшто. Првите претстави за христијанската вера Словените ги добивале преку средбите со христијанските храмови, со византиските култни места (базилики и некрополи), со христијанските мисионери и секако преку локалните културни практики на староседелците.

Но, од друга страна, има право С. Николов кога констатира дека тешко е да се каже со каков вид на христијанство се соочувале Словените во нивните секојденевни контакти со староседелците во периодите кога владеел мирот помеѓу едните и другите. Со други зборови, ние не знаеме ништо за тоа како биле третирани христијанските служби, какви што се: литургиите, крштевањето, исповедите, јавните молитви, браковите, проповедите, погребните служби, процесиите, славењето на моштите и употребата на христијанските симболи од страна на изолираните заедници од староседелци. Наследниците на овие христијани и самите биле повлијаени од локалниот пагански начин на живот, особено во ситуација

[646] P. Schreiner, "Das byzantinische Missionerung als politische Ausgabe: Das Beischpiel der Slaven", *BS LVI/1995*, 528; П. Шрайнер, "Християнството в България преди 864 г.": *Многообразие и съперничество*, София 2004, 215-224.

кога не постоела цврста црковна организаицја за да ги поучува луѓето како да се облекуваат, како да се подготвуваат за крштевка и причестување, или едноставно како да се молат.[647]

За разлика од Драгувитите и Велегзитите, Стримонците распослани по течението на Стримон, во теснеците и клисурите, повеќе или помалку биле изолирани и оддалечени од градот, а на тој начин лишени од контактите и од размената коишто и се неопходни на цивилизацијата. Во планините, општеството, цивилизацијата и економијата носат знак на заостанатост и сиромаштија. Истовремено тие се и еден вид на брана и скривница, така да се каже – земја на слобода и независност.[648] Овие животни услови неминовно се одразиле и врз ритамот на прифаќањето на новата и инаква вера било во случаите на нејзиното непосредно и спонтано прифаќање било во периодот на официјалните мерки за покрстување што ги превземала Византија.

Во периодот на големите походи на Византијците против Словените во Македонија, Тесалија и на Пелопонез, во VII и VIII век, кога постепено се зголемувала зависноста на Словените во однос на Царството, кога всушност започнува и процесот на создавање на тематската организација, во изворите не среќаваме податоци за насилно покрстување на Словените (што не значи дека во реалноста немало вакви случаи) или пак за некои други организирани мерки од страна на царството. Знаеме дека во 658 година Констанс II заробил и потчинил многу од склавиниите; знаеме дека експедицијата против Стримонските Словени околу 680 година завршила со склучување на мир додека походот на Јустинијан II во 688 против Бугарите и склавиниите резултирал со многу словенски заробеници од кои дел бил преселен во Мала Азија; знаеме исто така дека во средината на VIII век Константин V Копроним презел поход за потчинување на склавиниите во Македонија после кој во 783 година се случил и воениот поход на чело со логотетот Ставракиј против склавиниите, кој, откако стасал до Солун, ги покорил и ги принудил на покорност кон Царството.

---

[647] S. Nikolov, "The Pagan Bulgars and Byzantine Christianity in the Eighth and Ninth Centuries", http://users.ox.ac.uk/~hist0002/Bulgars.doc 1-34.
[648] F. Braudel, *The Mediteranean*..., 33-38.

Од овие неколку сублимирани констатации гледаме дека Византија во периодот на реинтеграција на загубените територии не го форсирала процесот на официјална христијанизација на Словените. И уште нешто. Не смееме да заборавиме дека во средината на VIII век, територијата на Илирик потпаднала под црковна јурисдикција на Цариград. Под ова се подразбира дека иако Византија политички не владеела со овие територии, тие влегле во нејзината црковна и духовна орбита.[649] Та оттука логично е да се запрашаме дали Солунската митрополија и нејзиното духовенство не преземале одделни неофицијални чекори на покрстување во околните склавинии?

Познато е на пример, дека христијанските мисионери, кога дејствувале кај различните племиња и народи, во почетокот проповедале и ги запознавале "примателите" со социјално-етичките вредности на христијанското учење, со неговите добродетели, со великолепноста на литургијата и сл.[650] Еден не толку експлицитен пример за мисионерска дејност се споменува во *Житието на Григориј Декаполит*. Имено во близината на Кавала светецот наишол на словенски пирати кои со своите бротчиња ги пљачкосувале трговските бродови што пловеле по една река, чие име изворот не го споменува. Ф. Дворник претпоставува дека се работи за Стримон. Светецот воопшто не се исплашил од пиратите туку слободно седнал меѓу нив. Тие, пак биле толку изненадени и не го нападнале, туку го спровеле на другата страна на реката.[651] Оваа сцена од *Житието* упатува на претпоставката дека комуникацијата меѓу светецот и словенските пирате на одредено рамниште ја вклучувала во себе и мисионерската дејност на Декаполит.

Постепеното адаптирање на Словените кон новите социо-културни услови довеле и до христијанизација на определени групи на Словени. Веројатно е дека староседелците биле првите анонимни распространувачи

---

[649] G. Ostrogorski, "Byzantine Background of Moravian Mission", *DOP 19/1965*, 11-14.

[650] О. Иванова, "Распространение христианства у Славян в Византии (VII-X вв.)": Принятие христианства народами Центральной и Юго-Восточной Европы икрещение Руси, ред. Г. Г. Лираврин, Москва 1988, 14-15; Л. Симеонова, "Християнизациата на България и проблемот на мястото на жената и брака": *Общтото и специфичното в балканските народи до края на XIX век*, Сборник в чест на 70-годишнината на проф. В. Т. Заимова, София 1999, 46-60.

[651] F. Dvornik, *La Vie de Saint Gregoire...*, [23]-[55] ; cf. co Introduction 21, 29-30.

на христијанската религија меѓу Словените. Особено во периодите кога се намалиле воените акции и грабежите, месното население остварило поблизок и мирен контакт со дојденците и на тој начин извршило извесни влијанија врз идниот социјален, економски и културен развој, пренесувајќи им ги своите обичаи, традиции и религиозен живот.[652] Во оваа смисла особено впечатлива е прочуената сцена од *Чудата на св. Димитрија* за луѓето на Кувер кои иако биле заробени и однесени од страна на Аварите на Дунав ја сочувале христијанската вера и обичаи. Откако се вратиле во Македонија биле изложени на комуникација со Драгувитите, на кои со царска наредба им било наложено да ги снабдуваат овие христијани со храна.[653]

Исто така за време на византиските походи не само што биле заробувани Словени истото се случувало и во обратен правец. Како поткрепа на ова е и епизодата кај патријархот Никифор за откупот на две и пол илјади христијански заробеници. Царот испратил пратеници кај словенските архонти (веројатно се работи за Стримонците и Ринхините), со намера да ги откупи "заробените христијани" од неколку острови во Егејското Море.[654] Демографските и колонизациските мерки што ги преземала Византија, како на пр. онаа на Никифор I во почетокот на IX век кога преселил малоазиски стратиоти со се нивните фамилии во Склавиниите (најверојатно во источна Македонија) не само што влијаеле врз промената на демографската структура на населението туку индиректно влијаеле и врз промената на религиозната матрица на словенското население.[655]

Деветтиот век е златниот век за големата мисионерска дејност на Византија среде иноверните народи. Интензивирањето на христијанизацијата на византиските Словени на целата територија на Царството била обусловена од повеќе причини. Во овој период се заокружува и политичкиот статус на словенското население во одделните делови од Царството бидејќи земјите на поранешните Склавинии

---

[652] F. Dvornik, *Les Slaves*..., 83-85; 98-99.
[653] Повеќе за овој настан и неговите интерпретации во: И. Стефоска, *Словениѿе*..., 80-82, 118.
[654]Nicephori, *Opuscula Historica*, ed. De Boor..., 76.
[655] M. Nystazopoulou-Pelekidou, "Les Slaves..., 356-360.

влегуваат во основата на тематскиот систем. Постепеното вклучување на Словените во политичкиот, економскиот и социјалниот систем на Византија нужно претпоставувал и промена на идеолошката структура на словенското општество. Стабилизирањето на внатрешнополитичките собитија со победата на иконофилите и внатрешниот економски и културен подем на Византија предизвикале и цутење на духовниот живот и активна мисионерска дејност, која својот врв го доживува во времето на учениот патријарх и визионер, Фотиј (858-867; 877-886).[656]

Масовните мерки за христијанизацијата на Словените не претставувале едновремен акт, тие се применувале постепено врз различните групи од словенско население во Царството. За проповедите меѓу словенското население во близината на Света Гора и нивното покрстување во 80-те години од IX век разбираме од житието на Власиј Аморејски.[657] Во житето пак на Герман Козинитски, од втората половина на IX век се зборува дека тој основал манастир во една словенска област во близината на Драма.[658] Во житието на Св. Петнаесет Тивериуполски Маченици, авторот го споменува Св. Герман и неговиот култ по поречието на Стримон после примањето на христијанството во Бугарија.[659]

Овие неколку примери од житијата за делови од Источна Македонија укажуваат на зголемување на популарноста на монасите кои оделе и го проповедале христијанството среде словенското население. Впечатливо е тоа што и Григориј Декаполит и Власиј Аморејски и Герман Козинитски, а веројатно и други духовници пристигнувале среде нехристијанизираното словенско население на Балканот од Мала Азија. Популарните *Житија* на неколку локални култови на светци од IX век (Атанасиј Егински, Ефтимиј Нови, Теодор Солунски) во Јужна Македонија, во Тесалија и во Централна Грција, исто така, зборуваат за мисионерската дејност меѓу локалните "варвари".[660]

---

656 F. Dvornik, *Byzantine Missions Among the Slavs*, New Brunswick, 1970.
657 О. Иванова, "Распространение христианства у Славян...,18.
658 ИБИ ГИБИ, V, София 1964, 102-106; I. Dujčev, "Une ambasade Byzantine aupres de Serbes au IX siècle", *ЗРВИ 7/1961*, 56-59.
659 ИБИ ГИБИ, IX, София 1994, [37] 69.
660 О. Иванова, "Распространение християнства у Славяан...,18.

Во првата половина на IX век една словенска област/кнежество била управувана од великиот словенски просветител и апостол св. Методиј. Во науката постојат неколку гледишта за тоа каде се наоѓало споменатото кнежевство во кое бил упатен Методиј за да ги проучи обичаите, социјалниот живот и, веројатно јазикот на тамошните Словени. Со поголема или помала сигурност може да се претпостави дека територијата на словенското кнежество била и објект на мисионерска дејност на Методиј. Склони сме да ја прифатиме тезата дека Методиј делувал среде Драгувитите за што сведочат и некои други показатели според кои со поголема доза на сигурност може да се каже дека Драгувитите до времето на големата просветителска мисија на Словенските Апостоли (и тоа особено владејачкиот слој), веќе биле покрстени, прифаќајќи ги христијанските норми и христијанското сфаќање на светот, коишто својата рефлексија ја нашле и во нивниот јазик.[661]

Појавата на првите "словенски", всушност византиски епископии во словенски средини, во IX и X век, според списоците на епископиите од X век, покажува кои делови од областите населени со Словени, независно од интензитетот на политичката потчинетост, станале дел од византиската административна и/или црковна администација. Така, познати се: епископијата на Драгувитите[662], под Солунската митрополија, епископијата на Смољаните[663] и онаа на Вуковон[664] под митрополијата на Пловдив и др. И потписите од учесниците на т.н собор на Фотиј од 879 година зборуваат дека на собирот меѓу останатите биле присутни и епископот на Стримон, Павел, епископот на Вагенетија, Стефан, епископот на Охрид, Гаврил, епископот на Драгувитите, Петар и др.[665]

Важни сведоштва за состојбите со покрстувањето на Словените во Македонија носи и Охридскиот архиепископ Теофилакт во *Пространото Климентово Житие*[666] и она што е особено важно за нашето истражување

---

[661] И. Стефоска, *Словените*..., 122-126.
[662] *Notitiae Episcopatum*, ed. J. Darouzes..., 7.299; 9.185, 10.218, 13.228.
[663] Ibidem..., 7.618, 9.492, 10.582.
[664] Ibidem..., 7.594; 9.465; 10.552.
[665] Mansi, XVII..., col.377;col.376.
[666] А. Милев, *Гръцките жития на Климент Охридски*, София 1966, 121-131.

во списот за *Тивериуполските маченици*. Архиепископот соопштува за воведувањето на христијанството во југозападните и источните делови на Македонија коишто во времето на кнезот Борис (852-889) и на царот Симеон (893-927) влегле во составот на бугарската држава. Бидејќи за мисијата на Климент и неговото дело[667] е доста пишуванои ќе се задржиме повеќе на култот на Св. Петнаесет Тивериуполски маченици и неговото значење во соодветниов период.

Според кажувањето на Теофилакт кон крајот на IX век на источната страна на Вардар била основана Брегалничката епископија[668], а во нејзиниот состав влегол и дел од територијата на Стримонските Словени. Богатиот археолошки и епиграфски материјал во реонот на реката Брегалница укажува на постоење на стара црковна традиција, на просторите на источна Македонија, со добра организација, раководена од два епископски центра во Баргала и Запар.[669] Култот на Тивериуполските маченици бил присутен во Струмица, а нивните мошти биле чувани во локалната црква. Археолозите во Струмица открија комплекс на згради кои потекнувалаат од различни временски периоди: на најниското ниво имало ранохристијанска трокоробна базилика со три крипти, временски лоцирани меѓу VI и VIII век. Над овој слој е откриена црква во форма на крст, со пет куполи, веројатно изградена кон крајот на деветтиот или почетокот на десеттиот век, посветена на Мачениците од Тивериупол. Средишната крипта била живописана со фрески од истиот период и на неа се прикажани Петнаесетте Тиверипулски Маченици. Ова е особено важно откритие бидејќи тоа е единствената средновековна слика на Тивериуполските Маченици. И конечно, пронајдени се и фрагменти на фрески од крајот на единаесеттиот и почетокот на дванаесеттиот век од

[667] A. P. Vlasto, *The Entry of the Slavs into Christendom*, Cambridge 1970, 155-186; К. Станчев - Г. Попов, *Климент Охридски*, София 1988; *Светите Климент и Наум Охридски*, Зборник на трудови од Симпозиумот одржан помеѓу 13-15. 09. 1993 во Скопје, Скопје 1995.

[668] "... ἐν τῇ τῆς Βραγαλνίτζης ἐπισκοπῇ...", ИБИ ГИБИ IX...,[37] 69.

[669] B. Alexova - C. Mango, "Bargala. A preliminary Report", *DOP 25/1971*, 273-277.

кои се гледа дека црквата во форма на крст била реконструирана во времето на Теофилакт.[670]

Овие археолошки откритија многу јасно го поткрепуваат Теофилактово сведоштво за култот на Тивериуполските Маченици во Струмица во времето на владеењето на Борис. Со пренесување на дел од моштите на мачениците во храмот на Брегалничката епископија, која не претставувала возобновен стар духовен центар, тој се проширил северозападно од Струмица. Освен Брегалничката, како новоосновани епископии во соодветниот период се сметаат и епископијата на Климент како и Деволската епископија.[671]

Во една сцена од житието, авторот одбележува една суштинска особеност која е од големо значење за спецификите на култот. Теофилакт зборува за живоста на култот и чудотворните дејства на моштите на мачениците во Тивериупол-Струмица во времето пред основањето на Брегалничката епископија. Откако Борис-Михаил слушнал дека во овој крај многу се славеле и биле почитувани моштите на овие маченици заповедал да се изгради храм на овие свети во Брегалница.[672] И тука се поставува прашањето кои се овие луѓе - христијани во Струмица и Струмичко кои толку ревносно го почитувале и славеле овој култ. Дали се тоа луѓето кои Никифор I ги преселил од Мала Азија по поречието на Стримон и кои можеби со себе го донеле култот на Тивериуполските маченици или пак станува збор за претсловенското христијанско население кое успеало да ги преживее словенските налети и населувања во овој регион продолжувајќи ги традициите на славење на култот?

Понатаму во житието се вели дека Тивериуполците биле спремни да ги жртвуваат и своите животи во спротиставувањето на пренесувањето на моштите на мачениците од нивниот град во новоснованата епископија. За да се избегне крвопролевањето била постигната спогодба според која моштите на првите тројца маченици биле пренесени во Брегалница. На народот во Струмица му било допуштено да ги задржи останатите

---

[670] Д. Коцо – П. Миљковиќ-Пепек, "Резултатите од археолошките ископувања во 1973 г. во црквата 'Св. Тивериополски маченици' – Струмица", *Археолошки музеј на Македонија, VIII, 9/1978*, 93-97; Ц. Грозданов, *Портрети на светителите...*, 127-135.

[671] Б. Николова, *Устройство и управление...*, 81-83.

[672] ИБИ ГИБИ IX...[37] 69.

дванаесет[673] кои веројатно се сохранети во истото место во црквата со форма на крст пронајдена од археолозите. Невозможно е да се каже со сигурност дали овој дел навистина соодветствува на реалноста или е само хагиографски манир со цел да се засили драматизацијата на изложеното. Но, од друга страна тешко е да се прифати дека носителите на оваа жестока реакција со типично христијанска ревност во однесувањето се луѓе кои биле неодамна покрстени. Неопходно е да се истакне и фактот дека фанатичната приврзаност била пројавена кон светци кои сепак би им биле туѓи на тукушто (доколку навистина и биле) христијанизираните Словени во регионот.

Ако имаме предвид дека светецот Герман, кој од необјасниви причини е вметнат на почетокот од епизодата за Тивериупол и славењето на култот, делувал во поречието на Стримон среде словенското население, со доза на претпазливост може да претпоставиме дека Теофилакт го вметнал со цел да го конкретизира регионот за кој подолу во текстот станува збор. Оваа навидум незначително “нарушување” на приказната е можеби илустрација на фактот дека почитувањето на Тивериуполските маченици, пред распространувањето на нивниот култ среде словенското население кон крајот на IX, век претставувал локален култ на староседелците или пак на преселниците од Мала Азија во регионот, кои биле и негови првични носители, зошто во времето на појавувањето на сирискиот монах Герман во тие краеви живеело бројно словенско население.[674]

Многу загатливо е и прашањето зошто и Борис-Михаил а подоцна и неговиот син царот Симеон се стремеле да го пренасочат култот на Тивериуполските маченици токму во Брегалница, односно зошто во два наврати моштите на мачениците чиј култ се појавил и славел во Струмица, биле пренесувани во Брегалничката епископија? Се разбира едно од најсоодветните објаснувања е дека во рамки на христијанизацијата на словенското население во овие региони, Борис-Михаил и, особено Симеон биле под силно влијание на византиската официјална култура и ги следеле

[673] Ibidem…, [38- 39] 69-70.

[674] Я. М. Христов, “Относно появата на култа към тивериуполските мъченици в българското общтество през втората половина на IX век и началото на X век”, *Балканистичен Форум кн. 1-2-3/2004*, 28-29.

и применувале востановите обрасци својствени при христијанизирање на паганско население. Распространувањето на христијанските норми преку почитувањето на култови на светители е практика вообичаена за христијанските традиции. Не е спорно дека при формирањето на новата – Брегалничка епископија, во која служел клир специјално обучен за литургија на словенски јазик, пренесувањето на моштите на мачениците се поврзува и со принципот на клавање благодет врз новиот епископски центар.[675]

Се наметнува прашањето зошто, кога моштите и нивниот култ биле во Струмица, и кога во регионот на Струмица живеело словенско население, Борис-Михаил и по цена на бунт од страна на Струмичаните, не го избрал градот за центар на новата епископија. Дали можеби присуството на староседелското население во Струмица, расположена до границите на Византија, претставувало некаква пречка во политиката на Борис-Михаил, и подоцна на Симеон, за тој да го пренасочи култот кон Брегалница или станува збор за нешто друго, коешто не сме во можност да го одгатнеме. Останува констатацијата дека Струмица претставувала христијанско средиште во времето на пренесувањето на моштите и раширувањето на култот среде словенското население. Сепак треба да додадеме дека авторот на нашиот основен извор, Теофилакт, во ниту еден контекст не споменува постоење на Тивериуполска епископија, реалност која е помалку загадочна.[676]

Како што споменавме погоре, втората и последна етапа од пренесувањето на моштите на Тивериуполските маченици се случила во времето на царот Симеон, околу 896-897 година или малку подоцна, кога се стабилизирале и внатрешните состојби во Брегалничката епископија. Тогаш на комитот Дистрос, како што известува Теофилакт, му било наложено да ја доврши започнатата работа – да ги пренесе и моштите на

---

[675] N. H. Baynes, “The Supernatural Defenders of Constantinople”,: *Byzantine Studies and Other Essays*, London 1960, 248-260; *The Cult of Saints in Late Antiquity and the Middle Ages : Essays on the Contribution of Peter Brown* , ed. J. Howard-Johnston and P. A. Hayward, Oxford 1999; Е. Бакалова, “Култот към мощтите и реликвите: Изток и Запад”: *Средновековна християнска Европа*, София 2002, 614-616.

[676]Во житието ниту на едно место ниту во било каков контекст, ниту пак во индиректна смисла е споменато постоење на Тивериуполска епископија или епископија на Тивериупол ?!?.

Св. Сократ и на епископот Теодор од Тивериупол во Брегалница[677]. Очигледно е дека за византискиот воспитаник Симеон, кој и покрај тоа што бил зафатен со војни со Византија, култот на Тивериуполските маченици и Брегалничката епископија претставувале важен момент од неговата политика за утврдување на епископската мрежа во средновековна Бугарија. Во очите пак на учениот Византиец – Теофилакт, овој сегмент од житието го засилува и потврдува христијанскиот идентитет на Симеон како цар. Во рамки на средновековниот дискурс, пренесувањето на моштите и нивните религиозни дејства за Брегалничката епископија, во симболичка смисла, значело обезбедување на нивното покровителство и благодет потребни за мисијата на црквата.

Во практична, во секојдневна смисла пренесувањето на култот од еден центар во друг веројатно било проследено и со доброволни преселби на населението, кое како негов носител на едно локално рамниште им ја предавало својата христијанска традиција на новопокрстените.[678] Утврдувањето на култот на Тивериуполските маченици меѓу Словените во овој дел на Македонија се случил во времето на Симеон, кога веќе и делувањето на Кирило-Методиевите ученици фатило корен, а за неговото почитување и славење во десеттиот век сведочи и големиот словенски паметник од тоа време Асемановото евангелие.[679]

За црковните прилики во Струмица и струмичко во X век, можеме само да нагаѓаме или поради речиси целосното отсуство на изворни податоци да западнеме во спекулации кои излегуваат од границите на научната аргументација. Со голема доза на претпазливост би кажале дека во процесот на консолидирање и конституирање на бугарската архиепископија и соодветната епархиска мрежа по примерот на византиската црква веројатно, во некаков обем, фукнкционирала и епископијата на Струмица.

---

[677] ИБИ ГИБИ IX..., [47] 75.

[678] Я. М. Христов, "Относно появата на култа..., 31; И. Божилов, *Културата на средновековна България*, София 1996, 95-101.

[679] J. Kurtz, *Evangeliarum Assemani*, II, Praha 1955, 310; К. Станчев, А. Джурова, М. Япунджич, *Опис на славянските ръкописи във Ватинканската библиотека*, София 1985, 55. Љ. Васиљев, „Један нови податак о времену настанка Асеманијевог јеванђеља": *Климент Охридски и улогата на охридската книжевна школа во развитокот на словенската просвета*, Скопје 1989, 33-36.

Во комплексните политички и црковни прилики во времето на Самуиловата држава, во изворите се споменува и нагласува стратегиската и одбрамбената позиција на градот, без какви било барем индиректни укажувања за црковните прилики во Струмичката област. Меѓутоа, иако за постоењето на Струмичката епископија во времето на Самуил немаме директни податоци, нејзиното споменување во првата четвртина на XI век, во повелбите на Василиј II за Охридската архиепископија[680] ни дава за право, имајќи го предвид континуитетот на епархиските мрежи, независно од политичките промени, да веруваме дека таа функционирала и пред да биде забележана во подоцнежните извори.

## 6.2. Струмица како епископска катедра

По конечниот слом на Македонското Царство во 1018 година, Византија успеала да ги завладее териториите кои во голема мерка биле населени со Словени. Огромните простори на Самуиловата држава, во прв ред нејзините централни делови, неколку столетија не се наоѓале под власта на Византија, освен во еден краток период поточно во почетокот на седумдесеттие години од X век, непосредно по уништувањето на Првото Бугарско Царство. По паѓањето под византиската власт сиве овие територии биле поделени на теми и на тој начин византискиот управен систем бил воспоставен на сите територии кои непосредно и формално биле присоединети кон Царството.

Византија формирала две големи и сосема нови теми: Паристрион и Бугарија. Во состав на Паристрион влегле сите области помеѓу долен Дунав и планината Балкан. Темата Бугарија која добила висок ранг на катепанат ја сочинувале централните области на поранешното Самуилово царство. Центарот на катепанатот бил во Скопје, а во него влегувале териториите на денешна Македонија, потоа области од Северна Грција, делови од западна Бугарија и голем дел од денешна Србија.[681]

Покрај промените во управниот систем во освоените територии Василиј II, на поголем дел од Балканот спровел и крупни реформи во

---

680 H. Gelzer, "Ungerdructe und wenig..., 42-44.
681 Љ. Максимовић, "Организација византијске власти..., 31-42.

организацијата на црквата. Патријаршијата основана од Самуила со седиште во Охрид, далекувидниот византиски цар не ја укинал и не ги припоил нејзините територии кон Цариград. Охридската црква добила ранг на Архиепископија со комплетна автокефалност во однос на Цариградската Патријаршија и права коишто можела да ги ужива една самостојна црква во средниот век.[682] Териториите под јурисдикција на Охридската Архиепископија биле поголеми и не се поклопувале со катепанатот Бугарија, како што се претпоставувало во постарите трудови. Независно од тоа каде точно се наоѓале северните граници на катепанатот Бугарија, на запад, на југ и на исток тие биле потесни од границите на Архиепископијата, чија територија навлегувала во темите Драч, Никопол, Солун, Стримон, Хелада и Паристрион.[683]

Архиепископијата ја задржала својата стара структура, нејзиниот стар начин на функционирање и стекнување на приходи и нејзините привилегии. Меѓутоа, иако архиепископот на Охридската Архиепископија добил повисок ранг од останатите византиски архиепископи, таа му била потчинета на византискиот цар – во неговите раце останало правото да го назначува архиепископот. На тој начин Василиј II успеал да разреши неколку проблеми и да оствари повеќе цели. Во негови раце била контролата над црквата под чија "капа" се наоѓале најголем дел од Јужните Словени, давајќи му за право на влијателното словенско свештенство и на припадниците на словенскиот владеачки слој кој ја прифатил византиската власт. Истовремено го избегнал зголемувањето на и онака огромната Цариградска Патријаршија и секако нејзиното директно влијание. На чело на Охридската Архиепископија го оставил стариот - поранешниот патријарх Јован.[684]

Во негово време, но и во времето на неговите непосредни наследници, не се превземале никакви мерки во смисла на промена на словенскиот карактер на Охридската Архиепископија, чии највисоки достоинственици, почнувајќи од архиепископот Јован, во најголем број

---

[682]Г. Острогорски, *Историја...*, 296.
[683] Г. Литаврин, *Болгария и Византия*..., 253; Љ. Максимовић, op. cit., 38.
[684]Г. Острогорски, Историја..., 296; Г. Литаврин, *Болгария и Византия*..., 358; И. Снегаров, *История на Охридската Архиепископоя*, т. I, София 1924, 58, 60; P. Stephenson, *Byzantium's*..., 77.

случаи биле од словенско потекло. Дури по смртта на Јован, започнало т.н. ново доба во византиските провинции претежно населени со Словени, кога на чело на Охридската Архиепископија застанал Лав (1037-1056), по потекло од Пафлагонија и долгогодишен висок достоинственик на црквата Св. Софија во Цариград и основач на катедралната црква, Св. Софија во Охрид. Се смета дека со неговото доаѓање во Охрид и неговите активности започнала епохата на постепена ромеизација на Охридската црква, процес кој имал големи последици за словенските народи кои живееле во нејзините граници. [685]

Како што споменавме повеќе пати, во повелбите на Василиј II за Охридската Архиепископија, е запишана и епископијата на Струмица. Во 1018 година Струмичкиот епископ располагал со најмалата по територија епархија, за која судиме според бројот на населените места расположени во неа, вкупно две по големина и според бројот на потчинетите клирици и парици кои му биле дадени на епископот, вкупно 24.[686] Во 13-та нотиција во која е опфатен периодот од третата деценија на XI век (околу 1020-1030) се до првите деценији на XII век, Струмичката епископија се наоѓа на деветото место, додека во подоцнежната редакција на ракописот таа се наоѓа кон крајот на списокот на епископиите во диоцезата на Охридската Архиепископија.[687]

Сепак одредени промени со функционирањето на епископијата можат да се забележат кон крајот на XI и почетокот на XII век кога била основана и Струмичката тема чиј радиус или се поклопувал или што е поверојатно бил поширок од териториите на самата епископија. По правило во рамки на темата влегувале нејзиното седиште, градот Струмица и селата кои биле зависни од неа. Исто така, многу често епископиите биле постари од темите, што несомнено се потврдува и со постоењето на епископијата на Струмица пред формирањето на темата Струмица.

---

[685] Програмата за декорација на фреските во Св. Софија, изработени од цариградски зографи, е екплицитен показател на царската агенда за новите реинтегрирани провинции, P. Stephenson, op. cit. 138, f.n. 49; A.P. Kazdan- A. W. Epstein, *Changes in Byzantine Culture*..., 198; *Историја српског народа I*, 177.

[686] H. Gelzer, "Ungerdruckte ..., 42-44; Й. Иванов, *Български старини...*,552

[687] J. Darrouzes, *Notitae Episcopatum*..., No. 13, [842], [853].

Неспорно е дека во границите на Струмичката епископија се наоѓал и манастирот на Св. Богородица Милостива, со се неговите имоти и секако водочките катедрални цркви кои веројатно биле и седиште на Струмичкиот епископ.[688] Инаку основачот на манастирот Св. Богородица Милостива, монахот Мануил бил и поранешен епископ на Струмица-Тивериупол. Од типикот на Богородица Милостива разбираме дека Струмичкиот епископ имал ограничени права врз манастирот односно имајќи го предвид независниот статус на овој манастир, Струмичкиот епископ само го потврдувал избраниот игумен. И од првата повелба на Алексиј I Комнин од 1085 година, се гледа дека манастирот Св. Богородица и покрај тоа што се наоѓал во Струмичката епархија не требал да се потчинува ниту на Охридскиот Архиепископ ниту на епископите на Струмица.[689]

Епископот на Струмица се споменува и во едно писмо на Теофилакт Охридски упатено до епископот на Триадица (Софија). Во дел од писмото тој вели дека за соодветниот проблем им пишал на малешевскиот епископ и на *струмичкиот*, бидејќи низ тие епархии требало да мине пратеникот на епископот на Триадица. За жал Теофилакт не кажува ништо подетално за епископот на Струмица или за црковните прилики во таа епархија на Охридската Архиепископија.[690] Во овој контекст заслужува да се споменат и трите оловни печати, на некој анонимен малешевски епископ, и на струмичките епископи Димитар и Василиј коишто В. Лоран ги датира во XI и XII век.[691]

Во богатата архива на манастирот Богородица Милостива, поточно во *Практикот* на манастирот датиран во средината на XII век среќаваме податоци и за струмичкиот епископ. Имено, игуменот на манастирот Дионисиј го молел тогашниот византиски цар Мануил I Комнин да му нареди на *епископот струмички, монахот Климент*, да не ги нарушува

---

[688] Л. Милетичъ, "Струмишките манастирски цркви при с. Водоча и с. Велюса", *Македонски прегледъ, II, 2/1926*, 35-48, 47; К. Миятевъ, "Църквата при с. Водоча", *Македонски прегледъ, II, 2/1926*, 49-57; П. Миљковиќ – Пепек, "Комплексот цркви во Водоча", *Културно историско наследство XIII/1975*, 2-8,

[689] L. Petit, *Le monastère...*, 70, 88, 93; idem *Le monastère...*, 25-27; M. Angold, *Church and Society in Byzantium under the Comneni, 1081-1261*, Cambridge 1995, 292, 302, 321.

[690] ИБИ ГИБИ IX..., 187; M. Mullet, *Theophylact of Ochrid...*, 189-190, 315-316.

[691] V. Laurent, *Le Corpus des sceaux de l'empire byzantin, 1-3*, Paris 1963-1972, V/2, No. 1505, 1507, 1508.

правилата за независност на манастирот запишани во неговиот типик и во царските повелби.[692] Епископот на Струмица Климент се јавува и како сведок – потписник на манастирскиот практик. Во потписите на практикот се јавува и потписот на неговиот составувач, номикот на Струмица, Јован Спанопул.[693] Како што веќе беше истакнато титулата номик, најчесто ја носело свештено лице од понизок ранг задолжено за бележничките – нотарските работи во рамки на епископијата. Овој мал детаљ од практикот упатува на организациската структура на струмичката епископија односно на византиската организација на нотаријатот и неговата распространетост се до помалите градови и села каде на жителите им стоеле на располагање професионалци задолжени за пишување на приватно-правни документи.

Освен во текстот на практикот, името на епископот Струмички Климент се јавува и меѓу потписниците на инвентарот на Св. Богородица Милостива, но и во некои други документи на манастирот во периодот помеѓу 1152 и 1164 година.[694] Освен во пишаните документи името на епископот Климент се јавува и на еден печат датиран во 1150 година. На печатот буквално стои: “Μήτηρ Θεοῦ./Τόν Στρουμίτζης Κλήμεντα, Παρθένε, σκέποις”.[695] Улогата и ингеренциите на Струмичкиот епископ Климент во однос на манастирот Св. Богородица се промениле во времето кога за игумен на манастирот бил поставен Мелетиј, околу 1159/1164 година. Имено епископот на Струмица за прв пат започнал лично да ги заверува и и потпишува документите на манастирот со приближно сличен потпис: “срамнив и најдов дека оваа е еднаква, смирен *епископ на Струмица*, Климент монах” или “ништожен *епископ на Струмица* монах Климент”.[696]

Епископијата на Струмица е набележена и во писмата на митрополитот солунски, Евстатиј една од најзанимливите личности на византискиот културен живот во XII век. Со интервенција на Мануил I Комнин тој во 1174/1175 година бил избран за митрополит на Солун.

---

[692] *Actes d'Iviron III*…, 78; П. Миљковиќ-Пепек, Велјуса…, 48-49.
[693] *Actes d'Iviron III* …, 82.
[694] L. Petit, *Le monastère*…, 124-151; П. Миљковиќ – Пепек, *Велјуса*…, 62.
[695] V. Laurent, V. 3 no. 2020; DO 55.1. 5042.
[696] L. Petit, *Le monastère*…, 30, 33, 45; П. Миљковиќ – Пепек, *Велјуса*…, 258, 272, 282, 290.

Струмичката епископија во неговите писма е спомната заедно со Мегленската, Костурската и др. во контекст на тешката ситуација на словенското население во тие делови на Охридската Архиепископија.[697]

Од редовите на Струмичките епископи произлегува и подоцнежниот охридски архиепископ Константин Кавасила. Тој бил епископ на Струмица во времето кога на охридскиот трон се наоѓал Димитрија Хоматијан.[698] Веројатно е дека Кавасила раководел со Струмичката епископија околу 1220 година.[699] Коренспонденцијата меѓу него и охридскиот архиепископ оди во прилог на ова мислење во науката.[700] Податоците што ги нуди преписката не позволуваат да се каже нешто повеќе за статусот на Струмичката епархија или пак за црковните прилики во рамки на епархијата. Ние, исто така, не знаеме до кога Кавасила бил на чело на Струмичката епископија. Можно е токму за време на епископувањето во Струмица да го сочинил и канонот за *Тивериуполскиtе маченици*[701] со што уште еднаш го потврдил и одбележал култот на овие светители во Струмичкиот крај. Подоцна тој станал митрополит на Драч и веројатно во поодминати години и охридски архиепископ во времето на Теодор Ласкарис II (1255-1259) и на почетокот од владеењето на Михаил Палеолог (1260-1282).[702]

Вреди да се одбележи и фактот дека за релативно кратко време по неговата смрт, речиси после три децении, неговиот портрет бил насликан фронтално покрај ликот на Климент Охридски, во Св. Богородица Перивлепта во Охрид. Освен во Перивлепта, портретот на Константин

---

697 И. Снегаров, *История на Охридската...*,79-80; А. Каждан, "Византийски публицист XII в. Евстафий Солунский", *ВВ 27/1967*, 87-106; *ВВ 28/1968*, 60-83; M. Angold, *Church and Society...*, 179-196.

698 M. Angold, *Church and Society...*, 240-264.

699 L. Petit, *Le monastère...*, 96; И. Снегаров, *История на Охридската...*, 211; Α. Α. Αγγελοπουλου, *Βορειος Μακεδονια...*, 42.

700 G. Prinzing, *Demetrii Chomateni* ..., no. 14, 64. Авторот на критичкото издание, Г. Принциг го датира ова писмо во периодот 1217-1223 година. Подетално писмото беше обработено во претходното поглавје.

701 И. Снегаров, *История на Охридската...*, 268; Ц. Грозданов, *Портрети на светителите...*, 182.

702 И. Снегаров, *История на Охридската...*, 211; Ј. Белчовски, *Охридска Архиепископија*, Скопје 1997, 319-321; Α. Α. Αγγελοπουλου, *Βορειος Μακεδονια...*, 42, и f.n. 3 во која авторот се осврнува на скудната постара билбиографија за Кавасила. Ц. Грозданов ја прифаќа претпоставката на П. Керамеус според која Кавасила стапнал на охридскиот трон уште во 1250 година, *Портрети на светителите*...,182, f.n. 12; Д. Никол е на мнение дека уште пред 1250 г. - во текот на 1246 година, Кавасила бил префрлен од Драч во Охрид, D. Nicol, *The Despotate...*, 93, 168, f.n. 10.

Кавасила со различна степен на сочуваност се наоѓа и во црквата Св. Јован Канео во Охрид и во црквата Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричане.[703] Според Ц. Грозданов фактот што неговиот портрет бил поставен веднаш до водечките архиереи во главниот олтарен простор во Канео, инаку настанат пред оној во Перивлепта, го покажува култот кон овој охридски архиепископ којшто се развил многу брзо после неговата смрт.[704]

Еден помалку необичен податок за ословувањето на епископот на Струмица, среќаваме во едно писмо на охридскиот архиепископ Димитрија Хоматијан приближно датирано кон крајот на првата четврина на XIII век. Архиепископот, во писмото упатено до помесниот епископ Струмички, (можеби во овој случај станува збор за Константин Кавасила?[705]) му се обраќа со следниве зборови: "...πανιερώτατε Στρουμίτζης ἀρχιερεῦ...". [706] Меѓутоа особено драгоцен е податокот од писмото според кој разбираме дека и Просек каде всушност, некој Драган кој во несреќен случај го убил својот син, влегувал во рамките на струмичката епархија. По налог и во договор со Хоматијан, Струмичкиот епископ требало да изнајде начин за решавање на проблемот и казната – епитимијата[707] што ја наложил Хоматијан за Драган од Просек. [708]

Во документот на патријархот Мануил II од заседанието на синодот во 1250 година, за статусот на манастирот Св. Богородица и правата на Ивиронците врз него, се споменува и епископот на Струмица, Михаил. Меѓуостанатото во овој документ биле ограничени и поранешните овластувања на Струмичкиот епископ врз манастирот.[709] За кои и какви права се работи во изворот нема детали. Можеме да претпоставиме дека станува збор не толку за канонските работи колку за определени видови на даночни задолженија кои манастирот и ги плаќал на епископијата, а

[703] Б. Тодић, *Старо Нагоричино*, Београд 1993, 33, 74, 126.
[704] Ц. Грозданов, *Портрети на светителите*..., 188; idem *Охридското ѕидно сликарство од XIV век*, Охрид 1980, 27-31.
[705] Кавасила бил назначен за митрополит на Драч помеѓу 1223 и 1230 година. Инаку фамилијата на Кавасила била по потекло од Драч. D. Nicol, *The Despotate*..., 102, f.n. 44, 161.
[706] G. Prinzing, *Demetrii Chomateni* ..., no.132, 404.
[707] Бидејќи гревот бил разбиран повеќе како несреќа отколку како правно казниво дело, *епитимијата* во византиската казнена практика и теологија служела како корективен лек односно форма на духовно заздравување на починителот на делото во случајот предизвикувачот на несреќата. Повеќе во: *ODB*..., 723-724.
[708] G. Prinzing, *Demetrii Chomateni* ..., no.132, 403-404.
[709] *Actes d'Iviron*..., 83-86.

кои во новата ситуација му припаднале на светогорскиот манастир Ивирон. Иако манастирот станал метох на Ивирон, сепак Струмичкиот епископ задржал одредени канонски овластувања врз овој манастир во струмичката епархија.

За приликите и важноста на Струмичката епископија во втората половина на XIII век разбираме од потписите на купопродажниот договор склучен помеѓу Теодор Тетрагонит и неколку семејства во Струмичкиот регион. Договорот е потпишан и заверен од страна на "големиот иконом на пресветиот епископ на Струмица и тавуларији на Тивериуполис, Јован Ненос...".[710] Очигледно е дека Јован бил голем иконом на струмичката епископија задолжен за црковниот имот и за финансиските книги. Но, уште повпечатливо е што тој се јавува и во функција на нотар-тавулариј во еден чисто граѓански купопродажен договор. Овој ситен податок всушност одлично го илустрира влијанието и доминацијата на црквата во општеството во соодветниот период. Во последните векови од историјата на Византија, црковниот нотаријат имал надмоќ над световниот, и нотарската служба во рамки на црквата е добро позната токму во провинциите. Звањето тавулариј спаѓало во групата на т.н заеднички служби, и него го добивале епархиски достоинственици кои, покрај основната, почесна или вистинска служба имале и ваков вид на задолженија – на црковни нотари, многу често и во случаи кога ниту една од страните немала никаква врска со црквата.[711]

Особено интересен е и податокот дека Јован не е титулиран како номик туку како тавулариј. Иако терминот номик во семантичка смисла е синоним на тавулариј сепак постои една квалитативна разлика. Се поставува прашањето дали употребата на поимот тавулариј, наместо претходната номик, не значи и промена на важноста и улогата на епископијата во дадениот период? Различните извори од XIII и XIV век, за оваа проблематика, сведочат дека терминот тавулариј бил карактеристичен за световни и црковни нотари во големите градови и седиштата на митрополиите, додека со терминот номик се означувале

---

[710] Ibidem..., 109-113, 112.

[711] Ђ. Бубало, *Српски номици*..., 64-67, f.n. 79 во која е наведена обемна литература и извори во врска со византискиот нотаријат.

припадници на црковниот клир од понизок ранг во помалите места и во епископиите. Оттука не е случајно што во Струмица, која иако била во ранг на епископска катедра, се среќава и титулата тавулариј за разлика, на пример, од епископиите на Хиерисос и Кесаропол, сместени во релативна близина на Струмица, кои знаат само за номици.[712] Не помалку важен момент кој фрла светлина за важноста и организацијата на Струмичката епископија е тоа што освен тавуларијот на Струмичкиот епископ, во документот стојат и потписите на сакеларијот Константин и на протопсалтот Хрисоверг. И едниот и другиот биле духовни лица од повисок ранг и со различни задолженија во црковната хиерархија. Титулите на лица од црковната администрација на Струмичката епископија, коишто за прв пат се спомнати во овој договор, што не значи дека не постоеле и порано, укажуваат на добро развиена црковна администрација задолжена не само за духовните туку и за световните прилики во струмичката епархија.

Во времето на српските освојувања кога границите на српската држава биле поместени длабоко на југ, под српска власт се нашле и преостанатите територии на Охридската Архиепископија. Кон крајот на XIII век под јурисдикција на Охридската Архиепископија се наоѓале единаесет епископии, меѓу кои била и Струмичката.[713] Се чини дека Струмичката епископија всушност била и најзаштитена од политичките и црковните турбуленции за време на српската власт, бидејќи изворите сведочат дека таа во континуитет останува диоцеза на Охридската Архиепископија.[714] Веројатно е, исто така, дека бројот на епископиите на Охридската Архиепископија останал неизменет после Душановите освојувања на Македонија и на Охрид. Охридската Архиепископија го задржала својот автокефален статус и своите привилегии и во времето на царот Душан и на царот Урош.[715]

---

[712] Ibidem..., 50-51. Иако во f.n. 5, авторот навел богата литература и неколку извори за епископии и митрополии во близината на Струмичката област, тој воопшто не го навел купопродажниот акт од 1286 година во кој експлицитно стои титулата тавуларij.

[713] И. Снегаров, *История на Охридската...*, 195; J. Белчовски, *Охридска Архиепископија...*, 315.

[714] Ц. Грозданов, *Охридско ѕидно сликарство...*, 19.

[715] М. Јанковић, *Епископије и митрополије српске цркве у средњем веку*, Београд 1985, 61. Cf. J. Белчовски смета дека међу 1334-1343/45 година бројот на епископите на

Во *Душановиот законик*, помеѓу останатите нешта, била регулирана и положбата на црковните лица, а решенијата на црковната власт добиле сила на државен закон. Свештенството, особено повисокото, уживало високи почести и покровителство од страна на граѓанската власт. Епископите имале широки компетенции во рамки на своите епархии, речиси независно од световната власт. Според членот 34 од Законикот, епископскиот суд имал право да ги разгледува и сите граѓански процеси на црковните парици. Свештенството учествувало и во парниците на световниот суд чиј претседавач бил управникот на градот – кефалијата. Со повеќе закони Душан ја гарантирал и неприкосновеноста на црковните имоти. Сите црковни имоти биле ослободени од "мали и големи работи", а со нив во епархиите управувале помесните архиереи – епископи.[716]

Во периодот кога Струмица и Струмичко се наоѓаат во границите на државата на Драгашите со сигурност знаеме дека функционирале две епископии: Велбужката (Бањска) и Струмичката (Водочка) која и понатаму му била потчинета на Охрид[717], и една митрополија, Мелничката, под јурисдикција на Цариградската Патријаршија. Двете наведени епископии ги покривале, во црковна смисла, северните и централните области во државата на Драгашите. Недостатокот од изворни податоци не дозволува да се прецизираат границите помеѓу двете епископии. Меѓутоа од повелбата на Стефан Душан за црквата Св. Богородица во Габрово,[718] во подножјето на Беласица, од мај 1349 година, побарана од епископот на Велбужд, Калиник, разбираме дека подножјето на Беласица влегувало во рамки на неговата – Велбужката епископија која изгледа во тој период била под јурисдикција на Пеќската Патријаршија[719]. Податокот дека токму епископот успеал да издејствува повелба во полза на оваа црква покажува дека тој бил надлежен за споменатата област, и покрај фактот што не можеме да утврдиме кои

---

Охридската Архиепископија се намалил на 9. Струмичката епископија останала под јурисдкикција на Охрид, Ј. Белчовски, *Охридска Архиепископиа*..., 388.

[716] А. Соловјев, *Законодавство Стефана Душана*..., 401-409.

[717] Ј. Белчовски, *Охридската Архиепископија*..., 394.

[718] С. Новаковић, *Законски споменици*..., 758-760; *Actes de Saint-Pantéléèmôn*..., 162-164.

[719] Х. Матанов, *Княжеството на Драгаши*..., 190.

делови од пошироката Струмичка област влегувале во рамки на неговата епископија.

За тоа дека Струмичката (Водочката) и Велбужката епископија (Бањаската) се допирале сведочи и судското решение од Струмица, од 1375-1376 година.[720] Знаеме дека по налог на Константин Драгаш и на неговата властела, Струмичкиот епископ Данаил и Велбужкиот Григориј, заедно со приставот на Струмичкиот кефалија Станко и бољарите од Струмица, требало да разграничат некои спорни имоти. Во два од случаите опишани во судското решение, за разграничувањето на имотите, учествувале и двајцата епископи, додека во третиот само епископот на Струмица. Логично објаснение би било дека во првите два случаи станува збор за имоти кои се наоѓале до границите на двете епископии, а во третиот, се работи за имот кој влегувал во диоцезата само на Струмичкиот епископ. Спорните имоти биле расположени во околината на Струмица и северно од градот. Можеме да претпоставиме дека во црковна надлежност на Велбужкиот епископ се наоѓале Малешевијата (или делови од неа) и можеби и областите во северниот брег на реката Струмица додека во надлежност на Струмичкиот епископ влегувале областите во средниот и долниот тек на реката и секако оние на левата страна од течението на реката Струмица. Во секој случај не сме во можност да ги утврдиме точните граници на териториите на овие епископии. Се чини дека териториијата на Велбужката диозеца била поголема од територијата на Струмичката ако имаме на ум дека нејзино седиште бил градот Велбужд.

Заслужува да се одбележи и фактот дека во судското решение епископите се титулирани како Водочки и Бањски. На што се должи ваквиот титулар? Во сите претходни споменувања на Струмичката епископија и на нејзиниот епископ во црковните и во световните документи, тој ја носи титулата: епископ на Струмица или на Тивериупол. Не е спорно дека Водочкиот комплекс бил старо седиште на Струмичкиот епископ и дека нема никаква основа да се смета дека тој станал седиште на епископијата во времето на Драгашите, та оттука по аналогија на тоа,

---

[720] А. В. Соловјев, *Одабрани споменици*..., 169-171.

епископот да ја стекнал титулата епископ Водочки.[721] Од друга страна сосема идентична е и ситуацијата со епископот Бањски односно Велбужки.

Судските одлуки се и последниот за нас познат документ во кој се споменуваат Струмичкиот епископ и Струмичката епископија, во периодот којшто е предмет на нашето истражување. Иако скудни податоците од изворите дозволуваат да се каже дека епископијата, независно од различните политички и црковни промени со кои била зафатена Струмичката област, функционирала речиси непречено како диоцеза на Охридската Архиепископија. Имињата на нејзините епископи не случајно се среќаваат во редица различни по карактер и содржина извори. Тоа ни дава за право да констатираме дека во еден исклучително долг период епископијата на Струмица, во чии рамки живеело главно словенско население, имала важно место во рамки на Архиепископијата и активно учествувала во различните сфери од духовниот и световниот живот на Струмичката област.

### 6.3. Црквите и манастирите во Струмичката област

Големите промени коишто се случувале во општествениот живот на доцната Антика и рана Византија несомнено влијаеле и врз архитектурата како на профаните така и на сакралните градби. Христијанството како нова и широко прифатена религија извршило големо влијание во духовниот и културниот живот на Царството. Со негова популаризација, религијата од отворениот простор на јавниот олтар постепено се преселува во затворениот простор на црковните зданија. Внатрешноста на црквата започнува да биде интерпретирана од страна на теолозите и веројатно и обичните луѓе како своевиеден микрокозмос. Годишните, неделните и дневните литургии ја претставувале цикличната природа на времето.[722]

---

[721] Х. Матанов, *Княжеството на Драгаши...*, 193.

[722] A. P. Kazhdan - A. W. Epstein, *Change in Byzantine Culture...*, 3-10; A. Kazhdan - G. Constable, *People and Power...*, 76-95.

Според М. Елијаде, големиот историчар на религиите, христијанската базилика, и, подоцна катедралата, истовремено го подражаваат небесниот Ерусалим и го пресликуваат Рајот или небесниот свет. Козмолошката структура на сакралната градба многу добро се огледа токму на примерот на византиската црква. Четирите внатрешни делови на црквата ги симболизираат четирите главни страни на светот. Внатрешноста на црквата е Универзум/Козмос. Олтарот е Рај којшто се наоѓа на исток. Всушност, како што истакнува Елијаде: "византиската црква го отелотворува и истовремено го сакрализира Светот".[723]

Христијанските јавни градби, во зависност од нивната намена, можат да се поделат на два вида. Едните, коишто биле најголеми и најраспространети и коишто служеле за основно култно собирање на христијанската заедница, и другите, т.н. мемории, мартириуми и крстилници во кои доаѓал верникот, поединец. Карактеристичната градба за првиот вид е позната под општиот назив, базилика. Вториот вид го сочинувале градби со централен план и со скромни размери според најголемиот број од сочуваните примери.

И покрај различните теории и претпоставки во науката, потеклото и начинот на образување на христијанската базилика се уште останува енигма. Ако накратко се сумираат основните претпоставки во врска со овој проблем ќе се види дека: 1. едни ја поврзуваат христијанската базилика со римската цивилна базилика; 2. други сметаат дека таа е потполно независно формирана култна градба за потребите на новата религија; 3. во условно третата група на хипотези спаѓаат различните еклектички теории.[724] Во секој случај сметаат Кораќ – Шупут, неспорно е дека христијанската базилика е дело на градската средина. Градските населби биле организирани како целини во кои, за сите јавни работи, било неопходно собирањето на голем број жители. Оттука, и првите христијански базилики изградени на важни култни места во градските или

[723] М. Елијаде, *Свето и Профано,*Нови Сад 1986, 83-85; M. Eliade, *Okultizam, magija i pomodne kulture*, Zagreb 1983, 31-48.
[724] В. Кораћ - М. Шупут, *Архитектура византијског света*, Београд 1998, 16-17, f.n. 5.

близу градските средини имале големи размери согласно јасно формулираната општествена потреба.[725]

Во Македонија како старохристијанско седиште според видот и типот на богатиот археолошки материјал се среќаваат неколку видови на базилики. Базилики ad corpus од крајот на IV век, што го окружуваат гробот, прекриени со крипта што го надкрилува самиот гроб и коишто според формата се блиски на примитивните мавзолеи. Втората поголема група се т.н. цеметеријални базилики кои вообичаено биле подигнувани надвор од ѕидините на градските населби. Цеметеријалните базилики во олтарниот простор го чуваат гробот на маченикот или моштите и реликвиите на некој прочуен или локален маченик. Ваков вид на базилики се пронајдени во близината на Стоби, Баргала, Хераклеја, потоа во близината на Мородвиз, Демир Капија, Охрид, и секако базиликата како дел од комплексот на старохристијански цркви посветени на Св. Петнаесет маченици од Струмица. Најголемиот број откриени базилики во Република Македониј спаѓаат во редот на т.н. урбани базилики од кои само мал дел е детално и целосно истражен. Вакви базилики се откриени во големиот епископски центар – Стоби, потоа епископската базилика во Баргала и др.[726]

Во Струмичкиот регион се среќаваат неколку старохристијански базилики и цркви. Остатоци на базилики од овој ран период се пронајдени во селото Баница на локалитетот Китка,[727] потоа во северниот дел на локалитетот Тумба (с. Гечерлија) каде покрај доцноантичката населба се откриени и темели од старохристијанска базилика, веројатно од IV – V век;[728] на 3 км. јужно од селото Дукатино, на западната страна од локалитето Чуј Петел исто така е откриена доцноантичка населба и темели од старохристијанска базилика;[729] темели од старохристијански базилики се пронајдени и во селата Нова Маала и Ново Коњарево[730]

[725] В. Кораћ - М. Шупут, *Архитектура*..., 18-20; C. Mango, *Byzantium*..., 105-107.
[726] Б. Алексова, *Loca Sanctorum*..., 12-14.
[727] *Археолошка карта на Република Македонија*, т. II, Скопје 1996, 401.
[728] *Археолошка карта*, т. II ..., 406; I. Mikulčić, *Tabula Imperii Romani*..., 56.
[729] *Археолошка карта*, т. II ..., 407.
[730] Ibidem..., 408-409.

додека две старохристијански цркви се откриени во близината на селата Костурино и Мокриево.[731]

Меѓутоа, најрепрезентативен споменик од Струмичката област несомено претставува комплексот на старохристијански цркви посветени на Св. Петнаесет Тивериополски маченици. Мачениците биле закопани во доцноантичка некропола, во една ареа мартириум, каде што се закопувале христијаните. Врз гробовите била изградена архитектонска градба - трикорабна базилика како култна градба, мартириум со базиликален план, типична за IV век. Во големата засводена гробница под земја, сместена во наосот на базиликата е насликан колективен погребен портрет на 15-те маченици. Се претпоставува дека овој колективен портрет потекнува од крајот на IX или од почетокот на X век, и од времето на Теофилакт Охридски од XII век. Трикорабната базилика како како најстар архитектонски црковен објект подоцна била надградена – над неа била изградена крстовидна црква со масивни ѕидови и столбови од камен зачувани во основата, најверојатно од почетокот на VI век. Според археолозите ова е најстар начин на изградба на христијански храм на Медитеранот и на Балканот.[732]

“Златниот” период за Струмица и Струмичката епископија во однос на сакралните градби се XI и XII век кога на територијата на цела Македонија се обновуваат, реставрираат или подигнуваат многу нови цркви.[733] За разлика од Охридско-Преспанскиот регион кој изобилува со импресивни споменици, било според бројот на сочувани цркви, било според монументалноста на живописот, за Струмица и Струмичко не можеме да го кажеме истото. Меѓутоа она што го одликува овој регион, е присутноста на континуитетот на културните слоеви на сакралните градби.

Иако за манастирот во селото Водоча речиси и да не постојат пишани документи, благодарејќи и на археологијата ние сме во можност

---

[731] *Археолошка карта* т. II.., 408; I. Mikulčić, *Tabula Imperii Romani…*,74.

[732] Д. Коцо – П. Миљковиќ-Пепек, “Резултати од археолошките ископувања…, 83-96; Ц. Грозданов, *Портрети на светителите…*, 135-136; Б. Алексова, *Loca Sanctorum…*, 161-169.

[733] Времето на Комнините се одликува со големо влијание на црквата врз општетството, Тоа смета М. Анголд е една од причините за обновувањето ан старите и градењето на нови цркви и манастири, M. Angold, *Church and Society…*, 1-13; 302-317.

да кажеме нешто поконкретно за овој манастир кој во определен период бил и седиште на Струмичкиот епископ. Денешниот надворешен изглед на црквата Св. Леонтиј го доловува некогашниот сјај. Но, внатрешниот амбиент со мноштво од фрески, мермерниот иконостас, големите престолни икони, богатството на светите садови, црковниот мебел и богослужбените предмети и др. се засекогаш неповратно изгубени.[734] За подигањето на црквата не постојат точни историски податоци. Всушност, станува збор за комплекс Водочки цркви со три фази на изградба. Најстарата е на источната страна, веројатно VII- IX век, од која е сочуван само мал фрагмент во денешниот олтарен дел и која веројатно од темели била обновена во X век во времето на Самуил. Втората фаза е кога била урната првобитната базилика и во првата половина на XI век, околу 1037 година кон западната страна била подигната црква во облик на впишан крст, посветена на Воведението на Пресвета Богородица.[735] Аналогни примери на ваков тип на градба во Македонија од соодветниот период се среќаваат во Преспа, Костур, с. Теранци и др. Според повеќето научници хронологијата на фреските од западната црква потекнува од приближно истиот период на XI век кога се изработени и фреските во охридска Св. Софија.[736] Заради сличностите во ликовниот израз на живописот во охридска Св. Софија, во црквата во Водоча и црквите св. Софија во Солун и Софија, историчарите на уметноста допуштаат да се претположи дека Македонија – заедно со центрите во Охрид и Солун, во првата половина на XI век поседувала едно сопствено сликарско ателје. П. Миљковиќ – Пепек е дури на мнение дека во ова т.н. општо балканско сликарско ателје се чувствува присуство на повеќе ликовни компоненти: “цариградското, солунското, традиционалното македонско со општословенски акцент и

---

[734] Од некогашниот величествен живопис на црквата денес се сочувани неколку мали фрагменти. Фотодокументацијата што била направена во 1914 година кога се уште биле видливи големи површини од фреските овозможува да се согледаат композиите како што се: Влегување во Ерусалим, Четириесет маченици, Богородица Милостива, потоа неколку ликови на светители на југозападниот столб и во олтарот и др. Повеќе во: Л. Милетич, “Струмишкитъ манастирски черкви…, 35-41.

[735] П. Миљковиќ-Пепек, “Водоча…, 26-36.

[736] В. Ј. Ђурић, *Византијске фреске у Југославији*, Београд 1974, 11. Фреските на Св. Софија во Охрид се влезени и во сите општи прегледи на византиската уметност. Прегледот на постаратата релевантна библиографија е даден во цитиранава студија на страна 180.

малоазискотo".[737] Кон крајот на XI или почетокот на XII век дошло до проширување на западната црква, при што била изградена голема источна крстообразна црква (средна водочка црква или Св. Леонтиј) со монументален живопис врз кој, во XIII и XIV век се направени делумни интерполации.[738]

Особено интересна за анализа е претставата на Св. Четириесет маченици пронајдена токму во средната водочка црква која и самата му била посветена на еден од мачениците-воини, св. Леонтиј. Овој ранохристијански култ бил почитуван во Византија во XI и во XII век. Оттука не зачудува и фактот што не само во центарот на Светот (Цариград), култот на овие маченици-воини бил пренесенуван и на периферијата на Царството. Уште поинтересно е што во релативна близина на Водоча, во селото Банско под падините на Беласица била подигната и црква посветена на Св. Четириесет која била градена како епископска.[739] Освен во Струмичко, каде дури има и еден топоним Св. Четириесет, циклусот на страдањата на мачениците бил живописан и во проскомидијата на охридска Св. Софија,[740] а во Охрид е откриена и икона со нивна претстава.[741] Неодамна е откриена и црква исто така посветена на овие маченици.[742]

За разлика од охридска Св. Софија, во црквата Св. Леонтиј, мачениците се живописани во наосот, поблизу до очите на верниците од Струмичкиот крај. Д. Коцо и П. М. Пепек претпоставуваат дека не

---

[737] П. Миљковиќ-Пепек, "Водоча..., 36. За одделните мислења, види: В. Ј. Ђурић, *Византијске фреске...*, 9, f.n.3, 180-181.

[738] П. Миљковиќ-Пепек, op.cit. 38-42. Голема благодарност до вработените во ИН ДОК Центарот при Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, кои ми излегоа во прсерет овозможувајќи ми да ги ползувам последните извештаи од археолошките ископувања на локалитетот Водочки цркви направени во периодот 1999-2003. Од периодот на егзистирањето на средната Водочка црква, на локалитетот Св. Леонтиј, археолозите открија и два печата, датирани кон крајот на XI и почетокот на XII век, веројатно како дел од архивата на епископот Мануил или неговиот наследник. Види: Ј. Ананиев, "Два Византиски печата од Водоча кај Струмица", *МАА 15/1996-1997*, 331-336.

[739] Д. Коцо - П. Миљковиќ-Пепек, "Новооткриената црква на локалитетот "Св. Четириесет" во селото Банско – Струмичко", *Зборник на трудови*, Струмица, 1989, 65-68; А. Цицимов, "Мермерната олтарна преграда во црквата Св. Четириесет Севастиски маченици во Банско", *Зборник на трудови...*, 101-103; Б. Алексова, *Loca Sanctorum...*,169-171.

[740] Ц. Грозданов, *Студии за Охридскиот живопис...*, 42, 56; В. Ј. Ђурић, *Византијске фреске* ..., 10; idem *Црква св. Софије у Охриду*, Београд 1963, 2, 38.

[741] V. J. Djurić, *Icônes de Yuogoslavie*, Beograd 1961, 83.

[742] Б. Алексова, *Loca Sanctorum...*, 171.

случајно, најнапред во Охрид, а потоа и во Струмичкиот крај , во изразено словенски средини, црквата го негувала овој култ на византиските цареви, кој всушност ја симболизира и нивната победа над секој нивен непријател. Споменот за големата победа на Василиј I на Беласица наспроти трагичната судбина на Самуиловите војници, суптилно се пренесувал и низ иконографските претстави на Св. Четириесет маченици.[743]

Третиот според репрезентативност споменик од Струмица е секако манастирот посветен на Богородица Милостива кој всушност, од различни перспективи и во различни контексти го споменуваме во неколку поглавја од нашето истражување. Тој можеби и најмногу му припаѓа на златното време за монаштвото, односно Комнинскиот период. Речиси и да не постои студија во која се третираат проблемите на византискиот единаесетти век во која, во еден или во друг контекст, не се споменува овој манастир. Во извонредната и референтна монографија *Велјуса* посветена на овој средновековен манастир, се сублимирани и анализирани голем број расположиви писмени и материјални извори.

Во контекст на темата на ова поглавје ќе кажеме дека архитектурните белези на црквата се крактеристични за манастирските цркви градени за монашки потреби во Византија. Основана и изградена од Струмичкиот епископ, Мануил, современик на охридскиот архиепископ Теофилакт, во 1080 година, таа не само што претставува пример за најстара зачувана фасадна декорација во Македонија туку и заради четириконхалната основа, со осмоаголна купола, и многу ретка градба од ваков вид во Македонија. Нартексот и јужниот параклис на црквата датираат од 1080 година, а во доста оштетениот живопис се издвојуваат фрески од два периода. Првиот од времето на нејзиното подигнување од кога датираат делумно сочуваните фрески на "Слегување во адот", "Богородица Оранта", "Христос Пантократор" и др. Фрески од втората фаза се наѕираат на западниот и северниот ѕид од јужниот трем. Во внатрешноста на црквата се сочувани оригинални делови од најстариот мермерен иконостас и фрагменти од мозаичните декорации на подот. Во

[743]П. Миљковиќ-Пепек,"Водоча...,47-48;Д. Коцо - П. Миљковиќ-Пепек, "Новооткриената црква..., 66-67.

својата историја црквата била повеќе пати доградувана помеѓу XII и XIV век, а последните обновувања се случуваат во XIX и XX век.[744]

Уште две средновековни цркви во Струмичко и биле посветени на Св. Богородица. Едната за која според живописот, но и според изворните податоци, се претпоставува дека и била посветена на Богородица се наоѓа во темелите на Орта џамија, во стариот дел на денешна Струмица. Се претполага дека откриените остатоци од црквата, временски припаѓаат на XII – XIII век. На поголем дел од ѕидовите има остатоци од фрескоживопис на кои се препознаваат неколку ликови посветени на Милостивата. Во повелбите на Стефан Душан и на Јован Кантакузин се вели дека во градот Струмица имало уште една црква посветена на Милостивата. Археолозите претпоставуваат дека веројатно се работи токму за локалитетот Орта џамија.[745] За другата црква посветена на Св. Богородица Одигитрија, разбираме од грамотата на Стефан Душан од 1345 година. Властелинот Рудл во селото Боруево ја подигнал оваа црква и таа заедно со сите негови имоти, по неговата смрт требало да премине во владение на Хилендар.[746] За оваа црква не постојат современи археолошки наоди.

Во изворите, поточно во една од повелбите на Драгашите за Светогорскиот манастир Пантелејмон, дознаваме дека во XIV век во градот Струмица имало црква посветена на Св. Стефан, чиј ктитор бил градскиот првенец, кнезот Кириак. Во 1378 година браќата Драгашите му ја приложиле оваа црква на манастирот Пантелејмон.[747]

Ако накратко се присетиме на историјата на Струмичката епископија според пишаните извори, кои беа релативно скромни и фрагментирани, гледаме дека сликата за епископијата се вообличува и добива поконкретни димензии токму преку црквите и култовите на светители во чија чест и славење биле подигнати храмовите за кои говоревме погоре. Како старо христијанско седиште и подоцна седиште на

[744] П. Миљковиќ-Пепек, *Велјуса*..., 129-248.
[745]*Археолошка карта* т. II.., 409-410; М. Атанасова, "Континуитет на сакрална градежна активност на Орта џамија во Струмица", *МАА, 15/1996-1997*, 325-332; "Заштитно археолошко истражување на локалитетот Орта џамија", Извештај од работата на одделот за археологија при Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј Струмица за 2003 година.
[746] С. Новаковић, *Законски споменици*..., 410-411; Л. Славева – В. Мошин, *Српски грамоти*..., 137-139.
[747] *Actes de Saint-Pantéléèmôn*...,116.

епископија во чија јурисдикција влегувале црквите во Водоча и Вељуса, потоа црквите на Св. Петнаесет, на Св. Четириесет маченици, на Св. Богородица, Св. Стефан и се разбира уште некои други помали цркви, градот Струмица како што забележала Б. Алексова :..”покажува тенденција за создавање на еден голем центар за поклонение и ходочастие и големо црковно средиште... во словенскиот среден век”.[748]

## 6. 4. Краток преглед и идентификација на селата и селиштата во Струмичкиот регион

Дел од селата и селиштата во Струмичкиот крај потекнуваат уште од средновековието. За нив најмногу разбираме од повелбите на светогорските манастири, Ивирон, Хилендар и Пантелејмон, кои располагале со имоти во овој крај и секако од богатата архива на манастирот св. Богородица Милостива, кој во XIII век, со се неговите имоти станал владение на манастирот Ивирон. Во ова поглавје ќе се задржиме на подетелниот преглед на определени топоними во Струмичкиот крај, за кои имаме податоци во различните видови средновековни извори и кои најчесто се споменуваат и во османлискиот период.

БОРУЕВО - селото е расположено источно од градот Струмица, на левиот брег од левата Струмица. Називот ан селото веројатно за прв пат се споменува во една повелба на Стефан Душан од 1345 година издадена во прилог на светогорскиот манастир Хилендар.[749] Називот на селото, кое постоелое и во османлискиот период,[750] со мали фонетски модафикации (Бориево/Бориово) останува до денешни дни.[751]

---

[748] Б. Алексова, *Loca Sanctorum*..., 172.

[749] С. Новаковић, *Законски споменици*..., 410-411;

[750] *Турски документи за историјата на македонскиот народ. Опширни пописни дефтери од XVI век за Ќустендилскиот санџак*,, т. V, кн. III, превод, редакција и коментари, А. Стојановски, Скопје 1982, 204-205.

[751] Д. Митева, *Топонимијата на Струмичко*..., 28; М. Панов, *Селата во Република Македонија*, кн. 1, Скопје 1993,

БОРИСОВО – селото се наоѓа во непосредна близина на селата Мокриево и Мокрино, јужно од реката Струмица. Во XIV век селото било предмет на спор помеѓу светогорските манастири Хилендар и Пантелејмон. Се споменува во една даровна повелба на Драгашите на рускиот манастир Пантелејмон од 1376/1377 година.[752] Во турските документи се среќава запишано како Порисово.[753] Селото под истото име – Борисово и на истото место постои и денес.[754]

БРУСНИЦА/БРЕЗНИЦА – селото се споменува во практикот на Цангицаки од 1152 година.[755] Ова село, исто така се споменува во една повелба на Андроник II Палеолог од 1293 година[756] и во една повелба на манастирот Хилендар од 1374 година. Според податоците во повелбата селото приближно може да се локализира североисточно од градот Струмица - од десната страна на реката Струмица.[757] Селото не се споменува во турските документи.

ВОДОЧА - современото име на ова село во Турските документи е запишано под формата Водици.[758] Во нецелосниот Практик за париците на Ивирон од 1320 година, во регионот на Струмица, се забележени еден топоним Βοδἒτζα и еден хидроним – поточно едно мало поточе Βοδέτζης.[759] Приредувачите на актите на Ивирон сметаат дека средновековниот топоним Βοδέτζης коренспондира со современето село Водоча, сместено 4 км северозападно од Струмица.[760] Загатливо е прашањето зошто топонимот Водоча не се појавува во други средновековни документи.

ГАБРОВО – името на селото во истата форма што ја има и денес (Габрово)[761] е забележено во една повелба на Стефан Душан од 1349

---

752 С. Новаковић, *Законски споменици...*, 510-512; *Actes de Saint-Pantèlèèmôn…*, 169-174.
753 *Турски документи* т. V, кн. III..., 178; Д. Митева, *Топонимијата на Струмичко…*, 28-29.
754 М. Панов, *Селата…*, кн. 1,271.
755 *Actes d'Iviron III…*, 80.
756 *Actes de Chilandar I, des origins à 1319*, ed. M. Živojinović, V. Kravari, C. Giros, Paris 1998, 147.
757 Повеќе за повелбата и за локализацијата на селото во: M. Živojinović, "Le conflict entre Chilandar…, 237-239.
758 *Турски документи* т. V, кн. II…, 80-82.
759 *Actes d'Iviron III…*, 250.
760 Ibidem…, 45; 243.
761 Д. Митева, *Топонимијата на Струмичко…*, 31-32; М. Панов, *Селата…*, кн. 1, 271.

година и во две повелби на браќата Драгаши, едната од 1372-1375 и другата од 1376/1377 година.[762] Сместено во подножјето на планината Беласица, јужно од реката Струмица, селото во континуитет постоело и во Османлискиот период.

ДАБИЉА – селото кое постои и денес е сместено во непосредна близина на Струмица, на левиот брег од реката Струмица.[763] Податоци за ова село не се среќаваат во средновековието, за кое, пак, од друга страна, постојат податоци од Османлискиот период.[764] Името Дабиља е изведено од личното име Дабил (< Дабижив) со посредство на суфиксот – ја.[765] Интересно е да се одбележи дека во времето на владеењето на Драгашите, кефалијата на градот Струмица се викал Дабижив.[766]

ЗУБОВО – Во актите на светогорскиот манастир Св. Пантелејмон селото се среќава и под името Зубовце.[767] Локализирано е јужно од реката Струмица – југоисточно од градот Струмица. Селото постоело и во османлискиот период и истото постои и денес.[768]

КАЛУЃЕРИЦА - селиште, се споменува во една повелба издадена од Стефан Душан на манастирот Хилендар, со која на манстирот му се потврдуваат имотите што претходно му ги подарил Хрељa.[769] Се наоѓало на север од Струмица, поточно југо-источно од Радовиш. Во шенасесеттиот век според Турските документи за струмичката нахија, селото се делело на Долна и Горна Калуѓарица.[770] Селото постои и денес во рамки на општината Радовиш.[771]

---

762 С. Новаковић, *Законски споменици*..., 758-760; 513-515; 510-512; *Actes de Saint-Pantèlèèmôn*..., 163-164; 170, 172-173.
763 М. Панов, *Селаша*..., кн. 1..., 272.
764 Во пописниот дефтер од XVI век за Ќустендилскиот санџак, односно во делот за Струмичката нахија, селото е забележено под името Дабилјани. *Турски документи* т. V, кн. II..., 89.
765 Д. Митева, *Топонимијата на Струмичко*..., 33.
766 А. В. Соловјев, *Одабрани споменици*..., 170.
767 С. Новаковић, *Законски споменици*..., 510-512; *Actes de Saint-Pantèlèèmôn*..., 169-174.
768 *Турски документи* т. V, кн. II...,37; Д. Митева, *Топонимијата на Струмичко*...,39; М. Панов, *Селата*, кн. 1..., 270.
769 Л. Славева – В. Мошин, *Српски грамоти*..., 132.
770 *Турски документи* т. V, кн. II...,46.
771 М. Панов, *Селата*..., кн. 1, 231.

КОНТАРАТ – ова село се споменува во практикот на Цангицаки и за него се вели дека било под управа на Радовисд (Радовиш).[772] Локализацијата на ова село може тешко да се утврди. Според приредувачите на актите на Ивирон, можно е ова село да се наоѓало, југоисточно од Радовиш.[773] Во турските документи за Струмичката нахија не е забележано село со вакво име.

КУНАРАНИ – Селото се споменува во неколку повелби од XIV век како дел од имотите на Хилендар во Струмичкиот крај.[774] Според овие документи селото се наоѓало во близината на селото Секирник, северно од реката Струмица. Некои од учените ова село го доведувале во врска со денешното село Коњарево кое на старите карти било забележено под формата Конарено. Меѓутоа проблемот е во тоа што селото Коњарево се наоѓа јужно од реката Струмица така што тешко дека станува збор за истото село.[775] Во секој случај инетресно е да се одбележи дека месниот изговор за селото Ново Коњарево (Ново Кунаране – населба образувана после првата светска војна, северно од реката Струмица) е Ново Кунаране. Името на ова село е секундарно и било пренесено од соседното село Кунаране, поточно од месниот изговор за селото Коњарево – јужно од реката Струмица. [776] Во Турските документи не е забележено село ниту под име Кунарани ниту пак Коњарево.[777]

КУКЛИШ - селото за прв пат се споменува во нецелосниот практик за Струмичкиот крај на манастирот Ивирон, од 1327 година, под називот: Κοκλίζιον.[778] Издавачите на актите на Ивирон сметаат дека се работи за денешното село Куклиш сместено југоисточно од Струмица. Инаку селото под формата Куклиш е запишано и во Турските документи, што дава за

[772] Actes d'Iviron III..., 79-81.
[773] Ibidem..., 74.
[774] С. Новаковић, *Законски споменици...*, 402;436-437; Л. Славева – В. Мошин, *Српски грамоти...*, 134; 142-143.
[775] С. Ћирковић, "Хрељин поклон..., 111.
[776] Д. Митева, *Топонимијата на Струмичко*...42.
[777] *Турски документи*, т. V, кн. III...,33-38.
[778] *Actes d'Iviron III...*, 249.

право да се тврди дека тоа континуирано постои од средновековието до денешни дни.[779]

ЛЕАСКОВИЦА – селото за прв пат се споменува во практикот на Цангицаки во 1152 година.[780] Се претпоставува дека се наоѓало западно од градот Струмица, во близината на сегашното село Лесковица во правец на селото Конче.[781] Селото не е се споменува во Турските документи од XVI век.

МАКРИЕВО – село локализирано јужно од реката Струмица. Во времето на Драгашите, околу 1376/1377 г. селото му било подарено на светогорскиот манастир Пантелејмон.[782] Под истото име и на истото место – јужно од реката Струмица, селото е набележено и во турските документи.[783] Селото постои и денес.[784]

МОКРИНО – локализирано во непосредна близина на селото Макриево, ова село, исто така се споменува во даровната повелба на Драгашите на манастирот Пантелејмон.[785] Селото е набележено и во турските документи под името Мокрени и истото постои и денес.[786]

ПАЛЕОКАСТРО - Ова село се споменува за прв пат во втората повелба на Алексиј I Комнин издадена во 1106 година.[787] Истото се наоѓало во непосредна близина од северната страна на сегашното село Велјуса (североисточно од Струмица) каде и денес може да се забележат остатоци од некоја постара населба. Според гледиштето на Л. Пети[788], коешто го

---

[779] *Турски документи*, т. V, кн. III…, 136; М. Панов, *Селата…*, кн. 1, 269.
[780] *Actes d'Iviron III…*, 79-81.
[781] П. Миљковиќ – Пепек, *Велјуса…*, 51-53; 277
[782] С. Новаковић, *Законски споменици...*, 510-512; *Actes de Saint-Pantèlèèmôn…*, 169-174. Приредувачите на актите на Пантелејмон приложуваат и детална анализа за локализацијата на ова село според средновековните документи.; А. В. Соловјев, *Одабрани споменици...*, 169-170.
[783] *Турски документи* т. V, кн. III…, 119, f.n. 64; cf. Д. Митева, *Топонимијата на Струмичко…*, 39.
[784] М. Панов, *Селата…*, кн. 1, 271.
[785] С. Новаковић, *Законски споменици...*, 510-512; *Actes de Saint-Pantèlèèmôn…*,169-174; А. В. Соловјев, *Одабрани споменици...*, 169-170.
[786] *Турски документи*, т. V, кн. III…, 72; Д. Митева, *Топонимијата на Струмичко…*, 40; М. Панов, *Селата…*,271.
[787] L. Petit, "Le Monastère de Notre-Dame…, 27; П. Миљковиќ-Пепек, *Велјуса…*, 256.
[788] L. Petit, op. cit. 28.

прифаќа и П. Миљковиќ-Пепек од ова село подоцна било создадено и денешното село Велјуса, наречено според манастирот на Св. Богородица Милостива (Елеуса) подигнат во XI век. Селото Палеокастро се среќава и во подоцнежните документи од византиска провиниенција, како на пр. во нецелосниот практик за имотите на манастирот Ивирон во Струмичкиот крај од 1320 година.[789] Како можна потврда на гледиштето на Л. Пети, за идентификацијата на Палеокастро со Велјуса – можно е да се работи за една и иста локација, со две именувања на грчки и на словенски јазик, која со текот на времето го сочувала словенскиот топоним – можат да ни послужат и турските документи. Во опширниот пописен дефтер за Ќустендилскиот санџак од XVI век,[790] во рамки на Струмичката нахија, се споменува селото Вељуса, забележено под името Велуса (Велуша), речиси на истото место каде што се наоѓало Палеокастро - североисточно од Струмица. Селото Вељуса постои и денес.[791]

РОБОВО – името на селото за прв пат се среќава во грамоти од средината односно од втората половина на XIV век.[792] Селото е локализирано во непосредна близина на исток од градот Струмица, на левиот брег на реката Струмица. Селото постои и денес, а токму на истото место го забележале и Османлиите во пописниот дефтер за Ќустендилскиот санџак.[793]

РУЛИНА – селиште/месност, се споменува во практикот на Цангицаки од 1152 година. Некои од учените го поистоветуваат со сегашното село Рич, расположено на 7 км, североисточно од градот Струмица.[794]

СЕКИРНИК – ова село се споменува во неколку повелби на српските владетели од XIV век како дел од имотите на светогорскиот манастир

---

[789] *Actes d'Iviron III…*, 243-244.
[790] *Турски документи* т. V, кн. II,…, 14; Д. Митева, *Топонимијата на Струмичко…*, 30.
[791] М. Панов, *Селата*, кн. 1…, 268-273.
[792] С. Новаковић, *Законски споменици...*, 410-411; *Actes de Saint-Pantèlèèmôn…*, 170, 172; Д. Митева, *Топонимијата на Струмичко…*, 45-46.
[793] М. Панов, *Селата*, кн. 1, 271; *Турски документи* т. V, кн. II, 224-227.
[794] L. Petit, L. Petit, "Le Monastère de Notre-Dame…, 10; П. Миљковиќ-Пепек, *Велјуса…*, 51, f.n. 126.

Хилендар во Струмичкиот крај.[795] Според податоците во повелбите селото се наоѓало на исток од градот Струмица односно на север од реката Струмица во Струмичкото поле. Селото постоело и во Османлискиот период за што сведочат Турските документи.[796] Селото постои и денес и е едно од поголемите села во Струмичкиот регион.[797]

СУШИЦА – Ова село кое постои и денес[798], се наоѓало/наоѓа во непосредна близината на селото Секириник – источно од градот Струмица, северно од реката Струмица. Селото за прв пат се споменува во даровната повелба на Драгашите за манастирот Пантелејмон датирана околу 1372-1375 година.[799] Селото е забележено и во Турските документи.[800] Едно село Сушица се споменува и во нецелосниот практик за париците на Ивирон во Струмичкиот регион. Меѓутоа од контекстот се гледа дека селото се наоѓало во регионот на селото Палеокастро – Велјуса, на српотивната страна од погоре споменатото село Сушица.[801]

ШТУКА – името на селиштето, најверојатно за прв пат, се споменува во една повелба на Стефан Дечански од 1328 година.[802] Сместено на исток од Струмица, на десниот брег од реката Струмица, ова селиште/село се споменува и во Турските документи под името Иштука.[803] Селото постои и денес.[804]

---

[795] С. Новаковић, *Законски споменици*..., 400-401; 422, 437; А. В. Соловјев, *Одабрани споменици*..., 171; Д. Митева, *Топонимијата на Струмичко*..., 47-48.
[796] *Турски документи* т. V, кн. II...,158.
[797] М. Панов, *Селата*, кн. 1..., 272.
[798] Ibidem..., 270.
[799] С. Новаковић, *Законски споменици*..., 513; *Actes de Saint-Pantèlèèmôn*..., 172; Д. Митева, *Топонимијата на Струмичко*..., 51-52.
[800] *Турски документи* т. V, кн. II...,156-157.
[801] *Actes d'Iviron III*..., 244-245; 247. За топонимите во регионот на с. Вељуса повеќе во: К. Пеев, "Поглед врз значењето и образувањето на микротопонимите од Велјус": *Акта Велјуса*..., 201-208, 205-207.
[802] С. Новаковић, *Законски споменици*..., 401;
[803] *Турски документи* т. V, кн. II...,115; Д. Митева, *Топонимијата на Струмичко*...54.
[804] М. Панов, *Селата*, кн. 1...,272.

# ЗАКЛУЧОК

Средновековната историја на Струмица и струмичката област ја проследивме и набљудувавме во контекстот на различните политички, социјални, културни и др. прилики во периодот помеѓу VI и XIV век. Расположена во близина на големата и пловна река Стримон/Струма, во географско и климатско милје коешто на нејзините жители им овозможувало услови за опстанок и остварување на нивната егзистенција, Струмичката област и нејзиниот центар Струмица претставувале и мал јазел од трговски и стратегиски патни комуникации не само за Македонија туку и за значителен дел од Балканскиот Полуостров.

Античките извори на просторот на денешна Струмица и нејзината околина ги споменуваат двата града Астреон и Добер. Со голема веројатност може да се претположи дека во близината на еден од овие два града или пак местото на еден од нив, во средновековието Словените го основале градот кој во византиските извори од подоцнежниот период, најчесто од црковна провиниенција, бил нарекуван Тибериуполис/Тивериупол. Недостатокот на современи изворни податоци не дозволува прецизно да се каже дали уште пред доаѓањето на Словените постоел град по име Тивериупол или пак овој топоним е плод на средновековната имагинација произлезена од култот кон Св. Петнаесет Тивериуполски Маченици. Склони сме да веруваме дека независно од енигмата со двете имиња на градот Струмица/Тивериупол, фактот дека и двата ојконима, понекојпат одделно, понекојпат и истовремено биле употребувани во различни временски периоди, во симболичка смисла ги рефлектира и изразува и двете (словенско-византиски) традиции кои се допираат и воедно се оддалечуваат токму низ нивните лингвистички варијанти.

Раната словенска историја на Струмичката област ја разгледувавме во контекст на доаѓањето и населувањето на Словените во Македонија и нивните релации со византискиот државно-управен и црковен апарат. И покрај скудноста на изворите (писмени и материјални) кои директно би се однесувале на Струмица и Струмичко, за периодот помеѓу VII и IX век, на

мислење сме дека историјата на Струмичката област може најмногу да се доведе во корелација со склавинијата на Стримонците/Струмјаните, расположена во различни делови од течението на Стримон, но веројатно и во долината на малата реката Струмица, чие име по пат на метонимија станало име и за градот Струмица.

Ширењето на бугарската држава во експанзија кон запад, во втората половина на IX век, го променило распоредот на силите во Македонија. Делови од македонските територии преку тематскиот систем (темите Стримон, Нов Стримон, Солун, и др.) и црквата (епископите на Драгувитија, Стримон, Охрид) ги контролирала Византија, додека поголем дел од Македонија влегол во состав на бугарската држава. Познатата сцена од житието на Петнаесетте Тивериуполски маченици, за пренесување на дел од моштите на мачениците од Струмица во новоснованата епископија на Брегалница кон крајот на IX век е недвосмислена потврда дека во конкретниот период Струмица и Струмичко се наоѓале во рамки на бугарската држава.

По колапсот на бугарската држава во 971 година, Византија, на Балканот имала конфликти со еден нов ентитет - Самуиловата држава. Струмица и Струмичко претставувале силно воено, административно и веројатно епископско седиште во рамки на Самуиловата држава. Византиските извори сведочат дека во исцрпувачките воени судири помеѓу Василиј II и војските на Самуил, заробениот наместник на Солун, Јован од Халдеја, во 996 г. бил одведен во заробеништво, во тврдините околу Струмица. Меѓутоа, регионот на Струмица, најмногу преку прочуената битка на Беласица во 1014 година, останал трајно забележан во колективната меморија на македонскиот народ. Воено-стратегиската важност на овој дел од Македонија за Самуиловата држава се огледа и во фактот што после битката на Беласица, царот Василиј на пат кон Струмица ја освоил тврдината Мацукион додека на солунскиот дукс Теофилакт Вотанијат му било наложено да ги спали утврдувањата подигнати на ридовите околу Струмица. Една друга тврдина расположена на падините на Беласица, тврдината Термица била освоена од страна на патрикијот Давид Аријанит во 1015/1016 година. После смртта на Јован

Владислав, во почетокот на 1018 година, царот Василиј повторно ги кренал војските и како што раскажува Скилица "бугарските големци" после смртта на својот владетел сами му се предавале. Тогаш управникот на Струмица, Драгомуж му ги предал тврдините од областа на Струмица на византискиот цар. Вреди да се одбележи дека Струмичкиот регион и градот Струмица всушност паднале меѓу последните во византиски раце, а претходно ниту еднаш не биле заземени.

Триумфот на Василиј II ги отворил портите на византиската експанзија на Балканот така што византиските територии се протегале од среден и долен Дунав до најјужната точка на Пелопонез и од Црното Море се до Истра. За разлика од рановизантиската епоха, како и од времето на подемот на тематското уредување (VII-X век), XI век се издвојува со шаренило на административни единици. Централните области на Самуиловата држава во административна смисла станале тема Бугарија. Може да се претпостави дека Струмица се до првото споменување во изворите како тема, кон крајот на XI век, имала ранг на некоја помала тематска единица во рамки на големата тема-катепанат Бугарија и повремено и на темата Стримон. Меѓутоа особено релевантен податок за статусот на Струмица како тема, во рамки на византискиот административен апарат, е нејзиното споменување во овој ранг, во повелбата на Алексиј I Комнин од 1106 година. Во рамки на темата Струмица влегувале архонтиите Камп и архонтијата Радовиште, но не е исклучено во составот на темата да влегувале барем уште неколку архонтии како пониски управно територијални единици кои покривале и по неколку села. Во процесот на повторното воспоставување на власта на територииите на поранешните склавинии, Византија ја прифаќала и легитимирала постоечката словенска организација воедно адаптирајќи ја на сопственото административно уредување и секако на сопствената терминологија. Темата Струмица функционирала во текот на XII век и истата не се споменува во таков ранг во изворите од следната епоха.

Анализата на византискиот феудализам и неговите рефлексии во Струмичката област во XI и XII век покажува дека најраните експлицитни примери во изворите за видовите на сопственост во Струмичкиот крај се

однесуваат на црковно-манастирските имоти за што особено дргагоцена е архивата на манастирот Св. Богородица Милостива. Ктиторот на манастирот, монахот Мануил успеал да издејствува повелба од Алексиј I Комнин издадена во 1085 година, со која, освен подарената земја од 500 модии, царот му подарил и привилегија-иземање, имунитет (ἐξουσία) од сите јавни даноци и независност во однос на цивилните и црковните авторитети. Со една друга повелба од 1106 година, Алексиј I Комнин на манастирот му подарил и 12 селани – парици, ослободени од секакви фискални обврски кон државата. Токму париците на св. Богородица Милостива, кои припаѓале кон категоријата на зависно население, можат да послужат и како пример за подобрување на состојбите меѓу селанството во Македонија во XII век. Со повелбата од 1152 година царот Мануил I Комнин ја потврдил полноважноста на имунитетот на 12 семејства парици кои во меѓувреме станале ѕевгарити, та дури наредил да им биде доделена и земја што одговарала на нивниот статус. М. Енголд и Ж. Лефор, сметаат дека според различните пописи на селаните од XII век, бројот на ѕевгаритите во однос на другите категории селани бил значително поголем, показател кој всушност зборува за индексот на општиот просперитет на селанството во Византија.

Појавата на институцијата апанажа во времето на Комнините е уште една важна одлика на византискиот феудализам во дадениот период. Апанажите биле територии кои покрај востановената административна организација се доделувале на управување, речиси во форма на поседи на царските синови или пак на другите членови на династијата. Во редот на неколкуте познати случаи на апанажни поседи кои се јавувале на периферијата на царството се вбројува и оној на кесарот Јован Рогериј, зет на најстарата сестра на Мануил I Комнин. Тој бил господар на еден голем апанажен посед источно од Вардар во кој влегувала и Струмичката област, со сопствени чиновници и вестијарион.

Преку појавата и делувањето на двајцата господари на Просек кон крајот на XII и почетокот на XIII век, Добромир Хрс и Стрез се обидовме да ја разгледаме историјата на Струмица и Струмичко во наведениот период. И двајцата господари биле репрезенти на новите политички и

социјални услови на Балканот во времето на распаѓање на Византија. Сепаратистичките стремежи на одделните локални господари можеле да се развиваат во оддалечените области, на периферијата на Царството. Во рамки на териториите со кои владеел Хрс, освен Просек влегувале Струмица и неколку други тврдини и села за разлика од Стрез чии територии во време на неговиот зенит се простирале на југ до Верија, а на север до Скопје со неговата околина. Додека Хрс својата моќ и независност ја црпел во постојаните лавирања меѓу Бугарија и Византија, Стрез ги користел судирите меѓу Србите, Бугарија и епирскиот владетел Михаил I Ангел. Преку појавата и исчезнувањето од историската сцена на двајцата локални господари Добромир Хрс и Стрез, во време кога феудалниот поредок на Балканот ги добивал неговите стварни димензии, историјата на Струмица и Струмичко е нераскинлив дел од процесите и приликите на поранешното Византиско царство.

Историјата на Струмичко после смртта на Стрез 1214/1215, па се до потпаѓањето под српска власт ја разгледувавме низ честите промени на политичката власт. Замрсеноста и комплицираноста на политичките прилики на Балканот во голема мера ја замаглуваат и историјата на овој регион.

Градот и поширокиот регион најнапред паднале под власта на Латините, а во 1225 година влегле во состав на Епирската држава. Битката кај Клокотница во 1230 година му овозможила на Иван Асен II да завладее со голем дел од териториите, меѓу кои биле Струмица и Просек, а кои претходно ги држел епирскиот владетел Теодор Ангел. Меѓутоа, подемот на Никеја повторно ги сменил силите на теренот, па така летото 1246 година Струмичката област и други делови од Македонија сега станале дел од Никејското царство. Краткотрајните Бугарски и Епирски освојувања за сметка на териториите на Никејското царство и формирањето на големата антиникејска коалиција на чело со Михаил Ангел биле од краток здив. Големата победа на Никејците во Пелагониската битка 1259 година година не само фактички туку и симболично ја легитимирала превласта на Никеја на Балканот. Струмица

и Струмичко уште еднаш станале дел од административно-управниот апарат, овој опат на реставрираната Византија.

Со доаѓањето на српскиот престол на кралот Милутин (1281-1321) година започнала и епохата на српските освојувања на византиските територии. Како резултат на походот на Милутин во 1284 година српско-византиската граница била поместена појужно од претходно и врвела северно од линијата Кроја-Охрид-Прилеп-Просек и Струмица. Во овој контекст изворите кажуваат дека некогашниот византиски господар Котаниц Торник кога слушнал за големите успеси на Србите, побегнал од некој манастир во Мала Азија и му се придружил на кралот Милутин. Изворите упатуваат на претпоставката дека овој Котаниц бил член на угледното семејството Котаниц кое поседувало имоти во околината на Струмица. Според стиховите од песната на Манул Фил, во времето на големиот, но со неуспешен исход, поход на Византија против Србите во 1297 г., поетот ќе рече дека византискиот војсководец Михаил Глава Тархонит привремено ги освоил од Котаниц, Овче Поле, Моровизд, Пијанец..."и богатиот крај околу Струмица".

Интересно е да се напомене дека во дваесеттите години од XIV век еден од синовите на Теодор Метохит, Димитрија Ангел бил гувернер на Струмица додека неговиот брат Михаил Ласкарис бил гувернер на Мелник. Во рамки на турбулентите византиско-српски односи во тој период особено е интересен извештајот од дипломатската мисија којашто царот Андроник II 1327 ја испратил кај српскиот крал Стефан Дечански. На чело на мисијата стоел познатиот византиски полихистор Никифор Григора од кого и најмногу разбираме за состојбите во граничните области како што биле Струмица и нејзината околина.

Никифор Григора за месните жители распослани по планините и теснеците околу Стримон, кои и покрај тоа што не покажувале никакви разбојнички намери кон пратеништвото, како да го повторува "стариот" и добро познат опис или можеби стереотип за воинствените Стримонци, кои по тамошните ридови биле навикнати да поставуваат заседи и да пљачкосуваат.

Така патувајќи стасале до Струмица, за која Григора вели дека била едно градче (πολίχνιον) над облаците, расположена на ѓаволски висок рид и која од жителите била наречена Струмица (Στρούμιτζαν). И покрај деталите што Григора ги изнесува за Струмица, тој воопшто не го споменува нејзиниот гувернер, Димитрија Ангел, од што може да се заклучи дека овој во меѓувреме бил сменет. Во Струмица го прославиле и Велигден, при што Григора онака како што му "прилега" на еден учен Византиец, со зазор и со потсмев зборува за словенските жители на Струмица. Бидејќи и тие го славеле Велигден, но како што истакнува Григора, за нив: "секое образование било бесмислица како што биле и ритамот и мелодијата на музиката на светата богослужба".

Со доаѓањето на Стефан Душан на српскиот престол настапила и последната фаза во српско-византиските односи. Бидејќи границата помеѓу Византија и Србија врвела низ Македонија, Душан, веќе следната година по доаѓањето на престолот, започнал да ги пустоши византиските територии во источна Македонија. За брзото и релативно лесно освојување на неодбранетите територии, известуваат Никифор Григора и анонимниот продолжувач на архиепископот Данило. Во 1332 година биле опустошени делови од источна и југо-источна Македонија до течението на Стримон и што е особено важно речиси без бој била освоена тврдината Струмица, со некои гратчиња.

Ако имаме на ум дека границата меѓу Византија и Србија врвела кај Просек уште од времето на Стефан Дечански како и расположеноста на имотите на феудалецот во српска служба Хреља токму во овој регион, можеме да го разбереме освојувањето на Струмица. Дека Струмица се наоѓала во еден вид опсадна состојба, се до нејзиното завземање, зборува и фактот што имотите на Хреља биле во планината Беласица и Огражден така што и полето било под негова контрола. Многу е веројатно дека во овој прв освојувачки поход на Душан, извесно место имал и Хреља, односно тој бил еден од оние со кој кралот ги освојувал градовите. Централни точки на неговата територија биле Штип, Струмица и Рила. Териториите околу Рила веројатно ги добил веднаш по битката кај Велбужд, а Струмица од самиот крал Душан.

Во периодот на развиениот феудализам Струмица и Струмичко стануваат еден од централните пунктови на државата на Јован и Константин Драгаш. Извесно е дека Јован Драгаш бил врховен владетел на државата додека неговиот брат Господинот Константин автономно управувал со Струмичката област. За важноста на Струмица како политичко средиште во државата на Драгашите сведочи и фактот што најголем број од сочуваните документи биле издадени во Струмичката канцеларија на Драгашите каде и најчесто престојувал Константин Драгаш. Во оваа канцеларија биле издадени вкупно четири од сочуваните документи: едно судско решение и три повелби за светогорските манастири Пантелејмон, Хилендар и Ивирон.

Името на Драгашите се врзува и со последната византиска династија на Палеолозите. Ќерката на господинот Константин, Елена Драгаш, во 1392 година, му станала жена на византискиот цар Мануил II Палеолог, додека двајца од нејзините синови, Јован VIII и Константин IX биле и последните византиски цареви. Како на ретко кој христијански невизантиски владетел, смртта на Константин Драгаш во битката кај Ровин, по налог на царската двојка била одбележена со специјална служба во византискиот манастир Петра.

Освен со политички настани историјата на Струмичко во XIII и XIV век изобилува и со податоци за социјално-економските прилики во овој крај. Сочуваните современи извори во повеќето случаи се однесуваат на имотите на светогорските манастири, Ивирон, Хилендар и Пантелејмон во Струмичката област.

Податоци за обемот и карактерот на имотите на овие манастири, од кои најбогат бил Ивирон пружаат повелбите на византиските цареви, на Стефан Душан, и на Драгашите. Покрај набројување на имотните права на нивните добра, во повелбите се забележени и даночните и работните обврски на зависните селани – парициите од кои се одрекувал владетелот во полза на даруваното монашко братство карактеристични за периодот на развиениот феудализам.

Од другите сочувани извори и тоа само од архивата на Ивирон, која е и најбогата со документи, мошне важни се и неколку купопродажни

договори од 1286 за имотите на севастот Теодор Тетрагонит во Струмичко, на кои е потпишан големиот иконом и тавулариј на Тивериуполис – Јован. Меѓутоа според содржината и изобилството на податоци особено значаен е еден нецелосен практик од 1320 година, во кој е направен опис и попис на париците и добрата на Ивирон од околината на Струмица. Овој практик (катастарски попис) е единствен извор кој допушта јасно да се разликува земјата во владение на париците, од која манастирот збирал данок, од онаа во непосредна сопственост на манастирот обработувана со давање под закуп на сопствените или на туѓите парици. Според овој документ Ивирон ги имал правата врз 73 семејства во Струмичко, во време кога на домените на Ивирон низ цела Македонија имало околу 550 семејства на парици. Вреди да се одбележи дека Струмичките домени учествувале со 1/5 од вкупните приходи на Ивирон. Имињата на селаните попишани во практикот допуштаат да се констатира изразено словенскиот карактер на руралната популација во Струмица и Струмичко. Деведесет проценти од 73-те попишани семејства носат словенски народни имиња, како на пр.: Драгослав, Добре, Добрила, Мира, Смеахула и др.

Црковните прилики во Струмица и Струмичко ги разгледувавме во долгиот временски период од осум векови. Постепеното вклучување на Словените во политичкиот, економскиот и социјалниот статус на Византија во првите векови од нивното населување, нужно претпоставувал и промена во идеолошката структура на словенското општество. Меѓутоа директни податоци за црковните прилики и конкретно за процесот на христијанизација на Словените распослани по Стримон и во регионот на Струмица за периодот помеѓу VII и IX век немаме. Можеме да претпоставиме дека интензивирањето на хрстијанизацијата на византиските Словени на целата територија на Царството во IX век, се рефлектирало повеќе или помалку и во областите на левиот брег од реката Стримон.

Сцените од Житието на Св. Петнаесет Тивериуполски маченици и археолошките откритија од Струмица (црква во форма на крст со пет куполи од крајот на IX или почетокот на X век посветена на

Тивериуполските маченици) укажуваат на постоење на култот кон овие маченици во Струмица и пред неговото распространување среде словенското население после основањето на Брегалничката епископија кон крајот на IX век. Можеме ли да кажеме дека жестината со која жителите на Струмица се опирале на пренесување на моштитеод Струмица во Брегалничката епископија сведочи за христијанските традиции на овој град?

Првите споменувања на институционални форми за практикување на христијанството во Струмица односно постоење на епископија во изворите, се среќаваат во повелбите на Василиј II за Охридската Архиепископија, (првата четвртина на XI век). Меѓутоа, имајќи ја предвид византиската црковна практика за континуитетот на епархиските мрежи, независно од политичките промени, на мислење сме дека Струмичката епископија веројатно постоела и пред нејзиното конкретно споменување во изворите, т.е. дека постоела и во времето на Самуиловата држава.

Епископијата на Струмица, како дел од епископиите во диоцезата на Охридската Архиепископија, и нејзинните епископи во континуитет се споменуваат почнувајќи од првата половина на XI век, речиси до крајот на XIV век. Од редовите на струмичките епископи произлегува и подоцнежниот Охридски архиепископ Константин Кавасила кој бил епископ на Струмица во време кога на Охридскиот трон се наоѓал Димитрија Хоматијан. Кавасила раководел со Струмичката епископија околу 1220 година. Можно е за време на неговото епископување во Струмица да го сочинил и канонот за Тивериуполските маченици со што уште еднаш го потврдил култот на овие светители во Струмичкиот крај.

Не помалку важно е да се одбележи дека купопродажниот договор споменат погоре, склучен помеѓу севастот Теодор Тетрагонит и неколку семејства од струмичкиот крај бил потпишан и заверен од "големиот иконом на пресветиот епископ и тавуларij на Тивериупоилис, Јован Ненос". Употребата на титулата тавуларij наместо титулата номик упатува за важноста на Струмичката епископија. Имено, терминот тавуларij бил карактеристичен за световни и црковни нотари во големите градови и седиштата на митрополиите додека со терминот номик се

означувале припадници на црковниот клир од понизок ранг. Не е случајно што во Струмица, која била на ранг на епископска катедра се среќава титулата тавуларij, за разлика од, на пример епископиите на Хиерисос и Кесаропол сместени во релативна близина на Струмица во кои се споменуваат само номици.

Струмичката епископија која функционирала под капата на Охрид и во времето на Драгашите, се споменува и под името Водочка најверојатно заради седиштето на нејзиниот епископ – Водочкиот комплекс. Во еден исклучително долг период од речиси четири века епископијата на Струмица во чии рамки живеело главно словенско население имала важно место во рамки на Охридската архиепископија и активно учествувала во различните сфери од духовниот и световниот живот на Струмичката област.

Сликата за Струмичката епископија се вообличува и добива поконретни димензии преку сакралните градби и култовите на светителите во чија чест и славење биле подигнати овие храмови. Различните остатоци од материјалната и духовната култура сведочат за Струмица и нејзиниот регион како за старо христијанско седиште. Во оваа смисла најрепрезентативен споменик од Струмичко претставува комплексот на старохристијански цркви посветени на на Св. Петнаесет Тивериуполски маченици.

"Златниот" период за Струмица и Струмичката епископија во однос на сакралните градби се XI и XII век кога всушност и на територијата на цела Македонија се обновуваат, реставрираат или подигнуваат многу нови цркви. Она што го одликува овој регион е присутноста на континуитетот на културните слоеви на сакралните градби. Типичен пример за ова што го говориме е комплексот на Водочки цркви каде археолозите и историчарите на уметноста разликуваат три фази на изградба, почнувајќи од VII заклучно со XII век, кога била изградена голема крстообразна црква посветена на маченикот Св. Леонтиј.

Можеби најрепрезнтативен споменик во Струмица е црквата посветена на Милостивата која и најмногу му припаѓа на златното време на монаштвото односно Комнинскиот период. Основана и изградена од

Струмичкиот епископ Мануил, современик на охридскиот архиепископ Теофилакт, во 1080 година, црквата Св. Богородица Милостива не само што претставува пример за најстара зачувана фасадна декорација во Македонија туку и заради четириконхалната основа со осмоаголна купола и многу ретка градба од ваков вид во Македонија.

Како старо христијанско седиште и подоцна седиште на епископија во чија јурисдикција влегувале црквите во Водоча и Вељуса, потоа црквите на Св. Петнаесет Маченици, на Св. Четириесет, на Св. Богородица и на Св. Стефан и се разбира уште некои дурги помали цркви, градот Струмица како што забележала Б. Алексова: “...покажува тенденција за создавање на еден голем центар за поклонение и ходочастие и големо црковно средиште...во словенскиот среден век”.

## БИБЛИОГРАФИЈА

### ИЗВОРИ

*Actes d'Iviron I*, des origins au milieu du XI siecle, éd. dipl. par J. Lefort, N. Oikonomidès, D. Papachryssanthou avec la collaboration d'H. Métrévéli, Paris 1985.

*Actes d'Iviron III* de 1204 a 1328, éd. dipl. par J. Lefort, N. Oikonomidès, D. Papachryssanthou, V. Kravari, avec la collaboration d'H. Métrévéli, Paris 1994.

*Actes d'Iviron IV de 1328 au début du XVIe siècle*, éd. dipl. par J. Lefort, N. Oikonomidès, D. Papachryssanthou, V. Kravari, avec la collaboration d'H. Métrévéli, Paris 1995.

*Actes de Chilandar*, publies par L. Petit et B. Korablev, ***Византийский Временник*** *17/1911.*

*Actes de Saint-Pantéléèmôn*, ed. dipl. par P. Lemerle, G. Dagron, S. Ćirković, Paris 1982.

Anastasius Bibliothecarius, *Vita Hadriani II papae*, Romae 1963.

*Annales Bertiniani auctore Hincmare*, ed. Pertz, MGH SS I.

Anne Comnène: *Alexiade. Règne de l'empereur Alexis I Comnène (1081-1118*). Texte établi et traduit par B. Leib, III, Paris 1945.

Балан, Т. А. *Кирилъ и Методий, Жития на Кирила и Методия и похвални тъмь слова,* София 1920.

*Byzantine Monastic Foundation Documents: A Complete Translation of the Surviving Founders' Typika and Testaments*, ed. J. Thomas - A. C. Hero, Dumbarton Oaks, 2000.

Constantine Porphyrogenitus, *De Administrando Imperio*, (DAI) eds. Gy. Moravcsik – R. J. H. Jenkins, Budapest 1949.

*Cronaca di Monemvasia, Introduzione, Testo Critico, Traduzione e Note*, I. Dujčev, Palermo 1976.

Demetrii Chomateni, *Ponemata Diaphora*, ed. G. Prinzing, Berolini et Novi Eboraci MMII 2002.

Dvornik, F. *Les Legendes de Constantin et de Methode vues de Byzance*, Prague 1933.

Fontes Rerum Slavorum Meridionalium, *Писма и упутства Дубровачке републике*, изд. Ј. Тадић, књ. I, Београд 1935.

Georgius Pachymeres, *De Michaele et Andronico Palaeologis,* ed. I. Bekker, vol. I-II, Bonnae 1835.

Georgii Acropolitae, *Opera*, ed. A. Heisenberg, vol. I., Lipsiae 1903.

Guilland, R. *Correnspondance de Nicephore Gregoras*, Paris 1927.

*Hieroclis Synecdemus*, ex recognitione G. Parthey, Amsterdam 1967.

Ioannes Cinnamus, *Corpus Scriptorum Historiae Byzantinae*, ed. B. G. Niebuhrii, Bonn 1836.

Ioannis Caminiatae, *De expugnatione Thessalonicae*, ed. G. Böhlig, Berlin-New York 1973.

Ioannis Cantacuzeni, *Historiarum*, vol. I, ed. L. Schopeni, Bonnae 1828.

Ioannis Scylitzae, *Synopsis Historiarum*, ed. I. Thurn, Berolini 1973,

*Iosephi Genesii regum libri quattuor*, ed. A Lesmueller – Werner et I. Thurn, Berlin – New York 1978.

Kurz, J. *Evangeliarum Assemani*, II, Praha 1955.

*La Vie De Saint Grégoire Le Décapolite et les Slaves Macédoniens au IXe Siècle*, ed. F. Dvornik, Paris 1926.

Laonic Chalcocondylae, *Historiarum libri decem*, ed. I. Bekker, Bonnae 1843.

"Le *typikon* de Sébaste Grégoire Pakourianos," ed. P. Gautier, *Revue des Etudes Byzantines 42/1984*, 5-145.

Mansi, D. J. *Sacrorum conciliorum, nova et amplissima collectio*, Graz 1960.

Милев, А. *Гръцките жития на Климент Охридски*, София 1966.

Mošin, V. - Sovre, A. *Supplementa ad acta graeca Chilandarii*, Ljubljana 1948.

Nesbitt, J. – Oikonomides, N. *Catalogue of Byzantine Lead Seals at Dumbarton Oaks and in the Fogg Museum of Art I: Italy, North in the Balkans, North of the Black Sea*, Washington D. C. 1991.

Nicephori Gregorae, *Epistulae*, ed. P. A. M. Leone, vol. I-II, Matino 1982/1983.

Nicephori Gregorae, *Byzantina Historia*, ed. L. Schopen – I.Bekker, vol. I-III, Bonnae 1829-1855.

Nicetae Choniatae, *Historia*, ed . J. A. van Dieten, vol. I-II, Berolini 1975.

Nicetae Choniatae, *Orationes et epistulae*, ed. J. A. van Dieten, Berolini 1972.

Nichephori Archiepiscopi Constantinopolitani, *Opuscula historica*, ed. De Boor, Lipsiae 1880.

*Notitiae Episcopatum Ecclesiae Constantinopolitanae*, ed. J. Darrouzes, Paris 1981.

Орбини, М. *Краљевство Словена*, Београд 1968.

Патриарх Никифор, *Кратка история след царуването на Маврикий*, София 1997.

Petit, L. "Le Monastère de Notre – Dame de Pitié en Macédoine", *Известия Русскаго Археологическаго Института въ Константинополѣ*, София 1900, 1-153.

Продолжатель Феофана, *Жизнеописание*, Москва 1987.

Schreiner, P. *Die byzantinischen Kleinchroniken* I, Wien 1975.

Stephan von Byzanz, *Ethnika*, Graz 1958.

*Symeonis Magistri Annales*, ed. I. Bekker, Bonnae 1838.

Теодосије, *Житија*, Београд 1988.

Teophan Continuatus, ed. I. Bekker, Bonnae 1838.

*The Chronicle of Morea*, *Τὸ Ηρονικὸν τοῦ Μορέως*, ed. J. Schmitt, London 1904.

*The Geography of Strabo* with an English translation by Horace Leonard Jones, I-II, Harvard University Press MCMLX.

Theophanis, *Chronographia*, ed. De Boor, vol. I, Lipsiae 1883.

Theophylacti Simocatae, *Historia*, ed. de Boor, [reprint P. Wirth], Stutgardiae 1972.

Zacos G. – Veglery A., *Byzantine Lead Seals I*, Basel 1972.

*Животи краљева и архиепископа српских, написао архиепископ Данило и други*, изд. Ђ. Даничић, Загреб 1866.

## ЛИТЕРАТУРА


Ahrweiler, H. "Le sébaste, chef de groupes ethniques": *Polychronion – Festschrift F. Dölger zum 75. Geburtstag*, Heidelberg 1966, 34-38.

Ahrweiler, H. "Charisticariat et autres formes d'attribution de fondations pieuses aux X-XI siècles", *Зборник Радова Византолошког Института 10/1967*, 1-27.

Ahrweiler, H. *Erosion sociale et comportements excentriques à Byzance aux XI-XIII siècles*, Athens 1976.

Arhweiler, H. "Recherches sur l'administration de l'empire byzantin aux IXè-XIè siècles": *Etudes sur les structures administratives et sociales Byzance*, VR London 1971, VIII, 1-109.

Алексова, Б. "Старата епископска базилика во Стоби", *Годишен Зборнкик на ФФ во Скопје, 38/1985*, 43-73.

Алексова, Б. "Св. Климент – организатор на првата словенска епископија во Македонија": *Светите Климент и Наум Охридски*, Скопје 1995, 143-152.

Алексова, Б. *Епископијата на Брегалница*, Прилеп 1989.

Aleksova, B. *Loca Sanctorum Macedoniae*, Skopje 1997.

Alexova, B. – Mango, C. "Bargala, A Preliminary report", *Dumbarton Oaks Papers 25/1971*, 273-277.

Allen, P. "The 'Justinianic' Plague", *Byzantion 49/1979*, 5-20.

Αγγελοπούλου, Α. Α. "Οι Ιερομάρτυρες Τιβεριουπόλεως -Στρωμνίτσης", *20/1 980, Μακεδονικά*, 463-484.

Αγγελοπούλου, Α.Α. *Βορείος Μακεδονία, Ο Ελληνισμός της Στρώμνιτσης*, Θε σσαλονίκη 1980.

Ангелопулос, А. А. "Петнадесетте Тивериополски мъченици в гръцко-българското духовно предание", *Известия на Цpковноисторически и архивен институт*, т. II, София 1984, 102-111.

Ананиев, Ј. "Два византиски печата од Водоча кај Струмица", *Macedonia Acta Archeologica 15/1996-1997*, 331-336.

Андреев, Й. "Нарышкая надпис княза Симеона и адмнистративное устройство болгарского государства в конце IX и начеле X века", *Etudes Balkaniques, 3/1978*, 121-131.

Ангелов, Д. *Аграрните отношения в Северна и Средна Македония през XIV век*, София 1958.

Ангелов, П. "Българо-сръбските политически однощения при царуването на Иван Александър (1331-1371) и Стефан Душан (1331-1355)", *Гласник на Софийскиот Универзитет*, Исторически факултет, *72/1978*, 95-118.

Angold, M. *Church and Society under the Comneni, 1081-1261*, Cambridge 1995.

Angold, M. *The Byzantine Empire, 1025-1204*, London - New York 1997.

Антољак, С. *Средновековна Македонија* т. I, Скопје 1985.

*Археолошка карта на Република Македонија*, т. II, Скопје 1996.

Атанасова, М. "Заштитно археолошко истражување на локалитетот Орта џамија", Извештај од работата на одделот за археологија при Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј Струмица за 2003 година.

Атанасова, М. "Континуитет на сакрална градежна активност на Орта џамија во Струмица", *Macedonia Acta Archeologica, 15/1996-1997*, 325-332.

Avraméa, A. "Tracé et fonction de la Via Egnatia: Du IIe av. au VIe ap. J.-Chr.": *The Via Egnatia under Ottoman Rule, 1380-1669*, ed. E. Zachariadou, Rhethymnon 1996, 3-7.

Аџиевски, К. "Деспот Алексиј Слав – самостоен феудален владетел во Македонија", *Годишен Зборник на ФФ во Скопје, 29/1977*, 77-92.

Аџиевски, К. "Потчинувањето на Македонија од страна на Теодор I Ангел и формирање на Солунското царство", *Историја XVIII, 1-2/1982*, 123.

Аџиевски, К. *Пелагонија во средниот век (од доаѓање на Словените до паѓање под турска власт)* Скопје 1994.

Бакалов, Г. – Ангелов, П. *История на средните векове*, София 1991.

Бакалова, Е. "Култот към мощтите и реликвите: Изток и Запад": *Средовековна християнска Европа*, София 2002, 614-616.

Баришић, Ф. - Ферјанчић, Б. "Вести Димитрија Хоматијана 'о власти Другувита' ", *Зборник Радова Византолошког Института XX/1981*, 41-57.

Баришић, Ф. *Чуда Светог Димитрија Солунског као историјски извори*, Београд 1953.

Barišič, F. "Proces slovenske kolonizacije istočnog Balkana," *Simpozijum predslavenski etnički elementi na Balkanu u etnogenezi Južnih Slovena,* (Mostar 24-26.X. 1968), Sarajevo, 1969, 11-26.

Bartusis, C. M. "Chrelja and Momčilo: Occasional Servants of Byzantium in Fourteenth Century Macedonia", *Byzantinoslavica XLI/ 1980*, 210-217.

Baynes, H. N. "The Supernatural Defenders of Constantinople": *Byzantine Studies and Other Essays*, London 1960, 248-260.

Бек, Г. Х. *Византијски миленијум*, Београд 1998.

Белчовски, J. "Вториот брак на крлаот Стефан Урош III Дечански и извештајот на Никифор Григора за патувањето на византиските дипломати во Скопје во 1326 година": *Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија*, т. II, Скопје 1977, 523-530.

Белчовски, J. *Охридска Архиепископија*, Скопје 1997.

Bellier, P. Bondoux, C. R., Cheynet, C. J., Geyer, B., Grélois, P. J., Kravari, V. *Paysages de Macédoine. Leurs caractères, leur évolution à travers les documents et les récits des voyageurs*. Présentation par J. Lefort, Paris 1985.

Beševliev, V. *Die protobulgarischen Inschriften*, Berlin 1963.

Bibicou – Antoniadis, H. "Problèmes d'histoire économique de Byzance au XI siècle: démographie, salaries et prix", *Byzantinoslavica 28/1967*, 255-261.

Билярски, И. *Институциите на средновековна България*, София 1998.

Благојевић, М. "Оброк и приселица", *Историјски часопис XVIII/1971*, 165-188.

Благојевић, М. "Савладарство у српским земљама после смрти цара Уроша", *Зборник Радова Византолошког Института 21/1982*, 183-212.

Бошкоски, М. *Македонија во XI и XII век (надворешни упади на територијата на Македонија),* Скопје 1997.

Бојанин, С. *Забаве и светковине у Средњевековној Србији*, Београд 2005.

Божилов, И. *Асеневци (1186-1460),* София 1985.

Božilov, I. "L'idéologie politique du tsar Symeon: Pax Symeonica", *Byzantino-Bulgarica 8/1986*, 73-88.

Брайчевский, Ю. М. "К истории расселения Славян на Византийских землях", *Византийский Временник XIX/1961*, 120-137.

Bratož, R. “Zgodnjekrsčanska cerkev v Makedoniji in njen odnos do Rima”, *Zgodovinski časopis 44, 1/1990*, 5-29.

Bratož, R. Razvoj organizacije zgodnjekrsčanske cerkve na ozemlju Jugoslavije od 3. do 6. stoletja”, *Zgodovinski časopis 40, 4/1986*, 363-395.

Braudel, F. *Mediteranean and the Mediteranean World in the Age of Philip II*, London 1972.

Бродел, Ф. *Списи о историји*, Београд 1992.

Brown, P. *The World of Late Antiquity*, London 1971.

Браун, П. *Култот към светците*, София 2000.

Brunet, F. “Sur l’hellénisation des toponymes slaves en Macédoine Byzantine”, *Travaux et Mémoires 9/1985*, 235-265.

Бубало, Ђ. *Српски номици*, Београд 2004.

Bulliet, R. *Conversion to Islam in the medieval Period: an Essay in quantitative History*, Cambridge 1979.

Cessi, R. *Deliberazioni del Maggior Consiglio di Venezia*, I, Bologna, 1950.

Charanis, P. “Some Remarks on the Changes in Byzantium in the Seventh Century”, *Зборник Радова Византолошког Института, 8/1963*, 71-76.

Charanis, P. “On the Social Structure and Economic Organization of the Byzantine Empire in the Thirteenth Century and Later”: *Social, Economic and political life in the Byzantine Empire,* VR 1973, IV, 94-153.

Charanis, P. “The Byzantine Empire in the Eleventh Century”: *Social, Economic and Political Life in the Byzantine Empire* VR, London 1973, XVI, 177-219.

Charanis, P. “The Transfer of Population as a Policy in the Byzantine Empire”, *Comparative Studies in Society and History, 3/1960-61*, 140-145.

Charanis, P. "The Cronicle of Monemvasia and the Question of the Slavonic Settlements in Greece", *Dumbarton Oaks Papers 5/1950*, 141-166.

Charanis, P. “The Monastic Properties and the State in the Byzantine Empire”: *Social, Economic and Political Life in the Byzantine Empire*, VR London 1973, I, 72-84.

Cheynet, C. J. “La politique militaire byzantine de Basile II à Alexis Comnène”, *Зборник Радова Византолошког Института, XXIX-XXX/1991*, 60-74.

Chrysos, E. "Byzantine diplomacy, A. D. 300-800: means and ends": *Byzantine Diplomacy*, Papers from the Twenty-fourth Spring Symposium of Byzantine Studies, Cambridge, March 1990, Variorum 1992, 25-39.

Christides, V. "Once again Caminiates 'Capture of Thessaloniki'", *Byzantinische Zeitschrift 74/1981*, 7-10.

Цицимов, А. "Мермерната олтарна преграда во црквата Св. Четириесет Севастиски маченици во Банско", *Зборник на трудови*, Струмица, 1989, 101-103.

Цвијић, Ј. *Основе за географију и геологију Македоније и старе Србије*, I, Београд 1906.

Ћирковић, М. С. *Работници, војници, духовници*, Београд 1997.

Ћирковић, С. "Хрељин поклон Хиландару", *Зборник Радова Византолошког Института 21/1982*, 103-117.

Ћирковић, С. "О састанцима цара Андроника III и краља Стефана Душана", *Зборник Радова Византолошког Института 29-30/ 1991*, 205-207.

Дагрон, Ж. *Цар и првосвештеник*, Београд 2001.

Динић, Д. "Крстати грошеви", *Зборник Радова Византолошког Института 1/1952*, 107-110.

Динић, М. "Реља Охмућевић - Историја и предање", *Зборник Радова Византолошког Института 9/1966*, 95-117.

Djurić, J. V. *Icônes de Yuogoslavie*, Beograd 1961.

Драгова, Н. "Старобългарски извори за Житието на петнадесетте тивериопулски мъченици от Теофилакт Охридски": *Studia Balcanica*, т. 2, София 1970, 118-123.

Драгова, Н. "Вярата в лечителното чудодействие на мощтите в старобълграсквата литература", статијата ќе биде публикувана во: *Aeterni Coronati*, Зборник од меѓународната конференција *Култовите на ранохристијанските светци од Југоисточна Европа*, одржан во Софија 1999.

Дуйчев, И. "Походот на император Теодор II Ласкарис против Мелник в 1255 година": *Проучвания върху българското средновековие*, кн. 41, клон Историко-филологически, *21/1949*, 111-114.

Duichev, I. "La versione paleoslava dei Dialoghi dello Pseudo-Cesario", *Studii byzantini e neoellenici, 9/1957*, 89-100.

Duichev, I. “Une ambasade Byzantine aupres de Serbes au IX siècle”, *Зборник Радова Визан̄толошко̄г Инс̄тӣтӯта 7/1961*, 56-59.

Duichev, I. “Théatron – pozoriste: un problème de l’histoire de la civilisation slave médiévale”, *Зборник Светозара Радојчића*, ФФ, Београд 1969, 77-81.

Дуйчев, И. “Мелник през средновековието”: *Българско средновековие,* София 1972, 374-412.

Duichev, I. “On the Treaty of 927 with the Bulgarians”, *Dumbarton Oaks Papers 32/1978*, 219-295.

Duichev, I. *Kiril and Methodius: Founders of Slavonic Writing (A Collection of Sources and Critical Studies*), New York 1985.

Dvornik, F. *Byzantine Missions Among the Slavs*, Rutgers University Press, 1970.

Dvornik, F *Les Slaves, Histoire et Civilisation*, Paris 1970.

Ђоковић, З. “Становништво источне Македоније у првој половини XIV века”, *Зборник Радова Византолошког Института 40/2003*, 97-238.

Ђурић, И. *Сумрак Византије*, Београд 1984.

Ђурић, Ј. В. *Црква св. Софије у Охриду*, Београд 1963.

Ђурић, Ј. В. *Византијске фреске у Југославији*, Београд 1974.

Eliade, M. *Okultizam, magija i pomodne kulture*, Zagreb 1983.

Елијаде, М. *Свето и Профано*, Нови Сад 1986.

Фасмер, М. *Этимологический словарь руского языка,* III, Москва 1971.

Ферјанчић, Б. “Севастократори и кесари у Српском царству”, *Зборник Филозофског Факултета у Београду XI -1/1970*, 254-269.

Ферјанчић, Б. “Апанажни поседи кесара Јована Рогерија”, *Зборник Радова Византолошког Института XII/1970*, 193-200.

Ферјанчић, Б. *Тесалија у XIII и XIV веку*, Београд 1974.

Ферјанчић, Б. "Оглед о парохијском свештенству у позној Византији", *Зборник Радова Византолошког Института, 22/1983*, 131-178.

Ferjančić, B."Invasions et installation des Slaves dans les Balkans": *Villes et peuplement dans l'Illyricum protobyzantin*, Rome 1984, 85-109.

Ферјанчић, Б. "Племство у епирској држави прве половине XIII века, (1204-1261)", САНУ, *Глас 343, књ. 5/1986*, 131-178.

Ферјанчић, Б. *Византијски и српски Сер у XIV столећу*, САНУ, Одељење историјских наука, књ. 21, Београд 1994.

Ферлуга, Ј. "Ниже војно-административне јединице тематског уређења", *Зборник Радова Византолошког Института 2/1953*, 61-95.

Ferluga, J. "La ligesse dans l'Empire Byzantin. Contribution à l'étude de la féodalité à Byzance", *Зборник Радова Византолошког Института 7/1961*, 99-121.

Ферлуга, Ј. "О неким аспектима изградње тематског уређења на Балканском полуострву", *Зборник Филозофског Факултета у Београду, 8-1/1964*, 131-143.

Ferluga, J. "Sur la date de la création du Thème de Dyrrachium", Actes du XIIe congrès international d'etudes byzantines, Ochride, 10-16 Septembre 1961, II, Beograd 1964, 83-92.

Ferluga, J. "John Scylitzes and Michael of Devol", *Зборник Радова Византолошког Института 10/1967*, 163-170.

Ferluga, J. *Byzantium on the Balkans, Studies on the Byzantine Administration and the Southern Slavs from the VIIth to the XIIth Centuries*, Amsterdam 1976.

Филиповић, С. М. "Структура и организација средњовековног катуна", Научно друштво СР Босне и Херцегоивне. Посебна издања, књ. II, *Симпозијум о средњовјековном катуну* одржан 24 и 25 новембра 1961 г., Сарајево 1963.

Fine, A. V. J. *Early Medieval Balkans*, Ann Arbor 1983.

Frendo, C. D. J. "The Miracles of St. Demetrius and the Capture of Thessaloniki", *Byzantinslavica LVIII, 2/1997*, 205-224.

Gautier, P. "Clement d'Ohrid, eveque de Dragovista", *Revue des Etudes Byzantines XXII/1964*, 199-214.

Geanakoplos, J. D. *Emperor Michael Palaeologus and the West, 1258-1282,* Archon Books 1973.

Gelzer, H. "Ungedruckte und wenig bekannte Bistümverzeichnisse der orientalischen Kirche", *Byzantinische Zeitschrift 2/1893,* 22-72.

Георгиев, П. "За граничните колони в района на Солун по времето на Княз Симеон": *Общтото и специфичното в*

*балканските народи до края на XIX век*, Сборник в чест на 70-годишнината на проф. В. Т. Заимова, София 1999, 98-106.

*Гръцки Извори за Българската история* I-V, София 1954-1964.

*Гръцки Извори за Българската история* XI, София 1983.

*Гръцки Извори за Българската история,* IX, София 1994.

Gołąb, Z. "The Language of the First Slavs in Greece: VII-VIII Centuries", *Contributions, Macedonaian Academy of Science and Arts, XIV 2/1989*, 5-46.

Gounaropoulos, L. - Hatzopoulos, B. M. *Epigraphes Kato Makedonias, Epigraphes Beroias*, Atina 1999.

Graebner, M. "The Slavs in Byzantine Population Transfers of the Seventh and Eighth Centuries", *Etudes Balkaniques, 1/1975*, 40-52.

Grafenauer, B. "Nekaj vprašanj iz dobe naseljavanja južnih Slovanov", *Zgodovinski časopis, 4/1950, 23-126.*

Грозданов, Ц. *Портрети на светителите од Македонија IX-XVIII век*, Скопје 1983.

Haldon, J. "The Feudalism Debate Once More: The Case of Byzantium": *State Army and Society in Byzantium. Approaches to Military, Social and Administrative History, 6th-12th Centuries*, VR, London 1995, IV, 5-40.

Haldon, J. *Byzantium in the Seventh Century*, Cambridge 1997.

Head, C. *Justinian II of Byzantium*, University of Wisconsin Press 1972.

Hendy, F. M. *Studies in the Byzantine Monetary Economy c. 300-1450*, Cambridge 1985.

Χιονίδου, Χ. Γ. *Ἱστορία τῆς Βέρροιας,* τ. 2, Θεσσαλονίκη 1970.

Христов, М. Я. "Относно появата на култа към тивериуполските мъченици в българското общтество през втората половина на IX век и началото на X век", *Балканистичен Форум кн. 1-2-3/2004*, 26-35.

Хунгер, Х. *Империя на ново средищте (Християнскиот дух на византийската култура)*, София 2000.

Илиевска, К. "Теодор Метохит и неговиот извештај од дипломатската мисија во Србија": *Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија*, т. II, Скопје 1977, 217-226.

Илиевска, К. *Закон соудный людем,* Скопје 2004.

Илиевски, Хр. П. *Појава и развој на писмото, Со посебен осврт кон почетоците на словенската писменост*, Скопје 2001.

*Историја на македонскиот народ* I, Скопје 2000.

*Историја Српског народа* I, Београд 1981.

*Историја српског народа*, II, Београд 1994.

*История на средновековна България VII – XIV век*, И. Божилов – В. Гюзелев, София 1999.

Иванов, Й. *Български старини из Македонийа*, София 1931,

Иванова, О. "Распространение христианства у Славян в Византии (VII-X вв.)": *Принятие христианства народами Центральной и Юго-Восточной Европы и крещение Руси*, ред. Г. Г. Литаврин, Москва 1988, 9-29.

Јанковић, М. *Епископије и митрополије српске цркве у средњем веку*, Београд 1985.

Йончев, Л. "Некоторые впросы политической истории Българии и отношения с Сербий и Византий в XIV веке (1330-1332)", *Etudes Historiques 9/1979*, 23-37.

Ιωαννίδου, Γ. Μ. "Το ἐπεισόδιο τοῦ Κοῦβερ στά «Θαύματα τοῦ ᾿Αγίου Δημητ ρίου »", *Βυζαντιακά 1/1981* 67-87.

Ιωαννίδου, Γ. Μ. "Η Εκστρατεὶα του Ιουστινιάνου κατὰ των Βούλγαρον και Σ λάβων", *Βυζαντιακά 2/1982*, 113-124.

Јиречек, К. "Хришћански елеменат у топографској номенклатури балканских земаља,": *Зборник Константина Јиречека I*, Београд 1959, 461-505.

Каждан, П. А. *Аграрные отношения в Византии XIII-XIV вв.*, Москва 1952.

Каждан, П. А. *"Загадка Комнинов (Опыт историографии)"*, *Византийский Временник 25/1964*, 53-98.

Каждан, П. А. "Византийски публицист XII в. Евстафий Солунский", *Византийский Временник 27/1967*, 87-106.

Каждан, П. А. “Некоторой проблемй исторического развития Византии и Запада”, *Византийский Временник XXXV/1973*, 3-18.

Каждан, П. А. *Социалный состав господствующего класса Византии XI - XII вв.*, Москва 1974.

Kazhdan, A. “Some Questions addresed to the Scholars who belive in the Authencity of Kaminiates, ‘Capture of Thessalonica’,” *Byzantinische Zeitschrift 71/1978*, 301-314.

Kazhdan A. - Constable, G. *People and Power in Byzantium*, Washington 1982.

Kazhdan, P. A – Wharton, E. A. *Changes in Byzantine Culture in the Eleventh and Twelfth Centuries*, Berkeley & Los Angeles 1990.

Kazhdan, A. “The notion of Byzantine diplomacy”: *Byzantine Diplomacy*, Papers from the Twenty-fourth Spring Symposium of Byzantine Studies, Cambridge, March 1990, Variorum 1992, 3-21.

Kazhdan, A. “State, Feudal and Private Economy in Byzantium”, *Dumbarton Oaks Papers 47/1993*, 84 -113.

Kaegi, E. W. “Some Reconsiderations on the Themes”, *Jarbuch der Österreichischen Byzantinischen Zeitschrift 16/1967*, 39-54.

Kaplan, M. *Les hommes et la terre a Byzance du VI au XI siecle. Propriété et exploitation du sol*, Paris 1992.

Караянопулос, Е. Й. *Политическата теория на Византийците*, София 1992.

Karayannopoulos, J. "Les Slaves en Macedoine", Comitè National Grec des Etudes du Sud-Est Européen. Centre d'Etudes du Sud-Est Européen, 25/1989, Athenes 1989, 5-38.

Kitzinger, E. “A Survey of the Early Christian Town of Stobi,” *Dumbarton Oaks Papers 3/1946*, 83-161.

Коцо, Д. – Пепек-Миљковиќ, П. “Резултатите од археолошките ископувања во 1973 г. во црквата ‘Св. Тивериополски маченици’– Струмица”, *Археолошки музеј на Македонија, VIII, 9/1978*, 93-97.

Коцо, Д. – Пепек-Миљковиќ, П. “Новооткриената црква на локалитетот ‘Св. Четириесет’ во селото Банско – Струмичко”, *Зборник на трудови*, Струмица 1989, 65-68.

Koder, J. "Zur Frage der slavischen Siedlungsgebiete im mittelalterlichen Griechenland", *Byzantinische Zeitschrift 71/1978*, 315-331.

Koder, J. “Macedonia in Byzantine Spatial Thinking”: *Byzantine Macedonia (Identity, Image and History),* ed. J. Burke – R. Scott, Papers from the Melbourne Conference, July 1995, Melbourne 2000, 12-28.

Koledarov, P. “Le titulariat des boyards dans la Bulgarie médiévale”, *Etudes Historiques 4/1968*, 199-201.

Koledarov, P. “More about the Name ‘Zagoré’“, *Bulgarian Historical Review 4/1973*, 98-103.

Коледаров, П. *Политическа география на средновековната Българска държава*, София 1979.

Коледаров, П. *Името Македония в историческата география*, София 1985.

Кондијанов, Ј. “Две остави со палеовизантиски пари од с. Секулица – Кратовско”, *Macedonia Acta Archeologica 11/1990*, 199-213.

Кондијанов, Ј. “Прилог за упадот на Кутригурите на територијата на Илирик во 540 година”, *Macedonian Numismatic Journal, 1/1994*, 75-83.

Kondijanov, J. “The Early Byzantine Hoard from the Village of Novo Selo”, *Macedonian Numismatic Journal, 2/1996*, 95-104.

Kont, F. *Sloveni* t. I –II, Beograd 1989.

Кораћ, Д. “Света Гора под српском влашћу (1345-1371)”, *Зборник Радова Византолошког Института 31/1992*, 15-179.

Кораћ, В. - Шупут, М. *Архитектура византијског света*, Београд 1998.

Ковачевић, Ј. *Аварски каганат*, Београд 1977.

Kravari, V. *Villes et villages de Macédoine occidentale*, Paris 1989.

Kravari, V. “L’Hellénisation des Slaves de Macédoine Orientale, au témoignage des anthroponymes”, ΕΥΨΥΧΙΑ *Mélanges offerts à Hélène Ahrweiler, II/1998*, Série Byzantina Sorbonensia – 16, 387-397.

Krekić, B. “Courier Traffic between Dubrovnik, Constantinople and Thessalonika in the First Half of the Fourteenth Century”: *Dubrovnik, Italy and the Balkans in the Late Middle Ages*, VR London 1980, XI, 1-8.

Krekić, B. “La Puglia tra Dubrovnik (Ragusa) e il Levante nell’epoca angioina”,: *Dubrovnik, Italy and the Balkans in the Late Middle Ages*,VR London 1980, III, 630-639,

Крсмановић, Б, *Успон војног племства у Византији XI века*, Београд 2001.

Крсмановић, Б. "Податак о словенској архонтији из XI века", *Зборник Радова Византолошког Института 34/1995*, 69-77.

Laiou, E. A. “Sex, Consent and Coercion in Byzantium”: *Consent and Coercion to Sex and Marriage in Ancient and Medieval Societies*, ed. A. E. Laiou, Dumbarton Oaks, Washington D.C.1993, 109-221.

Laiou, E. A. “The Economy of Byzantine Macedonia in the Palailogan Period”: *Byzantine Macedonia (Identity, Image and History),* ed. J. Burke – R. Scott, Papers from the Melbourne Conference, July 1995, Melbourne 2000, 199-211.

Laiou, E. A. “The Agrarian Economy, Thirtheenth-Fiftheenth Century”:*The Economic History of Byzantium, From the Seventh through the Fifteenth Century*, ed.-in-chief, A.E. Laiou, Dumbarton Oaks 2002, 311-375.

Laiou, E. A. “Exchange and Trade, Seventh – Twelfth Centuries”: *The Economic History of Byzantium, From the Seventh through the Fifteenth Century*, ed.-in-chief, A.E. Laiou, Dumbarton Oaks 2002, 728-751.

Laiou, E. A. “Use and Circulation of Coins in the Despotate of Epiros”, *Dumbarton Oaks Papers 55/2002*, 207-218.

Лаос, М. “Прашањето за еретичкото движење под царувањето на Самоил”: *Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самоиловата држава*, Скопје 1971, 213-218.

Laurent, V. “Recherches sur l’histoire et le cartulaire de Notre-Dame de Pitié à Strumitza, *Echo d’Orient XXXIII/1934*, 14-23.

Lefort, J. *Villages de Macédoine, Notices historiques et topographiques sur la Macédoine orientale au Moyen Age. 1. La Chalcidique ocidentale*, Paris 1982.

Lefort, J. "The Rural Economy, Seventh-Twelve Centuries": *The Economic History of Byzantium, From the Seventh through the Fifteenth Century*, ed.-in-chief, A.E. Laiou, Dumbarton Oaks 2002, 231-310.

Lemerle, P. *Philippes et la Macedoine Orientale*, Paris 1945.

Lemerle, P. "Invasions et migrations dans les Balkans depuis la fin de l'époque romaine jusqu'au VIII siècle", *Revue Historique, 211/1954*, 265-308.

Lemerle, P. “La chronique improprement dite de Monemvasie: le contexte historique et legendarie”, *Revue des Etudes Byzantines 21/1963*, 5-49

Lemerle, P. *The Agrarian History of Byzantium: from Origins to the Twelfth Century*, Galway 1979.

Lemerle, P. *Les plus anciens recueils des miracles de saint Démétrius, et la pénétration des Slaves dans les Balkans*, 2 vols. Paris 1979-1981.

*Латински извори за българската история* I-III, София 1958-1965.

Литаврин, Г. "Склавиниите од VII-IX в. како социјално-политичка организација на Словените", *Историја 2/1985*, 23-32.

Литаврин, Г. Г. "Формирование и развитие болгарского раннефеодального государства (конец VII – XI в.)": ред. Г. Г. Литаврин, *Византия и славяне*, Москва 1985, 262-273.

Loenertz, J. R. "Ordre et désordre dans les Mémoires de Jean Cantacuzène", *Revue des Etudes Byzantines 22/1964*, 226-231.

Lurier, H. *Crusaders and Conquerors: The Chronicle of Morea*, New York – London 1964.

Magdalino, P. *The Empire of Manuel I Komnenos, 1143-1180*, Cambridge 1993.

Magdalino, P. "Innovations in government": *Alexios I Komnenos*, ed. M. Mullett - D. Smythe, Papers of the second Belfast Byzantine International Colloquium, 14-16 April 1989, Belfast 1996, 146-166.

Magdalino, P. "Srednjevekovno carstvo (780-1204)": *Oksfordska istorija Vizantije*, pr. S. Mango, Beograd 2004, 187-231.

*Македонија како природна и економска целина*, Скопје 1978.

Максимовић, Љ. "О времену доласка Неретљана на Далматинска острва," *Зборник Филозофског факултета у Београду, књ. VIII/1964*, 145-151.

Максимовић, Љ. "О хронологији словенских упада на византијску територију крајем седамдесетих и почетком осамдесетих година VI века", *Зборник Радова Византолошког Института 8/1964,* 263-271.

Максимовић, Љ. *Византијска провинцијска управа у доба Палеолога*, Београд 1972.

Максимовић, Љ. "Генеза и карактер апанажа у Византији", *Зборник Радова Византолошког Института 14-15/1973*, 103-154.

Максимовић, Љ. "Северни Илирик у VI век", *Зборник Радова Византолошког Института 19/1980*, 17-53.

Maksimović, Lj. "Feudalismus. Byzanz": *Lexikon des Mittelalters IV/2*, München 1987, 415-418.

Maksimović, Lj. "Immunität. Byzanz und Südosteuropa": *Lexikon des Mittelalters V/2*, München 1990, 392.

Максимовић, Љ. “Котаниц Торник”, *Зборник Радова Византолошког Института, 29-30/1991*, 183-191.

Максимовић, Љ. “Севасти у средњовековној Србији”, *Зборник Радова Византолошког Института 32/1993*, 137-147.

Максимовић, Љ. "Организација византијске власти у новоосвојеним областима после 1018. године", *Зборник Радова Византолошког Института 36/1997*, 31-43.

Максимовић, Љ. "Србија и методи управљања Царством у XII веку": *Стефан Немања-Свети Симеон Мироточиви. Историја и предање*. Научни скупови Српске академије наука и уметности, књ. XCIV, Одељење историјских наука, књ. 26, Београд 2000, 55-64.

Максимовић, Љ. "Традиција и иновација у византиској територијалној организацији државе и цркве (IX - X век)", Трећа југословенска конференција византолога, Крушевац 2000, 9-22.

Максимовић, Љ."Тематски војници у византијском друштву - прилог новом процењивању проблема", *Зборник Радова Византолошког Института 39/2001-2002*, 25-49.

Maksimović, Lj. “L’empire de Stefan Dušan: Genese et caractere”: Melanges Gilbert Dagron, *Travaux et Memoires 14/2002*, 415-428.

Malingoudis, P. "Toponymy and History. Observations Concerning the Slavonic Toponymy of the Peloponnese", *Cyrillomethodianum VII/1983*, 99-113.

Mango, C. “Who wrote the Cronicle of Thephanes”, *Зборник Радова Византолошког Института 18/1978*, 9-17.

Maniatis, C. G. “The Domain of Private Guilds in the Byzantine Economy, Tenth to Fiftheenth Century”, *Dumbarton Oaks Papers 55/2002*, 357-369.

Matanov, H. “Radoslav Hlapen – suverain féodal en Macédoine médievale durant la troisième quart du XIV siècle”, *Etudes Balkaniques 4/1983*, 68-87.

Matanov, H. “Problems of the State Structures in the South-West Balkan Lands during the second Half of 14th Century”, *Etudes Balkaniques, 1/1984*, 116-125.

Matanov, H.“Contribution to the Political History of South-Eastern Macedonia after the Battle of Cernomen”, *Etudes Balkaniques, 2/1986*, 31-43.

Матанов, Х. *Югозападните български земи през XIV век*, София 1986.

Матанов, Х. *Княжеството на Драгаши*, София 1997.

Матанов, Х. *Възникване и облик на Кюстендилски Санджак през XV-XVI век*, София 2000.

Матанов, Х. *Средновековните Балкани*, София 2002.

Mavromatis, L. "La Serbie de Milutin entre Byzance et l'Occident", *Byzantion 43/1973*, 147-152.

Мазовер, М. *Крашка исшорија на Балканош*, Скопје 2003.

Михаљчић, Р. *Крај српског царства*, Београд 1975.

Микулчиќ, И. "Археолошки наоѓалишта во СР Македонија потврдени со монети од 6 век," *Macedonia Acta Archeologica 7-8/1987* 185-194.

Микулчиќ, И. *Средновековни ѓрадови и шврдини во Македонија*, Скопје 1996.

Милетичъ, Л. "Струмишките манастирски цркви при с. Водоча и с. Велюса", *Македонски прегледъ, II, 2/1926*, 35-48.

Мирковић, З. "Судије царства ми Душановог законика": *Законик Стефана Душана*, Зборник радова са научног скупа одржаног 3. Октобра 2000, поводом 650 година од проглашења, САНУ, Одељење друштвених наука књ. 25, Београд 2005, 21-36.

Митева, Д. *Тойонимијаша на Сшрумичко,* Скопје 1989.

Миятевъ, К. "Църквата при с. Водоча", *Македонски прегледъ, II, 2/1926,* 49-57.

Мошин, В. *Акши из свешоѓорских архива*, Београд 1939.

Мошин, В. "Грчката архива на манастирот Богородица Милостива кај Струмица": *Акша Велјуса*, Скопје 1984, 95-108.

Мошин, В. "Балканската дипломатија и династичките бракови на кралот Милутин": *Сйоменици за средновековнаша и йоноваша исшорија на Македонија*, т. II, Скопје 1977, 89-213.

Мошин, В. "Договорот на крал Урош II Милутин со Карло Валоа од 1308 година за поделбата на Византиска Македонија": *Сйоменици за средновековнаша и йоноваша исшорија на Македонија*, т. II, Скопје 1977, 415-428.

Молинген - Лероа, А. "Синовите на Петар бугарски и комитопулите": *Илјада ѓодини од восшаниешо на комишойулише и создавањешо на Самоиловаша држава*, Скопје 1971, 59-71.

Μπόνη, Κ. *Ἡ Στρώμνιτσα*, Θεσσαλονίκη 1961.

Morris, R. "The Athonites and their Neighbours": *Byzantine Macedonia (Identity, Image and History),* ed. J. Burke – R. Scott, Papers from the Melbourne Conference, July 1995, Melbourne 2000, 157-167.

Morrisson C. – Sodini, P. J. "The Sixth Century Background": *The Economic History of Byzantium, From the Seventh through the Fifteenth Century*, ed.-in-chief, A.E. Laiou, Dumbarton Oaks 2002,171-220.

Mullett, M. *Teophylact of Ochrid (Reading the Letters of a Byzantine Archbishop),* London 1997.

Мутафчиев П. – Мутавчиева, В. *История на българския народ*, София 1998.

Мутафчиев, П. *История на българския народ*, София 1992.

Nicol, M. D. *The Despotate of Epiros*, Oxford 1957.

Nicol, M. D. *The Byzantine Family of Kantakouzenos (1100-1460*), Washington D. C. 1968.

Nicol, M. D. "The Fourth Crusade and the Greek and Latin Empires, 1204-1261": *Byzantium: its ecclesiastical history and relations with western world*, VR, London 1972, III, 298-321.

Nicol, M. D. *The Last Centuries of Byzantium, 1264-1453*, London 1972.

Николов, Г. "ΤΟΝ ΠΟΛΩΝ ΒΟΥΛΓΑΡΟΝ": *Проблеми на прабългарската история и култура* 3, Шумен 1997, 67-75.

Nikolov, S. "The Pagan Bulgars and Byzantine Christianity in the Eighth and Ninth Centuries", http://users.ox.ac.uk/~hist0002/Bulgars.doc.,

Николова, Б. *Устройство и управление на Българската православна црква IX-XIV век*, София 1997.

Nora, P. "L'avenèment mondial de la mémoire": *Lieux de Mèmoire et Construction du Prèsent*, София 2004, 19-35.

Новаковић, С. *Законски споменици српских држава средњега века*, Београд 1912.

Нуждин, И. О. "Византийско-Сербский мирный договор 1298-1299: причины, условия, последствия", *Византийский Временник 57/1997*, 96-109.

Obolensky, D. "'The principles and methods of Byzantine diplomacy," *Actes du XIIe congrès International d'Etudes Byzantines*, I, Belgrade 1963, 45-61.

Obolensky, D. "Byzantium and the Slavic World": *Byzantium a World Civilization*, Dumbarton Oaks 1992, 37-48.

Оболенски, Д. *Византискиот комонвелт*, Скопје 2002.

Оболенски, Д. *Шест византијских портрета*, Београд 2004.

Oikonomidès, N. *Listes de préséance byzantines des IXe et Xe siècles*, Paris 1972.

Oikonomides, N. "L'évolution de l'organisation administrative de l'empire Byzantin au XI siècle (1025-1118)", *Travaux et Memoires 6/1976*, 125-152.

Oikonomides, N. "The Medieval Via Egnatia", *The Via Egnatia under Ottoman Rule, 1380-1669*, ed. E. Zachariadou, Rhethymnon 1996, 9-16.

Oikonomides, N. "L'archonte slave de l"Hellade au VIIIe siècle", *Византийский Временник 55/1998*, 111-118.

Oikonomides, N. "A Note on the Campaign of Staurakios in the Peloponnese (783/4)", *Зборник Радова Византолошког Института 38/1999-2000*, 61-66.

Oikonomides, N. "The Role of the Byzantine State in the Economy": *The Economic History of Byzantium, From the Seventh through the Fifteenth Century*, ed.-in-chief, A. E. Laiou, Dumbarton Oaks 2002, 965-1050.

Ostrogorski, G. "Byzantine Background of Moravian Mission", *Dumbarton Oaks Papers 19/1965*, 11-14.

Острогорски, Г. *Серска област после Душанове смрти*, Београд 1965.

Острогорски, Г. *Историја Византије*, Сабрана дела, т. VI, Београд 1969.

Острогорски, Г. *О Византијском феудализму*, Сабрана дела т. I, Београд 1969.

Острогорски, Г. *Аутократор и самодржац*, Сабрана дела т. III, Београд 1970.

Острогорски, Г. *Византија и Словени*, Сабрана дела т. IV, Београд 1970.

Ostrogorsky, G. "Obserevations on the Arictocracy in Byzantium", *Dumbarton Oaks Papers 25/1971*, 3-32.

Овчаров, Н. *История и археология на Вардарска Македония през XIV в.*, София 1996.

Papagianni, E. “Legal Institutions and Practice in Matters of Ecclesiastical Property”: *The Economic History of Byzantium, From the Seventh through the Fifteenth Century*, ed.-in-chief, A.E. Laiou, Dumbarton Oaks 2002, 1059-1079.

Пашков, Л. *Хрельовата кула*, София 1973.

Пандевски, М. – Трнката-Стоев, Ѓ. *Струмица и струмичко низ историјата*, Струмица 1969.

Панов, Б. ”Струмичката област во времето на Самоил”: *Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самоиловата држава*, Скопје 1971, 149-170.

Панов, Б. “За Методиевото словенско кнежевство и создавањето на *Закон соудный людем*”: *Кирило–методиевскиот (старословенски) период и кирило-методиевската традиција во Македонија*, Скопје 1988, 292-302.

Панов, Б. “Климент Охридски и равојот на струмичко-брегалничките црковни и книжевни средишта”: *Светите Климент и Наум Охридски*, Скопје 1995, 279-292.

Панов, Б. "Струмичката епархија во доцноантичкиот и раносредновековниот период": *Старохристијанската археологија во Македонија*, Скопје 2003, 111-126.

Papagianni, E. “Legal Institutions and Practice in Matters of Ecclesiastical Property”,: *The Economic History of Byzantium, From the Seventh through the Fifteenth Century*, ed.-in-chief, A.E. Laiou, Dumbarton Oaks 2002, 1059-1069.

Papazoglu, F. *Makedonski gradovi u rimsko doba*, Skopje 1957.

Patlagean, E. *Structure sociale, famille chrétiente a Byzance*, London 1981.

Pelekidou, N. M. "Les Slaves dans l'empire Byzantine", The 17th International Byzantine Congress, Major Papers, (Washington D. C., 03.-08. 1986), New York 1986, 345-367.

Пенева, И. “За две тракийски имена в административния апарат на Българската държава от края на IX в. – Таридин и Котокий”, *Исторически преглед, 10/1992*, 72-75.

Пепек-Миљковиќ, П. “Комплексот цркви во Водоча”, *Културно историско наследство XIII/1975*.

Пепек- Миљковиќ, П. *Велјуса*, Скопје 1981.

Petački, G. “The Early Byzantine Hoard from the Village of Orese”, *Macedonian Numismatic Journal, 2/1996,* 87-94.

Петкова, Ц. Г. “О территории болгарского государства в VII-IX вв.”, *Византийский Временник XVII/1960*, 124-143.

Петкова, Ц. Г. *За аграрните отношения в средновековна България XI-XIII в.*, София 1964.

Petrov, P. “La politique étrangère de la Bulgarie au mileu du IX siècle et la conversion des Bulgares”, *Byzantinobulgarica 2/1966* 43-52.

Петровски, Б. “Категории зависно население и развој на стопанството во Штипската област во XIV-от век”, *Годишен Зборник на ФФ во Скопје, 56/2003*, 57-73.

Пириватрић, С. “Византијска тема Морава и ‘Моравије’ Константина VII”, *Зборник Радова Византолошког Института 36/1997*, 178-180.

Пириватрић, С. *Самуилова држава*, Београд 1998.

Popović, V. "Aux Origines De La slavisation des Balkans: la constitution des premiéres sclavinies macédoniennes vers la fin du VI siècle", *CRAI/1980*, 230-257.

Prinzing, G. “Der Brief Kaiser Heinrichs von Konstantinopel vom 13. Januar 1212. Ueberlieferungsgeschichte Neuedition und Kommentar”, *Byzantion 43/1973*, 395-431.

Радић, Р. "Обласни господари у Византији", *Зборник Радова Византолошког Института 24-25/1986*, 151-283.

Радић, Р. “Сфранцис Палеолог (просопографска белешка)”, *Зборник Радова Византолошког Института 29-30/1991*, 193-204.

Radić, R. “Four Prosopographic Notes about Ordinary people from the Late Byzantine History (A Historiographic Essay)”, *Зборник Радова Византолошког Института 38/1999-2000*, 268-270.

Рајичић, М. “Основно језгро државе Дејановића”, *Историјски часопис, 4/1952-53*, 227-243.

Рајичић, М. “Севастократор Дејан”, *Историски гласник, 3-4/1953*, 17-28.

Рајковић, М. "Област Стримона и тема Стримон," *Зборник Радова Византолошког Института 59/1958*, 1-7.

Rejnert, V. S. “Rasparčavanje (1204-1453)”: *Oksfordska istorija Vizantije*, pr. S. Mango, Beograd 2004, 266-268.

Ристић, М. *Струмица, географско-историска расправа*, Београд 1925.

Russel, C. J. *Late Ancient and Medieval Population*, Philadelphia 1958.

Савчева, Е. "Севастократор Стрез", *Годишник на Софискиот Универзитет "Климент Охридски"*, Исторически факултет, *68/1974*, 65-97.

Schreiner, P. "Hochzeit und Krönung Kaiser Manuels II, im Jahr 1392", *Byzantinische Zeitschrift 60/ 1967*, 70-85.

Schreiner, P. "Die Byzantinischen Kleinchroniken und die Annalistik bei den Südslaven", *Bulgarian Historical Review 6/1978*, 45-53.

Schreiner, P. "Die Byzantinische Missionierung als politische Aufgabe: Das Beispiel der Slaven", *Byzantinoslavica 56/1995*, 525-533.

Seibt, W. "Ioannes Scylitzes – Zur Person Des Chronisten", *Jahrbuch der Österr. Byzantinistik 25/1976*, 81-86.

Seibt, W. "Siegel als Quelle für Slawenarchonten in Griechenland", *Studies in Byzantine Sigillography 6/1999*, 27-36.

Shepard, J. "Byzantine diplomacy, A. D. 800-1204: means and ends": *Byzantine Diplomacy*, Papers from the Twenty-fourth Spring Symposium of Byzantine Studies, Cambridge, March 1990, Variorum 1992, 41-71.

Симеонова, Л. "Християнизациата на България и проблемот на мястото на жената и брака": *Общтото и специфичното в балканските народи до края на XIX век*, Сборник в чест на 70-годишнината на проф. В. Т. Заимова, София 1999, 46-60.

Sinkević, I. *The Church of St. Panteleimon at Nerezi*, Wiesbaden 2000.

Славева, Л. - Мошин, В. *Српски грамоти од Душаново време*, Прилеп 1988.

Славева, Л. "Типик на манастирот Богородица Милостива во селото Велјуса кај Струмица": *Акта Велјуса*, Скопје 1984, 123-128.

Снегаров, И. *История на Охридската Архиепископоя*, т. I, София 1924.

Соловјев, А. *Одабрани споменици српског права од XII до краја XV века*, Београд 1926.

Соловјев, А. *Историја словенских права, законодавство Стефана Душана (цара Срба и Грка)*, Београд 1998.

Soulis, C. G. *The Serbs and Byzantium during the Reign of Tsar Stephen Dušan (1331-1355)*, DO, Washington, D. C. 1966.

Станчев, К. – Попов, Г. *Климент Охридски*, София 1988.

Станчев, К. Джурова, А. Яапунджич, М. *Опис на славянските ръкописи във Ватинканската библиотека*, София 1985.

Станковић, В. "Карактер византијске границе на Балкану у IX и X веку", Трећа југословенска конференција византолога, Крушевац 10-13 мај 2000, Београд-Крушевац 2002, 279-281.

Станковска, Љ. *Македонска ојконимија*, кн. 2, Скопје 1997.

*Старо-българска литература, Енциклопедичен речник,* съставител Д. Петканова, София 1992.

Стефоска, И. *Словенитӣе на ӣочваӣа на Македонија*, Скопје 2002.

Stephenson, P. *Byzantium's Balkan Frontier*, Cambridge 2000.

Stoianovitch, T. *Balkan Worlds, the First and Last Europe*, New York 1994.

Стојков, С. *Македонија ӣомеѓу Визанӣија и Буѓарија (VII-X век)*. Необјавен магистерски труд, одбранет на ФФ во Скопје 2003 година.

Svoronos, G. N. *Études sur l'organisation intérieure, la société et l'économie de l'Empire byzantin*, VR, London 1973.

Svoronos, N. "Le serment de fidélité à l'empereur byzantin et sa signification constitutionnelle", *Revue Etudes Byzantine 9/1952*, 106-136.

Сьбев, Т. *Самостойна народостна църква в средновековна България*, София 1987.

Шрайнер, П. "Събития от българската средновековна история във византийските кратки хроники", *Исторически преглед 35/1979*, 107-111.

Шрайнер, П. "Три култури във Византия: Императорот и дворот–народот–свещениците и монасите": *Многообразие и съперничество*, София 2004, 65-83.

Шкриванић, Г. *Путеви у средњовековној Србији*, Београд 1974, 100.

Щайерман, Я. М. *Кризис античной Културы*, Москва 1975.

Tabula Imperii Byzantini 3 (TIB), *Nikopolis und Kephallenia* , ed. P. Soustal , Wien 1981.

Tabula Imperii Byzantini 6, (TIB) *Thrakien*, eds. P. Soustal - J. Koder, Wien 1991.

Tachiaos, E. A. “Clement D’Achrida dans l’actualite Bulgare”: *Greeks and Slavs*, Thessaloniki 1997, 99-114.

Tafel, L. T. *De Thessalonica eiusque agro dissertatio geographica*, London 1972.

*The Chronicle of Theophanes Confessor*, ed. C. Mango – R. Scott, Oxford 1997.

*The Cult of Saints in Late Antiquity and the Middle Ages : Essays on the Contribution of Peter Brown* , ed. J. Howard-Johnston and P. A. Hayward, Oxford 1999.

*The Oxford Dictionary of Byzantium*, (ODB) I-III, New York-Oxford 1991.

Thomadakis-Laiou, E. A. *Peasant Society in the Late Byzantine Empire*, Princeton 1977.

Точко, И. *Грев*, Скопје 1971.

Тодић, Б. *Старо Нагоричино*, Београд 1993.

Томоски, Т. “Белешки по повод военіот поход на Андроник III во Македонија во 1330 година”, *Годишен зборник на ФФ во Скопје, 16/1964*, 41-44.

Томоски, Т. “Две Амбории од македонските Дебри”, *Прилози на МАНУ VIII-2/1977*, 21-24.

Томоски, Т. *Македонија низ вековите*, Скопје 1999.

Трајковски, К. “Брегалничката епископија во светлината на најновите археолошки истражувања”: *Светите Климент и Наум Охридски*, Скопје 1995, 337-343.

Treadgold, W. *A History of the Byzantine State and Society*, Standford 1997.

Treadgold, W. *The Byzantine Revival*, Standford 1998.

Тройицкий, В. С. “Св. Мефодий как славянский законодатель”, *Богословские труды 2/1961*, 85-124.

Трубачев, Н. О. *Названия рек Правобережнои Украины*, Москва 1968.

Василева-Данчева, А. *България и латинската империя (1204-1261)*, София 1985.

Vasileva, D. A. “Les relations politiques bulgaro-latines au cours de la période 1218-1241”, *Bulgarian Historical Review, 7/1979*, 75-90.

Василевски, Т. “Славянско-романският комитат Охрид и Скопие и българскиот тарканат Кутмичевица–области, в които Климент и Наум провеждали учителската си дейност”: *Свеиште Климент и Наум Охридски*, Скопје 1995, 159-162.

Vasiliev, A. A. *History of the Byzantine Empire*, vol. I-II, University of Wisconsin Press 1982.

Васиљев, Љ. "Нови податак о времену настанка Асеманијевог јеванђеља", *Археографски прилози 10-11/1988-89*, 13-17.

Васиљев, Љ. "Портрети светитеља у иницијалној орнаментици Асеманијевог јеванђеља и њихове паралеле", *Археографски прилози 12/1990*, 41-72.

Васиљев, Љ. „Један нови податак о времену настанка Асеманијевог јеванђеља“: *Климент Охридски и улогата на охридската книжевна школа во развитокот на словенската просвета*, Скопје 1989, 33-36.

Венедиков, И. *Военно и административно устройство на България през IX и X век*, София 1979.

Византиски извори за историју народа Југославије, Београд I/1955; Београд II/1959; Београд IV/1971; Београд VI/1986.

Vasmer, M. *Die Slaven in Griechenland*, Berlin 1941.

Vlasto, P. A. *The Entry of the Slavs into Christendom*, Cambridge 1970.

Vryonis, S. “Byzantine Δημοκρατι'α and the Guilds in the Eleventh Century”, *Dumbarton Oaks Papers 17/1963*, 287-314.

Vryonis, S. “Byzantium: The Social Basis of Decline in the Eleventh Century”: *Byzantium: its Internal History and Relations with the Muslim World*, VR, London 1971, II, 159-175.

Улих, К. “Историчност и модерност”: *Теорија на интертекстуалноста*, прир. К. Ќулавкова, Скопје 2003.

*Urkunden zur Alteren Handels-Und Staatsgeschichte der Republik Venedig mit Besonderer Beziehung auf Byzanz und die Levante*, G. L. Fr. Tafel und G. M. Thomas, Wien 1856.

Waldmüller, L. *Die ersten Begegnungen der Slawen mit dem Christentum und christlichen Völkern vom 6. Bis 8. Jh., Die Slawen zwischen Byzanz und Abendland*, Amsterdam 1976.

Wasilewski, T. “Les titres de duc, de catépan et de pronoètès dans l’empire byzantin du XI jusqu’au XII siecle”, Actes du XII Congres International des Etudes Byzantines, 2, Belgrade 1964, 233-239.

Wasilewski, T. “Origine de l’ organisation administrative des ‘comitats’ en Bulgarie medievale”, *Etudes Balkaniques 3/1978*, 84-88.

Wasilewski, T. *Bizancium i slowianie w IX wieku. Studia z dziejów stosunków politycsnych i kulturalnych*, Warsaw 1972.

Zacos – Veglery, *Byzantine Lead Seals I*, Basel 1972.

Zafraka – Stavridou, A. “Slav Invasions and the Theme Organization in the Balkan Peninsula”, *Βυζαντιακα 12/1992*, 165-179,

Zafraka – Stavridou, A. “The Development of the Theme Organisation in Macedonia”: *Byzantine Macedonia (Identity, Image and History),* ed. J. Burke – R. Scott, Papers from the Melbourne Conference, July 1995, Melbourne 2000, 128-138.
Zaimova - Tapkova, V. “L’administration byzantine au Bas Danube (fin du X-XI siecle)”, *Byzantonoslavica LIV/1993*, 95-101.

Zaimova - Tapkova, V. “L’idee Byzantine de l’unite du monde et l’Etat Bulgar”: *Byzance et les Balkans à partir du Vie siècle*, VR, London 1979, XVIII, 291-298.

Zaimova - Tapkova, V. “Les frontièrs occidentales des territories conquis par Tzimiscès”: *Byzance et les Balkans à partir du Vie siècle*, VR London 1979, XII, 113-118.

Zaimova, T. V. “Les légendes de Saint Démétrius dans les textes byzantins et slaves”: *Byzance et les Balkans à partir du Vie siècle*, VR, London 1979, XXX, 161-169.

Zaimova, T. V. “Sur quelques aspects de la colonisation slave en Macédoine et Grèce”: *Byzance et les Balkans à partir du Vie siècle*, VR, London 1979, V, 111-123.

Заимова, Р. *Арабски извори за българите,* София 2000.

*Законик цара Стефана Душана*, Научни скупови, Књ. CVIII, Одељење друштвених наука, Књ. 24, Београд 2005.

Златарски, В. *История на българската държава през средните векове*, т. I., София 1970.

Зоговиќ, С. *Ойшшесшвошо и народнаша кулшура на Македонија во раниош среден век*, Прилеп 2002.

Живковић, Т. *Јужни Словени под византиском влашћу (600 -1025)*, Београд 2002.

Живојиновић, М. “Судство у грчким областима српског царстваг, *Зборник Радова Византолошког Института 10/1967*, 197-249.

Živojinović, M."Le chrysobulle grec de l'empereur Dušan pour le monastère de Saint-Pantéléèmon", *Зборник Радова Византолошког Института 23/1984*, 167-169.

Živojinović, M. "Le conflit entre Chilandar et Saint-Pantéléèmôn au sujet du village de Breznica", *Byzantonoslavica LVI/1995,* 237-244.

Живојиновић, М. "Властелинство манастира Хиландара у средњем веку": *Манастир Хиландар*, Београд 1998, 71-88.

Живојиновић, М. - Голубовић-Суботин, Т. "Акт господина Константина Драгаша и царице Евдокије манастиру Ивирону (13 јануар, око 1380)", *Хиландарски зборник 11/ 2004,* 287-292.

Чаусидис, Н. "Средновековни наоди од Просек", *Годишен Збоник на ФФ во Скопје,* кн.14. *40/1987*, 171-195.